Белфон каже да је посетио Његоша у Бечу десетак пута и бележио податке од њега за свој рад о Црној Гори. Уз то, он наговештава и превођење неких Његошевих радова. Преко кореспонденције он је добијао и даље податке а једном приликом и 30 Његошевих слика. Наведено Његошево писмо из те кореспонденције интересантно је по својој садржини, али пада у очи отсуство датума, пуне адресе и места одакле је послато. Белфон је такође био писац и послао је Његошу један свој рад а Његош му је на једном примерку своје књиге написао рукописну посвету.

По Белфону, даље, у Црној Гори је постојао арсенал, под управом једног ислуженог аустријског артиљерца, и две радионице за израду барута. Затим, у Цетињској школи било је 40 ученика, место 30 како се до сада сматрало, на манастирском торњу био је часовник, у дворишту 4 запљењена топа а у Његошевом радном кабинету било је и математичких инструмената. За Његошево знање страних језика налази се потврда у очуваној његовој библиотеци на Цетињу, али нема сигурних података да је он посетио папу, како тврди Белфон.

Белфон нигде не спомиње да је Његош писао историју Црне Горе и да га је у томе помагао Ђузепе Каза, питање о коме се код нас доста писало али без стварних резултата. Напротив, Белфон каже да је Његош преводио Историју Црне Горе од Медаковића и да га је у томе помагао маркиз де Салво[12]). Ми нисмо убеђени ни у једно ни у друго иако нам ова друга верзија изгледа ближе истини него прва, ако искључимо могућност да је писао оба рада. Јер, чини нам се да у оба случаја треба поћи од чланка Станислава Беланжеа о Црној Гори, који је објављен у париском листу L'Echo frnaçais од 16 септембра 1845 године. Његош је припремао одговор на тај чланак који је био пун неистина о Црној Гори. Одговор није објављен. Његош је несумњиво поткрепио свој одговор подацима из црногорске историје, коју је добро познавао. Рад на томе, прибирање чињеница, превођење на француски, језичко и стилистичко дотеривање, све је то могло изгледати као да Његош пише историју Црне Горе на француском или да преводи Медаковића.

Белфон помиње случај залагања митре владике Петра I за барут код аустријског двора и Његошев захтев на самртном часу да му се донесе јастук на коме је умро његов претходник о чему говори и Медаковић.

Белфон је неке ствари погрешно схватио. Говорећи о збирци песама коју му је Његош поклонио, он каже да у њој има и Караџорђевих песама, уместо, очигледно, песама о Караџорђу. Даље, он врло невешто приказује структуру црногорског друштва, затим, греши у неким датумима и најзад, он не зна како се зове Ловћен него га назива Липриен, једно сасвим измишљено име, на чијем врху Његош треба да буде сахрањен „близу скоро подигнуте капеле". Указује ли и ово на исувише литерарну обраду овог чланка?

На крају чланка налази се веома леп превод на француски језик увода у Његошев тестаменат. Белфон не каже ко га је превео ни одакле,

---

[12]) Медаковић Милорад, (1824—1897), објавио је своју Историју Црне Горе 1850 године у Земуну.

али се јасно види да је преводилац био добар познавалац оба језика. Оригинал тестамента први пут је објављен у „Шумадинки" од 1852 г. Могуће да је превод одавде обављен јер нам није познато да постоји пре овог неки страни превод који би Белфон могао користити. Може ли се поставити смела претпоставка да је у овоме имао удела Љуба Ненадовић?

Каква је документарна вредност Белфоновог чланка? — Чланак је могао настати на основу познавања савремених списа о Његошу и Црној Гори којих је у дато време било на страним језицима. Једном вештом литерарном и публицистичком перу и спретном компилатору не би био тежак посао ове врсте. Ипак, чланак није јевтина компилација и није производ само постојеће литературе. Има у њему, поред свих слабости, што није изузетак код многих странаца тога доба кад говоре о Црној Гори уопште о нашим народима, добро уочених детаља, тачних констатација и судова. Нарочито је то случај кад је у питању Његошев физички и морални лик. Његошеву величину писац није могао уочити преко његових радова јер их није било у преводу. У томе су му помогли савремени списи, лична обавештења и директан контакт и кореспонденција са Његошем.

Ко је Белфон? — Ни у једној француској енциклопедији, библиографској збирци и речнику биографија нисмо нашли његово име. Истраживања у париским архивима остала су такође без резултата. Његов Voyage en Orient не постоји објављен. Он није поменут ни у Његошевој Биљежници, где се налазе имена неких странаца, Његошевих познаника. Његово се име нигде не сусреће у литератури о Његошу ни у његовој кореспондецији. Уопште, то је име до сада било непознато.

Из чланка се види да је писац поручник и да је често путовао. Привлачио га је Исток, као многе путнике његова времена. Не види се је ли имао какву мисију, политичку или војну, или је ишао као дописник неког француског листа или просто из личних побуда. Иначе, има шире књижевно и опште образовање. И сам је нешто писао, али се не види што и припремао је рад о Црној Гори. Има леп стил у писању и куртоазну обазривост према свакоме, посебно према угледним личностима. Човек француског Другог царства без изражене политичке тенденције.

Можда је у питању псеудоним? Ко се под њим крије? Претпоставке могу бити различите. Станислав Беланже, чији је чланак узео Белфон као увод за свој чланак, не би писао као што пише Белфон а нада све не би се усудио да се сусрете са Његошем лично. Љубазна напомена др. Х. Батовског на Његошевом симпозијуму у Београду да би то могао бити Сиприен Робер сугестивна је али је тешко прихватити с обзиром на стил и начин писања. Белфон нема ниједне горке речи за Црногорце. Сиприен Робер, поред свих наклоности и симпатија, има и по неки оштрији суд. Једно такво мишљење искористио је, цитирајући Робера, орган турске владе· лист Journal de Constantinople од 4 априла 1853 у једном свом оштром чланку нападајући Црногорце.

Питање остаје отворено: је ли постојао Белфон или је то псеудоним, и ако је псеудоним ко се под њи крије и зашто? А затим, је ли чланак вешта компилација и мистификација каквих је било доста у дато време?

З а к љ у ч а к. Без обзира какве ће резултате показати даље проучавање постављених питања, може се већ сада рећи да чланак претставља значајан прилог литератури о Његошу. У њему је, колико је познато, први пут опширније изложена Његошева биографија на француском језику. Књижевно написан, са неким тачно уоченим чињеницама и сасвим новим подацима, које треба још проверити, са отвореним симпатијама према Његошу и Црној Гори, чланак изазива интересовање тим пре што долази од једног странца и што пружа могућност за даља испитивања Његошевих веза са иностранством. Његова појава, затим, сведочи о Његошевој популарности у француским образованим круговима и о популарности Црне Горе уопште којој је званична Француска, а тиме и француска штампа, баш у то доба почела да поклања нескривену наклоност водећи се у томе, несумњиво, својим интересима али имајући у виду и чињаницу да је један мали народ, под веома тешким животним условима, показивао своју виталност у политичком и културном погледу.

Andrija Lainović

RÉSUMÉ

QUELQUES NOUVELLES DONNEES SUR LA VIE ET L'OEUVRE DE NJEGOŠ DANS UN ARTICLE FRANÇAIS

Le prince-évêque de Monténégro et célèbre poète, Petar Petrović Njegoš (1813—1851), avait des relations littéraires et politiques non seulement avec les personnalités des pays yougoslaves mais aussi avec celles des pays étrangers. Il les recevait dans sa résidance à Cetinje, mais il les rencontrait aussi pendant ses voyages à Petrograd, Vienne, Trieste, Rome, Naples etc. Partout il se faisait disinguer autant par sa beauté physique que par une culture intellectuelle méritoire imbue d'esprit patriotique et d'amour pour le progrès et la liberté, de sorte que ceux qui ont écrit sur lui n'ont jamais oublié de le constater.

Il était connu aussi en France, surtout à propos de son pays et des luttes que les Monténégrins menaient contre les Turcs. Les informations dans la presse et les périodiques françaises n'étaient pas toujours bien fondées. Il y en avait des pures inventions. Tel était le cas de l'article sur le Monténégro que Stanislas Bellanger a publié dans l'*Echo de Paris* du 16 septembre 1845 à qui Njegoš était abonné. Njegoš en a rédigé un démenti, fondé sur une documentation authentique qui l' a envoyé à la rédaction, mais l'article n' était pas publié. L'épisode n'était pas suffisamment pris en considération quand on élucidait dans la littérature serbo-croate la question si Njegoš écrivit ou non une histoire du Monténégro en français. Pourtant, elle explique

la question. L'article de Bellanger n'était pas unique qui fut consacré à Njegoš et à son pays: il y en avait plus sérieux, même d'une haute valeur, tels, par exemple, de Cyprien Robert. Pourtant une biographie de Njegoš manquait dans la littérature de ce temps. Cette lacune a été comblé par un certain Lt de Bellefond. Il a publié dans le journal parisien *Le Siècle* des 7, 16 et 23 mars 1853 un article intitulé: *Le Vladika du Montenegro* (*Extrait d'un Voyage en Orient*). L'article mérite une attention spéciale quoiqu'il soit resté tout à fait inconu.

L'article comprend deux parties et une courte introduction.

Dans la première partie Bellefond présente le Monténégro de son temps et informe sur quelques coutumes et usages monténégrins d'après l'article de Bellanger. Puis il expose les circonstances qui l'ont favorisé de renconter Njegoš à Vienne en 1847. Il y expose aussi, dans un style émouvant et plein d'enthousiasme, le sujet de la conversation avec Njegoš et les traits caractéristiques physiques et intellectuelles de celui-ci. L'amitié nouée après quelques visites répétées s'est manifestée ensuite dans une correspondance suivie et en échange d'oeuvrs littéraires.

La deuxième partie est entièrement consacrée à Njegoš, à sa biographie détaillée, à l'état de choses au Monténégro du temps de son règne, pour être terminée par la description émouvante des derniers moments de sa vie et par la publication en français, nous supposons pour la première fois, d'une partie de son testament.

L'article de Bellefond soulève toute une série de questions. D'après lui, c'est un certain Jean Cartaut qui était le premier professeur de français de Njegoš, mais il ne donne sur lui aucune précision biografique. Ensuite, il laisse sans précision la rencontre de Njegoš avec un certain Mutel, musicien français, puis avec Victor Luzzato et le comte d'Osmond. Bellefond affirme que Njegoš, étant à Rome, a rendu visite au pape Pie IX. Il affirme aussi qu'il a tradui en français l'Histoire du Monténégro de Medaković; au fait, c'est le marquis de Salvo qui l'a rédigée. Ainsi la question d'une histoire du Monténégro écrite en français par Njegoš a pris un autre sens. Où est la vérité? Peut-être l'étude des papiers, s'ils existent et les publications du marquis de Salvo, que Njegoš mentionne dans son *Journal*, nous dira la vérité. Quand Bellefond cite une lettre de Njegoš, il informe que c'est Cyprien Robert, qu'il l'a traduite mais il oublie de dire à qui doit-il la traduction, vraiment poétique, d'une partie du testament de Njegoš.

Enfin, une question primordiale: Qui est le Lt de Bellefond? Nos recherches à devoiler son nom sont restés sans résultats. Son *Voyage en Orient* n'existe pas. Son article est-il une pure mystification? S'agit-il d'un pseudonyme et qui se cache-t-il sous ce nom? Est-ce peut-être Cyprien Robert? C'est l'idée du professeur Henrik Batovski, de l'Université de Cracovie. Il l'a expriée au Symposium qui a eu lieu à Belgrade en 1963 à l'occasion du 150-e anniversaire de la naissance de Njegoš quand nous y avons exposé les résultats de nos recherches.

Quoi qu'il en soit, l'article du Lt de Bellefond est une bonne contribution aux études de Njegoš et un témoignage digne de mérite.

Томо Томоски

БЕЛЕШКИ ПО ПОВОД ВОЕНИОТ ПОХОД НА АНДРОНИК III ВО МАКЕДОНИЈА ВО 1330 год.

I

Како што е познато Ј. Кантакузен известува дека византискиот император Андроник III навлегол во 1330 год. во Пелагонија и оттаму нападнал на блиската територија што тогаш била во владеење на српските феудали. Притоа царот го зазел градот Бучин (Βουτζοῦνιν), а потоа му се предале градовите: Δεύριτζαν, Δουβροῦνιν, Καβαλλάριον и Σιδηροκάστρον[1]). Се разбира дека оскудното кажување на византискиот извор не е доволно за утврдување на местоположбата на наброените градови. Поради тоа и постојат различни убикации на спомнатите места. Неодамна се зафати со рекогносцирањето и Иван Снегаров. Тој во една објавена статија, меѓу другото, по примерот на В. Златарски го идентифицира Βουτζοῦνιν со Бучин (Прилепско), а Σιδηροκάστρον со Демир Капија. Освен тоа градот Καβαλλάριον го локализира при градот Кавадарци[2]). Потоа Ив. Снегаров и градот Δεύριτζαν го бара во Тиквеш („там се намира с. Дебрища")[3]),а таму во истиот предел го убицира и градот Δουβροῦνιν („в Тиквеш се намира с. Добротино")[4]). На тој начин Ив. Снегаров само едниот град т. е. Бучин го сместува таму кајшто лежи и денес локалитетот, додека останатите градови ги преместува доста неосновано и неуверливо во Тиквеш.

Несомнено, кога се работи за убицирањето на спомнатите градови, треба да се има предвид и поврзаноста на настаните предизвикани со воениот поход на Андроник III. Имено, по заземањето на градот Бучин искажале покорност и останатите градови. Во врска со тоа, и сообразувајќи се со движењето на византиската војска од Пелагонија кон Бучин, се доаѓа до заклучок дека станува збор за една нераскинлива територија што се пружала западно од градот Бучин. Впрочем, во прилог на ваквиот

---

[1]) М. Динић, За хронологију Душанових освајања византиских градова (Зборник радова С. А. Н. XLIX — Византолошки институт, књ. 4, Београд 1956, стр. 7).

[2]) Иван Снегаров, По въпроса за епархията на Климент Охридски (Известия на Института за история на Б. А. Н. кн. 10. София, 1962, стр. 219).

[3]) Според мисленето на Иван Снегаров градот Δευριτζαν не треба да се идентифицира со „с. Дебреще, на север от гр. Прилеп. . . както мислеше проф. В. Н. Златарски" бидејќи се наоѓа доста северно од линијата на градовите што ги зазел Андроник III во 1330 г. Ив. Снегаров, н. с. стр. 219.

[4]) На наведеното место

заклучок зборува и маршрутата што ја направил Г. Акрополит во 1257 г. Тој тогаш патувал низ нашите предели и од Дебар преку Охрид, Преспа и Сидерокастрон пристигнал во Прилеп[5]). И така и одовде може да се заклучи дека Сидерокастрон лежел меѓу Преспа и Прилеп. Впрочем и византиските и српските извори кај Демир Капија го бележат градот Просек[6]). Според тоа, Демир Капија и Сидерокастрон т. е. Демир Хисар имаат иста придавка само во првиот дел на името инаку тоа се различни топоними. Сидерокастрон тоа е словенскиот „градь Желѣзьньць"[7]). Денес во подножието на некогашниот град е сместено с. Железнец[8]). Според тоа отпаѓа како неуверливо тврдењето на Ив. Снегаров дека во Демир Хисар не била позната населба со име Железнец[9]). Освен тоа, таму од десната страна на реката Црна, а на локалитетот Градиште се уште се виѓаваат траги од средновековниот град. Имено, местото е покриено со урнатини од ѕидови и со преостанки од ќерамиди. Покрај тоа, на локалитетот се најдени стари пари и средновековно оружје. На крајот треба да се истакне дека градот Железнец имал згодна положба и ги контролирал патиштата што воделе кон Бучин, Битола, Кичево и Дебарца. Железнец е оддалечен околу 29 км од Бучин. Со утврдувањето на местоположбата на Бучин и Сидерокастрон донекаде се усмерува понатамошното настојување за рекогносцирање и на другите споменати градови. Своевремено К. Јиречек градот Δεύριτζαυ го идентифицирал со „Дебрец код Охрида"[10]). Туку таму не постои место со тоа име. Меѓутоа, Дебрец личи на Дебарца, име на еден предел во Охридско. Оваа област во 1329 год. секако била зафатена со воениот поход на српската војска против градот Охрид[11]). По неуспешниот обид за завладување и по повлекувањето од Охрид српските феудали веројатно останале во Дебарца. Нивното присуство во непосредната близина на Охрид ги заплашувало тамошните византиски владенија. Поради тоа, а и поради потиснувањето на српската власт од Демир Хисар, Андроник III и нападнал на онаа српска територија што како клин била втисната меѓу тогашните грчки градови Охрид и Прилеп. По паѓањето на Бучин, според кажувањето на Ј. Кантакузен, верижно се предале и спомнатите градови што секако се наоѓаале во Демир Хисар и Дебарца. Таму, во Дебарца и лежел градот Δεύριτζαν. Меѓутоа, е тешко да се утврди неговата местоположба поради постоењето и на други средновековни локалитети. По се изгледа дека градот лежел во месноста „Кула", крај р. Сатеска а во близината на с. Песочани и с. Ново Село.Локалитетот доминира во

---

[5]) В. Златарски, История на българската държава презъ срѣднитѣ вѣкове III. София 1940, стр. 482.

[6]) και τον Προσαχον стои на едно место во повелбата на Василиј II од 1019 год. (Јорданъ Ивановъ, Български старини изъ Македония. София 1931, стр. 551); Подоцна и во една од повелбите на Душана е забележено „оу Просѣцѣ" (Стојан Новаковиќ. Законски споменици српских држава средњега века. Београд 1912, стр. 422.

[7]) Ђ. Даничић, Животи краљева и архиепископа српских. Загреб 1866, стр. 226.

[8]) Види: Imenik mesta, II izdanje Beograd 1960. стр. 485.

[9]) Ив. Снегаров н. с., стр. 219, бел. 59.

[10]) Константин Јиречек, Историја Срба I (1952), стр. 207.

[11]) Исто, стр. 206.

пределот и притоа ги контролира патиштата кон Охрид, Дебар, Кичево и Железнец. Песочанската Кула е оддалечена околу 30 км. од Железнец.

Од досегашното кажување се гледа дека градовите Бучин и Сидерокастрон лежеле тукуречи по краиштата на Демир Хисар и тоа првиот на источниот, а вториот на северниот влез. И на јужниот пристап во Демир Хисар има еден средновековен локалитет што се наоѓа меѓу селата Лопатица и Габалавци. Имено станува збор за еден рид што се пружа од левата страна на р. Шемница. Таму веројатно се издигал некогаш средновековниот град Καβαλλάριον. Локалитетот е оддалечен околу 19 км. од Битола. Далечината Лопатица—Железнец изнесува околу 30 км.

Најнакрај останува да се убицира и градот Δουβροῦνιν. Под тоа име секако се крие локалитетот што се наоѓа во близината на манастирот св. Јован кај с. Слепче. Имено, северно од спомнатиот манастир има месност што се вика Добромирски Дол. Таму среде шума лежи црква сега во урнатини. Името на месноста (Добромир) порано во 19 век било раширено готово на сиот предел (Демир Хисар). Според В. Григоривич „Добромирско" порано се викало „Желѣзно".[11a]

II

По битката кај Велбужд во 1330 год. византискиот цар се повлекол од нашата територија. Меѓутоа тој го оставил за натаму војводата Сиргијан во граничниот предел[12]). Освен тоа од житието на Ст. Дечански се знае дека тогаш српските феудали ги зазеле градовите Велес, Просек, Штип, Чрешче и Добрун[13]). Навистина, ваквото датирање не било исцело примено од некои научни работници. Единствено В. Ќоровиќ во случајов држи многу до хронологијата што ја дава биографот на именуваниот српски владетел.[14]). Неодамна и М. Диниќ се искажа во прилог на некои порано направени коректури во врска со датирањето на српското завладување на градовите Просек и Штип.[15]). Освен тоа, во истата статија, тој му забележа и на биографот на Душана што не ги дал точно годините на српското завладување на Железнец, Чемрен и на некои други градови. Според мислењето на М. Диниќ градовите Βουτζοῦνιν, Δουβροῦνιν, Καβαλλάριον, Δεύριτζαν υ Σιδηροκαστρον биле преземени во времето на Ст. Дечански и тоа по битката кај Велбужд. И не само тие градови, туку и „Чьмрѣнь . . .био је и остао свакако у српским рукама пре Душана"[16]). Меѓутоа, со оглед на местоположбата на Чермен и

[11a]) Мѣсто, куда отправится называлось прежде Желѣзно, теперь Добромирско или добромирска нурія Види: В. Грегоровичъ, Очеркъ путешествія по европейскои Турціи. Москва 1877, стр. 114.

[12]) К. Јиречек, н. д. стр. 207.

[13]) Ђ. Даничић, н. д., стр. 197.

[14]) Владимир Ћоровић, Историја Југославије. Београд 1933, стр. 146.

[15]) М. Диниќ, н. ст., стр. 8.

[16]) Исто, стр. 7.

земајќи предвид дека М. Диниќ ја прима годината 1334 како дата на српското завладување на градовите Охрид и Прилеп останува се уште необјасниво навлегувањето на српските феудали во месноста што лежи околу 30 км. јужно од Прилеп. Несомнено, биографот на Душана бил поблиску од нас до информацијата по однос на настаните во Мориово и затоа е поприемливо неговото датирање. Имено, наспоредно со заземањето на Охрид и Прилеп потпаднал под српска власт и градот Чемрен.

Tomo Tomoski:

AUFZEICHNUNGEN ANLÄSSLICH DES KRIEGERISCHEN FELDZUGES ANDRONIKUS III IN MAZEDONIEN IM JAHRE 1330

ZUSAMMENFASSUNG

Im Jahre 1330 griff das byzantinische Heer von Pelagonien ausgehend, die Burg Bučin (am Ausgang des Flusses Crna in Pelagonien) an, und nachher drang es ins Gebiet von Demir Hisar und Debarce ein. Dabei, übergaben, nach J. Kantakuzen, die serbischen Lehensherren die Burgen: im Südosten Καβαλλαριον (allerdings ist die Rede von der Örtlichkeit, die von Bitola etwa neunzehn Kilometer entfernt ist, und liegt zwischen den Dörfern Lopatice und Gabalavce, gerade am Ausgang des Flusses Šemnica in Pelagonien), im Westen Δουβροῦνιν (wahrscheinlich rührt das jetzige Toponim Dobromirski Dol, das sich in der Nähe des Klösters Sveti Jovan bei Slepče befindet von dem Namen der einstigen Burg her), und im Nordwesten Σιδηροκάστρον (heute Gradište bei dem Dorf Železnec) und Δευριτζαν (zweifellos die Lokalität „Kula" am Fluß Sateska nah dem Dorfe Pesočani und Novoselo).

Христо Андонов-Полјански

УСЛОВИТЕ И СИСТЕМОТ НА ТРГОВСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ТРГОВСКИТЕ ВРСКИ ПОМЕЃУ РИЈЕКА И ТУРЦИЈА ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК*

I УСЛОВИТЕ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ТРГОВСКИТЕ ВРСКИ ПОМЕЃУ АВСТРИЈА (АВСТРО—УНГАРИЈА) И ТУРЦИЈА И РИЕЧКО—ТУРСКИТЕ ТРГОВСКИ ВРСКИ

Развитокот на трговските врски помеѓу Риека и Турција во втората половина на XIX век зависел од низа суштествени услови, кои биле стриктно поврзани со овие врски. Затоа ова образлагање ги опфаќа елементите, кои делувале во правец на тенденцијата за поточно искристлизирање не меѓусебните риечко-турски трговски врски. Пред сѐ тие елементи произлегувале од општите услови на трговските врски помеѓу Австро-Унгарија и Турција, кои вонредно влијаеле врз риечко-турските трговски врски.

1. *Улогата на публикациите и на печатот (општ осврт)*

Литературата и печатот во Австрија (Австро-Унгарија), односно во Риека, и во Турција, во голема мерка придонеле за проширување на меѓусебните врски. Во прв ред доаѓа под внимание литературата од економски карактер, која во повеќе случаи носела службен карактер. Меѓутоа, несомнено дека со литературата не само што се изградувал интересот, туку се правеле и првите чекори кон проширување на трговските врски. Во случајов ги земаме предвид австро-унгарските, односно риечките публикации за турските економски прашања и печатот од обете земји, со посебен осврт на печатот во Риека во врска со споменато прашање.

а Публикации

Прашањето на публикациите го разгледуваме повеќе општо, т. е се задржуваме посебно на литературата за Турција, што била објавувана во Австрија (Австро-Унгарија), а нарочно во Риека. Меѓутоа, и за ова прашање, потребно е да се има предвид оскудноста на податоци, што не дозволува проблемот да се разгледува во целина, туку со наблегнување само на одделни поважни публикации.

Во поголем број случаи оваа литература ја поседувале и биле за неа заинтересирани риечките трговски фактори, за што среќаваме бројни

---

*) Овој прилог претставува продолжение на работата: Основите на трговските врски помеѓу Риека и Турција во втората половина на XIX век — објавена во овој зборник, том 15 (1963), стр. 133 — 185.

укажувања во фондовите на Трговската комора на Риека. Обично оваа литература била од патеписен карактер и во неа проличува несомненият интерес за турските економски прашања, со основна тенденција за презентирање службената австро-унгарска политика кон Турција.

Уште во првите години од втората половина на XIX век в. Австрија се појавувал интерес за познатиот капитален патепис на Ами Буе, (Ami Boue), под наслов: „Recueil d'itinéraires dnas la Turquie d'Europe", (чие прво издание излегло во Париз 1840 г. под наслов „La Turquie d'Europe"). Интересот се забележува и од тоа што патеписот претрпел во Виена две изданија. Отпрвин бил издаден во 1854 г. под споменатиот погоре наслов, а во 1889 г. бил преведен[1]). Во патеписот е изнесен опис на Европска Турција. Поентата на трудот била да се даде осврт на најважните, предимно трговски центри на Европска Турција. Во трудот подробно се разгледани стопанските аспекти на секој важен центар, како напр. Солун, Битола, Скопје, Сер, Драч, Костур и др.[2]).

Од големо значење за риечките трговски кругови претставувал прирачникот на Maestro M. D., кој носел наслов: „Theoretisch-Praktischer Leitfaden der Waarenkunde", издаден во Риека 1857 г. (и на италијански), во кој била опфатена и Турција. Во трудот е даден општ преглед на стоките и производителите од разни земји. Приличен простор е одделен и за производите на Турција. Од турските производи предадени се карактеристики за памукот и за неговите производни центри (во прв ред на Македонија и земјите од Блискиот Исток), потем за билките, кожите, восокот, тутунот (познат по име „Tabaco Turco") и изнесен е специјален осврт за турската валута и мерките, нарочно житните и др.[3]) И во оваа публикација проличува несомненият интерес што владеел меѓу риечките стопански кругови за стопанството на Турција.

Патувања со цел за запознавање со стопанството на Турција биле многу често преземани. Едно такво патување било преземено уште во 1858 година.[4]) Бидејќи зачестиле патувањата на Исток, биле издавани и информативни прирачници за таа цел. Нарочно во ова предначел трстјанскиот Lloyd (Лојд) кој издавал специјални едиции, за кои интересот постојано се зголемувал[5]).

---

[1]) Изданието од 1889 г. носи наслов: „Die europaische Türkei, Wien 1889. (Михов Населението I, 54.

[2]) Boué, Recueil., (Vienne 1854) passim. J. Han на едно место истакнува (Reise von Belgrad nach Salonik. Wien 1868, 266), дека Boué уште во 1840 г. во „La Turquie d'Europe (Paris 1840) го изнел значењето и на идните балкански железнички линии, нарочно за нивното поврзување со важните центри во Европска Турција.

[3]) Maestro, Theoretisch—Praktischen Leitfaden der Waarenkunde Fiume, 1897) 58—61, 94—96, 100—101, 122—124, 174—175, 178, 184—205.

[4]) Wertheim F., Der Oesterreichische Handel im Orient und die Mittel zur Hebung desselben. Wien 1858, 5—10 (подвлечено е значењето на Ориентот и апелот за пласман на стоки таму, за развивање на пораширени врски).

[5]) За ова види: Busch M., Die Türkei. Reisehandbuch für Rumelien, die Untere Donau, Anatolien, Syrien, Palästine, Rhodus und Cypern. Triest 1860 (Lloyd's Jllustrirte Reisebibliothek. Sechster Band. Der Orient III. Türkei. Triest 1860). (Михов, Населението I, 67—68). Овој прирачник претрпел и трето издание, кое излегло во Виена 1881 г., под наслов: „Die Türkei. Reise—Handbuch für Konstantinopel die Untere Donau, Rumelien, Bulgarien, Macedonien, Bosnien und Albanien. (Михов, Населението II, 69).

Биле преземени патувања за Турција составени и од групи на заинтересирани стопанственици, Едно такво патување било преземено од Виена во 1862 година и тоа преку Трст за Цариград. Уште во почетокот на печатената програма на тоа патување се подвлекол стремежот „за поттикнување на трговските врски со Левантот"[6]). Дадени се и подробности околу самото патување и интересантностите од посетените места. Се забележува дека австриската колонија во Цариград броела 2.500 семејства.[7]) Потем се инсистирало и на потребата од пласман на разни стоки во Турција, предимно на мануфактура и железарија. Изнесен е преглед и на сите оние стоки што се трошеле и се барале во Турција.[8])

Слично патување за Цариград било преземено и во 1864 година и тоа организирано од Лојд. Во издадената брошура за ова патување се наведува планот на патот и дека патувањето првенствено имало за цел да се прошири трговијата со Истокот, што повеќе да се пласира таму австриската стока[9]). Интересно е дека и тука се прави осврт на индустриските стоки што и биле потребни на Турција и во таа смисла е обрнато внимание на австриските индустријалци. Се инсистирало и на потребата од директни трговски врски со Турција првенствено во интерес на австрискиот капитал. На крајот и овдека е даден преглед на австриските стоки што се трошеле во Турција.[10])

Се појавиле и публикации во кои бил подвлекуван несомниениот интерес на Австрија за Турција, со што се изразувале интересите на австриските капиталистички кругови.[11]) Зголемениот интерес за Турција најизразито бил подвлечен во патеписите на Ј. Г. Хан (J. G. v. Hahn). Тој бил австриски конзул во Турција и Грција и ги познавал одлично приликите во тие земји. Неговиот капитален труд: „Reise von Belgrad nach Salonik", изглегол од печат во Виена 1868 година. Трудот е разделен на три дела. Првиот дел содржи 30 поглавја, за патот од Виена до Солун. Вториот дел има само две поглавја, во кои се говори за железничките врски на Балканот. Третиот дел има 4 поглавја и се однесува до историјата на моравската област. Значајно е да се истакне дека настаните и историјатот на местата што Хан ги посетил се изнесени од него доста интересно и внимателно, со цел да се обрне внимание на австро-унгарските капиталистички кругови за овие краишта. Нарочно Хан инсистирал на активизацијата за проширување на периферниот австро-унгарски сообраќаен систем, со цел Австро-Унгарија да стане европско железничко гнездо, значаен јазел во целокупниот европски сообраќаен систем. Хан наблегнувал и на поврзувања на важните турски

---

[6]) Program für die Gesellschaftsreise von Wien über Triest nach Constantinopel und Athen. Wien 1862, 3.

[7]) Ibid, 15.

[8]) Ibid, 29—35.

[9]) Schweizer L., Tuvora Fr., Zweite Gesellschaft—Reise im Jahre 1864 nach Constantinopel. Wien 1864.

[10]) Ibid, 11—28.

[11]) Quagliazzi A. L., L'Austria in relazione alla Turchia e alla Grecia. Trieste 1866, 13—22.

центри, како Цариград, Солун и др. со Виена.[12]) Според Хан, правците на австриското влијание биле на исток и на југ кон Солун и Александрија. Понатаму тој ја подвлекувал потребата од директна линија со Солун и на југ со Пиреј. Ползата од таа врска била голема, нарочно во стопански поглед.[13]) Особено Хан го подржал мислењето за брза железничка врскса со „богата Македонија", од каде ќе се снабдувала Австро-Унгарија со суровини.[14]) Сличен опис Хан дал и во некои други свои трудови, кои имале важно значење за зголемување на австро-унгарските интереси во Турција.[15])

Во врска со одржувањето не меѓународната изложба во Виена 1873 година Р. Швегел (R. Schwegel) издал пригодна стопанска студија за Цариград и соседните на него области, врз база на извештаите на австро-унгарските конзули и на трговската комора во Цариград.[16]) Овој труд е разделен на четири дела и тоа: географски осврт, уредување на трговијата во поединости, општа трговско-пловидбена статистика и осврт на одделни трговски артикли и производи. Доста е интересен одделот за уредување на трговијата, во кој се опфатени најзначајните елементи на турската трговија.[17]). И овдека е подвлечена тенденцијата за ползата на австро-унгарското капиталистичко стопанство од загосподарување со пазарите во Турција.

Публикувањето на конзулските извештаи послужило како полезна мерка во проширување на трговските врски. Австро-унгарските конзулни извештаи биле издавани во едицијата „Jahresberichte"[18]). Покрај ова конзулските извештаи биле издавани и во други публикации.[19])

Значењето на Истокот за австро-унгарските капиталистички кругови растело се повеќе. Во 1882 година во Виена изгледа публикацијата на Lerhenfeld-Šveiger (Lerchenfeld-Schweiger) под наслов „Der Orient", на 950 страници. Во оваа книга даден е подробен осврт на земјите на Истокот, со општи забелешки за секој важен трговски центар.[20]) Вакви

---

[12]) Hahn, Reise von Belgrad nach Salonik, 8.

[13]) Ibid., 9—12.

[14]) Ibid, 20—24.

[15]) Напр. види: Хан Ј. Г., Путување кроз Поречину Дрима и Вардара, у Београду, 1876. (Осврт за градовите: Драч, Струга, Охрид, Ресен, Битола, Прилеп, Велес и др.).

[16]) За ова види: Schwegel R. v., Weltausstellung 1873. Volkswirthschaftliche Studien über Constantinopel und das anliegende gebiet. Wien 1873, VIII, 474 (Михов, Населението I, 298—300). Во 1873 г. во Виена излегле и следните позабележителни книги: за Турција: Sax S., Türkei. Wien 1873 (Михов, Населението I, 284—286) и Déthier P. A., Le Bosphore et Constantinople. Vienne 1873 (Михов, Населението I, 390). (Исто второ издание во Виена 1876 г., под наслов: „Der Bosphor und Constantinopel — Михов, Населението III, 148.).

[17]) Михов, Населението I, 298—300.

[18]) Jahresberichte der K. und K. osterreichisch-ungarischen Consulats Behörden. — Nachrichten — Wien.

[19]) Напр. Berichte der k. und k. Missionen und Consulate in handelspolitischen Angelegenheiten. N. 2 (Wien1876, 204), Објавени се изевштаите за конзулите во Призрен, Скадар, Јанина, Битола, Прилеп и Солун. (Михов, Населението IV 38-39). Постојат и други публикации на конзулските извештаи од оваа едиција.

[20]) Во истава година во Виена излегла и книгата на Stoeckel F. M. под наслов: „Neue volkwirtschaftliche Studien über Smyrna und das anliegende Gebiet".

публикации од пригоден карактер излегувале и натаму. Во исто време биле публиковани и патеписи. Во 1886 година во Загреб излегол од печат патеписот на A. Veber под наслов: „Put u Carigrad," во кој во општи линии се дадени впечатоци од Цариград и од неговата околина.[21]) Од особено значење е патеписот на А. Штраус (A. Strausz), под наслов: „A Balkan Félsziget. I. Macedonia, Eszak-Albánia és Montenegro", кој излегол во Будимиешта 1888 година. Во уводот на патеписот се наведува дека според одредувањето на унгарското министерство за трговија патувале цела група унгарски функционери во 1885 година на Балканот. Тие ја посетиле Албанија, Македонија и Србија. Во трудот е изнесен опстоен преглед на стопанската ситуација на Албанија и на градовите во Македонија: Солун, Прилеп, Битола и Скопје. Проличува несомнениот интерес што тие го појавиле при патувањето, а особено согледувањето ползата за пласман на унгарските стоки на тие пазари, како и за извоз на суровини за потребите на унгарската индустрија.[22])

Издавањето на прирачници за Турција зачестило[23]). Исто така зачестило издавањето и на „Програми" и на „Проспекти" за патување во Турција. Едно такво патување било преземено во почетокот на ноември 1893 година од Риека и преку Далмација за Србија, Цариград и обратно.[24]). Проспект за патувањето организирано во 1895 година. во правец: Будимпешта—Цариград—Смирна—Солун—Скопје и обратно.[25])

Било значајно и несомнено влијанието на оваа издавачка дејност на студии, патеписи, пригодни публикации, програми и проспекти за Турција, за проширување и засилување на трговските врски со Турција. Преку нив се откриле богатите пазари на Турција за слободен пласман на австро-унгарските стоки, како и за турските суровини за потребите на австро-унгарската индустрија и воопшто за австро-унгарското капиталистичко стопанство. Во оваа работа биле опфатени и риечките капиталистички кругови, кои појавувале интерес за што поизразито раширување на трговските врски со Турција.

б. Печат (со посебен осврт на печатот во Риека).

Печатот бил исто така оној услов што придонесувал за проширување на трговските врски помеѓу Риека и Турција. Во печатот гледаме и конкретен израз на тие врски, што се виѓавало во скоро секојдневните настојувања да се изнајдат начини за нивното раширување меѓу заинтересираните фактори. Ова прашање возможно е да се разгледа од неколку страни, а имено од односот на австрискиот, австро-унгарскиот, турскиот и најпосле од риечкиот печат. Бидејќи повеќето австриски,

[21]) Veber A., Put u Carigrad, 168—175.

[22]) Strausz, A Balkan Félsziget, 79—170, 171—264, 265—288, 289—302, 344—352.

[23]) Напр. Meyers Reisebücher, Türkei und Griechenland, untere Donauländer und Kleinasien. Leipzig und Wien 1893 (постојат и други изданија).

[24]) Fahrkarten—Stadtbureau der Kön. Ung. Staatsbahnen. Budapest — Wien. (DAR—T. K. N. 2888, 10. VII. 1893).

[25]) Országos Kereskedelmi és Iparcsarnok. Bydapest. (DAR — T. K. № 1891, 9. V. 1895) Од оваа 1895 година, од значење е и патеписот на Hafele F., под наслов: Put na Istok do Carigrada. U Zagrebu 1895.

австро-унгарски и некои турски листови ги добивала риечката трговска комора, потребно е да се изнесе еден општ осврт за нив.,

Најпознатите, австриски односно австро-унгарски весници, предимно што третирале економска проблематика, ги додирнувале прашањата што биле поврзани со Турција. Познатиот неделен весник „Austria", кој започнал да излегува во 1848 г., донесувал бројни статии и конзулски извештаи за стопанството и трговијата на Турција, особено за нејзиниот европски дел.[26])

Постојани осврти на турските пазари, конкретно за цените на нивните стоки, давале и официјалните изданија на некои комори во Монархијата.[27]) Поситни патеписи за Турција објавувале и некои списанија.[28])

Со наблегнување за раширување на трговските врски со Турција се занимавале и некои чисто трговски весници[29]) и органи на трговските институции. Овдека во прв ред доаѓа предвид :„Oesterreichische Monatschrift für den Orient", кој го издавал Ориенталниот музеј во Виена од 1875 година натаму.[30])

За најважните проблеми на трговските врски помеѓу Австро-Унгарија, односно Риека, и Турција се пишувало и во последната деценија на XIX век. Нарочно овдека во прв ред спаѓал „Revue d'Orient", што излегувал од 1885 година во Будимпешта, Исто така од значење се и други весници.[31])

Интересно е и прашањето каков бил односот на турскиот печат кон третираново прашање. Овдека во прв ред доаѓаале турските весници на странски јазици. Нарочно интересен е весникот „Le Journal de la Chambre de Constantinople", кој започнал да излегува 1884 година во Цариград. Во него се објавени статии во кои се третирани прашања

---

[26]) Некои поважни статии што излегле во весникот се: Türkei. (№ 72 (1851), № 86 (1857) — Михов, Населението II, 274); Der Verkehr von Monastir (№ 291 (1851) — Михов Населението II, 288); Türkei. Monastir (Jahresbericht für 1865). (№ 36 (1866) — Михов, Населението II, 193; Salonich (№ 23 (1867), 626—633 — Михов, Населението II, 247) и други.

[27]) Напр.: Mittheilungen der Handels—und Gewerbe—kammer in Wien. Wien 1866 и натаму.

[28]) Mittheilungen der kaiserlich-königlichen geographischen Gesellschaft. Wien, ги донесува некои од овие статии: Hochstetter F., Reisedurch Rumelien im Sommer 1869 (XIII, (1871) Михов, Населението I, 147—149); Sax C., Statistische Studien über Constantinopel (XVI (1874) — Михов, Населението II, 248); Rockstroh E., Ueber den Balkan. (XVII (1874) — Михов, Населението II, 270); Oestereich K., Vorläufige Mittheilung über eine zweite Reise in die europaische Türkei XLIII (1900) и други.

[29]) Напр. Wiener Geschäftszeitung. Wien, започнал да излегува во 1865 г.; Oesterreichisches Handels — Journal, започнал да излегува 1867 г. и други.

[30]) Попознати статии од овој весник: (Lippich F.,) Das Sandschak von Üsküp (I(1875) — Михов, Населението II, 176); Zichy E., Die Jahres — Messe zu Eski—Djuma 1876 (II/5(1876), — Михов, Населението, I, 368); Enser A., Der Markt von Serres 1876. II (1876) — Михов, Населението II, 94); Kutschera H., Eine neue passagierroute nach Constantinopel VI/2 (1880—) и други.

[31]) Напр. „Zoll-Compass", издание на австрискиот трговски музеј во Виена (DAR—T. K. № 653/6960-IV), 20.II.1892) Потоа: Der Handels-Anzeiger für den Orient (DAR. T. K. № 345, 12.IV.1892), и други.

и за меѓусебните риечко-турски врски, за што ќе стане збор и понатаму. Од непомал интерес се и статиите што биле објавувани во познатиот весник: „The Oriental Advertiser (Le Moniteur)," кој започнал да излегува од 1882 година.

Од интерес биле и австро-унгарските весници, што излегувале во Турција. Овие весници ги бранеле интересите на австро-унгарскиот капитал.[32])

Жив интерес за прашањата поврзани со меѓусебните трговски врски на Риека со Турција гледаме во риечкиот печат од втората половина на XIX век. Скоро сите весници појавувале интерес за стопанството и трговијата на Турција и за тоа прашање објавувале пригодни статии или белешки. Од друга страна во нив јасно проличува одреден став, којшто ползувал на унгарската политика.

Забележителните риечки весници: „Giornale di Fiume[33]). „Studio e Lavoro"[34]), „Magyar Tengerpart"[35]), сушачка „Sloboda", „Hrvatska Sloga" и „Novi List"[36]), донесувале податоци за Турција и притоа се заложувале за проширување на риечко-турските трговски врски. Во нив се појавувал жив интерес на риечките капиталистички кругови за подобар пласман на своите производи на турските пазари и овозможување за подобар внос на турска стока во Риека.

Најзначаен од сите риечки весници бил секидневникот „La Bilancia", кој излегувал од 1867 година. Весникот третирал општи и актуелни политички прашања, а во него се разработувале и проблеми од економски карактер, во кои се поврзувал и Истокот. Интересно е дека весникот многу често објавувал и статии во кои се третирани турски економски прашања. Се објавувале и детали од трговските врски на Риека со Турција, особено по однос на вносните и извозните стоки, а исто така и за заемните пловидбени односи. Заради поконкретно обрнување внимание на односното прашање, од интерес е да се даде еден дефинитивен осврт на позначајните статии.

Во една статија за „Босфорот и Дарданелите", објавена на 4 септември 1869 година, се апелира на риечката Трговска комора за зафаќање на по широки врски со Турција.[37]) Весникот донесувал детали и од стопанската ситуација во Турција, нарочно се наблегнувало во пробудување интерес за најзабележителните турски трговски центри.

---

[32]) Напр. во прв ред доаѓа под внимание весникот: „Konstantinopler Handelsblatt" (Сп. БИДр. I (11—12 (1897), 886.).

[33]) Излегувал од 1865 г. Објавувал ситни статијки за Турција, а повеќе наблегнувал на пловидбените риечко-турски односи. (За ријечкиот печат види: Despot M., Pokušaj bibliografije primorskih novina i časopisa. 1843—1945. Rijeka. Zbornik, 618—638.

[34]) Излегувал од 1876 г. Објавувал бројни статии (повеќе општи) за Турција и нејзиното стопанство и трговија. Во прегледот за вносот и извозот и пловидбата на Риека се додирнувала и Турција.

[35]) Излегувал од 1893 г. Објавувал бројни коментари во врска со риечко-турските трговски врски. Строго званичен весник. Ги бранел интересите на унгарските капиталисти.

[36]) Весникот „Sloboda" излегувал од 1878, „Hrvatska sloga" од 1898 г., а потем од 1900 г. познатиот Супилов лист: „Novi List".

[37]) Bosfore e Dardanelli, La Bilancia 36, 4. IX. 1869, 3.

Во една статија за „Солун", што била објавена на 15 мај 1876 година, се забележува вниманието на Европа за овој забележителен град на Македонија. Се подвлекло неговото значење како важен трговски центар и пристаниште.[38]) Во врска со зголемената градба на железнички пруги во Турција во последните децении од XIX век се обрнувало внимание за овој настан со неколку статии. Во еден уводник од 1 мај 1883 година се говори за најзначајните пруги во Македонија и нивното поврзување со средноевропските магистрали. Притоа, се определува значењето на овие пруги за Риека и се наблегнува железничката политика на Истокот.[39]) На ова прашање весникот се задржал и подоцна.[40])

Од особено значење за проширување интересот за Турција и за меѓусебните врски, претставувале статиите, објавени во „La Bilancia" во продолжение на 1892 до 1894 година. Интересот на Ријека за Турција произлегувал и од тоа што весникот испратил свој специјален дописник во Турција, од него и потекнувале споменатите статии. Овие статии во повеќе случаи се потпишувани со псевдонимот „Fluminensis". Тешко е да се утврди решението на овој псевдоним и да се најде клуч за него. Во постојните збирки на псевдоними овој псевдоним не е нотиран[41]), а исто така и во каталозите на некои институции што се занимавале со овој проблем.[42]) Не остана ништо друго туку прашањето да се утврди по други канали. Најпрвин утврдивме дека со турската проблематика „Fluminensis" се занимал најверојатно уште од 1881 година, кога испратил од Турција неколку статии на сушачка „Sloboda", потпишан како Fran Kučinić[43]) или како F. K.[44]). Под овој потпис го наоѓаме потпишан и во една статија во „La Bilancia", што била објавена на 11 март 1893 година.[45]) Но, и по оваа дата го наоѓаме потписот „Fluminensis". Тоа не наведува да утврдиме дека под псевдонимот не се крие никој друг, туку Fran Kučinić.

За да го образложиме наведеното ја анализираме дејноста на Фран Кучиниќ, односно „Флуминенсис" кој како дописник на „La Bilancia" пристигнал во Турција веројатно кон крајот на 1891 година. По сè изгледа дека отпрвин престојувал во Солун, а потем во Цариград и Смирна. Забележивме дека од почетокот на 1892 година па сè до април 1894 година испратил на својот весник преку 75 дописки. Обично него-

---

[38]) Salonicco. La Bilancia 111, 15. V. 1876, 1—2. На Солун весникот се задржал и подоцна. Во статијата „Il porto di Salonico concorrente coi porti dell'Adriatico. (La Bilancia 272, 1. XII. 1887, 2) се говори за напредокот на Солун и неговото конкурирање на јадранските пристаништа.

[39]) La nostra politica ferroviaria in Oriente. La Bilancia 99, 1. V. 1883.

[40]) P. Leroy-Bealieu, Il reccordo delle ferrovie turche colle ferrovie occidentali. L'avenire della Turchia. La Bilancia 149, VII. 1888 (уводник).

[41]) Vidačić M., Pseudonimi, šifre i znakovi pisaca iz hrvatske književnosti, Gradja za povijest književnosti Hrvatske 21 (1951), 7—141.

[42]) За решението на овој псевдоним се интересиравме во Лексикографскиот завод на СФРЈ во Загреб и утврдивме дека не е нотиран, питу пак овие статии се забележани.

[43]) Fran Kučinić, Bugari. Sloboda IV/50. 51, 52, 53, 54, 56, 59, 60 (1881)

[44]) F. K. Carigrad. Sloboda IV/70. 71, 72 (1881).

[45]) Fr. Kučinić, Lettere dalla Turchia. La Bilancia 58, 11. III. 1893.

вите дописки носат наслов: „Lettere dalla Turchia" и „Lettere dalla Macedonia". Неговите дописки не се само важен материјал за тогашната стопанска ситуација во Турција, туку во нив често се наблегнува врз прашањето и за проширување на риечко-турските трговски врски.

Во својата прва статија, испратена од Солун на 24 јануари 1892 година. Кучиниќ прави еден општ преглед на стопанската ситуација во Турција. Го подвлекол богатството на земјата, во која развитокот на природните ресурси покажувал назадок заради апсолутистичкиот режим. Меѓутоа, го подвлекол напредокот што бил постигнат во Европска Турција, каде трговијата оживнала. Забележил разни детали од конкретната постојна положба, повеќе од економски аспекти.[46])

Во останатите статии Кучиниќ се стремел да обрне внимание на поволната можност за пласман во Турција на риечките индустриски производи. Во една статија, што ја испратил од Солун на 10 фефвруари 1892 година[47]), Кучиниќ говори за ползата од зголемување на трговијата со Турција, со риечки индустриски производи. Откако забележил дека „La cittá di Fiume, secondome, é oggi una piazza importissima", наблегнал дека риечкиот „индустриски дух" можел да најде во провинциите на Ориентот здрав трговски пат за пласман на своите индустриски производи. Апелирал на риечките капиталистички кругови развиените врски со Турција што повеќе да се зголемат и да се прошират. Своите предлози ги аргументирал со конкретни податоци за стопанската положба на Македонија. На крајот на статијата Кучиниќ апелирал за засилување на врските. Тој се служи и со конкретни примери. Напр. забележува дека риечката пилатура за ориз можела да се ползува со тој производ од Солун а исто така и со пченица. Фабриката за хартија можела во Солун да има широк пласман. Укажува дека скоро сите риечки фабрики можеле многу лесно да ги пласираат своите производи во Турција. Предимно Риека, според Кучиниќ, требало да обрне внимание на важноста на пазарот во Солун, каде се барале индустриски производи и каде Риека можела да ги пласира своите производи.[48])

Со опстојни осврти за стопанството на Турција, Кучиниќ се задржал и во останатите свои статии.[49]) Притоа не одминал, а да не ја подвлече важноста на Риека за пласман на нејзините индустриски стоки на турските пазари. Во една статија, испратена од Цариград на 15 јуни 1893 година Кучиниќ говори за трговијата со шеќер во Смирна, каде можела Риека да го извозува тој важен артикал.[50])

---

[46]) Fluminensis, Lettere dalla Turchia. Salonicco, 24. gennaio. (La Bilancia 24, 30. 30. I. 1892).

[47]) Fluminensis. Lettere dalla Turchia. Salonicco, 10. febbraio. (La Bilancia 35, 13. II. 1892).

[48]) Ibidem.

[49]) Во една статија,испратена од Цариград на 5 март 1893 (Fluminensis, Lettere dalla Turchia. Constantinople 5. III. La Bilancia 56, 9. III. 1893) Ф. Кучиниќ говори за Македонија и засега политички прашања, особено за аспирациите на балканските држави кон Македонија. За положбата на Македонија во стопански поглед вели: „La Macedonia, la piu ricca provincia della Turchia europea".

[50]) Fluminensis, Lettere dalla Turchia. Constantinopoli 15. VI. (La Bilancia 138, 20. VI. 1893).

За овие статии на Кучиниќ во Риека владеел интерес меѓу капиталистичките кругови. Затоа и весникот „La Bilancia" ним им посветувал централно место. Секако дека бројните апели на Ф. Кучиниќ наишле на одглас кај заинтересираните капиталистички фактори кои се грижеле за проширување на трговските врски со Турција.

Весникот „La Bilancia" донесувал интересни статии за турската економика и во последните години од XIX век. Нарочно се интересни податоците за турските финансии, состојбата на берзите, цените на различните стоки, меѓусебните пловидбени односи и др.[51]).

Општо земено, возможно е да се заклучи дека и печатот одиграл несомнена улога во проширување на риечко-турските трговски врски. Во печатот се набљудувале и првите карактеристични белези на риечко,-турски меѓусебни врски.

2. *Активноста на дипломатските претставници*

Активноста на дипломатските претставници заземала важно место во проширувањето на трговските врски помеѓу Риека и Турција. Тие, со својата дејност придонесувале за оживнување и проширување на трговските врски. Од интерес е да се разгледа прашањето каков бил нивниот удел по ова прашање. Поспецијално од внимание е активноста

а. Австриските, односно Австро-унгарските дипломатски претставници во Турција и нивната активност во светлина на нивната кореспонденција со риечките трговски и поморски установи.

а. Австриските, односно Австро-унгарските дипломатски претставници во Турција и нивната активност во светлина на нивната кореспонденција со риечките трговски и поморски установи.

Поаѓајќи од своите економски и политички интереси во Турција, Особено во втората половина на XIX век, Австрија, Австро-Унгарија наблегнувала околу солидното организационо средување на своите дипломатски претставништва во Турција. Со оглед на тоа нејзиниот конкретен однос во одредената прилика и за одреденото прашање зависел имено од активноста на дипломатските претставници. Затоа биле вложувани напори за нивното што поголемо активизирање. На должностните места во Турција биле поставувани вешти и способни дипломати, кои во многу чести случаеви воделе сметка предимно за австриските, односно австро-унгарските капиталистички интереси.

Тенденцијата на австриските, односно австро-унгарските господаречки кругови се состоела во што по изразито зголемување бројот на своите дипломатски претставници во Турција, со цел да се опфатат сите поважни центри на опширната Отоманска Империја.

---

[51]) Во весникот „La Bilancia" биле објавувани, во последната деценија од XIX век и интересни политички статии, нарочно по однос на Македонија. За илустрација би навеле некои од нив: La mene serbo-russe in Macedonia. (La Bilancia 115, 22. V. 1890, уводник); La lotta fra rumeni e greci in Macedonia. (La Bilancia, 204, 11. IX. 1891,1); La questione Macedone.(La Bilancia 5, 6.I. 1898, уводник); La questione Macedone. (La Bilancia 27, 3. II. 1899); Dis. Nuovi torbidi ed Uesküb. (Nostra Corrispondenza). (La Bilancia 221, 29. IX. 1900, уводник); и други.

Од почетокот на седемдесетите години на XIX век, покрај амбасада во Цариград, Австро-Унгарија имала и бројни конзулати во поважните турски центри. Под ведомството на конзулатот во Цариград се наоѓале и конзуларните агенти во Бруса, Инеболи, Тенедос и Дарданелите. Под ведомството на генералниот конзулат во Солун се наоѓале конзулатот во Битола, вице-конзулатот во Сер и конзуларните агенти во Кавала, Ксанти и други. Имало и конзулати во Призрен, Драч, Скадар, Јанина, потем во поважните центри на Мала Азија, Сирија и други[52]). Подоцна настанувале извесни измени, нарочно по руско-турската војна од 1877—1878 година. Тие измени биле во врска со подреденоста на еден конзулат над друг. Така, додека порано конзуларната агенција во Дедеагач потпаѓала под Одрин, сега таа била зависна од конзулатот во Цариград. Исти такви промени биле извршени и со конзулатите во Албанија, со давање на поголеми прерогативи на конзулатот во Драч.[53]).

Според еден преглед од 1883 година бројот на австро-унгарските конзулати во Турција изнесувал преку 22.[54]) А во последната деценија од XIX век бројот на конзулатите осетно се покачил. Во 1890 година нивниот број изнесувал 40.[55]).

Правата и должностите на австро-унгарските дипломатски претставници во Турција биле одредени според определени уредби, што ги издала турската влада за сите странски претставници. Бил определен бројот на персоналот како и нивните привилегии. Прашањата што биле по врзани со трговијата и правните спорови исто така биле канализирани во духот на постојните закони во Турција, како и со заемните договори[56]).

Покрај тоа што биле политички претставници на својата земја, австро-унгарските дипломатски претставници имале за задача да ги бранат интересите на своето капиталистичко стопанство, на трговијата, индустријата, пловидбата и др. Посебно имале задача да се заложуваат за проширување на заемните трговски врски. За таа своја активност, како и за целокупната стопанска ситуација во Турција, тие биле должни да поднесуваат периодични или годишни извештаи. Не била исклучена и постојаната кореспонденција, особено со трговска цел. Нивните извештаи не биле испраќани само до министерството за надворешни работи и трговија, туку и до трговските комори и поморските области. Во врска со тоа забележуваме дека тие испраќале такви извештаи и имале постојана кореспонденција и со Трговската комора, Поморската област и трговија, туку и до трговските комори и поморските области. Во врска и со други институции во Риека.

---

[52]) Mittheilungen der K. und K. osterreichisch-ungarischen Consulats-Behörden. Nachrichten I (1873), 13—14.

[53]) Pomorska oblast, Rijeka—Trgovačkoj Komori, Rijeka № 415, 20. IV. 1878 (DAR-T. K. № 356) 415, 20. IV. 1878); Исто види: Uebersicht des gegenwartigen Standes der K. und k. österr. — Ungar. Consularämter im samtlichen fremden Staaten. Wien 1878, 11—15.

[54]) DAR. — T. K. № 1524/33.064, 27. IX. 1883.

[55]) Annuario Marittimo per l'anno 1890. Fiume 1890, 21-62.

[56]) Aristarchi, Lég. Ottomane, IV,15-18.

Во кореспонденцијата, тие покрај што ги засегале прашањата од општата економска проблематика на Турција, наблегнувале многу често и инсистирале за проширување на трговските врски помеѓу Риека и Турција. Освен тоа во кратки соопштенија тие ги соопштувале, поспецијално на Поморската област во Риека, скоро сите персонални промени на австро-унгарските дипломатски службеници во Турција. Таа, од своја страна, тие промени на австро-унгарските дипломатски службеници во Турција, ги соопштувала на знаење и увид на своите подвластени установи[57]).

Умешна активност австроунгарските дипломатски службеници покажувале при составувањето на извештаите за трговијата и пловидбата на одделните турски трговски центри. При прегледот на некои такви документи проличува несомнениот интерес што го имале тие за бројните турски економски проблеми. Бидејќи дури од кон крајот на XIX век постои званична турска статистика, овие извештаи се непреценлив материјал за турското стопанство од втората половина на XIX век. Вакви извештаи биле испраќани и до Поморската област и Трговската комора во Риека. Во некои од тие извештаи наидуваме, покрај општи карактеристики за турското стопанство и улогата во него на надворешната трговија со Австро-Унгарија и податоци во врска со риечко-турските трговски врски. Значењето на овие извештаи се состои особено во тоа што тие даваат една целосна слика за турската економика за која биле живо заинтересирани и риечките трговски фактори[58]).

Основната задача на австро-унгарските конзули се состоела и во контролата за пристигнување и заминување на австро-унгарските кораби во турските пристаништа. Тие биле должни за пристигнувањето и заминувањето на таквите кораби да соопштуваат месечно или годишно и до Поморската област во Риека. Покрај тоа, тие биле должни да ги заверат и да ги потврдат бродските документи, како и посебно на секој поморец, да донесуваат решенија за персонални промени во морнарицата, потем, да решаваат разни прашања во врска со државјанството, дезертирањето,

[57]) Соопштенијата за овие промени ги забележуваме во фондовите на ријечкиот Државен Архив, како на пр. „Pomorska oblast" од 1868 г. натаму. На пр. документи: 1589/873, 1. V. 1873; 776, 15. II. 1891; 980. 1. III. 1891; 3705, 22. VIII. 1891; 4310, 29. IX. 1891; 517, 23. XI. 1891; 2674, 25. V. 1893; и други.

[58]) Напр. во фондовите на риечкиот Државен Архив, како напр. во „Pomorska oblast" ги одбележивме следниве извештаи (за некои од нив постојат само пропратни писма, а извештаите ги нема): №644, 1870 (Јанина); 894, 1871 (Драч); 899, 1871 (Цариград) 720, 1871 (Солун); 1011, 1871 (Дарданелите и Босфорот); 1374, 1871 (Смирна); 530, 17. II. 1872 (Смирна); 896, 1872 (Скадар); 1555, 1872 (Дарданелите); 404, 1872 (Драч); 2991, 7. VIII. 1873 (Солун); 227/572, 21. II. 1877. (Смирна). Во фондот на Трговската комора наидовме на следните извештаи: 280/767, 10. IV. 1877 (Солун, Кавала и Порто Лагос); Повторно во фондот на Р. О.: 397, 9. II. 1880 (Цариград); 532, 31. I. 1891 (Дарданели); 1055, 4. III. 1891 (Драч); 1568, 6. IV. 1891 (Дедеагач); 1701, 14. IV. 1891 (Солун, Кавала и Порто Лагос); 1267, 10. III. 1891 (Солун); 2177, 26. IV.1893 (Валона); 2044, 18. IV. 1893 (Кавала); 2319, 4.V1893 (Дарданели); 2616, 23. IV. 1894 (Дедеагач); 2104, 24. III, 1897 (Драч); 1723, 15. III. 1899 (Валона); 2064, 29. III. 1899 (Солун, Кавала, Порто Лагос); и други. Некои од овие извештаи биле објавени во споменуваните: „Mittheilungen", „Jaresberichte" (Nachrichten) од 1873. г. натаму.

пријавувањето на разболените морнари во цариградската австроунгарска болница и друго[59]).

Бројни биле обрнувањата на австроунгарските дипломатски службеници во Турција до риечката Поморска област и Трговска комора, со цел за проширување на трговските врски и конкретно детализирање на прашањата во врска со трговијата на одделни артикли. Во 1866 година австриската конзуларна агенција во Ливно, укажала за извозот на дрво од Босна и за нејзините центри со разно дрво[60]). Преглед на покупките и продажбите на разни стоки во Србија, поднел конзулат во Призрен во еден извештај од 1871 година[61]). Бројни се извештаите и за покупки на пченица и на коски од животни[62]).

Интересно е да се подвлече дека амбасадата во Цариград и конзулите пренесувале и соопштенија за трговијата на одделни риечки трговци со Турција. Во едно писмо од 16. XI. 1877 година, амбасадата во Цариград пишува до риечката Поморска област, дека познатиот риечки трговец Никола Бачиќ (Nicolo Baccich) поднел молба до Високата Порта за слободен премин на своите кораби натоварени со жито[63]). Во едно друго писмо од конзулатот во Скадар о д 14. XII. 1894 година до ријечката Трговска комора, се нагласува дека риечката фирма Б. Бачиќ (B. Baccich) се согласила да даде кредит на скадарската фирма Мустафа Гиаку[64]).

Се соопштувале и детали во врска со мерките што се преземале од турските власти при извозот на одделни стоки. Во еден извештај од 3. X. 1895 година, конзулатот во Смирна соопштувал на риечката Трговска комора, дека сушењето на сувото грозје, кое служело за извоз, се прегледувало од специјален хемичар.[65]). Чести се соопштенијата во кои се инсистирало за добивање примероци на одделни риечки производи. Во едно писмо од 31 јули 1899 година, конзулатот во Драч, ја моли риечката Трговска комора да испрати проспекти со цени на градежниот материјал потребен за Тирана[66]). Во истава смисла се однесува и писмото на истиот конзулат од 28. XII. 1899 година до риечката Трговија комора, таа да испрати сорти на брашно, за што биле таму заинтересирани. Ова писмо било дадено на знаење на познатите риечки фирми: Б. Бачиќ, Фр. Блаж, Ст. Кошина и др.[67]).

Некои конзули соопштувале не само за турски интересенти за австро-унгарските производи, туку и барања за застапништво на разни

---

[59]) Во фондовите на ријечкиот Државен Архив во „Pomorska oblast" наоѓаме на некои примери за тоа прашање: 1640, 1871 (од Солун); 1486/873, 23.IV.1873 (од Цариград); 259, 1878 (од Цариград); 1046, 1878 (Цариград); 2339, 1878 (од Цчариград); 125, 1879 (од Цариград); 223, 1879 (од Цариград); 380, 1879 (Цариград); 768, 1878 (Цариград); 2211, 1879 (Цариград); 3146, 30. XII. 1879 (Солун) и други.

[60]) Notificazione (Estratto dall' Osservatore Triestino 248, 25. X. 1866 — DAR T. K., 520, 3. XI. 1866).

[61]) DAR — Pomorska oblast., 3073/1871, 16. X. 1871.

[62]) DAR. — P. O., 400/877, 31. I. 1877; 464/877, 12. II. 1877.

[63]) DAR. P. O., 2613/877, 16. XI. 1877

[64]) DAR) T. K., № 5177, 20. XII. 1894.

[65]) DAR. T. K., No 4292, 15. X. 1895.

[66]) DAR. T. K., No 2979, 5. VIII. 1899.

[67]) DAR. T. K., No 19, 3. I. 1900.

фирми. Во едно писмо од 5. V. 1900 г., битолскиот конзул Крал се обрнал до риечката Трговска комора и укажал дека фирмата Јован Костури од Корча, се интересирала за австроунгарските производи и сакала да застапува австро-унгарски фирми. Тој се интересирал за памучна, волнена, свилена и железна стока, алкохол и др[68]).

Многубројни биле и извештаите на австроунгарските конзуларни службеници во врска со развитокот на колерата и чумата во Турција. Оваа голема епидемија често врлувала во Турција и доста пречела за правилниот развиток на внатрешната и надворешната трговија. Оваа ситуација често ја стагнирала трговската размена за неодредено време. Во фондовите на риечката Поморска област и Трговска комора, наоѓаме на материјали за колерата, чумата и за други зарази. Во врска со ширењето на епидемиите се соопштувало и за одржувањето на карантината[69]), чие укинување било од големо значење за трговијата[70]).

Во врска со ширењето на разните епидемии спаѓале и одредбите на турската влада, кои ги соопштувале австро-унгарските конзули, за забраната на вносот и извозот на многу артикли. Со таа мерка се целело да се спречи ширењето на епидемиите. Меѓутоа, многу честите забрани и повторни дозволувања, во многу ја стопирале турската трговска размена[71]).

Многубројни документи говорат и за дејноста што ја имале австроунгарските дипломатски претставници за заштита интересите на своите поданици, особено во поглед на нивните спорови со

---

[68]) DAR. T. K., No 2166, 20. VI. 1900.

[69]) Материјалите во риечкиот Државен Архив по ова прашање се доста бројни и не е возможно поточно да се регистрираат. Доколку биле раширени епидемиите од разни болести сведочи и подолу наведениот преглед од 1893—1900 г., на поважните материјали што се наоѓаат во фондовите на „Pomorska oblast": 2455, 11. V. 1893, (Солун, Сирија); 4443, 19. VIII. 1893 (Солун — Мала Азија); No 7241, 14. XII. 1893 (Солун); No 4425, 18. VIII. 1893 (Цциригрид); No 4497, 22. VIII. 1893 (Цариград — Дарданели); No 4447, 29. VIII 1893 (Цариград); № 7216, 13. XII. 1893 (Цариград): No 1913, 11. IV. 1893 (Смирна); No 206, 8. I. 1894 (Солун — Мала Азија); No 339, 13 .I. 1894 (Солун); No 833, 5. II. 1894 (Цариград); No 5985, 12. X. 1894 (Солун); No 7566, 16. XII. 1894 (Цариград — Солун) No 3370, 27. V. 1899 (Солун); No 7879, 27. XI. 1899 (Цариград)—Солун—Трапезунт); No 6889, 16. X. 1899 (Солун); No 7735, 20. XI. 1899 (Солун); No 7736, 21. XI. 1899 (Солун); No 7421, 27. X. 1900 (Солун); No 7265, 20. X. 1900 (Солун); No 6646, 23. IX. 1900 (Солун—Драма); No 6446, 14. IX. 1900 (Солун); No 5348, 28. VII. 1900 (Солун) и други, Специјален осврт на епидемиите во Турција, види: Tholozan J.—D., La peste en Turquie dans les temps modernes. Sa prophylaxie défectueuse, sa limitation spontanée. Paris 1880.)

[70]) Доколку укинувањето на карантените, специјално во Смирна, било од важност за правилниот развој на риечко-турската трговија говори и Kučinić, во една статија од 26. ноември 1893 г. Тој на едно место во оваа статија го нагласува следното: „L'abolizione delle quarentene per le provenienze da Smirne ha ridonato la vita al nostro commercio". (Fluminensis, Lettere dall' Azia Minore. Smirna, 26. XI. (La Bilancia, No 278, 5. XII. 1893)).

[71]) Во фондовите на Поморската област и на Трговската комора при риечкиот Државен архив постојат бројни материјали и за ова прашање. За илустрација би навеле некои од нив: Pomorska oblast— 3895/873, 24. X. 1873 (Цариград); 4260/873; 4261/873, 18. XI. 1873; 4594/873, 15. XII. 1873 (Солун); 533/874, 20. II. 1874 (Цариград); 556/874, 15. II. 1874 (Солун); 1560/874, 12. VI. 1874 (Цариград за Драма); 1682/874, 22. VI. 1874 (Солун); 1612/875 2. VII. 1875 (Цариград за Мала Азија); 964/876, 4. V. 1876,

турските државјани. Се предвидувало, според постојните договори и одредби задолжителното присуство на драгоман или на друго лице од конзулатот при решавање на споровите. Странците уживале големи права во Турција и поседувале доста привилегии при решавањето на правните процеси.[72]). Бидејќи зачестиле и спорови во врска со поморските прашања, нарочно помеѓу самите австроунгарски поданици, од 1878 година во амбасадата во Цариград бил формиран суд, која ги решавал тие прашања[73]).

Активноста на австроунгарските дипломатски претставници се одвивала и во поднесување извештаи и соопштенија за зачестените ликвидации и пасивни состојби на турски и странски фирми во Турција. Во врска со ова прашање, со циркулар од 11. VII. 1883 г. австроунгарското министерство за надворешни работи им соопштило за горното на австро-унгарските дипломатски претставници во Турција. Се инсистирало за поголемо продлабочување во третирањето со ликвидираните фирми. Се обрнало внимание на потребата од опстојно соопштување за нив. Тие извештаи морале да се испраќаат до Трговските комори и до поистакнатите фирми. Информациите што се изнесувале морале да бидат точни и да одговараат на вистината, пред сè во врска со реалната потреба и како наложувале интересите[74]). Во последните децении од XIX век забележуваме едно знатно зголемување на соопштенијата и извештаите од австро-унгарските дипломатски претставници за фалирани те фирми во Турција[75]).

Сето досега што беше изнесено јасно сведочи дека австроунгарските дипломатски претставници во Турција покажувале несомнен интерес за стопанските прилики на Турција. Тие притоа го имале под внимание и проширување на риечко-турските трговски врски.

б. Турските дипломатски претставници во Риека и нивната активност за проширивање на риечкотурските трговски врски (со посебен осврт на активноста на турскиот конзул во Риека Николаки Ефенди).

Посебна важност во проширување на трговските врски помеѓу Риека и Турција им припаѓала и на турските дипломатски претставници во Риека. Нивното значење се состоело во тоа што тие вложувале големи

(Скадар), 1152/867), 6. VI. 1876 (Солун); 204/877, 16. VI. 1877 (Цариград); 1190/877, 11. V. 1877 (Цариград за Солун); Trgovačka Komora: No 169/336, 18. II. 1878 (Одеса за Црно Море); No 517/947, 28. IV. 1879 (Цариград за Албанија) и многу други. Некои соопштенија се кратки, а на некои опстојни и до подробности.

[72]) Aristarchi, Lég. Ottomane, IV. 16—17; исто: Noradounghian II, LXXI.

[73]) DAR. T. K., No 356/415, 20. IV. 1878.

[74]) DAR. T. K., No 1524/33. 064, 27. IX. 1883.

[75]) Во фоднот на риечката Трговска комора забележивме некои поважни извештаи за фалирани форми: No 366/848, 3. III. 1885 (Цариград); 839/2129, 26. V. 1885 (Цариград); 542/1835a, 28. XII. 1890 (Смирна); 300/1159, 13. IV. 1891 (Одрин); 1571, 6. X. 1883 (Солун); 5019/1776a, 12. XII. 1893 (Смирна); 1914/763a, 15. V. 1894(Смирна); 390, 26. I. 1895 (Скадар); 1771, 30. IV. 1895 (Солун); 2133, 28. V. 1895 (Солун); 3071, 30. VII. 1895 (Солун); и други. Овие извештаи од Комората биле испраќани до риечките банки, шпедиции и тговски куќи, преку кои се одвивала рамената на стоки и на платежните средства со Турција.

напори во општите настојувања за развитокот на риечко-турските трговски врски. Како застапници на трговските интереси на Турција, тие содејствувале во разјаснување на разните детали од стопанската ситуација во Турција, на конкретните мерки што се однесувале до трговската размена со странство. Од друга страна, од значење бил и нивниот голем удел во запознавање на турските трговски фактори со стопанските прилики на Риека, на нејзината важност во развивање на трговските врски со Турција. Благодарение на тие нивни настојувања бил забележан знатен подем во развитокот на риечко-турските трговски врски.

Во втората половина од XIX век Турција имала свои дипломатски претставници во поважните центри на Австрија, односно Австро-Унгарија. Од значење е да се одбележи дека Турција имала доста силен генерален конзулат во Будимпешта, од кого зависел и вице-конзулатот, а потем конзулатот во Риека[76]).

За турски дипломатски претставници во Риека, биле назначувани најпрвин почесни истакнати личности, а потем турски државјани. Според еден податок во 1853 година должноста конзуларен агент ја заземал Антон Матешиќ (Antonio Mattessich), кој бил назначен уште во 1838 година[77]). Тој бил истакнат риечки трговец и корабосопственик.[78]) Меѓутоа, по неговата смрт неговото место останало вакантно. Од 1857 година натаму немаме соопштенија за личностите што ја заземале неговата должност[79]). Дури од 1870 година натаму имаме подробен преглед на турските дипломатски претставници во Риека. Со телеграма од 21 март 1870 година унгарското министерство за трговија укажувало на градскиот магистрат во Риека, дека на 3 февруари истата година, бил издаден за Саломон Шулце агреман за отомански вице-конзул во Риека. Во телеграмата потем се подвлекува дека на споменатиот вице-конзул потребно било да му се укажува достојната почит[80]). Интересно е дека новопоставениот вицеконзул веднаш инсистирал на потребата да му се определи сферата на дејствување. Во едно писмо од 11 јуни 1870 година,

---

[76]) Во Будимпешта по 70-те години на XIX век се сменале неколку турски конзули. Во 1873 г. наместо Essad Bey бил назначен Sermed Effendi. (DAR. Gubern. No 108 (1873). Во 1878 г. бил издаден агреман за нов генерален конзул Feridann Bey. (DAR. T. K., No 198/226, 17. II. 1879). Знатна улога во активноста за развитокот на унгарско-турските трговски врски одиграл генералниот конзул Asim Bej, кој бил назначен во 1888 г., а дадена била согласност од унгарското министерство за трговија во 1889 г. (DAR. T. K. No 429/6231/Xa, 15. II. 1889; Idem No 502/200, 22. II. 1889; Annuario Marittimo per l'anno 1890, 79). Во 1896 г.за генерален конзул бил назначен Lufti Bey. (DAR. T. K. No 530, 27. I. 1896; Jdem, No 1745, 23. II. 1896; DAR, Kapetanija No 364, 3. II. 1896). Интересно е да се подвлече дека именувањето на споменатите генерални конзули многу често се давало на знаење до риечките управни и трговски институции и се инстирало да се излезе на нив во пресрет. Чести се соопштенијата и за назначување на турски конзули во Земун. (DAR. T. K. од 1880 година натаму).

[77]) Ra., 1853, 17.

[78]) Ra., 1854—1857, 46—56.

[79]) Види: Ra., 1854—1857, 124, исто: Almanacco Fiumano per l'anno 1858, 35; Almanacco Fiumano per l'anno 1859—1860, 29.

[80]) DAR. Riječka Općina, No 711, 24. III. 1870; DAR. Kapetn. No 298, 23/25. III. 1870.

вице-конзулот Шулце барал од риечките власти, во врска со претходната повелба од својот генерален конзул во Будимпешта, да му се прошират правата и на Бакар, Краљевица и Сењ[81]). Како раководител на вице-конзулатот С. Шулце се задржал сè до август 1878 г., кога го заменил Adolf Budmann[82]). Последниов, по една година бил потврден за вице-конзул, на местото на С. Шулце.[83]). Како вице-конзул А. Budmann претстојувал во Риека неколку години. Кон крајот на 1884 г. на негово место бил назначен Димитар Мавројени (Demetrio Mavroyéni[84]). Во неколку документи се нагласува дека делокругот на активноста на новиот вице-конзул, не бил само градот Риека, туку и целото Хрватско Приморје[85]). Новиот вице-конзул веднаш се активизирал за соработка со риечките трговски фактори. Во едно писмо од Трговската комора од 27 август 1885 г., тој барал еден егземплар од Извештајот за стопанските прилики на Риека[86]).

Од средината на 1886 г. раководител на вице-конзулатот станал жерантот Х. Буркуи (H. Bourqui[87]), кој во мај 1888 г. бил поставен за вице-конзул.[88]). Бидејќи новиот вице-конзул бил австро-унгарски државјанин, забележуваме дека за него биле заинтересирани унгарските господаречки кругови[89]). На должноста вице-конзул Х. Буркуи останал до 1891 година[90]). А веќе од месец мај 1891 г. за нов вице-конзул бил назначен Садредин Беј[91]). Меѓутоа, веројатно е дека тој не ја презел должноста, бидејќи веќе истиот месец Високата Порта го оповикала и на негово место го поставила Nikolaki Effendi[92]). За последниов унгарското министерство за трговија издало потврда со своја согласност за назначување[93]). Од

---

[81]) DAR. Kapetn. No 714, 12. VI. 1870.

[82]) DAR. T. K., No 661/1562, 24. VIII. 1878.

[83]) DAR. T. K., No 515/945, 26. IV. 1879.

[84]) DAR. T. K. No 1869/51. 368, 17. XI. 1884; Idem, No 1903/1621, 25. XI. 1884; Idem, No 167/326, 24. I. 1885; DAR. Kapetn. No 188—1885.

[85]) DAR. T. K. No 150/1067, 20. I. 1885; Idem No 167/326, 24. I. 1885; DAR. Gubern. No 95, 19. I. 1885.

[86]) DAR. T. K., No 1482/104—68, 27. VIII. 1885.

[87]) DAR. Dubern., No 111, 3. VII. 1886; Idem No 163, 25. IX. 1887.

[88]) DAR. Gubern., No 110, 24. VI. 1888; DAR. T. K., No 1546/39. 374-Xa, 10. VIII. 1888; Idem No 1569/866, 14. VIII. 1888.

[89]) Со писмо од 23 мај 1888 (No 26. 970/Xa) унгарското министерство за трговија барало мислење за новиот турски вицеконзул H. Bourqui (DAR. Gubern. No 84—1788). Во врска со ова писмо власта во Риска одговорила на Губерниумот на 12 јуни 1888 година, дека H. Bourqui бил по потекло Швајцарец, а натурализиран Австриец. Бил долго време професор во разни места на Австро-Унгарија, а најпосле и во Риека. (DAR. Gubern. No 105, 19. IV. 1888).

[90]) Види: Almanacco e Guida politico-commerciale e industriale per l'anno 1889. Fiume—Trieste, 2; Almanacco 1890, 49; Almanacco e Guida scematica di Fiume per l'anno 1888—1901. Fiume, 84, 87, 142.

[91]) DAR. Gubern. No 571, 2. VI. 1891.

[92]) DAR. Gubern. No 888, 15. VIII. 1891; DAR. P. O., No 2688/50. 716, 17. VIII. 1891.

[93]) DAR. Gubern. No 1046, 21. IX. 1891; DAR. T. K. No 3118, 22. IX. 1891.

своја страна N. Effendi со писмо од 22. VII. 1891 г. се обрнал до Губерниумот на Риека и дал на знаење дека бил поставен за вице-конзул во Риека и молел да бидат за тоа, известени и останатите риечки власти[94]).

Со поставување на Н. Ефенди за турски вице-конзул во Риека започнувал нов период и во риечко-турските трговски врски, заради тоа што тој својата умешност и способност ја пројавил во дејноста за што поизразито зацврснување и зголемување на тие врски. Н. Ефенди бил роден во Солун[95]). Веројатно дека својата дипломатска кариера ја започнал уште како секретар на отоманската амбасада во Мадрид. Оттаму тој бил преместен и назначен за отомански вице-конзул во Риека[96])

Дејноста на Н. Ефенди за фаворизирање на турските трговски интереси сред риечките трговски фактори, а од друга страна и на риечките трговски интереси во Турција, веднаш била забележена од турските власти. Затоа Високата Порта, веројатно и со согласност од унгарската влада, го подигнала риечкиот вице-конзулат во повисок степен на конзулат, а Н. Ефенди од вице-конзул во конзул. Ова унапредување унгарското министерство за трговија со писмо од 18 .V. 1893 година, го пренело на риечките власти на знаење и им препорачила на конзулот да му се излегува во пресрет[97]).

Во Риека Н. Ефенди останал неколку години[98]). Но, во 1897 година конзулското место го зазел Мехмед Бej[99]), а по извесно време, конзуларниот агент Густав Бенвенисти[100]). Меѓутоа, одново од 31 мај 1898 година бил назначен и потврден Н. Ефенди[101]). Во Риека на должноста турски конзул Н. Ефенди се задржал до крајот на XIX век[102]), а и многу години по тоа[103]).

Скоро истите права што ги уживале австроунгарските дипломатски претставници во Турција, ги уживале и турските во Риека. Но, постоеле и низа нерешени прашања. Така, прашањето за прерогати-

---

[94]) DAR. Gubern. No 792, 23. VII. 1891.

[95]) Усмено соопштение на D-r G. Košak од Риска, кој бил личен адвокат на Н. Ефенди. Интересно е да се напомне дека Н. Ефенди веднаш се аклимитизирал во Риека и на 28. XII. 1891 година, во Пула се оженил за A. Bartolich, од видна риечка фамилија. (Ancora le nozze Bartolich-Nikolaki. La Bilancia No 2, 4. I. 1892, 2).

[96]) DAR. T. K. ,No 2688/50. 716, 17. VIII. 1891.

[97]) DAR. Gubern., No 2125/35. 575 — IV, 26. V. 1893; DAR. Kapetn. No 1458, 16. VI. 1893.

[98]) Salname za 1895. Carigrad 1895, 916 (Податокот ми помогна да го забележам Фетах Али Исак, од Државната Архива на СРМ. Скопје).

[99]) DAR. T. K. No 1906, 21. IV. 1897; Annuario Marittimo Ungarico. Fiume 1898, 118.

[100]) DAR Gubern. No 533, 10. III. 1897; Idem, No 242, 20. XI. 1898; DAR. T. K No 1309, 10. III. 1897; Allmanacco e Guida scematica di Fiume per l'anno 1888—1901. Fiume, 67.

[101]) DAR. Gubern., No 1644, 9. VII. 1898; DAR. T. K., No 3040, 8. VII. 1898; DAR. Kapetn., No 1790, 16. VII. 1898.

[102]) Annuario., 1898, 1899, 1901, 118, 118, 110; Allmanacco.., 96, 97; Salname za 1904, 888.

[103]) Риечкиот турски конзулат постоел сé до 1914 г. Во еден распис на унгарското министерство за трговија (No 83. 217) IV од 13. XII. 1916 г.) се соопштувало на Губерниумот во Риека дека од 1. III. 1914 г. отоманскиот конзулат во Риека се распуштил. (DAR. Gubern., No 7389, 24. XII. 1916).

вите било често поставувано од некои турски конзули. Н. Ефенди, во едно писмо до Губерниумот во Риека од 25 април 1894 година, инсистирал за доизјаснување правата на конзулите.[104]) На тоа унгарското министерство за трговија донело во 1894 година, циркулар за првата на странските конзули. Во овој циркулар повеќе се наблегнувало на конзуларни прашања.[105]) Во истава смисла инсистирал Ефенди и во друго писмо од 29. XII. 1895 година до Магистратот на Риека, особено во врска со меѓународните норми што се однесувале до прерогативите на конзулите.[106])

Особен интерес турските конзули покажувале за стопанските прилики на Риека во тоа време, а особено во врска со проширување на трговските врски со Турција. Овој нивни интерес доаѓал до израз во нивните чести ургирања да се снабдат со извештаите на риечката Трговска комора, за запознавање со економската ситуација на Риека. Во ова особено предначел Н. Ефенди. Забележавме неколку писма од него, во фондот на Трговската комора, во кои тој ја молел Комората да му се отстапат Извештаи за економската ситуација на Риека. Од своја страна Н. Ефенди постојано ја известувал Високата Порта за тие Извештаи и за нивната содржина.[107]) Освен тоа, врз база на тие Извештаи, а и со други изворни материјали, Н. Ефенди составувал специјални извештаи за стопанските прилики на Риека и и ги испраќал на Високата Порта. Овие извештаи Н. Ефенди ги испраќал директно до Портата, а не по вообичаен дипломатски канал. По тој начин постапувал веројатно заради тоа што Риека се наоѓала во специфична положба, а затоа секако и самата Порта во таков статус го водела својот дипломатски преставник.

Досега се познати неколку извештаи од Н. Ефенди. Заради нивната интересантност и исцрпеност на податоците што ги содржат, тие го обрнале вниманието на турските трговски и политички фактори и биле објавувани во органот на цариградската Трговска комора „Le Journal de la Chambre de Commerce de Constantinople". По објавувањето на тие извештаи Н. Ефенди ја запознал риечката Трговска комора и ги приложувал нив печатени.

Првиот извештај на Н. Ефенди носи наслов: „La Commerce à Fiume"[108]) и се однесува за 1891 година. Во почетокот на извештајот Н. Ефенди напоменува дека и порано испраќал извештаи во кои имал

---

[104]) DAR. Gubern., No 575, 26. IV. 1894.

[105]) Ibidem.

[106]) DAR. Gubern., No 33, 8. I. 1896. Ова прашање Ефенди го засегнал заради тоа што не го ослободувале од некои градски такси, особено за неговите кочии. Најпосле ова прашање се решило во негова полза. (DAR. Gubern. No 73, 11. I. 1897; Idem, No 166, 22. I. 1897; No 372, 16. II. 1897; No 446, 26. II. 1897; No 1003, 17. V. 1897; No 1214, 9. VI. 1897; No 1443, 9. VII. 1897).

[107]) DAR. T. K., No 3948/437, 5. X. 1892; Idem, No 2335/495,—32, 6. VI. 1893; No 2896, 28. VI. 1898;; No 2643, 10. VII. 1899.

[108]) N. Effendi, La Commerce à Fiume. La Journal de la Chambre de Commerce de Constantinople VIII. 1384, 7. V. 1892, 218—219 (Извештајот е приложен: DAR. T. K., No 2261/412, 21, 10. VI. 1892);

случај да спомене и за трговската важност на Риека.[109]) Во извештајов Ефенди прави преглед на целокупната стопанска ситуација на Риека за 1891 година. Посебно се задржал, како самиот што вели: „... spécialement sur celui du commerce et de la navigation entre l'Empire ottoman et Fiume."[110]) Го подвлекол понатака напредокот постигнат во стопанскиот развиток на Риека, особено во поглед на модернизирање на пристаништето и подемот на трговијата. Ги изнел поволните можности за развитокот на трговијата и пловидбата на Риека.[111])

Вториот извештај на Н. Ефенди побудил поголем интерес, Најпрвин се печател во Цариград и тоа во извадоци[112]), а опстојно и во целина во Будимпешта[113]) и во Риека.[114])И во овој извештај Ефенди дал исцрпна скица на економската ситуација на Риека и тоа за 1892 година. Особено се запирал во разјаснување на некои детали од трговската размена, подвлекувајќи го извесното стопирање на риечкиот извоз заради силната конкуренција на пазарот и честите економски кризи.[115])

Третиот и веројатно последен извештај на Н. Ефенди носи наслов: „Situation industrielle commerciale de Fiume", и се однесува пак за 1892 година,[116]) но, со поголеми објаснувања. Повеќе овдека Ефенди се придржувал на редоследот на изложениот материјал во званичниот Извештај на риечката Трговска комора за 1892 година. Подробно се задржал на законските мерки за развитокот на трговијата, на вносната и износната трговија, на фабричките производи, на железничките врски на Риека и друго. Во анализирањето на одделните артикли за размена, правел осврт на нивното значење за трговијата со Турција.[117])

Наведеново досега за активноста на Н. Ефенди, несомнено сведочи дека тој правилно ја сфатил својата задача да ги заштитува и да го фаворизира турските трговски интереси во Риека. Неговата улога била значајна и по тоа што тој доста придонел за зголемување интересот меѓу турските трговски фактори за трговската важност на Риека. Н. Ефенди се активирал и во проширување на риечко-турските трговски врски. Во едно писмо од 14. XI. 1891 година испратено до риечката Трговска комора, Н. Ефенди подвлекол дека трговијата се зголемила, особено извозот од Риека.[118]) А во едно друго писмо од 12. XII. 1894

[109]) Ibidem.
[110]) Ibid.
[111]) Ibid.
[112]) N. Effendi, Le commerce à Fiume. Le Journal de la Chambre de Commerce d Contstantinople, 29. VIII. 1893 (DAR. — T. K., No 3579/522, 29, 29. VIII. 1893); Idem 16. IX. 1893 (DAR. T. K., No 4389/545, 82, 27. X. 1893).
[113]) N. Effendi, Exposé special sur le mouvement général de la navigation et du Commerce a Fiume. Revue d'Orient VIII/40 (1893), 326—327. (DAR. T. K., No 4389/542, 82, 27. X. 1893).
[114]) N. Effendi, Részletes jelentés Fiume hajózási és kereskedelmi forgalmáról. Magyar Tendgerpart I/46, 12. XI. 1893, 1—2; Idem, I/47, 19. XI. 1893, 2—4.
[115]) N. Effendi, Exposé special.., 326—327.
[116]) N. Effendi, Situation industrielle commerciele de Fiume. Le Journal de la Chambre de commerce de Constantinople, 13. Janvier 1894 (DAR. T. K., No 873/584, 16, 15. III. 1894).
[117]) Ibidem.
[118]) DAR. T. K., No 3840/382, 16. XI. 1891.

година, исто така упатено до риечката Трговска комора, тој свој однос кон проширување на риечко-турските врски Ефенди го одбележил со зборовите: „Les relations commerciales de Fiume avec la Turquie prenant tous les jours une extension grande. . .''[119])

Покрај тоашто ги предавал на риечката Трговска комора своите печатени извештаи, Н. Ефенди приложувал во своите писма до Комората и некои материјали од трговската размена на Турција.[120])

Во својата дејност Ефенди се заложувал и во полза на некои отомански поданици што работеле во Риека. Во едно писмо до риечката Трговска комора од 30 април 1900 година, обрнал внимание дека Ignazio Levi, кој бил отомански поданик, имал во Риека фабрика за сапун. За дејноста на овој отомански фабрикант во Риека ја дал својата согласност со специјално ираде и турскиот Султан.[121])

Посебна активност турските дипломатски претставници во Риека развиле околу системата на вносот и извозот, притоа и важноста на заверката на односните документи. Во едно писмо од 1882 година, Поморската област во Риека ја известила месната капетанија за таксите што ги земал турскиот вице-конзулат при визирањето на документите.[122]) Во истава смисла, а особено за визирањето на пасапортите се наблегнуло и од Губерниумот во писмото до Трговската комора од 22. II. 1889 г.[123]) Исто така во врска со размените стокови писма и важноста на жигот, говорел и Ефенди во едно писмо до риечката Трговска комора од 17. XI. 1894 г.[124]) А специјално за стоките што се внесувале во Турција, Ефенди се задржал во едно писмо од 12 декември 1894 г. Во ова писмо тој изнесол дека сите што внесувале стока во Турција биле должни да имаат сведоштво издадено од отоманскиот конзулат установен во извозното пристаниште. На ова Ефенди особено инсистирал пред Комората и тоа за запознавање членовите на Комората со тие мерки на турската власт.[125])

Турските дипломатски претставници во Риека се интересирале и за пловидбата. Покрај разните мерки што се преземале, турскиот вице-конзулат во 1888 година инсистирал до риечката Капетанија да го известуваат за пристигнување на кораби од Турција.[126])

Дејноста на турските дипломатски претставници во Риека, особено на Н. Ефенди, значеле голем придонес за развитокот на риечко-турски врски. Нивните напори овозможиле заемните трговски врски да оживнат и изразито да се прошират.

---

[119]) DAR. T. K., No 5030, 13. XII. 1894.

[120]) Напр. La fabrication des tapis a Césarée; Le cafe de figues. Le Journal de la Chambre de Commerce de Constantinople 14. IV. 1900 (DAR. T. K., No 1859, 22. V. 1900).

[121]) DAR. T. K., No 1596, 30. IV. 1900.

[122]) DAR. Kapeth., 1537/3112, 12. X. 1882.

[123]) DAR. T. K., No 534/210, 15. II. 1889.

[124]) DAR. T. K., No 4610, 18. XI. 1894.

[125]) DAR. T. K., No 5030, 13. XII. 1894.

[126]) DAR. Kapetn. No 1038, 24. V. 1888.

3. *Задачите и улогата на трговските комори*

Трговските комори, кои се основни регулатори на трговската дејност, имале посебна важност во проширување на риечко-турските трговски врвски. Нивниот удел бил особено значаен за поправилното одвивање на трговската размена помеѓу Риека и Турција. Преку нив се регулирале сите основни прашања што биле поврзани со заштитата на обостраните интереси во трговијата. Во таа нивна активност го следиме проширувањето на риечко-турските трговски врски. Во оваа активност се заангажирале австро-унгарските комори во Турција, турските трговски комори и риечката трговска комора. Во зависност од дејноста што ја пројавувале, различен бил и нивниот однос по прашањето за развитокот на риечко-турските трговски врски. Но, секако дека нивната дејност претставувала позитивен чекор за доизјаснување на ред прашања во меѓусебните риечко-турски трговски врски.

а. Австро-унгарските трговски комори во Турција

За проширување на австро-унгарските турски трговски врски, а во врска со тоа и на риечко-турските, особена улога одиграле австро-унгарските трговски комори во Монархијата и во сама Турција. Особена активност во овој правец развиле трговските комори во Виена, Будимпешта и Риека. Уште пред да се формираат австро-унгарските трговски комори во Турција, некои комори во Монархијата инсистирале на тенденцијата за пласманот на стоки по турските пазари. Уште во 1859 година виенската Трговска комора се сметала за „емпориум во турската трговија" и проектирала да формира едно извозно друштво (Export-Gesellschatf) во Виена, за пласман на стоки на цариградските пазари.[127])

Главни и несомнени заштитници на австро-унгарското капиталистичко стопанство, нарочно на неговите трговски интереси, во врска со тоа и на риечките, биле австро-унгарските трговски комори. во Турција. Од нив најзабележителна работа развиле коморите во Цариград и Солун. Потребно е да се набележи дека тие биле во постојани контакти и со риечката трговска комора.

Австро-унгарската трговска и индустриска комора во Цариград или како е во службените списи наречена: „Oesterreichisch-Ungarische Handels-und Gewerbe-Kammer in Constantinople", или „Camera di Commercio ed Industria Austro-Ungarica di Constantinopoli", била формирана во 1870 година, а по решение на австро-унгарската влада се конституирала на 1 јануари 1871 г.[128]) Таа ги застапувала интересите на австро-унгарската трговија и индустрија во Турција. Комората работела за фаворизирање на австро-унгарската трговија со цел да се парира дејноста на останатите странски трговци или трговски ко-

---

[127]) Programm für die Gesellschaftreise, 29; Zweite Gesellschaft—Reise, 27.

[128]) За ова види: DAR. T. K., №151, 17. III. 1871; DAR. P. O., №1076, 27. III. 1871; Исто: Rathgen K., Handelskammern. Wörterbuch der Volkswirtschaft. I Jena 1911, 125

мори. Во својата работа комората наоѓала подршка кај австро-унгарските дипломатски претставници во Турција. Како членови на Комората се привлекувале не само австриски и унгарски трговци, што живееле и работеле во Турција, туку и домашни трговци. Комората имала за задача да го следи сиот стопански живот во Турција и уделот во него на Австро-Унгарија. Комората имала и свој Статут, од кој се добива поправилна слика за нејзината улога и задачи во заштита на австро-унгаските капиталистички интереси и за развојот на меѓусебните трговски врски.[129]) Комората издавала и свои публикации[130]), а имала уште од своето основање и чести допири со Риека.[131])

За проширување на риечко-турските трговски врски активност пројавила и австро-унгарската комора во Солун, За нејзината дејност не постојат доста опстојни податоци. Нејзиното постоење го узнавме од едно писмо на унгарското министерство за трговија од 16 август 1889 година, за кое се известува риечката трговска комора, дека солунскиот австро унгарски генерален конзул со писмо од 17 мај 1889 година, известил дека во Солун била формирана австро-унгарска трговска комора. Главната задача на Комората се состоела во нејзината склоност да дава објаснувања на заинтересираните австро-унгарски трговски и индустриски фактори за развитокот на солунската трговија. Нејзината задача се состоела и во тоа што содејствувала за развитокот на меѓусебните трговски врски. Во споменатово писмо унгарското министерство за трговија инсистирало кај риечката Трговска комора, да ги запознае заинтересираните кругови во Риека со основањето на австро-унгарската комора во Солун, а од друга страна да се даде и поткрепа на последната.[132]) Кон писмото во посебен прилог бил даден список на членовите на Комората во Солун. Во прилогот фигурираат 33 членови, помеѓу кои биле и познатите солнуски трговци и фабриканти: Алатини, Ассо и други.[133]) Доколку австро-унгарската Трговска комора во Солун покажувала забележителна дејност, сведочи во една статија и споменатиот понапред F. Kučinić.[134])

б. Турските трговски комори

За проширување на риечко-турските трговски врски влијаеле и турските трговски комори. Од значење била дејноста на турските трговски комори во Цариград и Солун.

---

[129]) DAR. T. K., № 5918, 31. XII. 1897.

[130]) Напр. Berichte über den Handel und Verkehr Constantinopels im Jahre 1881. Herausgegeben von der österreichisch-ungarischen Handels-und Gewerbe-Kammer in Constantinopel; и други.

[131]) Уште во 1871 г. Комората барала од риечката Поморска област да и се испратат податоци за годишната пловидба на Риека. (DAR. P. O., *P* 1683, 1871).

[132]) DAR. T. K., № 2367/31.577, 29. VIII. 1889.

[133]) Ibidem.

[134]) Fluminensis, Lettere dalla Turchia. Salonicco, 10. febbraio. (La Bilancia № 35, 13. II. 1892).

Трговската комора во Цариград била формирана во 1876 година по решение на „Советот за трговија и земјоделие" (Conseil du Commerce et d'Agriculture) и со султанско ираде. Во ирадето било утврдено дека можело да се формираат трговски комори и во останатите делови на Империјата. Комората во Цариград можела да има 24 члена, во влиетите 12, во санџаците 8, во казите 4. Членовите на комората биле угледни трговци. Задачите на коморите се состоеле во регулирање на трговската дејност, како внатрешна така и надворешна.[135]) Особена активност пројавила солунската трговска комора, која броела 600 души.[136])

Турските трговски комори одиграле улога во проширување на риечко-турските трговски врски со тоа што пројавувале интерес за зацврснување на тие врски. Нивниот интерес бил изразит и по прашањето за запознавање на турските трговски фактори со стопанските прилики на Риека и на нејзините врски со Турција. Органот на цариградската Трговска комора „Le Journal de la Chambre de Commerce de Constantinople", ги објавил, какошто беше понапред изнесено, извештаите на Н. Ефенди, кои знатно придонеле да се осветли важноста на риечко-турските трговски врски.

в. Риечката трговска комора

Риечката трговска и индустриска комора одиграла несомнена улога во проширување на риечко-турските трговски врски. Таа пројавувала постојан интерес тие врски да се зацврстнуваат и постојано да се прошируваат. Директно заинтересирана за поволен развој на риечко-турските трговски врски, во својата активност таа пројавила бројни настојувања во правец за што поизразита обострана трговска размена.

Трговската и индустриска комора во Риека била основана во 1852 година,[137]) а својот статут го донела во 1863 година.[138]) Нејзината задача се состоела во заштита на риечкото капиталистичко стопанство, а посебно на риечките трговски интереси и во поволниот развиток на риечката трговија и индустрија. Од друга страна нејзината задача се состоела и во активноста за што поголемо раширување на трговските врски со странство.[139]) Нејзината активност била усмерена и во правец за раширување на трговските врски со Турција. Покрај тоа што се пројавувал интерес за ускладување на трговско-политичките мерки во меѓусебните односи, риечката Комора инсистирала и на конкретните мерки во врска со проширување на врските и на трговската размена со Турција.

Риечката Трговска комора пројавувала интерес по однос на сите оние елементи што биле составен дел на трговските врски. Нејзиниот интерес се проширувал првенствено на сите оние трговски фактори и

---

[135]) Appendice de la Législation V, 270—271.
[136]) Иширков А., Град Солун София 1911, 98—99.
[137]) Mitrović—Barbalić, Riječka luka, 40.
[138]) Statuto della Camera di Commercio e d'Industria in Fiume. Fiume 1864, 1—3.
[139]) Statuto,. 4—7.

институции и од кои зависела меѓусебната стокова размена. Од друга страна преку неа се одвивала целокупната трговска кореспонденција. Обикновено, главни коресподенти биле австро-унгарските конзули во Турција и Трговската комора во Риека. До неа се обрнувале и разни турски и риечки фирми. Главната поента на таа кореспонденција се движела во кругот на настојувањата за проширување на меѓусебните трговски врски.

Така, за да се запознае со трговските фирми во Смирна, кои се занимале со трговијата на јужно овошје, специјално на суво грозје и друго суво овошје, риечката Трговска комора се обрнала до тамошниот австро-унгарски конзулат на 21. II. 1881 г. и барала преглед на тие фирми. Во својот одговор од 21. III. 1881 г., конзулатот тој преглед на споменатите фирми го класифицира на две групи. Во првата биле фирмите од специјализиран карактер (на број 3), а во втората, фирми што биле делумно зафатени со споменатата трговија (на број 4). Потем во писмото е укажано на разни детали во оваа трговија и се инсистирало на конкретни предлози и барања во врска со трговијата на смирненскиот пазар.[140])

Освен тоа неколку риечки фирми се обрнувале до Комората да ги препрати нивните преелози за можностите од пласман на стоки во Турција или за покупки од турските пазари. Австро-унгарскиот конзулат во Солун во едно писмо до Комората од 11. V. 1886 година, соопштувал некои детали во врска со барањето на риечката фирма М. Фурст, (M. Fürst), за покупки во Солун.[141])

Се поставувала можноста пред риечката комора и во врска со тенденцијата за загосподарување на турските пазари. Во едно писмо од 27 август 1891 година, унгарската Дирекција на железниците укажала на Комората дека на пазарот во Драч се продавале житарици од романско потекло, кое не било во склад со воденатa трговска размена, бидејќи тој пазар по своите услови бил чисто австро-унгарска сфера и како таков било потребно најрационално да се исползува.[142]) Во врска со конкуренцијата било сврзано и прашањето за одбивањето на Лојд да транспортира дрва од Риека за Цариград. Затоа поморската област во Риека укажала во еден распис од 9. III. 1892 година до Комората, за потребата од брзото решавање на тие аномалии.[143])

Интерес за проширување на риечко-турските трговски врски се појавувал и од некои турски трговски фирми и трговски преставништва во сама Турција. Во едно писмо од 11. II. 1897 г., Г. Абдини, внос-извоз и комисион од Алепо (Сирија) се обрнал до риечката Трговска комора и го изнел предметот на својата дејност. Тој се занимал со репрезентирање на странски фабрики во своето место и молел да го поврзт со риечката фабрика за хартија, хемиски производи, восок, кинкалерија и друго. За потврда се потпишале неколку конзули во Алепо и разни

[140]) DAR. T. K., № 488, 9. IV. 1881.
[141]) DAR. T. K. № 963/533, 28. V. 1886.
[142]) DAR. T. K. № 2879/86.930, 3. IX. 1891.
[143]) DAR. T. K., № 892/926, 9. III. 1892.

фирми што ги заступувал Абдини.[144]) На неговата молба Комората одговорила потврдно, така што во писмо од 25. III. 1897 г., тој благодарел за испратените адреси на риечките фабрики.[145]) До Комората се обрнале и други турски посреднички фирми. Во едно писмо од 1. I. 1898 г. Канцеларијата на Алфред Бомзел од Цариград, укажала на Комората дека се занимала со посредничка работа и тоа на патенти, фабрични марки, трговија и др.[146])

Инсистирањето на турските претставништва за поврзување со риечки трговски фирми и фабрики продолжило и натаму. Фирмата А. Ротштаин (A. Rothstein) од Алепо, во едно писмо од 11. III. 1898 г., ги подвлекувала развиените меѓусебни врски и инсистирала да им се испратат рефлектанти од Риека заинтересирани за произведуваниот во Алепо албумин.[147]) Во истава смисла се однесува и писмото на С. Аскарели (S. Ascarelli), претставник и комисионер од Солун, од 22. IV. 1900 година, упатено до Комората. Тој молел да му се испратат имињата на трговците што се занимавале со вносот на коски, партали астро железо. Тоа писмо било проследено од Комората до риечките фирми што се занимале со споменатите производи.[148])

На Комората ѝ се препорачувале и турски комисионери, кои се занимавале со извоз. Во едно писмо од 21. VI. 1900 г. Х. Муртезе и Сие од Солун се препорачувал за агент на коски и панци од животни, за кои пазарот во Риека бил заинтересиран[149]). Во истава смисла се препорачувал во едно писмо од 31. VIII. 1900 г., и Али Риза од Смирна. Тој бил извозник на суво грозје, смокви и на смирненски килими[150]).

Во овие општи настојувања за проширување на риечко-турските трговски врски, се преземале чекори и од трговско-политички карактер. Така, унгарското министерство за трговија во една телеграма од 18.I.1889 година, до Комората, барало да се испрати во Будимпешта едно стручно лице за да се разгледаат поопстојно риечко-турхките врски, бидејќи тоа прашање се покренало и било актуелно[151]). Во врска со ова било поврзано и едно патување со трговска трансакција што било преземено од Турција за Риека. Риечкиот Губерниум во едно писмо од 16. I. 1892 г., ѝ соопштило на Комората, дека австроунгарската амбасада во Цариград соопштила со писмо од 6 јануари истата година, дека државниот советник и угледната личност Ферид Бој Влора, патувал за Риека со цел да купи стока. Се препорачило да му се излезе во пресрет и овозможи поволна покупка[152])

Тенденцијата за раширување на риечко-турските трговски врски наоѓала на свој најеклатантен израз во конкретната меѓусебна трговска

---

[144]) DAR. T. K. № 1011, 25. II. 1897.
[145]) DAR. T. K., № 1715, 7. IV. 1897.
[146]) DAR. T. K., № 424, 24. I. 1898.
[147]) DAR. T. K., № 1294, 1898.
[148]) DAR. T. K., № 1495, 25. IV. 1900.
[149]) DAR. T. K. № 2233, 26. VI. 1900.
[150]) DAR. T. K., № 3144/1900.
[151]) DAR. T. K., № 137, 18. I. 1889.
[152]) DAR. T. K., № 219/38, 18. I. 1892.

размена. Овие проширени трговски врски стимулативно делувале во правецот за што поизразит растеж на меѓусебната вносна и извозна трговија. Овој заемен однос го набљудуваме во званичните извештаи на риечката Трговска комора. Тие „Извештаи" од 1853 година натаму се непреценлив документиран материјал по ова прашање.[153])

4. *Работата на трговските изложби и музеи*

За проширување на риечко-турските трговски врски од значење била и работата на трговските изложби и музеи. Преку нив се овозможувало да се пропагираат позарите на стоки што служеле за меѓусебна размена и да се фаворизира трговијата со одредени производи или група од нив. Интересно е да се проследи каква била работата на турските трговски изложби, потем на австроунгарските трговски музеи и нивните филијали во Турција и на турскиот трговски музеј во Цариград и на неговата филијала за цела Австро-Унгарија со седиште во Риека.

а. Турските трговски изложби

За турските трговски изложби постоел интерес и во Риека. Такви некои позабележителни изложби биле организирани по 60-те години од XIX век. Така во Цариград од февруари 1863 година во продолжение на три месеци, се одржувала земјоделска и индустриска изложба. На оваа изложба биле изложувани турски земјоделски производи и странски машини и инструменти што се употребувале во земјоделието и индустријата. Турската влада инсистирала и за учество на австриски фирми на оваа изложба. Австриската влада поволно ја изразила својата согласност и наблегнала до трговските и индустриските комори на потребата да го употребат своето влијание за учество на австриските фабрикати на оваа изложба[154]).

Предлог за фаворизирање на размената со принцип на изложување на стока направил австрискиот генерален конзул во Солун August Lenk von Volfsberg, во еден извештај од 1866 година, упатен до тогашниот австриски министер за трговија Vullerstorf — Urbair. Во тој извештај тој укажувал на потребата да се установи во Солун еден угледен базар за стоки. На тој базар би биле изложувани австриски стоки и тоа првенствено: хартија, српови, мебели, виенска галантерија, железни каси и ваги и друго. Обидот за отворање на еден таков базар имал позитивна страна, особено за пласманот на австриските стоки во Европската Турција. Конзулот Ленк, во истиот извештај, инсистирал австриските стоки да се изложат и на градскиот панаѓур во Сер како самиот што вели, каде се одржувал „die bekannte Jahresmesse", кој бил во суштност една „изложба

---

[153]) Cf. Rapporto и Relazione од 1853—1900 г.

[154]) За ова види Programm für die Gesellschaftreise, 37—48; Esposizione agricola ed industriale a Costantinopoli. Osser. Triestino 32, 10. II. 1863.

на мало" („Ausstellung im Kleinen"). Тој понатаму подвлекувал дека насекаде имало австриски трговци и тие таму имале успех.[155])

На одржуваните изложби во Турција, панаѓури и слично, земале учество и трговци од Австро-Унгарија, односно и од Риека. Преку нивното одржување се придонесувало за детално запознавање со артиклите што служеле за меѓусебна размена.

б. Австро-унгарските трговски музеи и нивните филијали во Турција и во Риека.

Австро-унгарските трговски музеи индиректно со својата работа содејствувале за проширување на трговските врски со Турција. Тие ги изложувале сите оние примероци на артиклите за кои имало интерес на турските пазари и сите оние примероци на артиклите на Австро-унгарија што биле неопходно потребни за извоз на Исток. Особена активност појавил во таа смисла основаниот, веројатно во 1875 година, Ориентален музеј во Виена (Orientalische Museum in Wien), кој со издавањето на пригодни публикации го обрнал вниманието на риечките и на турските трговски фактори[156]).

Од непомало значење била работата и на трговскиот музеј во Будимпешта (A Magyar Kersekedelmi Muzeum). Музејот бил отворен во 1887 година. Тој имал извесна информациона служба скоро во сите земји. Така го имал и свои претставништва во Турција и тоа претставништво во Цариград, Солун, Алепо. Бејрут,Смирна, Скадар, Битола и Скопје[157]).

Овој музеј имал големо значење и за Риека, бидејќи преку него и неговите претставништва во Турција биле ускладувани извесни детали од меѓусебната стокова размена. Риека била под внимание во зависност од специфичностите на нејзините трговски и индустриски потенцијали, од интерес за развитокот на меѓусебните трговски врски со Турција. Уште повеќе прашањето станува поинтересно, кога ќе се земе предвид дека будимпештанскиот трговски музеј отворил во 1890 година филијала во Риека. Работата на оваа филијала повеќе била од специјализиран карактер, во обрнување внимание за риечките и странските трговски и индустриски производи. А во тој правец биле ускладувани и конкретните трговски врски со Турција.[158]).

---

[155]) Der osterreichische Musterbazar in Salonik. Mittheilungen der Handels-und Gewerbe—Kammer in Wien, № 23 (јуни 1866), 2—3.

[156]) Напр. често споменуваното списание: „Oesterreichische Monat sschrift für den Orient. „Herausgegeben vom Orientalischen Museum in Wien, од 1875 натаму. Потем: „Katalog der commercielen Sammlungen. Verlag Orientalische Museums in Wien 1882; и други.

[157]) Igazgatósági jelentés a Magya kereskedelmi Museum 1898. Budapest 1899 (DAR. T. K., № 1650, 7. IV. 1899); Дорев П., Унгария София 1917.

[158]) Budapester Handelsmuseums in Fiume. (DAR. T. K.,№2162/657, 29. VIII. 1890).

в. Турскиот трговски музеј во Цариград и неговата филиала во Риека.

За фаворизирање на турските трговски интереси се заангажирал и турскиот трговски музеј во Цариград. Преку него, а особено и преку неговата филијала во Риека, која била единствено седиште за целата Монархија, се проширувале меѓусебните риечко-турски трговски врски.

Трговскиот интернационален музеј во Цариград бил основан, врз основа на султаново ираде, на 30. XII. 1890 г. Во „Правилата" на овој музеј[159]), кои се состојат од 4 глави и 17 члена, изнесена е работата на овој меѓународен музеј, неговите цели и задачи. Во Музејот биле изложени примероци од домашни и странски производи. Музејот имал павиљони, во кои биле изложувани примероците, потоа специјално званично биро за информации, одлична библиотека со извештаи на сите берзи и трговски комори, потем со разни трговски весници, модели и дезени, инвентари на артиклите и друго.[160]) Музејот имал филијали во поважните центри на Турција, како напр. во: Солун, Дедеагач, Одрин и др.[161]) За отворањето на цариградски трговски музеј има било веднаш соопштено на риечките заинтересирани кругови. Со тоа се ангажирал турскиот вице-конзул во Риека Н. Ефенди. Тој со писмо од 14. XI. 1891 година упатено до риечката Трговска комора, соопштувал за формирањето во Цариград на музејот и го подвлекувал неговото значење. Во ова писмо Ефенди инсистирал, во врска со развитокот на риечко-турските трговски врски,—да се запознаат и заинтересираните фактори на Риека со основањето на овој музеј.[162]). Ефенди се обрнал и до поширокаата јавност на Риека и ја подвлекувал улогата на Музејот во проширување на риечко-турските трговски врски.[163]) Со тоа своја активност Ефенди создал терен за потребата од откривање филија на цариградскиот музеј со седиште во Риека.

Во врска со раширените трговски врски на Турција со Риека, Високата Порта решила, секако одкако добила согласност од Австро-Унгарија, да отвори филијала на трговскиот меѓународен музеј во Цариград со седиште во Риека, во чиј делокруг спаѓала цела Австро-Унгарија. Споменатото решение на Високата Порта да отвори филијала на цариградскиот трговски меѓународен музеј и во Риека, го соопштил најпрвин до Трговската комора во Риека, Г. Бенвенисти со писмо и образложување на 12. II. 1895 г.[164]). Тоа тој го направил во својството на генерален претставник на филијалата на музејот, и тоа како негов застапник

---

[159]) Regolamento del magazzino ottomano di deposito di campioni di mercanzie. (Museo Commerciale). Constantinopoli 1891. passim (DAR. T. K., № 1215, 1895).

[160]) Ibidem,.

[161]) Musèe Commercial Ottoman de Costantinople. Le Journal de la Chambre de Commerce de Costantinople 8/384 (8. V. 1892); Турски търговски музей. Сп. БиДр. I/7(1896), 521.

[162]) DAR. T. K., № 3840/382, 16. XI. 1891.

[163]) Соопштението било објавено под наслов: Museo commerciale internazionale a Costantinopoli (La Bilancia № 260, 16. XI. 1891, 2).

[164]) DAR. T. K., № 1215, 29. III. 1895.

за цела Австро-Унгарија. Во исто време тој бил назначен и за кореспондент на Трговската комора во Цариград. Подробни објаснувања во врска со отворањето филијатата на Музејот дал и турскиот вице-конзул во Риека Н. Ефенди. Тој, најпрвин за тоа ја информирал Комората[165]), а потем Губерниумот[166]).

Работата на риечката филијала на цариградскиот меѓународен трговски музеј била базирана врз постојните правила, само што се конкретизирале специфичностите во врска со риечко-турските трговски врски. Интересно е да се напомене дека и во риечката филијала на музејот се предвидувала изложба на примероци од трговските артикли од секаков род, каде изложувале разни извозни фирми и фабрики. Потем се давале информации за цените на одделни стоки и за условите на плаќањето А освен тоа филијалата на музејот, односно преку самиот централен музеј, била голем посредник на понудата за порачки од секаков род. Филијалата давала и автентични информации што се однесувале до трговските услови на Исток. Таа со својата работа стимулативно делувала за проширување на риечко-турските трговски врски[167]).

Филијалата на цариградскиот меѓународен трговски музеј во Риека работела за точно спроведување во живот на донесените Правила. Особено е важно тоа што риечката филијала знатно придонела за запознавање на риечките стопанственици и трговци со турските артикли што служеле за размена. Оттука произлегува дека на риечките трговци, што биле заинтересирани за проширување на трговските врски со Риека, им било овозможено на лице место во Риека да се запознаат со оние примероци на артиклите од нивната бранша. А од друга страна, да се запознаат и со потребите на турските пазари за риечки производи, особено за индустриски. Сето тоа, во помала или во поголема мерка,усл овило риечко-турските трговски врски да одбележат позитивна компонента во својот развиток. Уште повеќе одбирањето на Риека за седиште на филијалата на цариградскиот меѓународен трговски музеј, не било така случајно, туку било условено од тоа што Риека во она време заземала важно место на Јадранот и на Медитеранот.

Филијата на цариградскиот меѓународен трговски музеј во Риека, работела во продолжение на полни три години. Од неизјаснети причини а по решение на Трговската комора во Цариград, филијалата прекратила со работа во мај 1898 година. За таа постапка, риечката Трговска комора била обавестена од претседателот на цариградската трговска комора, Ферид, со писмо од 27. V. 1898 година. Во истово писмо се забележува дека за понатака Г. Бенвенисти останувал само кореспондент на цариградската Трговска комора[168]). За ова решение на цариградкста Трговска комора турскиот конзул во Риека Н. Ефенди го обавестил и Губерниумот. Изложувањето е скоро слично како на споменатиот Ферид, со тоа што

---

[165]) DAR. T. K., № 1481, 11. IV. 1895; Idem, № 2174, 31. V. 1895.

[166]) DAR. Gubern., № 525/1895; Idem, № 714, 22. V. 1895.

[167]) DAR. T. K., № 1215, 29. III. 1895.

[168]) DAR. T. K., № 2282, 4. VI. 1898.

Ефенди изнесувал податок дека Г. Бенвенисти носел титла кореспондент на Трговската комора во Цариград[169]).

Празнотијата што настанала со затворањето филијалата на цариградскиот меѓународен трговски музеј во Риека, ја увидел Н. Ефенди. Затоа да не стопираат риечко-турските трговски врски тој со едно писмо од 2. VI. 1898 година, ја обавестил риечката Трговска комора дека сите информации што се однесувале до турската трговија ќе биле давани во иднина од турскиот конзулат во Риека[170]). Со тоа улогата на конзулатот добивала уште една изразита функција во зачестените настојувања за проширување на риечко-турските трговски врски.

Сето споменато укажувало дека и трговските изложби и музеи доста придонеле за зацврснувањето на трговските врски помеѓу Риека и Турција во втората половина на XIX век.

II СИСТЕМОТ ВО ТРГОВСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РИЕКА И ТУРЦИЈА

Риечко-турските трговски врски во втората половина на XIX век се координирале и од низ услови поврзани со системот на трговската организација. Со овој систем се овозможувала трговската размена воцелина и во детали. Главните елементи што го составувале риечко-турскиот систем на трговската организација се состоеле предимно во законските одредби, во активноста и умешноста на вносно-извозните фирми, комисионите и шпедициите, во конкретните начини на трговските зделски.

1. *Трговската организација на Риека*

Трговската организација на Риека опфакала низа мерки, кои придонесувале за правилниот развиток на нејзината внатрешна и надворешна трговија. Наоѓајќи се во состав на Австрија (Австро-Унгарија), Риека во ред прашања, особено во законските одредби за трговската организација, зависела и се раководела од нив. По Нагодбата, таа се повеќе зависела директно од Унгарија, од нејзините одредби за трговската организација. И по ова прашање била поврзана тенденцијата на унгарските капиталистички кругови за наполно загосподарување со Риека, за потиснување на домашниот хрватски трговски елементи.

Во настојувањата за продлабочување системот на трговската организација на Риека со странство спаѓала и тенденцијата за усогласување на конкретната трговска размена и со Турција. Сето тоа било во склад и зависело од риечко-турските трговски врски.

---

[169]) DAR. Gubern. № 105, 20. VI. 1898.

[170]) DAR. T. K., № 2283, 4. VI. 1898.

а. Законски одреби на Австро-Унгарија во врска со трговската организација на Риека

Веднаш по заклучувањето на Нагодбата се правеле обиди да се уредат и економските односи. Со законот од 26 декември 1867 година австриската влада заклучила со унгарската влада царински и трговски сојуз, според кој обете држави чинеле царинска и трговска област, со заедничка царинска граница. С е сметало дека во неа подеднакво вределе и задолжително биле заеднички царинските закони и сите економски договори заклучени со странските држави. Освен тоа била донесена спогодба ревизијата да се врши секоја досетта година со заеднички договори[171]).

Во периодот кога капитализмот преминувал во својот последен стадиум-империјализмот, во Австро-Унгарија се повеќе се чувствувало движењето во прилог на заштитните царини. Уште во 1874—1875 година се барало во Парламентот да се откажат постојните трговски договори и да се воведе општа австро-унгарска царинска тарифа. Оваа општа тарифа била завршена на 27 јуни 1878 година, а влегла во сила на 1 јануари 1879 година. Цариите биле покачени на 15%[172]). Меѓутоа, оваа тарифа во доволна мерка не ја земала во заштита домашната индустрија и се покажала со тек на време неприемлива. Затоа понатака и се воделе преговори за ревизија на оваа тарифа. Така што на 25. I. 1882 година била објавена автономна царинска тарифа, која натаму се применувала[173]). Прашањето за обновување на царинските тарифи се поставувало и натаму, повеќе со цел да се задоволат барањата на австро-унгарскиот капитал[174]).

Закони што ги регулирале односите во системот на трговската организација донела и Унгарија, кои важеле и за Риека. Во прв ред тука е потребно да се спомене унгарскиот трговски закон, кој бил донесен во Будимпешта на 1 декември 1875 година.[175]). Во него биле изнесени сите одредби што се однесувале до трговијата и пловидбата, во општи поставки и во детали. Особено биле подвлечени поставките во поглед на начините за заклучување на трговските зделки. Одредбите во поглед на конкретната трговска размена биле подвлечени и со специјален закон, што бил донесен во 1876 година.[176]) Во него се потенцирале најважните поставки на размената, карактеристики при зделката за секоја одделна стока, начините при заклучување на секоја спогодба и слично. Биле

---

[171]) Грунцел, Меѓународна трговинска политика, 242.

[172]) Ibid., 244—245.

[173]) Ibid., 245—246

[174]) O novoj carinskoj tarifi i obnovi trgovačkih ugovora. Novi list № 231, 232, 11. 12. X. 1900, 1—2.

[175]) Истиот бил објавен и во Риека, под наслов: Codice di Commercio Ungarico (Art. Legge XXXVII, 1875). Fiume 1876.

[176]) Legge di Cambio per i paesi della corona Ungarica. (Art. Legge XXVII, 1876). Fiume 1877.

донесени и одредби што се однесувале до детализираниот преглед на одделните мерки во системот на трговската организација[177]).

Систем на одредби и правила, за трговската организација, бил донесен и во Риека. Според законскиот член VI параграф 3 од 1868 година, риечката Трговска комора ја издала публикацијата „Usi di piazza in Fiume", чии поставки биле подоцна проширени.[178]). Оваа публикација содржела низа мерки и правила во поглед на конкретните поставки во трговската размена, за договорувачите, примопредавањето, плаќањето, пловидбени прашања и специјални одредби за покупка и продажба.

Интерпретацијата на споменатите законски одредби од кои зависел системот на трговската организација, ни помогнува да утврдиме во ваков однос била поставена по ова прашање, риечко-турската трговска размена.

б. Вносно-извозни фирми, комисиони и шпедиции во Риека и нивните врски со Турција.

Сета вносна и извозна трговија во Риека се изведувала од вносно-извозни фирми, комисиони и шпедиции. Вносно-извозните фирми се занимавале со порачка и испорака на стока. Преку нив се одвивала сета стоковна размена. Преку комисионите се извршувала покупката и продажбата по налог на комитентите, а со одредена провизија. А преку шпедициите се вршела опремата на порачаната стока.

Во Риека постоеле бројни комисиони и шпедиции, кои имале врски и со Турција. Некои од нив се занимавале само со комисион, а други со шпедиција, додека имало и такви кои се занимавале со обете дејности. Попознати комисиони и шпедиции биле: А. Ф. Готарди (A. F. Gotthardi) Шенкер и Ко (Schenker i Co), С. и Е. Хофман, Ј. Б. М. Гаирард, Тх. Шаделук (Th. Schadeloock, Х. Гафинет, А. Бергер и многу други. Својата активност со Турција особено ја развиле: Шенкер и Ко и С. и Е. Хофман. Тие имале таму бројни агенции. Интернационалниот транспорт Шенкер и Ко имал агенција во Цариград и Солун[179]). Шпедицијата С. и Е. Хофман се титулирала и како „Биро за Ориентот", со агенции во Цариград и во други центри на Турција[180]).

Во својата работа овие комисиони и шпедиции особено се ангажирале околу експедитивноста при стоковата размена со Турција. Тие често им соопштувале за својата работа и на вносно-извозните фирми во Риека и во Турција. Забележени се случаи на известен негативен однос кон некои комисиони и шпедиции од страна на Лојд по однос на стоковата

---

[177]) Напр. Legge sui concorsi. (Art. Legge XVII, 1881), Budapest, 1881 и други.

[178]) Usi di piazza in Fiume. Fiume, Camera di commercio e d'industria in Fiume, 1907, 1—2.

[179]) Во фондовите на риечката Трговска комора, нарочно од 1891 г., се среќаваат чести реклами на оваа шпедиција со одбележување на агенциите што ги имала во Турција.

[180]) И за оваа шпедиција во фондовите на риечката Трговска комора се среќаваат бројни реклами и тоа од 1890 г., натаму. Тие биле објавувани и во цариградскиот весник „The Oriental Advertiser" (напр. № 1452, 2. I. 1896, 2).

размена со Турција. Ургирања за регулирање на тие прашања билс многу често поднесувани до риечката Трговска комора. Така комисионот и шпедицијата А. Ф. Готарди во едно писмо од 16 декември 1878 година, ѝ обрнал внимание на риечката Трговска комора, дека Лојд не му утоварувал стока за Турција. Се бара понатака во писмото Комората да се запознае со неправилностите што станувале во сличните случаи и да ги уреди работите во позитивна смисла и во полза на риечката трговија[181]).

Некои комисиони и шпедиции ја подвлекувале можноста да форсираат што поголема експедитивност при трговската размена со Турција. Тие се ангажирале во раширување на својата дејност во Турција, а исто така и во овозможување на трговскиот сообраќај преку железниците. С. и Е. Хофман во едно писмо до риечката Трговска комора, укажувал дека унгарското министерство за трговија му дозволило од 1 октомври 1891 година да работи во сообраќајот помеѓу Цариград и Солун и за организирање на една редовна служба за пакети (преку) via Земун[182]).

Воопшто земено, улогата на комисионите и шпедициите била особено значајна за што поекспедитивниот трговски сообраќај помеѓу Риека и Турција. Овој сообраќај зависел од низа услови, кои особено придонесувале за раширување на риечко-турската трговска размена.

в. Начините во трговскиот сообраќај на Риека со со Турција

Во развитокот на риечко-турскиот трговски сообраќај разликуваме два основни начина. поморски и сувоземен пат. Поголемиот сообраќај се одвивал по поморски пат, а незнатен по суво, особено по железниците и тоа во последните децении на XIX век.

Во поморскиот транспорт вносно-извозните фирми стоката наменета за извоз ја предавале на шпедициите кои исклучиво се занимале со транспорт и посредување. Тие започнале да се занимаваат и со осигурување на стоките што биле наменети за транспорт[183]). Целокупниот овој систем се одвивал по утврдени норми, за што стануваше збор порано. Најдобра интерпретација на тие законски одредби, што биле важни и за Риека, а некои од нив биле и во неа издадени, дал F. Nagy[184]), а неговите поставки ги разработил J. Моган[185]). Овдека се дадени повеќе општи ставки за начините на поморскиот транспорт, базирани врз „Code de commerce" (Code Napoléon). Обично тие важеле и за поморскиот транспорт на Риека со Турција.

За пренос на стока по море товарена на целиот кораб или на еден негов дел, се заклучувал договор помеѓу отпремувачот и возарот (корабосопственикот). Од важност бил и капетанот кој погодбата ја извршувал и приемачот, кој ја превземал стоката. Отпремувачот бил должен да

---

[181]) DAR. T. K., № 1117, 17. XII. 1878.
[182]) DAR. T. K., № 3587, 27. X. 1891.
[183]) За ова прашање види: Fuchs R., Pomorska špedicija. Zagreb 1954, 7—8; Cerić V., — Prezelj D. Medjunarodni transport robe morem i željeznicom. Zagreb 1955,8—9.
[184]) Nagy F., Törvényjavaslat a tengeri magánjogról. Budapest 1909.
[185]) Mogan, J., Pomorski vozarski ugovor. Rijeka 1915.

даде стока за превоз, а возарот се обврзувал дека ќе ја пренесе на одреденото место. Возарот се грижел за стоката по целиот нејзин пат[186]). Интересни биле и ставките во поглед на превозот на стоката и за нејзиното истоварање. Во ова специјални задолжувања имал капетанот на коработ. Штом тој го примил товарот и откако пред тоа добил овластување од пристанишните власти, коработ тргнувал за означеното место. Стоката се истоварале на одреденото место и се предавала на означениот адресант[187]).

За секоја стока што ја преземал капетанот на коработ тој бил одговорен за неа и при тоа издавал потврда, што се викала теретница. Секој што имал да товари стока бил должен во одреденото време да ја донесе на коработ. Товарењето и истоварањето на стоката на коработ ја вршел возарот[188]). Притоа се предвидувале разни услови и мерки при товарењето и истоварот. Тука доаѓале под внимание и разни детали во врска со сантитарната и полициската контрола на товарот, плаќањето на разни такси и друго[189]). Овие норми за поморскиот транспорт на Риека важеле и за трговскиот сообраќај со Турција. Освен тоа, тие односи биле регулирани со заеднички договори за што стануваше збор порано.

Од значење за трговскиот сообраќај на Риека со Турција преку железниците, била „Convention à quatre" од 1883 година. За водење на прометот бил заклучен посебен договор, како и за други прашања поврзани со овој сообраќај[190]).

Трговскиот сообраќај на Риека со Турција преку железниците се одвивал врз база на одреден систем. Превозот на стоката се вршел дури тогаш кога биле исполнети условите во поглед на товарните листи, тарифните ставки, пресметнување на подвозот, оцаринувањето и друго. Обично за Турција се превезувала преку железниците индустриска стока во многу помал обем, отколку преку поморски транспорт[191]).

д. Тарифи на некои стоки од Риека извезувани за Турција

Во поморскиот сообраќај на Риека со Турција постоел систем на тарифи кои биле потврдени со договори за секоја одделна стока. Интересно е дека и секоја пловидбена компанија издавала тарифа за превоз, која во суштина била во повеќе случаи еднообразна. Опстојни тарифи издал австро-унгарскиот Лојд. Тарифите се издавале за извозни и за некои вносни стоки. Секогаш се означувал правецот на утоварувањето и истоварувањето на стоката со определување на односната такса. Обично правецот на утоварување бил Трст или Риека, а на истоварување разни турски пристаништа. Различните извозни стоки биле изнесени по групи

---

[186]) Mogan. o. c. , 11—31.
[187]) Mogan. o. c., 33—39.
[188]) Mogan, o. c., 41—50; 65—80; 83—94.
[189]) Mogan, o. c., 106—107.
[190]) Gorničić—Brdovački, Razvitak željeznica. 63—64.
[191]) Ibidem, 102—103, 111—134.

во општ табеларен преглед со означување класата, а потем со одредување тарифата, различна за секој турски пристаништен град. Така например во извозната тарифа од јули 1888 година, за стоката (за 100 кгр.) од I класа (арсеник, кафе, цемент, бои, стакларија, гипс, дрво и други) тарифата изнесувала за Смирна, Дарданелите, Галиполи, Солун, Кавала, Дедеагач и други, 1 форинт. На стоки од II класа (текстил, музикалии, фесови, руди и други) тарифата изнесувала за споменатите центри 1.50 форинти. На стоки од III класа (дрогерии, децимални ваги, ликери, ламби и други) тарифата изнесувала 2 форинти. На стоки од IV класа (цигари, свила, литографии, музички инструменти, галантерија и друго) тарифата изнесувала 3 форинти.[192])Биле издавани и други тарифи, некои само за одредени турски пристаништа, а некои и по вид на стоката[193]).

За превоз на стоките преку железниците биле исто така определувани тарифи. Тие биле општи и посебни, според класификацијата на стоките. Привилегии во тарифните ставки уживале само некои пловидбени компании во Риека[194]).

Прашањето за тарифите по железниците било предмет на разгледување и на четворната железничка конференција од 1883 г. Се решило при преминот на стоката од една држава во друга да се исклучат единствените тарифни привилегии. Се барало да се утврдат и ставовите помеѓу одделните поголеми станици на железниците[195]). Посебни тарифи биле издадени за железничката врска на Риека со станиците во Србија, Бугарија и Турција[196]).

е. Некои особености во трговските зделки на Риека со Турција

Во риечко-турските трговски врски разликуваме некои особености во трговските зделки. Тие се однесуваат околу „потврдите за потекло" на некои стоки, разните пречки при извозување на некои артикли, платежниот систем, како и некои правни аспекти.

Во еден распис од 21. III. 1887 г., упатен од унгарското министерство за трговија до риечката трговска комора, се говори за некои недоследности при одбележување на некои стоки што биле определени за извоз во Турција. Се нагласува дека „потврдата за потекло" (certificati d'origine), се заверувала од турскиот конзулат и од царината.[197]). Истото министерство во еден друг распис од 9. III. 1897 г., инсистирал до риечката трговска комора дека сите оние што внесувале животни намирници во Турција, морале да имаат „потврда за потекло" издадена од компетентните власти[198]).

---

[192]) DAR. T. K., № 1888/1836, 10. IX. 1888.
[193]) Напр. DAR. T. K., № 2501/3342, 14. VIII. 1889.
[194]) Gorničić—Brdovački, o. c., 82—86.
[195]) Gorničić—Brdovački, o. c., 89—90.
[196]) DAR. T. K., № 1248/36.153/C.II., 15.IV. 1891.
[197]) DAR.T. K. № 496/13.294, 29. III. 1887.
[198]DAR. T. K. № 1537, 28.III.1897.

Излагањата на пресметките за вносно-извозните стоки, покрај тоа што биле регулирани со заклучените договори и со специјални аранжмани, најчесто биле изведувани преку камбијалната система. Овие операции се изведувале од банките во Риека најчесто преку „Banco di Credito Fiumano", и од банките во Турција. Улогата во овие операции на турските банки била голема. Трансферот во овој случај наидувал многу пати на пречки, за чие отклонување се заложувале австро-унгарските дипломатски претставници во Турција и турските дипломатски претставници во Риека[199]).

Интересите на австро-унгарските, односно на риечките трговци во Турција, биле заштитени со заклучените договори, Затоа и чести биле апелите на некои трговци и индустријалци од Риека кои одржувале трговски врски со Турција, да најдат претставник, што би ги заштитувал нивните интереси и права. Од друга страна, кон риечката трговска комора се обрнувале и одделни правници и адвокати и инсистирале на потребата да дадат правни совети во врска со разни спорови во Турција. Во тоа особено настојување покажал Др Јакобовиќ (Dr Jacobovits) од Виена, кој од 1861 г. бил судски комесар во Цариград, каде се истакнал со својата работа. Особено, тој бил забележителен со својата заштита на австро-унгарските интереси во Турција[200]).

Кон риечката трговска комора се обрнувале и некои турски правници. Цариградскиот адвокат Назарет Хатчериан со писмо од 27. V. 1897 г. ја известил риечката Трговска комора дека се застапувал за разни правни работи. Тој имал основано биро уште во 1893 г., како служба за информирање по секоја материја. Особено ја подвлекувал потребата од осигурување, потем контрола на операциите, што ги вршеле агентите. Општо, тој се заангажирал за сите правно-трговски зделки[201]). Во заштитата правните интереси на австро-унгарските трговци во Турција биле задолжени и тамошните австро-унгарски дипломатски претставници, за што стануваше збор.

2. *Трговската организација во Турција.*

За поправилното разјаснување на риечко-турските трговски врски, потребно е да се спомене и системот на трговската организација во Турција. Ова прашање е многу важно, зашто е во неразделна врска со заемната риечко-турска трговска размена. Како риечкиот систем на трговската организација опфаќал цела низа мерки, така и турскиот систем на трговската организација зависел од низа услови. И овдека првенствена улога имале законските одредби, потем вносно-извозните фирми, комисионите и шпедициите, начините на трговскиот сообраќај со Риека и најпосле тарифите и оцаринувањето на некои извозни стоки и специфични особености на трговските зделки со Риека. Сите овие

[199]) За ова прашање наидовме на бројни податоци во фондовите на риечката Трговска комора, нарочно во последните децении од XIX век.

[200]) DAR. T. K., № 81, 9. II. 1866.

[201]) DAR. T. K., № 2727, 9. VI. 1897.

карактеристики чинеле важен елемент во риечко-турската вносно-извозна трговија.

а. Законски одредби на Турција во врска со трговската организација.

Во врска со брзото продирање на капитализмот во Турција во втората половина од XIX век,спаѓале и бројните настојувања на турските господаречки кругови околу озаконување на ред мерки за што поповолен развиток на внатрешната и на надворешната трговија. Во оваа смисла спаѓале и настојувањата за проширување системот на трговската организација. Законски одредби и правила во овој правец, биле издавани уште од почетокот на втората половина на XIX век.

Високата Порта, со циркуларна нота од април 1848 г. упатена до странските мисии, објавила дека бил издаден Трговски закон[202]), кој стапил во сила 1849 г.[203]). Овој закон бил превод од францускиот „Code de commerce" од 1808 г. и според условите модифициран[204]). Законот е разделен на четири дела и содржи 315 члена. Во него се говори општо за трговијата, специјално за поморската трговија, банкротството и устројството на трговските судови. Во подробности дадени се разни детали и од трговската организација[205]).

Законски одредби од кои зависела турската трговска организација, биле издавани и натаму, и тоа повеќе како дополнување на споменатиот трговски закон. Од интерес е и дополнувањето за трговскиот суд од 18. IV. 1860 г.[206]). Потоа за трговската процедура од 1862 г.[207]) и законот за поморската трговија од 10. VIII. 1862 г.[208]).

Од интерес за трговската организација било и уредувањето на институтот за трговските жигови, кои се удирале на фабричните индустриски производи[209]).

Од важност било и издавањето на некои правилници кои биле во непосредна врска со трговската организација. Така во 1873 г. бил издаден правилник за цариградската берза а во 1887 г., за странските стопански здруженија кои можеле да функционираат единствено само со разрешување од министертвото за трговија. А во 1888 г. бил издаден правилник за трговските посредници и други слични правилници, особено во поглед на трговските операции, условите за преносот на стоката и друго[210]).

---

[202]) Noradounghian, Recueil II, LXI.

[203]) За ова прашање специјално: Aristarchi, Lég. Ottomane I, 275—342; Heidborn A., Manuel de droit public et administratif de l'Empire Ottoman. II, 346.

[204]) Види: Michoff, Beiträge, 284.

[205]) Види: Aristarchi, Lég. Ottomane I, 275—276.

[206]) На државните закони Цариброд 1871. Арнаудов, Пълно събрание, I, 203—221.

[207]) Heidborn, Manuel II, 346.

[208]) Види: Aristarchi, Lég. Ottomane I, 344—415;

[209]) Кинкел, Курс по сравнителна история на стопанския строй. София 1925, 274

[210]) Златаров, Маналов, Димов, Източните пазари, 107—108.

Овие законски одредби овозможувале широко да се постави системот на трговската организација, особено во трговските врски со странство. Од овие услови на турскиот систем на трговската организација зависела и риечката трговска размена.

б. Вносно-извозни фирми, комисиони шпедиции во Турција и нивните врски со Риека

Во трговската размена помеѓу Риека и Турција, особена улога имале турските вносноизвозни фирми, комисиони и шпедици. Сета оваа размена зависела од заклучените трговски договори. Лиферувањето на стоката, како и плаќањето исто така се вршело според заклучените договори. Покрај домашните фирми, особено во Цариград, Солун и Смирна, имало и странски, кои се повеќе имале монополна положба во трговијата, како вносна, така извозна. Воопшто, трговските зделки се одвивале преку нив или преку домашните фирми. Попознати вносно-извозни фирми во Солун биле: Браќата Алатини, Модијано, Сапорта и други. Некои покрупни трговски фирми биле раководени и од Македонци[211]).

Обично, врските на овие фирми со странските, се ускладувале преку комисионери. Нивните односи биле регулирани со постојниот трговски закон. Во него нивните права и задолжувања подробно се изложени. Стоката од странство се порачувала од комисионерите и при пристигнување се распределувала на месните фирми или се испраќала за внатрешноста. Иста улога имале и комисионерите со сурови стоки што ги прибирале од внатрешноста и ги препраќале преку пристаништата за определената земја. Нивната улога била особено значајна во трговијата на Турција, особено во надворешната трговија. Тие работеле за изнаоѓање на пазари, за покупна продажба и друго. Сиот успех на зделките зависел од комисионерите[212]). Имало комисионери од разни народности. Така попознати комисионери во Солун биле: Д.Д. Амбонети, Е. Бајона, Д. Ферандез и Сциаки, Модиано и Ко и други[213]). Меѓу бројните комисионери имало и 24 Македонци, кои имале широки врски со внатрешноста[214]). Дејноста на овие комисионери била особено раширена, тие имале филијали и во поважните центри. Во Македонија тие имале филијали во Битола, Скопје, Прилеп, Штип, Велес и други. За своите услуги тие добивале провизија од купувачот и од продавачот[215]).

Различни мерки се предвидувале и за транспортот. Обично транспортирањето се вршело преку шпедициите и шпедитерските фирми. Овие шпедиции развиле особена дејност во транспортирање на стоката.

---

[211]) Види: Renner, Der Aussenhandel der Türkei von dem Weltkriege, 272—273.

[212]) За ова прашање специјално: Търговско Ръководство за тръгувание етц., Цариград 1858, 47—49, 103—104; Исто така: Димчев Х., Значението на Солунското тържище на европейските стоки. СпБИДр. II/9—10 (1898), 403—405.

[213]) Fluminensis, Lettere dalla Turchia. Salonicco 3. III. (La Bilancia № 56, 9. 9. III. 1892).

[214]) Поизвестни търговци в Солун. Сп. БИДр. II/8(1898), 368.

[215]) За ова види: Mittheilungen—Nachrichten XII (1877), 244—245.

Транспортирањето по поморски пат се вршело од парапловните линии. Овдека се предвидувале и мерки околу пакувањето, кое зависело од тежината и размерот на товарот. Се инсистирало за правилно обезбедување на пакувањето, заради тоа што утоварот и истоварот на стоката се изведувал со човечка рака[216]).

На овој начин се изведувала и риечката трговска размена со Турција. Постојат податоци за постојани врски на турските вносно-извозни фирми, комисиони и шпедиции со истоветните во Риека, за што беше говорено порано.

Забележани се некои настојувања на попознати турски агенции, да содејствуваат пред риечките трговски фактори за фаворизирање на засмните врски. Во оваа смисла се обрнала до риечката Трговска комора и „Agence pour la propagande du commerce" од Солун на 17 февруари 1900 година. Таа се препорачувала за фаворизирање на трговијата и на трговските зделки во обата правца.[217])

Сите овие споменати фактори содејствувале и биле главни движечки услови, преку кои се одвивала целокупната риечко-турска трговска размена.

в. Начините во трговскиот сообраќај на Турција со Риека

Турскиот трговски сообраќај со Риека се одвивал по море и по суво. И во овој случај, поголемиот сообраќај се одвивал преку поморски пат, а сосема незнатно по суво, преку железниците. Транспортот се изведувал преку шпедициите, но според турскиот трговски закон, се предвидувале и посебни задолженија за комисионерите. Оние комисионери што се занимале со препраќање на стоки по суво или по море биле должни да водат специјални дикументи. Тие биле одговорни за пристигнување на стоката на определеното место, како што било предвидено во товарителницата. (чл. 56—58). Притоа се подвлечуваат нивните одговорности при разни случаи на товарење и препраќање на стока. (чл. 59—60). Обично се сметало дека товарителницата била обврска помеѓу комисионерот и кирацијата, кој натаму бил одговорен за стоката.[218])

Конкретни подробности во врска со поморскиот транспорт биле дадени и во законот за поморската трговија. Бидејќи турско-риечкиот трговски сообраќај се одвивал во најголема мерка преку море, интересно е да се подвлечат некои поставки од споменатиот турски закон. Најпрвин за ангажирање на кораб било потребно да се изврши „навлосување", да се ускладат договорините услови на транспортот. (чл. 92—93)[219]). Освен тоа, важен документ била и товарителницата која ја покажувала количината, видот и квалитетот на стоката за превоз. (чл. 101). Секој комисионер или отпремувач бил должен да даде записка на кора-

---

[216]) Renner, Der Aussenhandel der Turkei, 279.—280.
[217]) DAR. T. K. № 773, 26. II. 1900.
[218]) Aristarchi, Lég. Ottomane I, 285—287.
[219]) Aristarchi, Lég. Ottomane I, 370—372.

боначалникот и обратно. (чл. 105) Цената за превоз (навлото) се определувала од договорените странки. Тука сега постојат разни ставки во поглед определување цената за превоз на целиот кораб или на еден негов дел и слично. (чл. 107—125) За товарената стока или за еден нејзин дел се вршело осигурување, како и други разни мерки, со цел да се овозможи стоката во исправна состојба да биде испорачена на означената фирма или лице.[220]) На истоветен начин се одвивал и риечко-турскиот поморски трговски сообраќај. Споменатите одредби важеле за оние кораби, турски или австро-унгарски што од турските пристаништа испловувале во правец на Риека. Но, воглавно за оние кораби што потпаѓале под јурисдикцијата на турските закони. Инаку за останатите, важеле заклучените договори, кои ги регулирале тие односи.

Трговскиот сообраќај на Турција со Риека преку железниците се одвивал во незнатно темпо. Одвај по 1873 година, тоа во извесна смисла започнало позасилено да се одвива. И овдека имаат значење решенијата на четворната железничка конференција од 1883 година, како и системот на железничкиот сообраќај. Тоа е слично, како што беше изнесено и за Риека.

д. Тарифите и оцаринувањето на некои извозни стоки во Турција

Обложувањето на стоките, што служеле за извоз од Турција, а и тие што се внесувале од Риека, станувало според нивната вредност, за што биле изработени тарифи кои биле заклучени со Австро-Унгарија. Според овие тарифи се извршувало сметање и собирање на ad valorem царина за внесена и извезена стока. Според турската царина и постојните тарифи, постоеле три тарифни ставки за стоки: „најдобра", „добра" и „обична". Во ова најповеќе одлучувал квалитетот на стоката, според тоа станувало и оцаринувањето. Некои стоки посебно се оцаринувале.[221])

Турските царинарници биле разделени за вносни и извозни производи. Точно орпеделено царинско законодавство не постоело, туку се потпирале на привремено распоредување, преку правилници и друго. Оценката се установувала врз основа на тековната цена на внесената стока во односниот турски пазар. Царината се собирала за 87% од, преценката. Меѓутоа, остапката од 13% претставувала: 11% самата вносна царина и 2% транспортни разноски.[222])

Биле издадени точни правила во поглед на оцаринувањето. Во еден званичен распис од 17 април 1863 година изнесени биле општи ставки по ова прашање. Со пристигнување на еден кораб во едно турско пристаниште, се поднесувало во Администрацијата на Царината копија од документите во врска со товарот на коработ. Дадени биле податоци

---

[220]) Aristarchi, Lég. Ottomane I, 372—406.

[221]) Види: Call, Die Türkischen Handelstractate, 135—136.

[222]) Златаров и др., Източните пазари, 103—105.

и за други подробности во врска со оцаринувањето на стоките.[223]) Правила што се однесувале до декларирање на стоката во Царината, биле донесени на 7 април 1870 година. Според овие правила сите вносни и извозни стоки требало да се декларираат пред Царината. Со Декларациите се потврдувала стоката, а потем тоа се жигосувала и маркирала. Артиклите за плаќање се класифицирале според тарифата.[224]) За признаниците што ги издавала Царината, за царинските такси, биле донесени правила на 20 мај 1871 година.[225])

Прашањето за условите при оцаринувањето на секоја извозна стока било поставувано многупати. Унгарското министерство за трговија во еден распис од 23 ноември 1894 година упатено и до риечката Трговска комора, укажувало на разните мерки што се преземале во таа смисла.[226])

Околу риечко-турските трговски врски се укажувало и на барањето сите кораби да имаат конзуларна видимација на документите за што стануваше збор.[227])

Исто така и за превоз на стоки преку железниците од Турција за Риека биле определувани тарифи, за што стануваше збор.

е. Некои особености од трговските зделки на Турција со Риека

Во особеностите од трговските зделки на Турција со Риека спаѓале и некои мерки во врска со потребните документи при вносот и извозот, околу жиговите, магазините, улогата на цариградската берза, начините на плаќањата и некои прашања од правна природа.

Штом еден трговец ќе дојдел во границите на вносувачот, последниов бил должен да му најде смештај, поарчување на внесената стока и покупка на стока наменета за извоз.[228]) Било установено дека за време од првата недела стоките се ослободувале од магазинаж. А за подоцна се предвидувале такси.[229])

Интересни биле зделките во врска со таксите што ги земале турските конзули, истовремено и потврдите што ги издавале.[230]) Сите стоки што доаѓале во Империјата биле оцаринувани со единствена такса. Освен тоа, како што беше понапред подвлечено, за стоките морало да има едно сведоштво, издадено од отоманскиот конзул од извозното пристаниште.[231]) За овие потврди во 1900 година отоманската влада одредила такса од 20 пијастри во злато. Ако немало такво сведоштво

---

[223]) Aristarchi, Lég. Ottomane I, 378—385.
[224]) Aristarchi, Lég. Ottomane I, 393—394.
[225]) Aristarchi. Lég. Ottomane I, 390—391.
[226]) DAR. T. K., № 4892/81.982, 6. III. 1894.
[227]) Za Tursku. Novi List № 254, 8. XI. 1900, 3.
[228]) Administration Générale des Contributions Indirectes. Extrait de Journal de Constatinople, 18. IV. 1863.
[229]) Златаров и др., Источните пазари, 105—106.
[230]) DAR. Kapetn. № 1537/3112, 2. X. 1882.
[231]) DAR. T. K., № 5030, 13. XII. 1894.

од конзулатот во извозното пристаниште, кога стоката пристигнувала во турските пристаништа таа била подложена на двојно оцаринување.[232])

Со регулирање на трговските, финансиските и другите разни операции, се занимавала и Цариградската берза, која била основана во 1875 година.[233]) За која индиректно можеме да претпоставиме дека имала врски и со Риека.

Исплатување на една трговска операција се изведувало разни начини, кое било пак во врска со договорите. Се предвидувале и кредити за исплаќање. Секоја земја имала свој платежен систем и со тој се служела и во Турција. Обично плаќањето се вршело во франови, марки, австриски круни и форинти и турски лири.[234]) Во овие операции улогата на банките била несомнена, како што беше понапред и подвлечено. Биле вршени разни компензации и вирмани, една врста клиринг помеѓу разните фирми, како и други операции. Во Турција, во втората половина од XIX век, имало бројни странски банки и воглавно преку нив се одвивале финансиските операции. Познати банки биле: „Banque imperiale Ottomane", „Banque de Salonique", во која имало вложен и австроунгарски капита.л Веројатно дека последнава Банка била ползувана и во риечко-турските платежни операции.[235])

Дискусии биле водени и во врска со отоманскиот закон за печатот (жигот), во поглед на облигатните писма и мениците. Во едно писмо од 17 ноември 1894 година Николаки Ефенди ја известил и речката Трговска комора за горното, особено наблегнувајќи на употребата на жигот на облигатните писма и на мениците. За секоја меница што се пренесувала на друго лице бил потребен жиг, инаку следувала глоба.[236])

Интересни се и правните аспекти на ова прашање. Особено е важно прашањето со должинците и другите спорови што изникнале во текот на меѓусебните врски. Процесите биле долги и на нив странците се наоѓале во привилегирана положба. Спорови што изникнувале помеѓу отомански и странски поданици, се изведувале пред трговските судови со учество на конзулски драгоман.[237])

Општиве поставки за некои особености на турските трговски зделки важеле и за Риека, Преку овие мери и услови се одвивала и риечко-турската трговска размена. А токму со ова се придонесувало за комплетирање на риечко-турските трговски врски. Додека најсуштествен и најеклатантен израз тие врски добиле во вносната и извозната трговија, како и во пловидбата.

---

[232]) DAR. T. K., № 3749, 6. XI. 1900.

[233]) Aristarchi, Lég. Ottomane I, 346—358.

[234]) Renner, Der Aussenhandel der Turkei, 273—285.

[235]) Златаров и др., Источните пазари, 94—100 Истово: Чемерикиħ М., Трговина, занатство, индустрија, кредитие установе од 1875—1937. Споменица., 693—694.

[236]) DAR. T. K., № 4610/663.95, 18.XI.1894. Правила за жиговите постојат од 30. XI. 1873. (Aristarchi, Lég. Ottomane I, 480—491); Исто и од 18. II. 1875 (Appendice V, 187—189) и соопштение од 13. III. 1883 (DAR. T. K., № 484/196, III. 1883).

[237]) Златаров и др., Источните пазари, 110—111.

Hristo Andonov-Poljanski

DIE BEDINGUNGEN UND DAS SYSTEM DER HANDELSORGANISATION IN DEN HANDELSBEZIEHUNGEN ZWISCHEN RIJEKA (FIUME) UND DER TÜRKEI IN DER ZWEITEN HÄLFTE DES XIX JAHRHUNDERTS

ZUSAMMENFASSUNG

Unter den Bedingungen, die zur Verbreiterung der Rijeka (Fiume) türkischen Handelsbeziehungen im Laufe der zweiten Hälfte des XIX. Jahrhunderts beitrugen, war von Bedeutung die Rolle von Publikationen und Drucksachen ökonomischen Karakters, weitter die Anteilnahme der diplomatischen Verteter, der Handelskammern, Handelsausstellungen und Museen auf welche der Autor in dieser Abschnitt zurückgreist.

Die Literatur in der Türkei, die in Österreich-Ungarn bezw. in Rijeka veröffentlich wurde, hatte in den meisten Fällen den Karakter vom Reisebeschreibungen. So zeigte sich noch in den ersten Jahren der zweiten Hälfte des XIX. Jahrhunderts in Österreich Interesse für die Arbeiten. Ami Boue in welcher auch Daten über die Ökonomie im europäischen Teil der Türkei gebracht wurden. Auch seine Arbeit „La Turquie d'Europe" erlebte in Wien zwei Auflagen (1854 u. 1889). Zu dieser Zeit erregte in Rijeka in der kaufmännischen Welt auch das Handbuch des Maestro M. D. welches in Rijeka unter dem Titel „Theoretisch-praktischer Leitfaden der Warenkunde" erschien, Interesse. In diesem Buch ist ziemlicher Raun auch den türkischen Erzeugnissen gegeben, besonders für Baumwolle, Tabak, Leder und anderes.

Das Interesse für die türkischen Erzeugnisse und für die türkischen Handelszentren verstärkte sich auch durch immer häufiger gemachte Reisen mit kaufmännischem Ziel, welche von Österreich bezw. von Rijeka nach der Türkei unternommen wurden. Zu diesem Zweck waren spezielle Handbücher und Prospekte ausgegeben, in denen die wirtschaftliche Wichtigkeit der Türkei betont war.

Das Interesse der österreichischen u. ungarischen kapitalistischen Kreise für die Türkei ersieht man deutlich auch in den Reisebeschreibungen von J. G. Hahn. So sind in seinem Werke „Reise von Belgrad nach Saloniki", das in Wien 1868 erschien, die wichtigsten Eigenheiten des europäischen Teiles der Türkei aufgezeichnet. Besonders insistierte Hahn für die Verstärkung des periferen österreichisch-ungarischen Verkehrssystems und die Verbindung der wichtigsten tükischen Zentren wie Konstantinopel, Saloniki und andere mit Wien.

Die Tendenz der österreichisch-ungarischen Faktoren für den Nutzen des Kennenlernens der Wirtschaft der Türkei linerseits und das Streben zur Behersschung ihrer Märkte andererseits fanden Ausdruck auch in den damaligen Publikationen, die in Österreich-Ungarn ausgegeben wurden. Von diesem Interesse waren auch die Rijekaer kapitalistischen Kreise erfasst, was sich in ihrem Streben zur deutlicheren Verbreiterung der Handelsbeziehungen mit der Türkei abzeichnete.

Ein faktor zur Verbreiterung dieser Beziehungen waren auch die Zeitungen. In ihnen bemerkte man auch in gewissen Momenten den konkreten Eindruck dieser Beziehungen und zwar in dem täglichen Streben, die Weise für ihr je grösseres Verbreiten zu finden. Von-allen Zeitungen in Rijeka war am bedeutensten „La Bilancia", in welcher häufig Artikel veröffentlicht wurden, die türkische ökonomische Fragen traitierten. In ihnen appellierte man öffentlich an die Rijekaer Kaufleute, für je stärkere Verbindung mit der Türkei einzutreten. Von spezieller Wichtigkeit waren artikel, die in dieser Zeitung Fran Kučinić unter dem Pseudonym „Fluminensis" veröffentlichte, der sich von 1892—1894 in der Türkei aufhielt und das meist in Mazedodonien, von wo er seiner Zeitung interessante artikel über die Wirtschaft in Mazedonien einsandte u. in denen er für die Verbreiterung der Rijeka-türkischen Beziehungen eintrat.

Die Anteilnahme der diplomatischen Vertreter war ebenso wichtig für die Verstärkung der Rijeka-türkischen Handelsbeziehungen. Hier waren besonders die österreichisch-ungarischen diplomatischen Vertreter in der Türkei u. die türkischen diplomatischen Vertreter in Rijeka engagiert. Abgesehen davon, dass sie politische Vertreter waren, hatten sie auch die Aufgabe, die Interessen ihrer Wirtschaft in Handel u. Schiffahrt zu wahren. Die österreichisch-ungarischen diplomatischen Vertreter in der Türkei waren verpflichtet über die wirtschaftliche Situation in den einzelnen türkischen Zentren, wie über das Übereinstimmen der Handelsbeziehungen unterreinander zu informieren, ebenso auch das Rijekaer Seehandelsgebiet u. die Handelskammer. Aus serdem korrespondierten sie auch mit diesen Institutionem. Besondere Wichtigkeit hatten auch die türkischen diplomatischen Vertreter in Rijeka. Diese machten grosse Austrengungen in den allgemeinen Bemühungen zur Entwicklung der Rijeka-tülkischen Handelsbeziehungen. Sie nahmen Anteil an der Erläuterung vieler Einzelheiten der wirtschaftlichen Lage der Türkei und anderer seits auch im Bekanntwerden der türkischen Handelsfaktoren mit den wirtschaftlichen Verhältnissen in Rijeka u. ihrer Wichtigkeit für die Handelsbeziehungen mit Rijeka. Darin zeichnete sich besonders der türkicsche Vice-Konzul und spätere Konsul in Rijeka — Nikolaki Effendi aus.

In der Verbreiterung der Rijeka-türkischen Handelsbeziehungen waren auch die Handelskammern von Wichtigket. Ihr Anteil war bedeutungsvoll für das richtige Abwickeln des Handelsaustausches zwichen Rijeka u. Türkei. Darin Waren am bedeutungsvollsten die Rijekaer Handelskammern, die türkischen Handelskammern u. die österreichisch-ungarischen Kammern in der Türkei. Die Aktivität der Rijekaer Handelskammer war besonders ausdruckvoll und das speziell in der Verbreiterung der Handelsbeziehungen Rijekas mit der Türkei. Über sie wickelte sich die ganze Handelskorrespondenz ab u. von ihr ihng in vielen Fällen der Warenaustausch untereinander ab.

Von Bedeutung war auch die Arbeit der Handelssaustellungen und Museen. Durch sie wurde das Propagieren der Warenmärkte ermöglicht, was zum Austausch untereinander zur u. Bevorzugung des Handels mit bestimmten Erzeugnissen oder einer Gruppe vonihnen diente. In den Handelsmuseen waren alle die vorherrschenden Artikel ausgestellt, für welche gegen-

seitiges Interesse in den Handelskreisen bestand. Darin fällt besonderer Anteil dem österreichisch-ungarischen Handelsmuseum u. seinen Filialen in Rijeka zu und ebenso dem türkischen Handelsmuseum in Konstantinopel, welches 1895 seine filiale in Rijeka eröffnete und dessen Wirkungskreis auf ganz Österreich-Ungarn fiel. Diese Filiale arbeitete 3 volle Jahre u. die Wahl Rijekas zum Sitz war nicht so zufällig, sondern dadurch bedingt, dass Rijeka zu der Zeit einen wichtigen Platz an der Adria und am Mittelmeer einnahm.

Die Rijekatürkischen Handelsbeziehungen waren mit einer Reihe von Massnahmen koordiniert, welche einen inhaltlichen Teil ihres Systems der Handelsoraganisation darstellen, auf welchen sich der Autor im dieser Abschnitt aufhält.

Vom gesammten Einfuhr-und Ausfuhr-Handel Rijekas fällt der Hauptanteil auf die Ein. u. Ausfuhrfirmen, Kommissionäre und Spediteure. Diese hatten auch mit der Türkei verbreitete Handelsbeziehungen. Dasselbe gibt für das Systemder Handelsorganisation in der Türkei.

Der Rijeka-türkische Handelsverkehr wickelte sich über die See und auf den Landwege ad. Das System dieses Verkehrs wickelte sich nach festgelegten Normen gemäss gesetzlicher Verordnungen für den Seeverkehr ab. Ebenso wickelte sich der Eisenbahnverekehr nach feststehendem System ab, welches durch die Konvention von 1883 ausgeglieichen war. Im Verkehr bestand ein Tarifsystem, welches mit Abkommen für jede einzelne Ware beziehungsweise Gruppe von diesen festgelegt war. Das Auszahlen der Rechnungen für Ein u. Ausfuhrwaren wurde, ausser dass es nach abgeschlossenen Verträgen reguliert war, auch nach dem Kambialen System durchgeführt. Eventuelle Streitigkeiten in den Handelsabkommen wurden nach den üblichen Rechtsprozeduren gelöst.

Душица Петрушевска

НЕКОЛКУ БЕЛЕШКИ ВО ВРСКА СО ПРОУЧУВАЊЕТО НА СТРУКТУРАТА НА МИКЕНСКОТО ОПШТЕСТВО

Измина повеќе од една деценија откако историската наука се здоби со еден интересен извор за прочување најстарата историја на Грција — архивите од Кнос, Пил и Микена, напишани на помладото микенско слогово писмо тнр. линеарно Б.

Не треба да повторуваме каков одзвук направи големото откритие на М. Вентрис во сите области на античните науки: во филологијата, археологијата и историјата. Сепак мораме да нагласиме дека историчарите му должат на Вентрис специјална благодарност, зашто со дешифрирањето на микенското писмо, што го изврши тој, на историчарите им се отвори далеку поголеми можности за работа над расветлувањето на овој период од раното минато на Грција, за кое досега главниот збор им припаѓаше на археолозите.

Без оглед на тоа што содржината на микенските плочки одн. натписи е доста куса и прилично едностранa, таа сепак дава низа податоци за јазикот и културата на микенското општество, за неговото устројство и социјалната структура. Големата литература што се појави во текот на последнава деценија по дешифрирањето на линеарното Б писмо покажува колку се постигнало на тоа поле, но, исто така, таа укажува, од една страна, на несигурности и нејасности во читањето и толкувањето на одделни изрази и зборови во натписите, а, од друга страна, таа ни ја открива и комплицираноста на самите односи внатре во микенското општество. Затоа не е ни малку чудно што таа литература и понатаму бргу ќе се зголемува; тоа е и нужно, зашто секој и најмал прилог на ова поле придонесува за расчистувањето на многуте спорни и неразјаснети прашања.

При следењето микенолошката литература и проверувањето содржината на натписите од микенските плочи, нашиот интерес беше свртен пред сè кон податоците за структурата на микенското општество или поточно кон занаетчиството. Тука ни паднаа в очи покрај една низа неразрешени прашања и такви, што ни се наметнуваат како проблеми не поради нивната неразрешливост, ами поради различните интерпретации, особено на некои термини во врска со занаетчиството и поделбата на трудот во микенското општество.

Од листата на различните занаети и занимања, што беше објавена од Вентрис и Чадвик[1]), може да се види доста јасно до какви детали одела поделбата на трудот во ова рано грчко робовласничко општество. Покрај иознатите термини од подоцна, како што се kakeu = χαλκεύς „ковач", kurusowoko = χρυσοϝοργός „златар", toronowoko = θρονοϝοργός „столар", etowoko = ἐντοϝοργός „оружар", tekoto = τέκτων „сидар; мајстор", kerameu = κεραμεύς „грнчар; грнчар", durutomo = δρυτόμος „дрвар", rapte = ῥαπτήρ „шивач", kanapeu = κναφεύς (или γναφεύς) „кожар" (букв. „табак"), rapitira$_2$ (и raqitira$_2$) = ῥάπτρια „шивачка", meretirija (и meretira$_2$o) = μελέτρια „млинарка, мелачка" (спор. mereuro = ἄλευρον „брашно", букв. „мелено", „мливо"), aketira$_2$ (-ra$_2$o и aketirijai) = ἀκέστρια „крпачка", се спомнуваат уште тесните специјалисти, како што се tokosowoko = τοξοϝοργός „лачар, лакоделец" (оној што изработува лакови) покрај etowoko, доколку последново е добро разрешено, зашто покрај овој термин се среќава и etedomo, што VC го објаснија како негов синоним = ἐντεσδόμος „оружар" (букв. оној што „гради" оружје)[2]), apukowoko = ἀμπυκοϝοργός „изработувачка на ἄμπυκες"[3]). Покрај терминот tekoto = τέκτων се јавува и зборот tokodomo = τοιχοδόμος „сидар". За зборот naudomo VC мислеа дека е = ναυδόμος „корабар", поправо „корабостроител", а М. Д. Петрушевски го сфати како ναϝοδόμος „храмоградец" поради елементот -δόμος кој во грчкиот јазик не се употребувал во врска со корабите. Зборот „корабостроител" во подоцнешниот грчки јазик од класичната епоха гласи ναυπηγός. Значењето „храмоградец" денес станува поверојатно и поради толкувањето на зборот nawijo (од PY Jn 829.3) како „храмов" од ναϝός „храм", а не „корабен" од ναῦς „кораб".[4])

Во серијата Ab од Пил VC гледаа многу женски занимања, а покрај нив и некои етникони одн. имиња на места[5]). С. Лурје мислеше дека еден дел и од оние зборови што VC ги разбрале како етникони можат да бидат женски занимања, додека Л. Палмер и онде кај што VC видоа занимање претполага дека поголемиот дел од нив се етникони[6]). С. Лурје смета дека зборот kutera$_3$ е женско занимање = χύτειρα „какая-

---

[1]) M. Ventris — J. Chadwick, Evidence for Greek Dialect in the Mycenaean Archives (во Journal of Hellenic Studies, Vol. LXXIII, 1953), стр. 96; во натамошниот текст VC, Evidence.

[2]) VC, l. c.

[3]) VC, l. c.; „(fem.) headband makers?"; ἄμπυκες се ленти или врски на челото од коњот; зборот би требало можеби да се преведе со „изработувачки на ленти одн. врски за главата", зашто по сè изгледа дека се работи за женско занимање.

[4]) Види VC, Documents in Mycenaean Greek, Cambridge 1956, стр. 357с. (во натамошниот текст: Docs.; M. S. Ruipérez, KORETERE et POROKORETERE à Pylos во Études Mycéniennes, Paris 1956, стр. 117; L. Palmer, Mycenaeans and Minoans, London 1961, стр. 104; спор. J. Chadwick — Lydia Baumbach, The Mycenaean Greek Vocabulary во Glotta, Bd. XLI, 1963, стр. 223.

[5]) VC, Evidence, стр. 96—97 и Docs. стр. 155ss.

[6]) С. Я. Лурье, Язык и культура микенской Греции, Москва — Ленинград, стр. 254s L. Palmer, The Interpretation of Mycenaean Greek Texts, Oxford 1963, стр. 114. (во натамошниот текст: Interpretation).

то ремесленная специальность" (веројатно како женски род од χυτρεύς „горшечник" т. е. „грнчар"). Тоа би можело, навистина, да биде занимање, само што не е веројатно дека е ж. р. од χυτρεύς, ами од χυτήρ (можеби „слуга" одн. „слугинка" што тура вода; спор. го толкувањето за pokuta како „виноточец" кај VC)[7]). Исто така за зборот marateu, С. Лурје мисли дека е = μαλακτεύς „размягчитель слоновой кости", а Палмер помислува и на лично име[8]). Од формална страна е малку тешко да се прими идентификацијата на Лурје, зашто marateu не може да биде = μαλακτεύς поради елементот -k- кој секако би се јавил во микенскиот и зборот во тој случај би требало да гласи *maraketeu. Освен тоа грчкиот збор од подоцна и не гласи μαλακτεύς ами μαλακτήρ. А од двата текста на натписите (PY An 218 и Na 245) не може да се утврди ништо посигурно во врска со значењето на зборот. Ни зборот amote од KN So 4442 не е добро растолкуван кај Лурје[9]): не се работи *на тоа место* за ἁρμοστήρ „мастер колесниц", ами за дуал од зборот amo = ἅρμο (одн. ἅρμα) „кола" поправо „колца" (во едно постаро значење на зборот, како што се гледа од овој и од другите микенски текстови кај што се јавува овој збор). Заради илустрација ќе го цитираме целиот текст на вопросниот натпис:

Kn So 4442

opero

]-JA amote perusinwa tarasija (идеограма на) CIRCULUS ZE 1 (транскрибирано со грчки букви)

]-ια ἅρμοτε περυσινϜᾶ/ταλανσία ὄφελος ΚΥΚΛΟΣ ΖΕ 1.

(И во макед. превод) „долг од . . .ја, од ланското следување, д в е к о л ц а (КОЛЦЕ еден чифт)".

Дека се работи за дуал „две колца" во зборот amote, може да се види од споредбата на горниот текст со другите натписи од оваа серија кај што се јавува плуралната форма на истиот збор amota[10]). Зборот ἁρμοστήρ веројатно е спомнат во KN X 770 и X 6026 во формата amotere, само е текстот недостатен за да се заклучи нешто за значењето на зборот, зашто во едниот текст е запазен само зборот amotere а во другиот покрај него уште и зборот witurijo, што може да биде лично име, и ништо повеќе. Поверојатно е дека формата amotewo (во PY Ea 421) е онаа во која би можел да се крие коларскиот занает ἁρμοτεύς „колар", зашто и од епитетот rawakesijojo се гледа дека се работи за к о л а р о т н а е д е н rawaketa (rawaketa = λαϜαγέτας „војвода, војсководец"). Слично стои работата и со претположеното женско занимање

---

[7]) VC, D o c s., стр. 405 (s. v. p o k u t a).

[8]) С. Лурье, l. c.; L. Palmer, I n t e r p r e t a t i o n, стр. 307.

[9]) С. Лурье, l. c.

[10]) Дека се работи за дуал, може да се види од споредбата со натписите од истата серија So 4435, 4437, 4439, 4440, 4446, 4448 (+5794) и 4429 (+5790 + 6019), кај што се јавува плуралната форма од истиот збор amota = ἅρμοτα „коли" одн. „колца" (постарото значење на зборот), зашто се набројуваат п о в е ќ е о д д в е колца. Тоа се гледа од бројните знаци со исклучок на 4448, кај што го нема делот на плочката со бројниот знак.

kinizija[11]) = kinidija= κνιδίαι „давильштицы": зборот е по секоја веројатност етникон = Κνιδίαι „Книдјанки"[12]). Во многуте етникони од ж. р. од спомнатата Ab серија со идеограмата на *жена*, по која обично следуваат зборовите kowa = κόρϝαι „девојки" (одн. „ќерки") со бројниот знак и kowo = κόρϝοι „момци" (одн. „синови") и бројниот знак, а по нив идеограмите на „жито" и „смоква" со бројната вредност, во сушност се работи за запленети жени со нивните деца, кои се донесени во Пил како робинки и работнички.

Иако спомнатото погоре женско занимање kutera$_3$ кај Лурје не беше сосема добро идентифицирано и беше погрешно поврзано и изведено од машкиот род χυτρεύς „грнчар", сепак последниов збор е правилно идентифициран во формата kutereupi = χυτρεῦφι[13]), која се среќава двапати во Пил (Na 296 и Ab 607.2). Тука Лурје сосема правилно постапи кога тргна од самиот текст на натписот Ab 607 зашто единствено од тука можеше да се види точното значење на зборот kutereupi. До истото решение имаа дојдено порано и В. Георгиев[14]), М. Д. Петрушевски[15]) и Andrews[16]). Натписот An 607 е воопшто интересен зашто дава повеќе податоци што се однесуваат до општествените односи. Тој содржи еден список на специјална категорија жени работнички од местото Метапа што се упатуваат на работа кај некои повисоки должносници, „придружници" (веројатно на пилскиот господар). Тоа најдобро се гледа од самиот натпис што го донесуваме во целина.

An 607 — 1. metapa kerimija doqeja kiritewija
2. doqeja doero pate matede kutereupi
3. FEMINA 6 doqeja doera eqetai eeto
4. teretewe FEMINA 13
5. doqeja doero pate matede diwija doera
6. FEMINA 3 doqeja doera mate patede kakeu
7. FEMINA 1 doqeja doera mate patede kakeu
8. FEMINA 3

(следуваат 2 празни реда, во 11-иот се чита само знакот ka, па следуваат пак три празни реда. Во 6-иот ред бројниот знак 13 е напишан преку знакот 6). Натписот не може во целост да се транскрибира со грчки букви поради несигурноста во идентификувањето на некои зборови, па сепак неговиот поголем дел е јасен. Тој ни дава податоци за социјалното потекло на групата жени означени со зборт DOQEJA. Без да навлегуваме во етимологијата и значењето на зборот doqeja, за којшто

---

[11]) С. Лурје (во сите свои трудови) редовно силабограмите da, de, di, do, ги транскрибира како za, ze, zi, zo.

[12]) VC, Docs., стр. 148 и Palmer, Interpretation, стр. 114.

[13]) С. Лурје, о. с., стр. 354.

[14]) В. И. Георгиев, Словарь крито-микенских надписей, s. v. (понатаму *Словарь*).

[15]) М. Д. Петрушевски, Големото откритие на М. Вентрис во Жива Антика V, 1955, стр. 395 и 398 (во натамошниот текст: М. Д. П.).

[16]) Цитирано според Docs., стр. 399, s. v. kutereupi: „...Andrews, Georgiev: instr. plur.: khutreuphi 'potters'. (χυτρεύς Plato + Possibly a place-name, cf. Attic deme κεραμεῖς) Or 'from Κύθηρα'?".

е доста пишувано,[17]) можеме да забележиме дека тука се работи за жени кај кои еден од родителите е роб а другиот веројатно слободен. На пр. во 7-иот и 6-иот ред: D. doera mate patede kakeu = Δ. δοέλα μάτηρ πατὴρ δὲ χαλκεύς „Д. од мајка робинка а од татко ковач"; или 5-иот ред: D. doero pate matede diwija doera = Δ. δόελος πατὴρ μάτηρ δὲ Διϝία δοέλα „Д. од татко роб, а од мајка робинка на Зевс или на богињата Дивија[18]). Аналогно на ова ќе може да се заклучи дека и во вториот ред; D. doero pate matede kutereupi — се работи за социјалното потекло на двајцата родители, дека целиот ред би требало да се транскрибира Δ. δόελος πατὴρ μάτηρ δὲ χυτρεῦφι и преведе „Д. од татко роб, а мајката од грнчарите".

Меѓутоа првиот превод на зборот kutereupi погрешно беше даден од VC „with the Cytherian colony?"[19]) = „со колонијата на Китераните", кој не може да се прими ни од формална ни од содржинска страна. Јасно е дека тука се зборува за потеклото на мајката, а тоа никако не може да се изрази со англ. предлог „with" ами со „from", иако е kutereupi по форма инстр. плурал, но само по форма, а не и по функција одн. значење. Ни подоцнешниот нивни превод „among the Kytherans" = „меѓу Китераните"[20]) не задоволува зашто не се работи за локативна ами за аблативна функција на инструменталот плурал.

Речиси сите микенолози денес гледаат дека овој збор треба да го означува потеклото на мајката, но не согледуваат дека тука се работи за збор што треба да ја определи социјалната положба одн. занимањето а што би можело да се види од останатите примери на истиот натпис. М. Лежен[21]) допушта тука, вистина, аблативен однос, но останува кај етниконот („од Китераните"). Па сепак, дека се работи тука за социјалното потекло на мајката, како што спомнавме и погоре, беше согледано од В. Георгиев, М. Д. Петрушевски, С. Ј. Лурје и Andrews,[22]) кои во изразот kutereupi видоа дека се крие познатото занимање од подоцна χυτρεύς „грнчар". М. Д. П. отиде и чекор понапред[23]), зашто

[17]) Chadwick во Docs., стр. 167 го доведува во врска со глаг. δρέπω и го транскрибира со *Δόρπεια поврзувајќи го со ајолскиот збор μαλοδρόπης кај Сафо, од кај што излегува значењето „берачка" за вопросниот збор; С. Лурје во спомн. дело стр. 353s. ја транскрибира zoqeja = Δόλφεια „черевница" и мисли дека со овој термин се означувале жени од мешани бракови меѓу робови и слободни; Л. Палмер пак претполага дека во зборот doqeja се криело име на некоја богиња (в. Interpretation, стр. 95 и 128) а тоа е во сушност претпоставка од Ф. Р. Адрадос (в. ја неговата статија Do-qe-ja, diosa micenica de la fecundidad, во Minos V, 1957, стр. 53—57), кој во ова име гледа една богиња на плодноста.

[18]) Би можеле тука да се согласиме со мислењето на С. Лурје дека diwija doera = Διϝία (или, можеби, Διϝίας) δοέλα „робинка на Зевс (или на богињата Дивија, женскиот пандан на Зевс") во сушност била слободна жена (в. С. Лурје, *о. с.*, стр. 354 и, особено, стр. 277с).

[19]) VC, Evidence, стр. 92.

[20]) VC, Docs., стр. 167 (спор. и стр. 399, кај што имаме безмалу противен став кон она што е речено на стр. 167).

[21]) M. Lejeune, La désinence -φι en mycénien во Bulletin de la Société de linguistique, t. III, стр. 166 (=Mémoires de Philologie mycénienne Paris 1958, стр. 177).

[22]) ll. cc. (в. горе, фуснн. 13—16).

[23]) l. c.

во формата на инстр. плур. виде аблативска функција и значење (kutereupi = χυτρεῦφι „од грнчарите") забележувајќи дека во овој старински грчки дијалект инструменталот, кој бил во нормална употреба, ја имал преземено и функцијата на аблативот. Тоа се гледа од една низа инструментали на -pi од имиња на места, што секако не се локативи ами инструментали со аблативна функција, а тоа значи дека покажуваат од к а д е е нешто или некој, одн. о д к а д е некој или нешто доаѓа или о д к а д е треба нешто да се прими.[24])

Оние што се задржуваат кај значењето на еден етникон или име на место во изразот kutereupi тргнуваат од честата употреба на овој падеж на -pi кај топонимите, како што се гледа од примерите porarpi, potorowapi, pakijapi, eraterewapi, katarapi и сл.[25]). Токму нашиов случај потврдува и треба да им покаже на лингвистите и на другите иследувачи колку е важно да се зема секогаш предвид и контекстот. Зашто ако ние не ги имавме следните редови на натписот и ако потеклото на таткото кај последниов не беше одбележено со „doero" = „роб", ќе беше сосема в ред да се мисли на еден локалитет *kuterewe, кој би можел да се доведе во врска со островот Kutera = Κύθηρα „Китера", како првобитен етникон за обележување извесна група одн. колонија од Китерани, населени во Пил или во неговата околија. Фактот што се среќаваат во неколку пилски натписи и формите kutera$_3$ (Aa 506, Ab 562) и kuterao (Ad 679, 696) укажува веројатно на тоа дека можат да се јават извесни групи луѓе, одн. жени, што дошле од Китера и работат во Пил[26]), но тој факт не би смеел да ја исклучи можноста во оваа средина да се појави и занаетот одн. занимањето χυτρῆες „грнчари". Најпосле, познато е дека овој занает покрај ковачкиот е еден од најстарите, па дури и постар од него. Резонирањето на Вентрис и Чадвик[27]) дека κεραμεύς (спор. keramewo во PY En 467.5 и Eo 371.1, keramewe во An 207.7 и keramewi во MY Oe 125) бил оној термин со кој се одбележени „грнчарите" не може наполно да нè задоволи, зашто зборот κεραμεύς во грчкиот јазик има пошироко значење: тоа е воопшто „грнчар", одн. човек што изработува сè она што е од κέραμος „печена глина"; а χυτρεύς е оној што прави и пече само χύτροι „грнци" т. е. г р н ч а р. На ова нè доведува и мислата и фактот, како што видовме и погоре (а тоа впрочем можеше да се види и потврди уште со пронаоѓањето материјалните остатоци од микенската епоха) дека во микенското општество занаетчиството било мошне специјализирано и многу поразвиено одошто во следниот, „хомерскиот" период на грчката историја, во кој,

---

[24]) Види М. Д. П., о. с., стр. 398s., за расчистувањето на овие две функции и, за аблативската функција на инструменталот види особено П. Хр. Илиевски, А б л а т и в о т, и н с т р у м е н т а л о т и л о к а т и в о т в о н а ј с т а р и т е г р ч к и т е к с т о в и, Скопје 1961, стр. 55—94.

[25]) Види П. Хр. Илиевски, *о. с.*, стр. 57—66.

[26]) Palmer, I n t e r p r e t a t i o n, стр. 128, се сомнева дека тука би се работело за островот Китера, а и Чадвик денес искажува извесна резерва во врска со тоа (в. J. Chadwick—L. Baumbach, T h e M y c e n. G r e e k V o c a b., s. v. Κυθήρα).

[27]) Види D o c s., стр. 167.

според изворите[28]), се спомнуваат само неколку занаети. Покрај останатото тоа го потдрдуваат самите плочки и со термините kanapeu wanakatero (PY En 74. 3. 23 и Eo 276.2) = κναφεύς Fανάκτερος „кралски одн. дворски кожар", keramewo wanakatero (PY Eo 371.1) = κεραμῆFος Fανακτ. „од кралскиот одн. дворскиот грнчар", etedomo wanakatero (PY 609.5) според VC, како што видовме и погоре, = ἐντεσδόμος Fανάκτερος „кралски одн. дворски оружар", а според М. Д. П. = ἐτε(Fο)δμὼς Fανακτ[29]). „верен слуга на кралот одн. на господарот од Пил" (спор. го понапред спомнатиот rawakesijojo amotewo = λαFαγεσίοιο ἁρμοτῆFος „од коларот на војводата"), што сè укажува на фактот дека занаетчиството во микенското општество било многу усовршувано и тесно специјализирано. Затоа не е овде невозможно покрај κεραμεύς и χυτρεύς да се јави и третата „црепарска" специјалност — т у л а р с т в о т о, одн. зборот *πλινθεύς „тулар", како одделен термин за оние специјализирани работници што изработувале само πλίνθοι „тули" (за ова повеќе в. подолу, на стр. 98).

Ако го имаме сето тоа пред, вид ќе ни изгледа необичен конзервативниот став на Џ. Чадвик, кој и во својата последна работа, што ја објави заедно со Лидија Баумбах[30]), не само што ја задржува етимолошката врска на зборот kutereupi со Κύθηρα, туку ни со еден збор не ја спомнува можноста за едно толкување на k. со χυτρεῦφι. Од друга страна пак, во забелешката кон овој збор тој додава: „The relation of all these forms to the historical Κυθήρα i s d o u b t f u l, but they may indicate the existence of such a name at this date", (подвлеченото е наше! Д. П.). Тука секако се работи за игнорирање на туѓите мислења, од кое што науката нема никаква полза.

Ни мислењето на Л. Палмер[31]), кој смета дека зборот kutereupi нема врска со островот Κύθηρα, не е многу поопределено и се движи, главно, во истите рамки: дека се работело за име на место и било во врска со името на реката Κυθήριος во Писатија одн. Елида. За вакво мислење најмногу спомогна натписот Na 296, кај што се наоѓа само зборот kutereupi со сиглата „sa" и бројниот знак за „100", така што, аналогно на другите натписи од оваа серија, кај кои на прво место се среќава речиси редовно име на место во локатив или инструментал (со аблативна функција) за одбележување некаква дажба во материјал одн. продукти (означени со сиглата „sa"), што треба да се добијат од

[28]) Во Илијадата и Одисејата, на пр., изразот τέκτων „Ѕидар" одн. „мајстор" се употребува за повеќе занаети, за ѕидари, дрводелци, столари, корабостроители, изработувачи на оружје (лакови) и сл.; (в. I l i a d. O 410; N 390; 110 и O d y s s. t 126; ρ 384; спор. E. Buchholz, D i e h o m e r i s c h e n R e a l i e n, II. Bd. I. Abt.: Öffentliches und privates Leben, Leipzig 1881, стр. 41 ss.).

[29]) Ѳ. с., стр. 393 s.

[30]) Тоа е веќе спомнатиот „Микенски грчки речник" (The Mycen. Greek Vocab.), s. в. Κυθήρα. Овде Чадвик, во споредба со D o c s. (особено со цитираното место во нашата бел. 16), наместо да напредува, отишол неколку чекори назад.

[31]) Во неговата последна работа I n t e r p r e t a t i o n (l. c.); за неговите поранешни комбинации, спор. ги Studies in Mycenaean Inscriptions and Dialect No IV и VII за 1958 и 1961 год., s. v., kutereupi.

тие места, произлегува дека и kutereupi би означувало некое место. Ако се работи за истиот збор со оној од плочката An 607, што е мошне веројатно, тогаш би можеле и во двата натписи да видиме спомен за една населба одн. дема, што го добила своето име според луѓето што живеат и работат онде, а тоа биле секако *kuterewe = χυτρῆϝες „грнчари". Може да се претполага дека тамошниот терен бил погоден за развивање и концентрација на тој занает, зашто самиот состав на земјата обезбедувал материјал — глина — за работа на повеќе грнчарници и грнчари. Затоа не може и не смее да се одбива толкувањето на зборот kutereupi со χυτρεῦφι само заради тоа што и локалитетот од плочката Na 296 се транскрибира на истиот начин. Дека можело да има вакви локалитети и населби во Грција и од микенската епоха, би можело да се помислува и од подоцнешните аналогии од истата област. Нека ни послужат за пример имињата на местата одн. демите: Χαλκέων πόλις[32]), Χαλκεῖα[33]), Κεραμῆς, -εῖς[34]), Κεράμων ἀγορά[35]), Χύτροι[36] и др. И градот Ceramia одн. Ceramea[37]), што се спомнува во нашиот дел на Македонија од времето на римската империја, наречен така секако по грчкиот апелатив κεραμεῖα (пл. од κεραμεῖον „грнчарница" одн. „тулана"), по секоја веројатност покажува дека подоцнешниот истоимен град се развил од некогашните грнчарници одн. тулани што првобитно се наоѓале на она место.

Да се вратиме сега на оној микенски збор, во кој мислиме дека би можеле да се кријат траги и од спомнатата туларска специјалност. Во плочките од Пил двапати е спомнато името на некојси грнчар Piritawo (En 467.5 и Eo 371). Има сериозни разлози да се мисли дека и во двата натписи се работи за истото лице и поради истото занимање и поради тоа што се јавува во врска со истиот предмет (давање податоци за неговата нива — kotona kitimena во врска со неговото евентуално оданочување според големината на приходот од истата), иако во натписот Eo 371 тој е обележен не просто како keramewo = κεραμῆϝος „од грнчарот", а како keramewo wanakatero (последниот збор веројатно неполно одбележен нам. wanakaterojo во ген. синг., како и, претходниот што е во ген. синг.) = κεραμῆϝος ϝανακτέροιο „од кралскиот одн. дворскиот грнчар".

---

[32]) Градот е спомнат во CIG 2, 3639, 3.

[33]) Според Steph. Byz., s. v., градот е во Либија, само што кај него е со друг акцент Χάλκεια; но види Alex. Pol. fr. 133 и спор. Pape-Benseler, Wörterbuch der griech. Eigennamen, s. v. (кај што се потврдува како правилен акцентот Χαλκεῖα, што би значело „ковачници").

[34]) Од оваа атичка дема остана и името Κεραμεικός за еден реон на Атина, кој се наоѓал некогаш надвор од градот Атина; в. Aristoph., Ran. 1093 и спор. Suid., s. v.

[35]) Градот се наоѓа во Фригија близу до Мисија, в. Xenoph., Anab. I.

[36]) Градот се наоѓал на островот Кипар (Alex. Pol. кај Харпократион, спор. Суид., s. v.; според Птолемеј (5, 14, 6) градот се викал Χύτρος.

[37]) Во Tab. Peuting. градот е забележен во формата Ceramie (=Ceramiae), а тоа е всушност форма на стариот локатив (спор. ја формата Stopis за Стоби во истиот извор, што е и пак еден локатив на плуралот од Stopi=Stobi, Στόβοι); за локализирањето на Керамија в. денес Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, Скопје 1957, стр. 219, фусн. 26 и стр. 223 со фусн. 52.

Неговото име беше транскрибирано прво од шведскиот филолог G. Björck како Βριθάϝων[38]), што го примиле подоцна речиси сите микенолози[39]).

Уште одамна било забележено дека некои лични имиња се во многу тесна етимолошка врска со некои занаети и занимања[40]). Тоа може да биде остаток од класната поделба и наследувањето класните и сталешките особености во старото микенско општество, кај што преминувале занимањето и работата од татко на син, а во врска со тоа и од верата и желбите на родителите, нивните деца да го продолжат животот и работите онака како што ги воделе тие самите. Затоа не треба воопшто да нè изненади кога ќе се јави зборот kakeu = χαλκεύς „ковач" и како лично име на еден kakeu (PY Jn 750.8) = Χαλκεύς или зборот pome = Ποιμήν „овчар" како лично име на еден овчар во Кнос (Dd 1376) или amotajo = Ἁρμοσταῖος, лично име на еден ковач (PY Jn 320.2), веројатно во врска со изработката на делови за колата одн. колцата (amota = ἅρμοτα) или pirotekoto = Φιλοτέκτων (во PY Es 650 r 5) „пријател на мајсторите", „сидарољубец", иако не го знаеме занимањето на последниов.

Појдувајќи од горе спомнатите факти во врска со имињата кај старите Ахајци, а и од формалните фонетски тешкотии за идентификацијата на името Piritawo како Βριθάϝων поради утврдената етимологија на грчките зборови βρίθω и βριθύς одн. на основата βρι- од *gwri-, М. Д. П. заклучи дека микенското име Piritawo во тој случај би морало да гласи *Qiritawo. Затоа тој и не се согласи со горната идентификација, но во името Piritawo согледа една изведенка од грчкиот збор πλίνθος „тула", со честиот завршок -άϝων кај една низа грчки имиња уште од микенско време.[41]) Според тоа името Piritawo = Πλινθάϝων би било во тесна врска со занаетот негов и на татко му и би укажувало на едно уште поспецијализирано занимање *πλινθεύς „тулар".[42]) Од истата област е и женското име Kerameja = Κεράμεια што се среќава на натписот KN Ap 639.7, иако од натписот не може да се види нејзиното занимање.[43])

---

[38]) Види Docs., стр. 423, s. v. piritawono.

[39]) Види Вл. Георгиев, Словарь, s. v. *piritawono* и O. Landau, *Mykenischgriechishe Personennamen* Göteborg 1958, s. v. *Piritawo* и *Piritawono* на стр. 105.

[40]) Спор. O. Landau, *o. c.*, стр. 204 s.

[41]) Како што се, на пр., *Amutawo* = Ἀμυθάϝων, *Akawo* = Ἀγαύων(?), *Aperitawo* = Ἀπειριτάϝων, *Pajawo* = Παιάϝων, Παιήων, Παιᾶν, *Pirotawo* = Φιλοτάϝων и др. v. O. Landau, *o. c.*, s. vv.

[42]) Види М. Д. П., *Pi-ri-ta-wo*, *Qi-ri-ta-ko*, *Qi-ri-ta-ro*, во Ж. А. IX, 1959-стр. 230; спор. ги подоцнешните грчки имиња: Πλίνθας, што е веројатно хипокористикон од Πλινθάϝων, запазен во микенската форма *Piritawo,-no* и Πλίνθιος (в. Pape-Benseler, *o. c.*, s. vv.)

[43]) Спор. ги грчките имиња од подоцна: Κεράμιος, Κεράμυλλος, Κεράμων (в. Pape-Benseler, s. vv.).

Со горниве наши белешки се обидовме да уточниме некои податоци во врска со структурата на микенското општество и поконкретно со занаетчиството и поделбата на трудот во него. Плочките од Кнос, Пил и Микена ни откриваат нови странички од животот на микенските Грци. Податоците што се содржат во нив се од непреценлива вредност за подоброто познавање најстарата историја на Грција. Но, токму поради фрагментарноста и ограниченоста на содржината на овие архиви, ние сме принудени до максимум напоредо да ги ползуваме податоците до кои доаѓаат археолозите и лингвистите.

Dušica Petruševska

REMARQUES SUR LA STRUCTURE DE LA SOCIÉTÉ MYCÉNIENNE

RÉSUMÉ

Après une étude de la littérature mycénologique et une vérification du texte des tablettes mycéniennes, l'auteur s'arrête avant tout sur les données relatives à la structure de la société mycénienne et, plus précisément, à quelques métiers et professions des anciens Achéens. Un certain nombre de termes du domaine en question était différemment interprété par les savants et c'était justement ici la cause et la raison des problèmes qui s'imposaient devant nous.

Parmi ceux-ci l'auteur appelle l'attention particulièrement sur le terme *kutereupi*; elle adopte l'interprétation de V. Georgiev, S. Luria, M. D. Petruševski et P. B. S. Andrews (*kutereupi*=χυτρεῦφι „des potiers") en rejetant l'opinion de J. Chadwick, L. Palmer et d'autres. C'est justement le cas où l'auteur fait ressortir l'importance du contexte pour l'interprétation des mots isolés. En même temps elle reproche l'absence et l'ignorance de ce principe chez J. Chadwick qui ne tient aucun compte du contexte de l'inscription An 607 concernant la signification du mot *kutereupi*. Ses traductions 1° „with the Cytherian colony" et 2° „among the Kytherans" donnent un exemple de la négligence du susdit principe et des travaux des autres, savants.

Cependant, il ne faut pas mésestimer les résultats des philologues et des linguistes. Ces résultats sont surtout précieux lorsque les tablettes sont fragmentaires et quand le contexte fait défaut. Bienque des termes de certains métiers et professions ne soient pas directement mentionnés dans les tablettes mycéniennes, on peut tout de même supposer leur existence chez les Achéens

de l'époque mycénienne. Il y a par conséquent des noms de personnes qui sont étroitement liés à différentes branches de métiers. En acceptant l'identification de M. D. Petruševski concernant le nom d'un tuilier (*keramewo*) *Piritawo*, qui est un dérivé du mot grec πλίνθος, l'auteur croit à l'existence d'une profession, c.-à-d. d'un métier spécialisé *πλινθεύς, tout comme les noms *Amotajo* (PY Jn 320. 2), *Pome* (KN Dd 376) et *Kerameja* (KN Ap 639. 7) sont des dérivés des mots grecs ἁρμοστάς, ποιμήν et κεραμεύς et confirment l'existence des professions citées.

En terminant ses remarques l'auteur souligne l'importance des données et des hypothèses de divers savants pour la meilleure connaissance de la structure de la société grecque de l'époque mycénienne et elle insiste sur une collaboration encore plus étroite et plus profonde entre la philologie, l'archéologie et l'histoire.

Константин Петров

ДВА СРЕДНОВЕКОВНИ ФИГУРАЛНИ РЕЉЕФИ ОД МАКЕДОНИЈА

(*Трет извадок од докторската дисертација „Декоративна пластика во Македонија од XI до XIV век“*)*)

Меѓу познатата пластика што ги краси македонските споменици нема претстави на човечки фигури. Се разбира, ако не се зема предвид сосема оштетената светечка фигура дополу раст, сред фризот над севернага врата во св. Софија во Охрид и главите од олтарната преграда во св. Атанасиј во Лешок[1]). И токму заради, речиси, апсолутното отсуство на фигурални претстави во пластиката на македонските споменици добиваат уште поголемо значење двете откриени скулптирани плочи со фигурална пластика. Тие се најдени на две оддалечени места, стилски и временски се раздвоени а секако може да се претпостави дека имале и различна намена, но и покрај тоа се претставени заедно во овој извадок. Разлогот за нивното заедничко прикажување е во истоветниот карактер на единствена досега откриена фигурална пластика во Македонија.

Иконката на св. Јован Теолог од Демир Капија

Првата плоча, иконката на св. Јован Теолог[2]), е откриена 1952 година при археолошките ископувања кај Демир Капија, на секторот „Манастир“[3]). Иконката, сл. 1, е изработена од мек камен со темно-

*) Одбранета 1958 година. Овде се внесени и некои нови податоци.

[1]) К. Петров, Декоративна пластика во Македонија во XI и XII век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Скопје 1962, сл. 2 стр. 3/127; К. Петров, Декоративна пластика во Македонија во XIV век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Скопје 1963 сл. 31-48, стр. 44-56.

[2]) Меѓу имињата: апостол Јован, св. Јован Богослов, св. Јован Евангелист и св. Јован Теолог, го одбрав ова последново име заради еднаквоста со натписот на иконката.

[3]) Иконката и припаѓа на збирката на Археолошкиот музеј во Скопје и своевремено ја обработив со материјата на средновековата пластика. Н. Петровиќ, Демир Капија — архитектонски налази на сектору „Манастир“, Старинар XII/1961, Београд 1961, ја споменува плочката со рељеф а деловите од зградата, гробните паоди и монетите ги датира во X—XII век.

сива и тука-таму зеленикава боја[4]). На иконката секаде еднакво дебела по 8 mm. со зарамнети правоаголни димензии 68 × 55 mm., е скулптирана дополу раст фигурата на светецот, во рељеф висок 9 mm. Натписот Ⓐ Γ) ΙΩΙ Ὁ ΘΕΟΛΟΓ) Ὁ Ἅγι(ο)ς Ἰω(άνν)ης(ς) ὁ θεόλογ(ο)ς е инцизиран 0,5 mm. плитко одстрани од светечкиот ореол. Иконката, речиси, во потполност е зачувана, осем дел од диплата на светечката облека и мали одлушнувања тука-таму.



Сл. 1 — Икона со попрсје на св. Јован Теолог.

Изобразениот во рељеф св. Јован Теолог е облечен во широк, многу надиплен химатион, чиј еден подвиткан крај го држи на левата рака. На градите под химатионот се насираат малите дипли на хитонот од видливо потенка материја. Во рацете држи книга со разделени листови. Ликот претставува старец во напредната возраст со сосема малку коса на тилот, со набрано високо чело, со густа брада, јак нос и големи очи. Несомнено дека скулптурот сакал да го претстави св. Јован Теолог вонредно стар, изгледа во последните години од неговиот

[4]) Тоа е по состав хлоритски шкрилец со незнатна примеса на кварц. Темната патина негде-годе доаѓа од хидроксид.

живот, можеби со книгата на Откровението или со книгата на Четвртото евангелие[5]).

Светечкиот лик на рељефот е вонредно реалистичен. Тоа се сеќава не само во природната статура на светецот ами и во пропорциите меѓу телото, главата и рацете. Тоа е евидентно и во наведените плеќи за да се приклони главата кон книгата во став на читање а и во успешната интерпретација на природното држење на книгата со рацете. Дури и оние детали како на пример четирите брчки на челото, под очите и на лицето, би требало повеќе да бидат сметани за дополнителни детали на една реалистична претстава на старец, отколку за израз на натуралистичко уточнување. Скулпторот постигнал репрезентативна претстава не само ставајќи го светецот во средината на просторот, во моментот на неговата врвна интелектуална активност, ами и со изборот на тричетвртинска поза.



Сл. 2 — Иконка со попрсје на св. Јован Теолог, изглед од страни.

Рељефот е пропорционално многу висок, и некои делови како главата и рацете излегуваат волуминозно надвор од фонот, сл. 2. Пластичноста на челото, косата, брадата, десното рамо со лактот и дланките е заоблено моделирана, додека се според рељефните планови диплите од хима-

[5]) Откр. Јованово, 1—9, 10, 11, XXII—8. Се наведува дека св. Јован Теолог ја напишал Апокалипсата во прогонство на остров Патмос, Споради — Додеканези. Според L. Réau, L'iconographie de l'art chretien, Paris 1956, III G-O, p. 716, во византиските минијатури св. Јован Теолог е претставен како исправен ја крева главата кон божјата рака која го осветлува со зраци, додека неговиот ученик, дијаконот Прохор, ги одбележува неговите визии на еден свиток од Откровението. Меѓутоа L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, на друго место вели дека според современата критика Апокалипсата не можела да биде од ист автор како и Четвртото евангелие, и дека ни едното ни другото не биле творби на св. Јован Теолог. Апокалипсата му била припишана на неговиот истоименик презвитерот Јован, којшто ја редигирал меѓу 90 и 125 година.

тионот на градите, подвитканиот крај на левата рака и ореолот, плитки и ниско скулптирани. Сите делови од рељефот се работени основно во техники на екскавирање и цизелирање со мало доработување на површини и детали. Потезите на линиите, какви што има доста по лицето, косата, брадата и облеката се сериозно одмерени и простудирани, изведени секако според обмислен цртеж.

Меѓу другите одлики треба да се сврти внимание и на воспоставената дистинкција на материјата и покрај малите димензии на рељефот. Така на пример, дебелата ткаенина од химатионот се дипли со поинакви набори од тенката ткаенина на хитонот. Површината на книгата се разликува од волуминозноста на живото ткиво на лицето и рацете. Линиите по косата и брадата се дистингвирани од оние на лицето. Има потреба да биде одбележано уште и конвенционалното дотерување на извесни места: кај ноктите на левата рака и на инцизираните листови на книгата.

При иконографската споредба можеше да се констатира дека светецот е вонредно ретко претставен во ваква возраст како на иконката. Ова заслужува да се разгледа со внимание и да му се оддели одвоено место. Имено, L. Réau предложува претпоставка дека во иконографијата на св. Јован Теолог се одделуваат два многу различни типа: на Запад тој бил воопшто претставуван млад и голобрад, додека во византиската уметност се појавувал со физиономија на ќелав старец со бела брада[6]).

Нешто поприфатливо мислење за овој проблем има H. Detzel, којшто смета дека св. Јован Теолог бил прикажан во старите претстави на византиската уметност возрастен и со долга бела брада, како што бил прикажуван и во поранешната западна уметност во својство на евангелист. Подоцна бил св. Јован Теолог прикажуван во западната уметност и во својство на апостол и во својство на евангелист секогаш млад и голобрад[7]).

Работејќи врз компонентите на овој проблем, особено врз иконографските особености на ликот на св. Јован Теолог, наидов на примери коишто недвосмислено наведуваат на потреба со голема резерва да се прими тврдењето на L. Réau, кое тој го поврзува и со мислењето на J. Ficker[8]). Отсега одвај дека ќе може да се задржи претпоставката на L. Réau и J. Ficker дека постојат само два иконографски типа на св. Јован Теолог, од кои еден млад и голобрад, а друг ќелав старец со бела брада, затоа што постојат бројни рељефи на светецот од 30, 40, 50, 60

---

[6]) Иконографскиот лик на старец можеби е во врска со текстот од Четвртото евангелие (XXI—22), каде што Христос рекол за св. Јован Теолог: „Ако сакам тој да остане додека да дојдам. . .", и оттука верувањето дека св. Јован Теолог не само што доживеал длабока старост, ами и дека ја избегнал смртта (Јован, XXI—23). L. Réau, o. c., III G—O, p. 709, 710, наведува дека во XXV-то пеење од Рајот Данте поставил еден деманти на оваа легенда од самиот апостол којшто изјавил дека телесното вознесување било зачувано само за Христос и Богородица.

[7]) H. Detzel, Christliche Ikonographie, Freiburg im B-gau 1894, II, 143, 145.

[8]) J. Ficker, Die Darstellung der Apostel in der altchristlichen Kunst, Leipzig 1887.

или 90 години, односно, речиси, во сите возрасти, а тоа ќе рече и во најразлични иконографски типови. Ова може да значи само едно: не постојат само речените два иконографски типа според возраста, ами и повеќе иконографски типови, или инаку не постојат строго определени иконографски типови за светецот.

За објаснување ќе се укаже само на неколку од бројните примери каде што е св. Јован Теолог претставен на рељефи во разни возрасти. На возраст од триесетина години е претставен св. Јован Теолог како апостол на распјатието од Kaiser-Friedrich Museum, од почетокот на IX век[9]) .На филдишниот рељеф од 900-та година од Cividale, св. Јован Теолог како апостол во композицијата распнување е претставен млад на триесетина години[10]). Речиси исто толку млад е претставен св. Јован Теолог како апостол под распјатието од Каролиншкиот филдиш, од почетокот на XI век[11]). Но веќе на предниот фриз од столот на Максимијан од VI век, св. Јован Теолог е претставен на четириесетгодишна возраст[12]). На филдишниот триптихон од Habarville, од X век, св. Јован Теолог како евангелист е претставен на 50—60 годишен возраст[13]). На околу 60 годишна возраст е претставен св. Јован Теолог на дел од филдишниот триптихон од Palazzo Ducale во Венеција од XI век [14]). Затоа меѓу вонредно ретки треба да се смета оваа претстава на иконката каде што е св. Јован Теолог изобразен на 90 или 100 годишна возраст.

Инаку бездруго може да се уочи дека ликот на св. Јован Теолог на иконката има стварна блискост со неговиот иконографски лик изобразен на некои рељефи и тоа изгледа доста рано. Св. Јован Теолог што е претставен во VI век на Максимијановиот стол веќе ги носи индивидуалните црти на неговиот лик: силен нос, јако чело и големи очи. Истите овие одлики од неговата физиономија ги има и ликот на филдишната плоча од Cividale од 900-та година. А и на 50—60 години, како што е претставен на триптихонот од Habarville, може да се препознае св. Јован Теолог според истите одлики на ликот.

Во Македонија постои и друг еден рељеф на св. Јован Теолог изведен на металниот опков на икона со техника на ишчукување. Макар што е од подоцно време, тој има некои допирни односи со рељефот од иконката. Металниот рељеф се наоѓа на големата икона Христос Душеспасител од XIV век од св. Климент во Охрид[15]), изведен во правоаголен

---

[9]) W. Woge, Beschreibung der Bildwerke der christliche Epochen, Die Elfenbeinbildwerke, Katalog d. Kaiserliche Museum zu Berlin 1900, pl. 12, f. 39.

[10]) G. Stuhlfaut, Die altchristliche Elfenbeinplastik, Arch. Stud., III, Freiburg—Leipzig 1896, p. 163.

[11]) M. Laurent, W. van der Pluym, Les chefs-d'oeuvre de la sculpture et de l'architecture, Paris s. a., p. 76 f.

[12]) C. Cecchelli, Il tesoro del Laterano, D. VII, R, 1926, La Catedra di Massimiano.

[13]) M. Laurent, W. v. d. Pluym, o. c., p. 75 f.

[14]) Ch. Diehl, Manuel d'art byzantin, Paris 1925, I, 324.

[15]) Ὁ Χρισὸς Πσιχοσοῖριον Н. П. Кондаковъ, Македонія, Археологическое путешествіе, С. Петербургъ 1909; B. Filow, L'ancien Art Bulgare, Paris 1922, p. 75; M. Kašanin ,L'art Yougoslave, Beograd 1939, f. 36; Р. Љубинковић, Уметнички окови на неким иконама ризнице св. Климента у Охриду, Југославија, Београд 1952, стр. 29; W. F. Liebenfels, Geschichte der Byzantinischen Ikonenmalerei, Lausanne 1956, p. 78.

медаљон лево од главата на Христос. Фигурата од опковот има доста сличности со фигурата од иконката и според тричетвртинскиот став на светецот и според надипленият химатион, чиј крај го држи светецот подвиткан во левата рака, додека под химатионот се назира и хитонот. И на опковот,како и на иконката, св. Јован Теолог држи отворена книга. Иако ликот на светецот кај овој опков не е сосема еднаков со ликот од камената иконка, блискоста на формите кај очите, носот и челото е евидентна. Св. Јован Теолог е претставен на опковот на 60 годишна возраст. За одбележување е дека според временската разлика абревиациите и лигатурите на опковот имаат поинаков карактер отколку кај камената иконка[16]).


При ваквата иконографска анализа е токму местото да се сврти вниманието на книгата во рацете на св. Јован Теолог, како негов атрибут. Имено, извесни автори посветувајќи му доста внимание на прашањето на атрибутите на св. Јован Теолог, наведуваат дека неговите најчести и најкарактеристични атрибути се ореолот, чашата со отров, котелот со врело масло и палма од рајот[17]).

По сето ова се отвораат неколку проблеми чии одговори би биле од важност за одредувањето правото место на иконката во хронолошка смисла, потоа во однос на нејзината провениенција и во однос на нејзината намена, нејзин нарачувач и место во зградата.

За посредно компарирано датирање на иконката можностите се намалени бидејќи во зградата и околу се откриени ретки други предмети што би спомогнале за хронолошкото одредување. Затоа иконката останува важен извор за утврдување на нејзината хронологија и за давање одговори на другите важни прашања сврзани со неа.

---

[16]) Текстот е инцизиран во две минијатурни плакети лево и десно од главата на светецот



[17]) Според H. Detzel, o. c., II, S. 144 и според L. Réau, o. c., III G-O, p. 712, атрибутите на светецот се поврзани со легенди од неговото житие и со негового мачеништво. Како автор на Апокалипсата св. Јован Теолог има за атрибут еден орел, што стои на наслонот од столот, или што со својот клун му дава еден ракопис. Во Каролиншките минијатури понекогаш и самиот светец е претставен со орелска глава — aetocephale. Во циклусите на апостолите тој има за амблем чаша од којашто излегува, наместо отров, нечестивиот изгонет со знак на крст, во облик на мал змев — со една или повеќе глави. Атрибутот купа со отров, што се појавува доцна во XIII век се интерпретира доста ретко во италијанското сликарство, каде што е заменето со книга. Според наводите на Псеудо Исидор од Севиља купата за отров има често облик на калеж и наместо змев на калежот се претставува хостија, затоа што се беа обиделе да го отрујат св. Јован Теолог со еден калеж за причесна. Котелот со врело масло потсеќа на неговото мачење на Porta Latina. Палмата што ја држи св. Јован Теолог не е палма на маченик, ами онаа што еден ангел ја донесол од рајот и му ја дал на св. Јован Теолог да ја носи пред смртниот одар на Богородица, за да ги одбие демоните. Инаку има и претстави на св. Јован Теолог со книга, како во мозаикот од San Vitale во Равена, од 547 година, или на триптихонот од Абарвил.

Не може да се смета дека самата иконка има бројни евидентни одлики што би ја датирале со поголема точност. Постојат само стилски и инскрипциони индикации од релативно значење. Првата индикација е античното облекло на св. Јован Теолог, што заедно со грчкиот натпис највеќе укажува на периодот на уметничката преродба во византиската уметност во X, XI и XII век, за кое време Ch. Diehl, констатира влијание на античните елементи во уметноста[18]).

Втората и поважна и посигурна индикација е начинот на абревирањето на зборот Ὁ Ἅγιος со (4). Овој начин на абревирање е употребен во X век на еден рељеф во Атинскиот музеј[19]). На веќе споменатиот триптихон од Habarville, од X век, овој начин на абревирање е употребен 18 пати, колку што има светечки фигури на триптихонот.

На бројни бронзени и филдишни плочи, во мозаици и минијатури, на емајли и сребро, овој начин на скратување е употребуван особено во XI век[20]). Меѓу примерите од овој броен материјал абревијациите од таков карактер се на бронзената плоча од Британскиот музеј, на филдишниот триптихон од Kaiser-Friedrich Museum, потоа во мозаиците во св. Лука во Фокида и на минијатурите од псалтирот во Британскиот музеј[21]). Такви абревијации на предмети од XI век има, натаму, на емајлираните медаљони од Будимпештанскиот музеј, на еден капак од сребрен реликвијар од Халберштат, потоа на путирот со емајли и бисери од трезорот на San Marco во Венеција и на една минијатура во Британскиот музеј[22]). На капакот со емајли и геми од Biblioteca Marciana во Венеција абревијацијата (4) е повторена 12 пати, колку што има светечки ликови[23]). И три светци од мозаиците од св. Софија Киевска од XI век имаат такви абревијации[24]). За одбележување е дека на едното крило од триптихонот од XI век, што е во музејот на Palazzo Ducale во Венеција, е претставен св. Јован Теолог не само со истоветна абревијација (4) во текстот, ами и зборот Ο ΘΕΟΛΟΓ, завршува со иста абревијација за OS

[18]) Ch. Diehl, o. c., p. 409. Се има впечаток дека ваквата облека на св. Јован Теолог е иконографска неменливост за сите периоди, бидејќи се среќава веќе од VI век. Така H. Detzel, o. c., II, S. 143, наведува дека во мозаиците од VI век св. Јован Теолог е прикажан со pallium и tunica и евангелие пред градите. Фактот дека и во XIV век може да се сретне антицизирање во облеката, како што е споменатиот пример на иконата Христос Душеспасител од св. Климент во Охрид, од XIV век, зборува дека во византиската провинција можат да се најдат и ретардирани антицизирани интерпретации, како одраз на столнинската креативност од X, XI и XII век.

[19]) G. Sotiriu, Guide du Musée d'Athènes, At. 1932, f. 22, p. 48.

[20]) Таму каде што изискувал материјалот и техниката на изработувањето, како на пример на емајли, ставено е во XI век наместо (4) нешто поупростено (•) (Според O. M. Dalton, Byzantin art and archeology, Oxford 1911, f. 314).

[21]) O. M. Dalton, o. c., f. 93, 140, 252, 291; L. Bréhier, L'art byzantin, Paris 1924, f. 79; Ch. Diehl, o. c., f. 252.

[22]) O. M. Dalton, o. c., f. 312, 338, 340, 429.

[23]) Ibidem, f. 308.

[24]) F. Halle, Alt-russische Kunst, Berlin s. a., f. 3, 4.

како на иконката[25]). Во живописот од XI век од дијакониконот на св. Софија во Охрид има истоветна абревијација крај ликот на светецот исповедник[26]).

Во XII век овој начин на скратување продолжува да се употребува но веќе доста ретко. Примери има на металниот триптихон од Викторија и Алберт музеј, потоа на една камеја од Британскиот музеј, на една филдишна плоча од Викторија и Алберт музеј и во мозаиците во Марторана во Палермо[27]).

Врз основа на ова наспоредување може да се констатира дека абревијацијата (4) се употребува на различни материјали и во разновидни изведувачки техники. Но секако дека е далеку поважна констатацијата дека е абревијацијата (4) често интерпретирана како светечка сигнатура во периодот на X, XI и XII век, со евидентно силна распространетост во XI век. Поради тоа а и заради фактот дека ваквото скратување на зборот Ὁ Ἅγιος, речиси, не се среќава во времето пред X и по XII век[28]), сметам дека е најблиска претпоставката за датирање на иконката во XI век, со можни отстапувања од X до XII век.

Ваквото датирање во XI век може да најде свои основи и меѓу резултатите од археолошките истражувања во Демир Капија[29]). Такуѓерс

---

[25]) Ch. Diehl, o. c., f. 324.

[26]) Покрај абревиацијата (4) има и цели зборови Ο ΑΓΙΟ.

[27]) O. M. Dalton, o. c., f. 354, 390, 142, 238.

[28]) Во времето од VI до IX век не се среќава ваква абревијација. (Иако постои слична абревиација на еден реликвијарен крст — O. M. Dalton o. c. f. 397 — тој не може да се земе во обзир затоа што не е датиран. Некои од реликвијарните крстови од ваквиот тип без абревијации се поставени хронолошки во VI или VII век, но некои и во подоцнешниот период на византиската уметност (O. M. Dalton, o. c., p. 623). Во живописот на Курбиново од XII век се употребува цел збор Ο ΑΓΙΟς. Во Нерези во живописот од XII век се употребува осем целиот збор Ο ΑΓΙΟς уште и скратеницата Ο Α̅. Во црквата на манастирот св. Никола во Мариово (според Д. Коцо и П. Миљковиќ, Манастир, Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје, Скопје 1958, сл. 109, 110, Т. XXV) има во живописот од XIII век скратувано (4) и Ο Γ̅Α а има и цели зборови Ο ΑΓΙΟς. Во периодот подоцна од XIII век нема абревијации (4). Така на пример, во живописот во св. Павле на Атос, од XV век, има абревијација Ο Γ̅Α (Ch. Diehl, o. c., f. 417), додека во XVI век во живописот во манастирите Ксенофон и Лавра на Атос има абревијација Ο ΑΓ̅Ι (Ch. Diehl., o. c., f. 420, 423).

[29]) Во Демир Капија е откриена рановизантиска базилика со констатирани поправувања во средните векови. Ископувањата што ги следев во 1953 година утврдија, натаму, мноштво средновековни гробови околу базиликата, што несомнено сведочи дека во непосредната близина извесно постоела средновековна населба.

и меѓу историските податоци има потврда за ваквото датирање во XI век: Просек (τὸν Πρόσακον), денешна Демир Капија, во грамотата на Василиј II од 1019 година, е споменат како место што му припаѓало на поседот на мегленскиот епископ и од каде што тој имал право на клирици и парици[30]). Според ова е извесно дека во Демир Капија во XI век, и можеби нешто порано и подоцна, имало населба.

Меѓутоа, при разгледувањето на сите компоненти содржани во иконката и важни за нејзината хронологија, сметам дека е неопходно да се сврти одделно внимание на стилската интерпретација на деталите на рељефот. Имено, во рељефот нема ни трага од линеаризмот што е својствен на стилот на сликарството на XI-XII век; повеќето од деловите се, напротив, многу пластични, моделирани и заоблени. И бидејќи оваа заобленост во моделирањето не може да се вкатегоризира во стилот на линеаризмот од периодот на XI век, останува да се претпостават три варијанти. Најнапред дека ова заоблено моделирање би можело да му припаѓа на периодот околу XI век, ако се претпостави дека скулпторот не држел до особена врска со линеаризмот од живописот. Потоа, ако пластиката во овој период стилски контактирала со линеаризмот во живописот може да се претпостави дека оваа иконка прави исклучок од таквиот општ контакт, и сепак му припаѓа на периодот на околу XI век. И на крајот, бидејќи вакво заоблено моделирање може да се сретне во живописот во XIII—XIV век, треба да се смета и на алтернатива за датирање на иконката во XIII—XIV век.

При евидентната противположност на аргументите, кога едните и другите претпоставки не можат да бидат сведени во заедничка категорија, неопходно е сите можности да бидат сериозно расмотрени и да се издвои важноста на секоја варијанта. Имено, судејќи според порано укажаната антицизирана облека и абревијацијата Ⓓ, може да се претпостави дека иконката му припаѓала на периодот на X—XII век. Отсуството на линеаризмот и присутното заоблено моделирање укажуваат дека не треба да биде сосема исклучена можноста иконката да биде и од подоцнен период, можеби од XIII—XIV век, иако во овој период нема податоци за постоење на населбата во Демир Капија, а и грчкиот натпис во XIV век, во словенска држава со словенска писменост, е прашање за расмотрување.

Во натамошното истражување одговори на другите прашања секако би било од значење кога би можело да се открие да ли оваа иконка е работена во домашна работилница од местен мајстор, или треба да се смета за импортирана. Несомнено дека недостигаат бројни податоци и индикации што, со своето присуство при откривањето, би спомогнале да се поткрепи со повеќе или помалку основа една претпоставка за провениенцијата на иконката. Но иако не постојат овие барани околности за олеснето заклучување, сепак е можно да се оствари извесно проучување засновано врз познавањето на раширеноста на култот и патронатот на св. Јован Теолог.

---

[30]) Й. Ивановъ, Български старини изъ Македония, София 1931, стр. 551.

Изгледа дека не ќе има потврден одговор на прашањето за раширеноста на култот во Македонија, бидејќи е позната само црквата св. Јован Богослов од Охрид, од XIV век. Во која мерка, пак, во останатите неколку други цркви во Македонија, посветени на св. Јован Крстител се почитувал и култот на св. Јован Теолог останува отворено прашање. Но со доста сигурност се знае дека во сите цркви во Македонија, во групните сцени на Христос со апостолите, е претставен и св. Јован Теолог како апостол, и секако дека во такво својство бил претставен и на икони. Бројноста на спомениците не е голема ни во земјите околу Источен Медитеран. Во Грција на остров Патмос е основан 1088 година манастирот на св. Јован Теолог од монахот Христодул[31]). Натаму се наведува дека мартириумот на св. Трифун во Цариград се наоѓал во рамките на црквата на св. Јован Теолог[32]).

Очигледно е, според ова, дека иако во средновековна Македонија нема бројни цркви посветени на св. Јован Теолог, сепак постои заснован култ кој што е секако побројно манифестиран во живопис и икони. Овој податок може да се однесува пред сè за поширокиот период на средните векови, но каква е вистинската состојба на култот на св. Јован Теолог во XI век во Македонија не е познато, бидејќи нема податоци и не може да се најде прифатлив одговор. Инаку раширеноста на култот на св. Јован Теолог и во западните земји во средните векови е горе-долу слична како во земјите околу Источниот Медитеран[33]).

За утврдувањето на провениенцијата на иконката би можело многу да придонесе, понатаму, познавањето на патронатот на св. Јован Теолог. Кон ова би можел да се направи и обид за расветлување на прашањето: кој можел да биде нарачувач, односно подарувач на иконката, и во каква сврха е подарена иконката.

Според L. Réau патронатот на св. Јован Теолог во западните земји и западната црква се темели врз неколкуте легенди од неговото

---

[31]) L. Bréhier, o. c., p. 195; L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, вели дека околу Источниот Медитеран култот на св. Јован Теолог бил познат во Ефес каде што умрел и на Патмос каде што бил изгонет. На Патмос се покажувала пештерата каде што св. Јован Теолог ги имал своите визии и каде што ја напишал Апокалипсата, потоа еден издлабен камен што му служел како перница и стената од каде што го имал стрмоглавено во морето лажниот свештеник Кинопс.

[32]) Н. Кондаковъ, Византийскіе церкви и памятники Константинополя, Одесса 1886, 43; J. Ebersolt, Sanctuaires de Byzance, Paris 1921, 84; n. 4. C. Mango, Le Diipion. Etude historique et topographique, Revue des Etudes byzantines VIII, 1950, Paris 1951, 152—161; R. Janin, La géographie ecclésiastique de l'empire byzantin, I, t. III — Les églises et les monasteres, Paris 1953, 506; J. Максимовић, Которски цибориум из XIV века и камена пластика суседних области, САН, Посебна издања, књ. 345, Београд 1961.

[33]) L. Réau, o. c., III G-O, p. 710. Во Рим е подигната на местото на мачењето на св. Јован Теолог, кај Porta Latina, ораторија San Giovanni in Oleo и базиликата San Giovanni in Laterano. Во Болоња е црквата San Giovanni in Monte, во Пистоја е San Giovanni Evangelista, а нему му се посветени и цркви во Forcivita, во Парма и Равена. Во Франција нему му е посветена катедралата во Besançon, во Шпанија црквата San Juan de los Reyes во Толедо, во Германија катедралата во Магдебург и во Холандија црквата во Bois-le-Duc.

житие[34]), што се сметани за чудеса или пак што имаат карактер на негова главна животна активност. Претпоставениот автор на Четвртото евангелие и на Апокалипсата св. Јован Теолог станал патрон на теолозите и воопшто на писателите[35]). Св. Јован Теолог станал и патрон на сукнарите и пеглачите, на оружарите, на свеќарите, на масларите и сопствениците на мелници за масло, потоа на книжарите, на книговрзачите и на производителите и трговците на хартија[36]). Св. Јован Теолог станал

[34]) Житието на св. Јован Теолог ги има овие главни компоненти (според H. Detzel, o. c., II, S. 142—148; L. Réau, o. c., III G-O, p. 709; Х. Поповъ, Жития на светиите, София 1930, стр. 63—71; Љ. Богичевић, Осамдесет свечарских дана, Београд 1936, стр. 92—93; Enciclopedia Italiana, XVII, Giovanni, 236—238; Larousse du XX e siècle, IV, 164, Jean). Апостол Јован од Бетсаида во Галилеа, син на Салома и Заведеј, бил рибар на Генисаретското езеро. Откако ги беше слушал проповедите на св. Јован Крстител му пристапил на Христос, кога и неговиот брат Јаков, и му станал на Христос најсаканиот ученик. Подоцна Христос од крстот му доверил да се грижи за неговата мајка. Св. Јован Теолог проповедувал во Мала Азија и Самарија во Палестина. Околу 50—51 година се смета дека присуствувал на концилот во Ерусалим. Во време на јудеоримската војна, околу 70-тите години, се настанил во Ефес. Заради проповедувањето бил повикан во Рим на оправдување, токму во времето на прогонувањата на христијаните од императорот Domitian (51—96). Според картагинскиот правник и црквен писател Tertullianus (Quinctus Septimius Florens, 160—240) бил осуден на мачење и нурнат во котел со зовриено масло, од кој што излегол жив и здрав. Обвинет заради ова за магија св. Јован Теолог бил изгонет на Патмос, еден остров од Споради—Додеканези. Таму тој ја напишал Апокалипсата. По смртта на Domitian, во времето на императорот Нерва, му било дозволено да се врати во Ефес. Таму св. Јован Теолог отпочнал расправа со големиот свештеник на Дијанините храм Аристодем, којшто за да ја постави на врвно искушение неговата вера му дал да испие една купа вонредно јак отров. Но св. Јован Теолог направил знак на крст и ја испил содржината без да почувствува нешто лошо (според L. Réau, o. c., III G-O, p. 717, 718). Овој момент се објаснува (според L. Réau, o. c., III G-O, p. 718) со ветениот од Христос на апостолите имунитет против отров за да можат да ја исполнат евангелската мисија: „Si mortiferum quid biberint, non eis nocebit", Марко, XVI—18. Потоа св. Јован Теолог со своите молитви го разрушил Дијанините храм во Ефес. Во Ефес св. Јован Теолог на возраст од 90 години, ја напишал книгата на Четвртото евангелие. Св. Јован Теолог умрел во Ефес, во времето на императорот Трајан, на возраст од околу 98—100 години.

[35]) H. Detzel, o. c., II, S. 143; L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711.

[36]) H. Detzel, o. c., II, S. 143; L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711. Овие бројни и разновидни патронати се објаснуваат во најголемиот дел, речиси, со маченичството на св. Јован Теолог на Porta Latina, заради котелот во кој бил нурнат, што инаку е суштествен алат на овие различни занаети. Така на пример сукнарите и пеглачите работат со зовриени котли, а оружарите се делумно изложени на оган. L. Réau, o.c., III G-O, p. 710, 711, наведува дека еден витраж на св. Јован Евангелист во катедралата во Chartres бил подарен од оружарите. Св. Јован Теолог им е патрон на свеќарите заради вриењето на лој во казани, а на масларите и на сопствениците на мелници за масло им е патрон заради маслото во коешто бил нурнат. На хартијарите св. Јован Теолог им станал патрон затоа што ги мешаат составните делови за правење хартија во казан, а на книговрзачите затоа што се служат со танирани кожи од дрвени котли. Овде е нужно да се додаде дека за XI век во Македонија не доаѓа во обзир патронатот над производувањето на хартија, но е возможен патронатот над трговци со хартија. V. Novak (Latinska Paleografija, Beograd 1952, стр. 70, 71) наведува дека се наречувала χάρται βαμβύκιναι хартија од Βαμβύκη кај Самарканд а од X век имало и charta Damascena. Според ова не е невозможно таква хартија да била продавана во XI век во Византија и во Македонија.

патрон на копистн на ракописи и на гравери во бакар[37]). Св. Јован Теолог станал заштитник и излекувач од опекотини и изгорување[38]) потоа Virginis custos, заштитник на девици и вдовици[39]), и заштитник од отров и копротектор на фармациите[40]), а бил почитуван и од алхемичарите[41]).

Меѓутоа, патронатот на св. Јован Теолог во источната црква во XI век, како и за зрелиот среден век и за турскиот период е непознат[42]). Возможно е само да се претпостави дека вотаторот на оваа иконка[43]) можел да биде некој од занаетчиите што го почитувал култот на св. Јован Теолог, како и оние од западната црква.

Покрај разјаснувањето на култот и патронатот корисно е да се сврти вниманието и на димензиите на иконката, на квалитетот на материјалот и на некои стилски околности, та и од друг аспект донекаде да биде расмотрено прашањето на провениенцијата на иконката, иако не

---

[37]) H. Detzel, o. c., II, S. 143; L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711. Патрон на копистите и граверите станал св. Јован Теолог можеби затоа што е често претставуван во моментот на пишувањето на Апокалипсата придружен од орел на чиј врат е обесена мастилница (метална).

[38]) Заради горењето во казан со врело масло св. Јован Теолог станал заштитник од опекотини и изгорувања. L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711, наведува дека селаните од диоцезата Chartres уште оделе на ходочастење во Fretigny за да се молат на св. Јован Теолог за излекување од мозолки.

[39]) Св. Јован Теолог станал заштитник на девици и вдовици затоа што Христос од крстот му ја доверил грижата за мајка му Марија. Според L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711.

[40]) Затоа што не му навредила ништо купата со отров што беше ја испил, св. Јован Теолог станал заштитник од труење. Според L. Réau, o. c., III G-O, p. 711, наведува дека се наречувало „vin de saint Jean" или „Johanesminne" едно светотајство што заштитувало против отров и воопшто против труење од храна. Заради тоа понекогаш св. Јован Теолог бил претставен на фасадите или во витрините на фармациите заедно со Ескулап. Според L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711.

[41]) Св. Јован Теолог е почитуван од алхемичарите, како трагач по каменот на мудроста, заради едно од неговите чуда: претворувањето на трска во злато и песочинки во бесцени камења. За одбележување е, на крајот, дека св. Јован Теолог станал патрон на една дејност и поради еден јазичен неспоразум. Имено, во Франција името Porte Latine, изговорено како „porte la tine" што значело „носи крбло (за грозје или со грозје)", станало основ за патронат на св. Јован Теолог на лозјарите од Bourgogne, а отука и за патронат на бочварите и качарите. Според L. Réau, o. c., III G-O, p. 710, 711.

[42]) Низ истражувањата за утврдување на патронатите на св. Јован Теолог во ортодоксната религиозна област, што ги извршив во архивите и низ документите на некои научни установи и по пат на анкетирање на занаетчии и други можев да го констатирам следново. Не постојат извори со автентични податоци за раширената разновидност на патронатот на св. Јован Теолог во Византија и во Македонија за периодот од XI до XIV век. Понатаму, извесни занаети патронирани од св. Јован Теолог на Запад се појавиле дури во XV век, а во Македонија не постоеле во периодот на XI до XIV век ниту во раниот турски период, та треба да бидат елиминирани од изборот. За одбележување е, натаму, дека еден број занаети патронирани во средните векови на Запад од св. Јован Теолог постепено исчезнувале во Македонија кон крајот на XIX и првата половина на XX век. Исто така еден број занаети што се на Запад патронирани од св. Јован Теолог имаат во Македонија други патрони. На овој начин во осетно намалениот број на занаетите би било тешко да се издвои со поголема веројатност точната претпоставка за вотаторот на иконката.

[43]) Би можело да се претпостави дека тој што ја нарачал или ја подарил иконката имал побуда на благодарност кон св. Јован Теолог како кон патрон за успешно обавена работа или за успех во една работа или за успешно лекување. Познато е добро дека во црквите се до XIX век, па и до почетокот на XX век, имало многу вотивни икони.

и решено. Познато е, имено, дека во повеќе музејски збирки има приличен број византиски икони на стеатит, серпентин, хелиотроп, јаспис и други постојани и благородни материјали, како што во времето на последниот период во византиската уметност имало и икони на фин шкрилец[44]). Меѓутоа, најважен за одбележување е фактот дека во Грција и Мала Азија имало стеатит и серпентин во изобилство[45]). И можеби фактот дека меѓу бројните византиски икони од благородни материјали не се споменати икони од непостојан и неблагороден камен, бидејќи таму има во изобилство серпентин и стеатит, укажува на можност дека оваа иконка не е од Грција или од Мала Азија. А од друга страна, можеби, токму овој едноставен и не скапоцен материјал укажува на можност провениенцијата на иконката да е домашна, односно од Македонија или барем најмалку провинциска.

Натаму, не треба да се изгуби од предвид дека самите димензии, можеби, укажуваат на можност за провениенција од ходочасничко место, бидејќи некои ходочаснички сувенири имаат мали димензии, како на пример ампулите од Монца или реликвијарните крстови од Светата земја[46]). Иако првата претпоставка за ходочасничко место би можела да биде усмерена кон Патмос, постојат сосема незнатни изгледи да се земе во обзир Патмос за место на провениенција на иконката. Имено, дури во 1088 година монахот Христодул го основал манастирот на св. Јован Теолог, и секако дека манастирот не почнал веднаш да биде ходочаствуван и да произведува сувенири. Тоа сè наспроти незанемарениот факт дека манастирот има вредни ракописи и постари од основувањето[47]).

При утврдувањето основи за провениенција на иконката треба да се земе во расмотрување и збирот на навистина значајни стилски особености на рељефот. Имено, веќе истакнатите стилски одлики на избор на тричетвртинска поза, достоинственост во ставот на св. Јован Теолог, потоа вонредно знаење во поставувањето на длабочински планови и особено фино и високо умешно компонирање на моделирани волумени не можат да се примат како изрази на еден провинциски скулптор, ами напротив на скулпотр чии знаења се формирани во столнинска средина, можеби во Цариград или најмалку во Солун. И затоа има место да се претпостави дека иконката може и да не биде провинциска, односно дека би можела да биде столнинска, цариградска или солунска.

Сумирајќи ги податоците од сите вакви истражувања за провениенцијата може да се формулираат три претпоставки. Најнапред судејќи според утврденото постоење на култ на св. Јован Теолог во Македонија и во другите провинции и според квалитетот на материјалот на иконката има место за претпоставка дека е иконката провинциска и можеби од Македонија и Просек. Натаму, судејќи според стилскиот приод во остварувањето на рељефните вредности може да се претпостави дека рељефот

---

[44]) O. M. Dalton, o. c., p. 239—242, f. 149, 150; Ch. Diehl, o. c., p. 671, 673, f. 330, 331; G. Schlumberger, Deux bas-reliefs byzantins de stéatite, Monuments Piot, IX, 1903.
[45]) O. M. Dalton, o. c., p. 239.
[46]) Ibidem, p. 623, 624.
[47]) N. Turchi, Enciel. Ital., XXV, 508, Patmo.

не е провинциски ами цариградски или солунски. И на крајот има место за уште една варијантна претпоставка. Судејќи според стилските вредности на релјефот возможно е скулпторот на иконката да учел и да ги формирал своите знаења на столнински примерй и потоа ги репродуцирал во провинција, а една творба на таквата претпоставена активност е иконката на св. Јован Теолог. Која од овие претпоставки за провениенција има предност и која е поприфатлива останува отворено прашање.

Релјефот на архангел Михаил од Охрид



Сл. — Релјефна плоча со фигура на архангел Михаил.

Втората плоча со фигурата на архангел Михаил од Охрид, како е веќе споменато, е издвоена територијално, временски а и според стилски приод од сите особености на иконката на св. Јован Теолог. Но во светлината на околноста што нема наоди од фигурална пластика во Македонија, двете плочи се прикажуваат заедно иако не е ниту претпоставен обид за каква било стилска или инаква наспоредба меѓу нив.

Релљфот е најден 1940 година взидан во една куќа на Плаошник, највисокиот плато на Охрид, околу 500 метра далеку од Климентовата црква на Имарет[48]).

Плочата е скулптирана во сив варовник фрагментиран, речиси, правоаголно со димензии 26×46 см. На релјефот е претставена повеќе отполу фигурата на архангел Михаил, сл. 3, со абревиран натпис MI во десниот агол. На најистакнатите делови релјефот е висок до 2 см., а зачуван е, изгледа, нешто повеќе од половината, што дава сериозна мож-

[48]) Релјефот го има откриено проф. Д. Коцо и зачувано за музејот. За податоците на најдувањето му благодарам на проф. Д. Коцо. Релјефот сега се наоѓа во збирката на Охридскиот музеј.

ност за реконструкција на делот кој недостига и којшто до денес не е откриен. При укажување на состојбата на рељефот за одбележување е и една тесна но длабока пукнатина во плочата, што оди од вратот на архангелот кон горниот дел на абревијацијата.

Архангелот Михаил е во облека блиска на најчестите претстави од XIV век, по периодот на антицизирани облеки од XI век. Неговата кошула со долги тесни ракави, tunica manicata, се гледа на долактицата на левата рака. Згорната облека dalmatica се гледа на широкиот покус ракав на левата рака, на градите и под појасот. На градите и преку рамото архангелот има, изгледа, оклоп од кожени (loros) или метални плочки како достоинственик или ратник. Има веројатност тој дел на градите и рамењата да се смета и за бродерија на далматиката или за декорација од скапоцени камења во техника cloisonée. Дел од облеката што се гледа надиплена под левата рака, околу појасот и надиплена префрлена преку десното рамо, највероијатно е кус химатион, а можеби и некој вид hlamys[49]).

Неговото лево крило, според димензии симболично мало, се разликува од други претстави со функционално големи крила. Прашањето за малите крила овде може да се разгледа и од друг аспект тесно поврзан со прашањето за способноста за летање, што ангелите ја имаат иконографски стекнато дури во претставите на IV век. Оттука може да се

[49]) H. Detzel, o. c., I, 131, 132, 134, 138—140, пишува за облеката на ангели и архангели. За облеката на ангелите и архангелите L. Réau, o. c., II, 33, 35, има изјаснето мислење. Тој, имено, вели дека бидејќи се ангелите чист дух, πνευμάτα, и бестелесни, ασωματοί, има токму затоа и тешкотии во нивното претставување. L. Réau продолжува: бидејќи чистотата на ангелите е неопетнена, првобитната христијанска уметност ги претставува облечени во долги бели туники — stolis amicti candidis, in vestibus albis. За да се подигне ангелското достоинство, им се става понекогаш тога опшиена со широка пурпурна панделка — toga laticlavia — како на римски сенатори. Во византиската уметност ангелите како големи достоинственици што го опкружуваат базилеусот носат оклоп од кожа или кожени парчиња — loros, lorica (lorica squamata — со плочки една над друга, A. Musić, Nacrt grčkih i rimskih starina, Zagreb 1942, str. 135) — и тенки чизми од пурпурна кожа. На Запад ангелите имаат туника со реси или дијаконска далматика. Разгледувајќи ја облеката L. Réau на стр. 47 и 48 вели дека иконографскиот тип на архангел Михаил во средните векови е разновиден. Во Византија тој носи пурпурен хламис или лорос како на императорскиот двор. Во претставите во западните цркви архангел Михаил е облечен најнапред во долга туника, потоа во долг панцир и со коњанички шлем. Несомнено дека облеката од византискиот двор и од императорската гарда има одредена врска со облеката во уметничките интерпретации. B. Köhler (Allgemeine Trachtenkunde, II Teil, Das Mittelalter, I Abteilung, Leipzig s. a., Universal Bibliothek, 4074, 4075, S. 32, 33, 47, 48), споменува од V век наваму една широка бордирна јака на туниката околу вратот и на градите, којашто подоцна станува самостојна и украсена со злато и скапоцени камења. Исто така споменува во Јустинијановата гарда граден а подоцна и подолг оклоп од кожа или метал. H. Detzel, o. c., I, S, 142, наведува дека во облека со оклоп е прв пат претставен архангел Михаил во фреските во S. Francesco во Assisi од Cimabue.

смета дека во сите периоди ќе биде позволено прилагодување на димензиите на крилата според можностите на просторот за претставување[50]).

Левата рака на архангелот свиткана пред градите во спокоен став, секако означува статичност а не акција, и тоа ќе биде од значење за поверодостојна реконструкција на делот што недостасува. Ликот претставува млад човек[51]) со бујна коса што му се спушта во плетенки до рамењата. Според иконографската установеност на најповеќето слични претстави, и овде е косата на архангел Михаил преврзана со панделка видлива и над челото и на краевите лево и десно од главата. Околу главата е ореолот сосема неупадливо означен со екскавирање и делумно пластично моделирање. Рамот на кружниот медаљон е многу пластично скулптиран, за да ја оддели средишната претстава од бочните украси. Астрагалната низа отстапува од вообичаените облици, не само заради извесната биконичност на oleae ами повеќе заради lentes споени во една кружна гранула. Меѓу кружниот медаљон и астрагалната низа е рамка со едноставна плочеста профилација. Во аголот горе е веќе реченатa абревијација MI, а долу под медаљонската рамка е листеста стилизација.

Веќе споменав дека постои објективна можност за реконструирање на делот од плочата што недостасува. Сметам дека приказ на реконструирањето е на ова место дотолку понужен бидејќи сите натамошни испитувања на стилот, иконографијата и сите наспоредувања, како и истражувањата на проблемите ќе треба да се однесуваат за релјефот во целина.

Пред да се објасни реконструкцијата, сл. 4, веднаш треба да се подвлече фактот дека откриената релјефна плоча претставува повеќе од половината на поважниот дел, а тоа во голема мерка го олесни поставувањето на детали во реконструкцијата.

Најнапред пријдов кон реконструирање на натписот MI. На релјефот се гледа над буквата M еден мал крак од буква, а таков крак делумно се назира, според трагите, и над буквата I. Малиот крак и другата назрена трага можат да бидат сметани само за левиот и десниот долен дел од хастите што се пресекуваат во буквата X. Во прилог на реконстуирање на овие остатоци и траги во буква X зборуваат следните податоци и индикации. Прво, во грчкиот алфабет нема друга буква, осем X, што во долниот дел завршува вака со од пресек раздвоени хасти. Второ, покрај овие остатоци нема простор за развивање обликот

[50]) Во Стариот завет не се споменуваат крила на ангелите. Во сонот на Јакова ангелите имаат потреба од скали за да слезат од небо и да се качат повтор на него. Тоа значи дека немале крила за летање. Идејата за ангели што летаат се јавува во подоцниот јудеизам. Во сушност христијанската уметност почнала да ги претставува ангелите како млади луѓе без крила ἀπτῖερες. Дури во IV век, во мозаиците на апсидата во Santa Pudenziana за првпат се гледа ангел со крила. Пророчките визии за херувими и серафими одговараат на улогата на небесни гласници (според L. Réau, o. c., II, p. 36).

[51]) L. Réau, o. c., II, p. 34, наведува дека меѓу разновидните претстави на ангели има и претстави на деца и ефеби, безбради и русокоси.



Сл. 4. — Реконструкција на целата рељефна плоча со фигурата на архангел Михаил.

на друга буква. Трето, само за архангел Михаил постои абревијација $\overset{\times}{\text{M}}\text{I}$, и на крајот, таквата абревијација $\overset{\times}{\text{M}}\text{I}$ е, речиси, во исклучива употреба. Така абревијацијата $\overset{\times}{\text{M}}\text{I}$ ќе се чита Μιχαιλ. По ова беше едноставно продолжена хоризонталната и вертикалната линија на горниот и бочниот раб до спојот во горниот десен агол.

Потоа пристапив кон реконструирање на долниот десен агол. При ова реконструирање настојував да ја спуштам линијата на плочестата рамка што е поставена меѓу кружниот медаљон и астрагалната низа, удолу наспоредно со спуштањето на астрагалната низа. Мерката на спуштањето удолу беше регулирана од елементите на астрагалната низа, и тоа така што oleae и гранулите, при исти димензии како горе,

требаа бездруго да завршат со гранула, која единствено може да се постави на агол, за да може да се сврти астрагалната низа в лево. Имајќи го овој регулаторен детаљ, ја продолжив на ист начин и астрагалната низа под релјефот до средишната гранула под имагинарната средина на релјефот. Исто така под релјефот ја продолжив и плочестата рамка, на исто растојание од астрагалната низа и од листестата стилизација. Кога потоа ја продолжив хоризонталната и вертикалната линија на долниот и бочниот раб и во спојот се доби долниот десен агол, можеше да се смета дека половината од релјефната плоча е реконструирана.

Во натамошното реконструирање се утврди дека кружната рамка навистина претставува правилен круг и тогаш се фиксира неговиот центар. Поставувајќи една проекциона линија низ претпоставените центри на ореолот, главата, кружниот медаљон и гранулата од долната астрагална низа се доби линијата на претпоставената симетрична поделба. При сигурно претпоставена симетричност реконструирани се потоа на левата половина горниот, бочниот и долниот раб, а внатре бочната и долна низа астрагали, бочна и долна плочеста рамка и левиот дел од кружниот медаљон, како и листестата стилизација лево долу. Десното крило и десната страна од телото на архангел Михаил се реконструирани аналогно на левата страна на овие делови. Десната страна со меч е реконструирана како што е кај архангел Михаил од св. Софија во Охрид, каде што е со левата рака на гради а десната со мирно кренат меч (princeps militiae coelestis). Меѓу повеќето варијанти оваа е единствена можна реконструкција, бидејќи за реконстриурање со други атрибути, на пример вага или копје не би имало место. Имено, ако би бил реконструиран во десната рака атрибутот вагата за мерење на душите таквата би требало да биде поставена така што еден нејзин тас би се видел на зачуваната страна од релјефот, а бидејќи на зачуваната страна такво нешто нема, можноста за реконструирање со вага е сосема исклучена. За поставување на копје во десната рака такуѓере нема место во кружниот медаљон, бидејќи копјето и во горниот и во долниот дел би морало да биде пресечено, според дипозицијата на дополу раст фигурата на архангелот. Осем тоа, најчесто, пандан на копја архангел Михаил држи во левата рака кристална кугла. Според ова, значи, преостанува како прва и најприфатлива реконструкцијата со кренат меч[52]).

Во левиот простор симетрично на натписот од десната страна, реконструиран е првиот дел од натписот со хиерархискиот ангелски чин на Михаил 'Ο Αρκχαγγελ во абревијација) ΑΡ како што се најчести изведените натписи другаде. Така двете реконстриурани абревијации би требало да се читаат, 'Ο Αρκχαγγελ Μιχαιλ.

[52]) H. Detzel, o. c., I, S. 142. Според L. Réau, o. c., II, p. 47, оружјата на архангел Михаил се копје или пламенен меч. Во левата рака понекогаш држи кристална кугла. Кога има штит на него се чита натпис: Quius ut Deus. Како и св. Јаков тој има за атрибут и школки заради морското ходочастење на Mont-Saint-Michel. Пластронот на неговиот оклоп изгледа понекогаш како школка. Во мозаикот од триумфалната арка од San Apollinare in Classe архангелот држи во раката едно долго копје на коешто е табличка со трипати повторен извик: Αγιος, Αγιος, Αγιος.

Стилските особености на овој рељеф се чинат недостатно нагласени поради тоа што рељефот изгледа во извесна мерка како недоработен. Но и покрај тоа извесни одлики можат да се уочат. Така на пример, иако би можело да се рече дека пропорциите и ставот на телото и држењето на левата рака се анатомски верни, реалистичноста не е постигната и таа сосема исчезнува кај претставувањето на нефункционалните дипли од облеката на телото, особено на префрлениот крај од хламисот и сумарно предадените коса и лице. Сепак треба да биде одбележано дека скулпторот, макар и незнатно, ја дистингвирал материјата на далматиката на ракавот, којшто е широко надиплен, од tunica manicata, каде што е ракавот без диплење тесно прилепен до долактицата. Од друга страна може да се рече дека со помалку успех е предаден градниот оклоп, кој место да дава впечаток на листови може да се смета и за бродерија со скапоцени камења. Само фактот дека архангел Михаил во вонредно ретки претстави имал бродерија и фактот дека е во средината на градите и на рамењата заштитата продолжена и подолу, укажува на можност таа стилизација да се смета за листест оклоп.

И покрај претпоставената извесна недоработеност на релјефот, скулпторот постигнал вистинска претстава на млад човек со обла брада и образи, со гладок врат и бујна коса. Впрочем, претставите на сите девет видови ангели[53]) се секогаш млади. Младото лице на архангелот според отсуството на груба осатура и јаки црти изгледа нежно како женско лице иако поставено на машка става[54]).

Рељефот е во сите делови работен во техника на екскавирање, без доработување на површините и деталите, речиси, во една рамнина, со мали отстапувања негде-годе. Само на малку места се води извесна сметка за диференцирање на нијансите на длабочинските планови: кај вратот меѓу брадата и градите, кај туника маниката на левиот ракав, којшто влегува во ракавот од далматиката и кај левото рамо, зад кое е поставено крилото. Во исто време очите, носот и устата се само инцизирани. Наспроти оваа недовршеност во деловите на фигурата треба да се одбележи знаечкото компонирање на репрезентативниот став и сигурниот цртеж при изведба на бордирните детали: раб, натпис, вегетативна стилизација, медаљонската рамка и астрагална низа.

Архангел Михаил не е изобразуван многу често во пластиката, но тогаш кога е претставуван неговиот лик е секогаш млад и близок на установениот иконографски тип. Таков лик има и на оние филдишни плочи, редовно постари, што се скулптирани во инаква техника и стил а архангелот претставен во разновидни стојки, и облечен во антикна

[53]) H. Detzel, o. c., I, S. 131—142 и L. Réau, o. c., II, p. 30—44, наведувајќи ги деветте ангелски редови ги објаснуваат нивните особини на млади небесни помошници.

[54]) В сушност, според L. Réau, o. c., II, p. 34, претстави на жени ангели има дури од XV век. L. Réau во нота додава дека се верува оти може да се препознае жена во архангелот Михаил во една француска минијатура од XV век, што го украсува Статутот на Редот на архангел Михаил. Ова сево би требало да се прими со определена резерва, особено затоа што кај архангел Михаил се работи за војсководач по предимство.

облека. На пример, еден архангел од V век од Британскиот музеј[55]) е облечен во хитон и химатион, римски сандали, кесата му се превржана со панделка на римски начин, а има скиптар и кугла. Еден архангел од IX век од лајпцишката библиотека[56]), иако е близок на основните одлики на претходниот рељеф, има веќе на облеката нешто бродерија. Иако подоцнешен, од XII век, еден рељеф на архангел Михаил во Британскиот музеј[57]) ги има уште во облеката одликите на постарите антицизирани претстави. Архангелот Михаил од живописот на малоазиската крипта на св. Јован од Кафаро, од X—XII век, е облечен во бродирана далматика, наметнат со бродиран хламис, со кугла и копје во рацете и големи крила[58]). Инаку и поранешниот, во X век приближно датиран, метален и емајлиран капак за книга од трезорот на св. Марко, има фигура на архангел Михаил со меч и кугла, облечен во бродирана облека[59]). Архангелот Михаил од рељефот во Волос во Тесалија, датиран во XII век, со левата рака пред телото и копје во десната, е облечен во антична облека, а изгледа и со некаков појас[60]). Во далматика е облечен архангел Михаил на Pala d'oro од олтарот на св. Марко, од XII век[61]). Во античен химатион со кристална кугла, со мали тенки крилја и коса превржана со панделка е емајлниот архангел Михаил од XII век од Белградскиот музеј[62]).

И во живописот е, изгледа, како во Панагија Агелокиисос од IX—X век блиско интерпретирање на облеклото на архангел Михаил како на рељефот[63]). Архангел Михаил од живописот на св. Софија од XI век ја има левата рака на гради а во десната има дигнат меч. Архангелот Михаил од Нерези е со меч и ротулус во рацете. Архангел Михаил од живописот на црквата во Лесново е на коњ, облечен во оклоп и облека со ракави, со кренат меч во раката и со големи крила[64]). Во слична облека со ракави и со оклоп на горниот дел на градите и со левата рака пред телото а во десната рака кренат меч има архангел Михаил од црквата во Ариље[65]). Во антична облека, со големи крила, со копје и кристална кугла е архангел Михаил од св. Софија од Цариград[66]).

---

[55]) W. F. Volbach, Elfenbeinarbeiten der Spätantike und des frühen Mittelalters, Mainz 1952, T. 32/109, S. 57.

[56]) Ibidem, T. 61/222, S. 96.

[57]) O. M. Dalton, o. c., f. 134.

[58]) Ibidem, f. 165.

[59]) Ibidem, f. 306.

[60]) S. Bettini, La scultura bizantina, Vol. II, s. a., f. p. 35.

[61]) L. Bréhier, o. c., f. 73.

[62]) M. Kašanin, o. c., f. 13.

[63]) L. Bréhier. o. c., f. 77.

[64]) M. Kašanin, o. c., f. 64. Архангел Михаил тука отепува змев. H. Detzel, o. c., I, S. 142, наведува дека во извесни сцени архангел Михаил го настапува змевот под нозете и го прободува со копјето; инаку архангел Михаил може да се види и во претстави во борба со седмоглав змев.

Draconis hic dirum caput Ducemque cum rebellibus
In Ima pellit tartara, Coelesti ab arce fulminant.

[65]) V. Petković, La peinture serbe du Moyen - âge, Beograd 1930—1934, P. 1, 2, Musée d'histoire de l'art, Monuments serbes, Vol. 6, 7.

[66]) Ch. Diehl, o. c., f. 74.

Со еднаква важност како иконката на св. Јован Теолог, и рељефот на архангел Михаил отвора неколку битни прашања. Одговорите на прашањата за датирање на релјефот, за провениенцијата, за неговата намена, за нарачувачот, за зградата и за местото каде што бил поставен, би биле од значење за одредување на местото на овој рељеф меѓу македонската пластика и во македонската уметност.

Меѓутоа со незгодни околности, положбата со второстепените индикации што би спомогнале за датирање на рељефот е еднаква како со иконката на св. Јован Теолог. Куќата на Плаошник, каде што била рељефната плоча откриена, нема со плочата никаква врска, и сосема е сигурно дека рељефната плоча била поставена во куќата на Плаошник како сполија, или дури и како случајно откриен материјал во секундарна, терцијарна или можеби и повеќе пати повторена употреба. Со ова се сосема намалени можностите за посредно, компарирано датирање на рељефната плоча. Од друга страна ни во ѕидовите на куќата ни околу неа не можеа да бидат откриени други предмети, што би спомогнале за хронолошкото одредување. Затоа оваа рељефна плоча останува како исклучив извор за утврдување одговори за сите отворени прашања.

При стилското оценување на рељефната плоча беше веќе констатирана извесна недовршеност на рељефот во целина и во некои детали, што ги осиромашува стилските одлики така што не може врз нив да се потпре датирање со поголема точност. Затоа останува да се претпостави датирање обосновено врз посредни компоненти со релативна вредност.

Првата индикација за релативно датирање би била облеката на архангелот. Фактот дека облеката не е античен химатион, како во споменатиот постар рељеф на архангел Михаил, ами облека со ракави, далматика, веќе укажува на можност датирањето на рељефната плоча да не се бара ниту во V—VI век, ниту во XI—XII век, ами во периодот на напуштањето на античната облека во претставите, односно можеби во крајот на XIII и почетокот на XIV век. Од друга страна треба да се сврти вниманието и на оклопот на градите на архангел Михаил, бидејќи со право може да се очекува дека токму во XIV век архангел Михаил ќе биде облечен со склоп како свет ратник во борба против нехристијаните.

Несомнено е дека астрагалната низа зборува доста извесно за времето па и за местото каде што е интерпретирана. Нејзината потполна откинатост од античните узори на oleae и две — или три — lentes, укажува на временската оддалеченост од античните узори а истовремено можеби и на карактерот на провинциското интерпретирање на овој античен мотив. И штом оваа астрагална низа, со вакво модифицирање на oleae во биконични форми и на lentes во топчиња не би можела да се смета за пластика од V—VI век ниту за реинтерпретација на XI—XII век, тогаш е прва нормална претпоставка датирањето на рељефната плоча, според астрагалната низа да се бара во крајот на XIII или во почетокот на XIV век.

Сумирајќи ги констатираните особености на облеката и на оклопот на архангел Михаил, потоа модифицираната астрагална низа, како

и стилот на рељефната плоча, може пред сè да се претпостави едно одредување на рељефната плоча во XIII—XIV век.

Второто прашање чиј одговор би бил важен за фиксирање на местото на рељефната плоча во историјата на македонската пластика и уметност е прашањето за нејзината провениенција. Потребно е да се одговори на прашањето дали рељефната плоча е работена во домашна работилница од местен мајстор, или постојат индикации дека е творба на мајстор надвор од Македонија и претставува импортиран предмет. Токму затоа дека недовршеноста на рељефот навестува провинциска провениенција потребно е таа да биде утврдена со поголема сигурност и во врска со стварните рамки на раширеноста на култот на архангел Михаил во Македонија.

Во Македонија нема споменици посветени исклучиво на архангел Михаил, но затоа постои раширен култ на архангел Михаил поврзан со култот на архангел Гаврил. Само на овие два архангели, на Михаил и Гаврил, а не на скупот со останатите архангели[67]), им се посветени црквата во Асамати, која има само подоцнешен живопис, потоа црквата св. Архангели во Ваташа, што била приложена 1378 година, потоа црквата св. Архангели кај Велес, што е приложена 1348 година, црквата во Лесново, подигната 1341 година, и манастирот св. Архангели во Прилеп од XIV век[68]).

И во Србија црквите на св. Архангели во Призренска Бистрица и на св. Архангели во Јелашци се од XIV век[69]).

Најблискиот заклучок, по ова, сам се наметнува со својата заснованост и оправданост. Имено, очигледно е дека сите цркви посветени на архангелите во Македонија, оттука и на архангел Михаил, се од XIV век. Можеби затоа е можно според ова да се оцени дека раширеноста на култот на архангел Михаил е најголема во XIV век, а тоа оди во прилог на претпоставката датирањето на релјефната плоча да се бара во XIV век. Секако дека е сосема умесно логички најблиското објаснување за ваквата зачестеност на спомениците токму во XIV век, да се најде во фактот дека архангел Михаил е водач на ангелската војска во борба против демонот. Тогаш не е тешко да се конвертира архангел Михаил во патрон и водач на христијаните против нехристијаните, против османскиот освојувач.

---

[67]) H. Detzel, o. c., I, S. 142. Според L. Réau, o. c., II, 42, 43, вонредно ретко можа т да се сретнат претставени сите девет архангели заедно. (Деветте архангели, со теофорични имиња што свршуваат на ел, што значи господ, спаѓаат во осмиот ред ангели. Michael victoriosus, princeps militiae coelestis, pugnat cum dracone. Gabriel nuntius, ad Mariam missus. Raphael medicus, Tobiae oculos sanavit. Uriel fortis socius. Barachiel (Malthiel) adjutor. Jehudiel remunerator. Sealtiel (Zeadkiel) orator. Peliel. Raziel). Инаку можат да бидат заедно Михаил, Гаврил и Рафаел, наречени Σιναζις τον αρκχαγγελον. Изгледа дека архангел Михаил е најзначајниот меѓу архангелите (Мих-а-ел на хебрејски е: кој е како бог) бидејќи кај Данило, X, 13 и Откровение, XII, 7, се вели „кој е како бог", „кој е рамен на бога".

[68]) В. Петковиќ, Преглед црквених споменика кроз повесницу српскога народа Београд 1950, стр. 9, 169, 264.

[69]) Ibidem, стр. 10.

Од друга страна за одбележување е дека ниту во Македонија ниту во Србија нема цркви посветени на архангелите во периодот на XI—XII век, осем во Јужно Поморие[70]), што е значајно за одговорот дека во овој период изгледа не бил многу раширен култот на архангел Михаил, та и датирањето на плочата не би требало да се бара во тој поран период.

Извесно е дека почетоците на култот на архангел Михаил се наоѓале на хелинизираниот ориент, бидејќи тука се наоѓаат неговите први светилишта. Во почетокот на IV век на архангел Михаил му е посветена една црква во Александрија. Се смета, натаму, дека има триесетина светилишта посветени на архистратигот во Цариград и предградијата и во неговата блиска околина[71]).

Култот на архангел Михаил е многу раширен во западните земји[72]). Според L. Réau култот на архангел Михаил започнува од 492 година[73]) и постојано се засилува во периодот од VI век наваму. Светилиштата и црквите во Италија, Франција, Белгија, во Германија и Англија[74]) посветени на архангел Михаил се доста бројни.

Секако не е без значење да се расмотри и распространетоста на името Михаил меѓу византиските императори и во однос на почетокот на јавувањето и на најголемата зачестеност и престанокот на јавувањето. Ова е од значење бидејќи е познато дека имињата на владарите биле често давани на голем број новородени, не само во средните векови ами и во современиот свет се до половината на XX век, а тоа е посреден указател на започнувањето култот на светецот, на зачестеност, раширеност и траење. Констатација до која без сомневање се доаѓа[75]) е дека во

---

[70]) Ibidem, стр. 311, св. Михаило Стонски, кој што е од XI век.

[71]) L. Réau, o. c., II, p. 44; R. Janin, Les sanctuaires byzantins de Saint Michel, Echos d'Orient, 1934.

[72]) L. Réau, o. c., II, p. 44—46. Во западните земји култот на архангел Михаил го има заменето култот на паганското божество Меркур, Hermes psychopompe. Оттука едно ритче во Вандеја и денес уште се наречува Saint-Michel-Mont-Mercure, а во Годесберг близу до Келн една капела на архангел Михаил заместува еден храм на Меркурий.

[73]) L. Réau, o. c., II, 44—46. Според O. Rojdestvensky, Le culte de Saint Michel et le Moyen-âge, Paris 1922. Во 492 година архангелот Михаил се појавил на Монте Гаргано во Апулија. Според Легенда Ауреа оваа ангелофанија има накусо вакви компоненти. Извесниот Гарганус впуштил стрела по еден бик што бегал во една пештера, но стрелата наместо да го погоди бикот му се вратила назад. Епископот на Сипонтум (Манфредонија), изненаден од ова чудо, наредил тридневно постење на крајот на кое се појавил архангелот Михаил на влезот на пештерата и изјавил дека оваа пештера ќе биде во иднина негово светиште. Легендата за бикот е еднаков основ и за постанокот на светилиштето Mont - Saint - Michel во Нормандија. Таму архангелот му се јавил на S. Aubert, епископ на Avranche, и му наредил да му посвети една црква на местото каде што ќе најде еден бик сокриен од крадци. Криптата посветена во 709 година ја претставувала верно пештерата од Монте Гаргано. И инаку Mont – Saint – Michel во средните векови во Франција се наречувал „Michiel de Gargan".

[74]) L. Réau, o. c., II, p. 45. Црквата San Michele-in-Affricisco во Равена е посветена во 546 година. Во Рим (папата св. Григориј Велики видел како се појавува по една епидемија од чума, над Хардијановиот мавзолеј, архангелот што го бришел својот крвав меч и го враќал во канијата. Папата му ја посветил) капелата во Castello Sant Angello. Според примерот на Равена, Ломбардците му посветиле на архангел Михаил базилики во Павија и Монца. Во Франција, 709 година, контот Вулфоалд донел во

сите периоди од IX век наваму во Византија е застапено името на архангелот Михаил меѓу византиските императори со еднаква зачестеност. Во сите византиски династии од Амориска, Македонска, Дука, Комнени, Ангели и Ласкариси до Палеолози има владари со име Михаил, а тоа значи дека еднакво го почитуваат името на архангелот Михаил.

Несомнено дека за одредување на провениенцијата на релјефната плоча може многу да придонесе и одговорот напрашањето кој би можел да биде нарачувач, односно подарувач, и за каква цел е подарена релјефната плоча, затоа што е возможно таа да има вотивен карактер[76]). За расветлување на ова прашање од несомнено значење е патронатот на архангелот Михаил.

Според L. Réau во западната црква патронатот на архангел Михаил се темели врз некои особености на неговите дејствувања како архангел[77]). Веќе е речено дека бил патрон на еснафите на погребувачите, што е во врска со неговиот патронат над мртвите, и со неговото посредништво во Страшниот суд или како мерач на душите на умрените. Другите негови патронати имаат повеќе иконографско потекло и произлегуваат од неговите атрибути: од неговиот меч или од неговата вага. Така неговата ратничка опрема, неговиот оклоп и мечот му го донесуваат патронатот над мечувалци, мајстори на оружје, чистачи на оружје, а исто така и на позлатувачи, бидејќи неговиот оклоп бил позлатен.

Saint-Michel во Диоцезата во Верден реликвии од Монте Гаргано. Во 792 година посветена му е на архангел Михаил „воздушна капела" во Saint-Michel d'Aiguilhe, vo Puy-en-Velay, на врвот на една базалтна стена. Во Roussillon, Источни Пиринеи, е опатијата Saint Michel-de-Cuixa. Во Poitou, близу до Luçon, се издига опатијата Saint-Michel-en-l'Herm. За раширеноста на култот на архангел Михаил во Франција може да се додаде уште дека кралovите Шарл VI, Шарл VII и Луј XI оделе на ходочаснишство во Mont - Saint - Michel, а Луј XI основал во 1469 година Витешки ред на архангел Михаил, L'ordre de chevalerie de Saint Michel. Архангелот Михаил е заштитник на Bruxelles, каде што тој го дели патронатот со Ste Gudule и патронатот над црквата Collégiale. Во Германија тој бил особено почитуван во Баварија. Црквата на Језуитите во Минхен му е посветена нему, како и црквата во Berg - am - Laim. Во Англија во Корнуел има такуѓере една црква посветена на архангел Михаил.

[75]) Меѓу византиските императори името Михаил се појавува со следниот ред. Најнапред Михаил I Рангабе (811—813), потоа Михаил II (820—829), Михаил III (842—867), Михаил IV (1034—1041), Михаил V (1041—1042), Михаил VI (1056—1057), Михаил VII Дука (1071—1078), Михаил VIII Палеолог (1261—1282), Михаил IX Палеолог, совладар на Андроник II (1294—1320), Михаил I Ангел, епирски деспот (1204—1215), Михаил II Ангел, епирски деспот (1237—1271). Според Г. Острогорски, Историја Византије, Београд 1959.

[76]) Може да се смета дека побудите на тој што ја нарачал или ја подарил релјефната плоча во секој случај се темелат врз благодарност кон архангелот Михаил, како кон патрон над извесни дејности или за посредување или излекување. Со други зборови, релјефната плоча можела да биде вотирана од лице благодарно на архангелот Михаил за успешно обавена работа или за успех во една работа или за успешно лекување.

[77]) L. Réau, o. c., II, p. 46. Во култот архангел Михаил фунгира како мерач на душите, како уништител на сараценската флота, како лечител на седум лепрозни младинци и еден демоничен монах. Архангел Михаил заштитил тројца млади Евреи од фурната и спасил една жена со дете во морето меѓу Mont-Saint-Michel и брегот. Покрај ова H. Detzel, o. c., I, S. 141, 142, наведува дека архангел Михаил с ангел на моќната помоќ и патрон на тие што умираат.

Заради вагата на Страшниот суд, тој ги патронира сите занаети што се служат со вага: слаткари, апотекари, бакали, ситничари, кантарции на жито и одделно бањации[78]).

Патронатот на архангел Михаил во источната црква во времето околу XIV век, како и подоцна во турскиот период е непознат[79]). Но и покрај ова е возможно да се претпостави дека вотатор можел да биде некој од занаетчиите или малите трговци ситничари што го почитувал култот на архангел Михаил како и оние од западната црква.

Одејќи натаму во изнајдувањето одговори на поставените други прашања може да се каже дека иако е рељефната плоча најдена взидана во зграда, нејзиното првобитно место не треба да се бара надалеку. Возможно е да се претпостави дека рељефната плоча потекнува од некоја гробна капела, од можни гробишта на тој висок плато[80]). А бидејќи е познато дека архагнел Михаил добивал светилишта на највисоки места[81]), возможно е да постоела и некоја самостојна капела на тоа највисоко место на градот, на којашто и припаѓала оваа рељефна плоча.

---

[78]) Патрон на бањации станал архангел Михаил затоа што во сцената мерењето на душите од архангел Михаил се гледаат малите фигури што ги симболизираат душите нурнати во тасовите на вагата како во кади за капење.

[79]) Истражувањата, што беа извршени и за патронатите на архангел Михаил, низ документите на некои научни установи и по пат на анкетирање на занаетчии и други, спомогнаа да се констатира следното. Не постојат извори со автетични податоци за раширената разновидност на патронатот на архангел Михаил во Византија и во Македонија за периодот на средните векови и за турскиот период. Потоа, не треба да биде занемарен фактот дека извесни занаети исчезнале а други дејности не се патронирани од архангел Михаил. И инаку, и да беа сигурно познати не само сегашните ами и средновековните патронати на архангел Михаил, тешко ќе биде да се погоди најприфатливата претпоставка за вотаторот.

[80]) Култот на архангел Михаил според L. Réau, o. c., II, p. 46, бил често локализиран и во гробните капели. Тоа е заради улогата на архангелот како мерач на душите во Страшниот суд и заради неговото посредување што беше призивано на гробиштата. Костурниците имаа една капела посветена на архангел Михаил. Оние од Cimetiere-des-Inocents и од Saint-Martin-des-Champs во Париз се исчезнати, но меѓу светиилштата од овој род што уште постојат може да се наведе црквата на архангел Михаил во Бордо градена врз една стара некропола чија што земја имала својство да ги мумифицира лешовите. Братсвата завстувани за сохранување на мртви го одбирале многу радо за патрон. (Бројните цркви или капели посветени на архангел Михаил се декорирани со сцената Страшен суд. Таков е примерот со San Angelo in Formis, близу до Капуа, и со капелата од Бургфелден во Швабија).

[81]) L. Réau, o. c., II, p. 46. Големиот број светилишта на архангел Михаил во средните векови се поставени на врвови — in summitate: Монте Гаргано, Mont-Saint-Michel, Aiguilhe de Puy. Во црквите каде што му е посветена капела, тоа е главно една гробна капела уредена на катот на трибините првенствено над предверието или над нартекстот (J. Vallery-Radot, Note sur les chapelles hautes dédiées à Saint Michel, Bull. Mon., 1929; P. Verzone, Les églises du haut Moyen-âge et le culte des anges, 1953). Архангелот Михаил бил почитуван како особен чувар на портата на светилиштата, задолжен да го забрани со својот исукан меч влегувањето на демонот. Таков бил случајот некогаш во каролиншката опатија на Saint-Riquier во Пикардија и во опатијата во Cluny. За тоа можат да се видат уште примери во Saint-Philibert od Tournus, во Saint-Benoit-sur-Loire и во трибине на Semur-en-Brionnais. Горната капела од Castello Sant Angello се наречувала Sant Angelus inter nubes. Честопати по една фигура на архангелот Михаил ги завршувала стрелите на камбанариите. По ова може, значи, да се зборува за еден воздушен култ на архангелот Михаил, аналогно на оној на пророкот Елија што бил почитуван такуѓере „in excelsis".

Исто така е можно во некоја капела посветена на друг светец, на архангел Михаил да му бил посветен рељефот заради високото место. Во секој случај постојат сериозни разлози првобитното место на рељефната плоча да било на Плаошник во некоја сакрална зграда, црква или капела. Намената, пак, на зградата или на рељефната плоча била да предвари од сатана, или како праведен мерач на душите или како посредник во Страшниот суд или како патрон на вотаторот.

Имајќи ги предвид сите околности на најдувањето, потоа врските со атрибутите, стилскиот период во скулптирањето и особеностите на облеката на архангелот, би можело да се претпостави со веројатност дека провениенцијата на оваа рељефна плоча на архангел Михаил треба да се бара во Охрид и тоа секако најдоцна до 1334 година. Тоа е времето на крајот на византиското владеење во Охирд и таа година треба да се земе како terminus post quem non, што е во најтесна врска со грчкиот алфабет на натписот.

Konstantin Petrov

DEUX RELIEFS FIGURATIFS DU MOYEN ÂGE EN MACÉDOINE

RÉSUMÉ

Parmi la décoration plastique en Macédoine il n'y a pas de représentations de figures humaines, à l'exception du relief endommagé d'un saint au milieu de la frise sur la porte septentrionale de Ste Sophie à Ochride et des têtes des chapiteaux du parapet de l'autel à St Atanasse de Lešok. C'est pourquoi les deux reliefs figuratifs excitent l'interêt et, malgré qu'ils soient separés par leur style, par leur temps et par le territoire ils sont ici représentés ensemble.

L'icone de St Jean Théologien fut decouverte en 1952 à Demir Kapija et maintenant elle se trouve au Musée archéologique à Skopje. Sur l'icone, avec dimensions 65×55×8 mm., est sculptée la figure du saint jusqu'à la moitié, en relief de 9 mm., avec l' inscription (4)Γ) ΙΩΙ Ὁ ΘΕΟΛΟΓ) Π 'Ο "Αγι(ο)ς 'Ιω(άνν)ι(ς) ὁ Θεόλογ(ο)ς fig. 1 et 2.

À la représentation de manière réaliste d'un vieillard est ajouté un modelage des plans de la profondeur plastique. Dans la comparaison iconographique est exposée l'opinion que pour St Jean Théologien n'existent pas seulement deux types de la figure: jeune apôtre et vieux évangéliste, mais aussi les nombreuses variantes entre ces deux âges. La face de St Jean Théologien a aproximativement les traits individuels du saint des autres représentations: un fort nez, un haut front et des grands yeux.

À juger d'après l'antiquisation du vêtement, qu'on rencontre particulièrement dans la renaissance de l'art byzantin du XI-e — XII-e siècle, et d'après la fréquence de l'abréviation(4) pour 'Ο "Αγιος, qu'on remarque aussi

au X-e et XII-e siècle, et particulièrement souvent au XI-e siècle, on peut supposer la datation de l'icone au XI-e siècle, mais avec la possibilité d'une retraite du X-e au XII-e siècle. Cette datation supposée renforce aussi la circonstance que Demir Kapija au XI-e siècle — Prosek (τὸν Πρόσακον) était la possesion de l'archevêque de Meglen avec de serfs, et que dans ce temps à Demir Kapija existait une habitation de laquelle furent decouverts plusieurs tombeaux du moyen âge.

Em même temps n'est pas négligé aussi le fait que le traitement du style en réalisation du relief de St Jean Théologien, sans un linéarisme indique peut être aussi la supposition d'une datation un peu plus tard.

On peut dire que malgré une extension du culte de St Jean Théologien Macédoine pas grande, et malgré un developpement non constaté du patronage de St Jean Théologien en Macédoine du XI siècle, il est possible de supposer que le donateur de cette icone fût quelqu'un qui estimait le culte de St Jean Théologien.

En résoudre la question de la provenance de l'icone sont pris en considération même les petites dimensions qui indiquent peut être à un souvenir de lieu de pèlerinage, même la matière inoble qui indique d'abord à la province. Dans le même sens sont pris et les caractéristiques de traitement du style. Résumant les données de toutes ces récherches on peut formuler trois suppositions pour la provenance de l'icone. D'abord, jugeant d'après l'existence du culte de St Jean Théologien en Macédoine, et dans les autres provinces, et d'après la qualité de la matière de l'icone, il y a la place pour la supposition que l'icone est provinciale et peut être de Macédoine et Prosek. Mais ensuite, jugeant d'après le traitement du style en réalisation des valeurs plastiques, on peut supposer aussi que l'icone n'est pas provinciale mais de Constatinople ou de Thessalonique. Et, à la fin, il y a la place encore pour une supposition comme variante. Jugeant d'après les valeurs du style du relief il est possible de dire que le sculpteur de l'icone avait formé peut être ses conceptions sur les exemples de la ville principale et puis il les reproduisait en province, et une oeuvre de telle acfivité supposée est l'icone de St Jean Théologien. Quelle supposition pour la provenance a l'avantage et laquelle est plus acceptable reste la question ouverte.

L'autre relief avec la représentation de l' archange Michel est découvert en 1940 muré dans une maison de Plaošnik à Ochride. Ce relief se trouve maintenant dans la collection du Musée d'Ochride.

Sur une dalle de calcaire gris, avec dimensions 26×46×4 cm., est sculptée plus de la moitié la figure d'archange Michel, en relief d'hauteur de 2 cm., fig. 3. D'après la partie conservée de la dalle on peut supposer la réconstruction de tout le relief, fig. 4, et des abréviations qu' on lit, $\overline{\text{Μ}}^{\text{χ}}\overline{\text{λ}}$ relativement Ὁ Ἀρχάγγελ Μιχαιλ.

Cherchant la réponse sur le problème de la datation du relief sont pris en considération les details du vêtement et de la cuirasse d'archange Michel, qui indiquent la possibilité de chercher la datation particulièrement au XIV siècle, au temps quand l'archange est représenté comme un saint guerrier en lutte contre les non-chrétiens. Vers un éloignement des exemples,

c'est-à-dire vers une datation au XIII—XIV siècle indique aussi l'interpretation modifiée de la rangée des astragales. Résumant les caractéristiques constatées au vêtement et à la cuirasse d'archange Michel, et puis la rangée modifiée des astragales, le style de la dalle scuptée et l'extension du culte d'archange Michel du XIV siècle, on peut d'abord supposer une datation au XIII—XIV siècle.

Pour résoudre la question de provenance, peut aider aussi le fait de l'extension du culte d'archange Michel, qui indique la possibilité que le donateur pouvait être de Macédoine. On peut ajouter aussi que l'imperfection du style indique la provenance provinciale.

On peut chercher le lieu primitif de la dalle sculptée près du lie u de decouverte, peut être dans quelque chapelle tombale patronée de l'archange, comme un protecteur contre le satan, ou comme intermédiaire devant le Jugement dernier, ou comme patron du donateur. En même temps il est opportun de supposer l'existence d'une chapelle independante à Plaošnik, le plus haut plateau de la ville, à laquelle appartenait cette dalle sculptée, parce que l'archange Michel était estimé in excelsis. Il est possible, ensuite, que le relief d'archange Michel fût posé dans une chapelle, dediée à un autre saint, à cause du haut lieu de la chapelle.

Ayant en considération toutes les circonstances decouvertes, puis les liaisons avec des attributs et surtout le traitement du style en sculpture, on peut avec probabilité supposer qu'il faut chercher la provenance de cette dalle sculptée à Ochrid et certainemant au plus tard jusqu'eu 1334.

Константин Петров

КАПИТЕЛИ ОД ОЛТАРНАТА ПРЕГРАДА НА НЕИДЕНТИФИЦИРАНА ОХРИДСКА ЦРКВА

*(Четврти извадок од докторската дисертација „Декоративна пластика во Македонија од XI до XIV век")**)

Меѓу повеќето различни детали од македонската декоративна пластика заслужуваат да бидат издвоени и објавени капителите од една неидентификувана охридска црква затоа што претставуваат целина од скулптиран ансамбл, чии карактеристики можат да се надоврзат на досега познатите заклучоци за пластиката од XI и XII век[1]).

Капителите беа откриени во зидовите на Хаџи Касум Џами при нејзиното уривање во 1950 година[2]). Од веројатни четири капители најдени се три, сл. 1, скулптирани во мермер. Нивниот основен облик



Сл. 1 — Три капители од неидентифицинана охридска црква.

*) Одбранета 1958 година. Овде се внесени и некои нови податоци.

[1]) Капителите од неидентифицираната охридска црква се споменати и навестена е нивната стилска припадност во првиот извадок од дисертацијата, К. Петров, Декоративна пластика во Македонија, во XI и XII век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Скопје 1962, стр. 160/36. Во 1957 година капителите беа сместени и изложени во Народниот музеј во Охрид.

[2]) Според соопштувањето на проф. Д. Коцо, за кое му заблагодарувам.

е кубичен, со навестено рондирање во аглите на ехинусот и со плиток абакус. Нивната височина е 24 см., абакусот има промери 35×36 см. а дијаметарот на плинтата е 25 см. Ехинусот на сите три капители е исполнет со скулптирана декорација во сета широчина на фасциите и на аглите. Може да се констатира дека само на првиот и третиот капител има одделена бордира меѓу ехинусот и плинтата додека на вториот капител декорацијата од ехинусот се спушта до самата плинта. Ова отстапување се должи на концепцијата на скулпторот и не е ниту погрешна изведба ниту локална карактеристика, ниту некоја особеност поврзана со одредено време, за да може да користи за датирање. Плинтите со кружен пресек имаат и дупки среде за зацврстување на колонки. Констатација што едноставно се наметнува е дека капителот односно плинтата е прилагодена кон колонка со кружен пресек додека и колонките во св. Софија и во Нерези и во Вељуса[3]) се октогонални. Меѓутоа, врз основа на ова не може ништо да се заклучи бидејќи во сите времиња се конструираат колонки во олтарните прегради со најразлични пресеци[4]).

Декорацијата со мали разлики во варијантите се повторува на сите три капители. На нивните агли има срцолисни рамки со трнести палмети среде, што според типот се вонредно блиски на acanthus spinosus[5]). Разликата во деталната интерпретација на овој мотив е минимална: на првиот капител има единаесетлисна и деветлисна палмета, на вториот капител палметите се деветлисни а на третиот капител единаесетлисни. Разликата е повидлива во декорирањето на ехинус фасцијата: на првиот капител е срцолист со деветлисна палмета, на вториот капител се две шестлисни полупалмети а на третиот капител се акантусни стилизации.

Според сите интерпретирани мотиви: според срцолистите, двотрачната врвца за рамка на срцолистите, палметите и пупките на првиот капител — лево и десно горе над срцолистот — и особено според техниката на плитко скулптирање во површини со изразито тесни бридови, капителите многу потсеќаат на пластиката од олтарната преграда од св. Софија во Охрид од XI век[6]).

Од друга страна не треба да бидат занемарени и индикациите за врски на друга страна. Имено, споменатите пупки на првиот неиденти-

---

[3]) П. Миљковић, Олтарна преграда Манастира Богородице милостиве у селу Вељуси, Зборник радова САН, LXV, Византолошки институт, књ. 6, Београд, 1960, стр. 142, сл. 1.

[4]) К. Петров, о. с., стр. 144/20. Испитувањата покажаа дека обликот на колонките не може да служи за хронолошко или територијално категоризирање, бидејќи само во рановизантискиот период има почесто кружни колонки, додека во подоцниот среден век има и кружни и октогонални и квадратни колонки. L. Bréhier, Les églises byzantines, Paris 1912, p. 34.

[5]) Акантусите со остри врвови го имаат типичниот источен облик — acanthus spinosus — со трнести краишта, за разлика од западниот облик — acanthus mollis — со заоблени краишта. К. Петров, о. с., р. 171/47 (според мислењата на Н. Кондаков и J. Strzygowski во Н. П. Кондаковъ, Археологическое путешествіе по Сирии Палестинѣ, С.Петербургъ 1904, стр. 48).

[6]) Особено на двете столчиња и капителот. К. Петров, о. с. ,сл. 9, 5 и 11.

фициран капител и акантусните стилизации од третиот капител потсеќаат на мотивите од олтарната преграда во св. Пантелејмон во Нерези[7]).

Несомнено дека и обликот на неидентифицираните капители може да укажува кон извесни врски. Така, додека е обликот на неидентифицираните капители неистоветен со обликот на капителите од св. Софија во Охрид и св. Богородица во Вељуса, облик што се среќава во византиската декорација веќе од X век[8]), тој е во исто време, речиси, идентичен со обликот на средишните капители од олтарната преграда во св. Пантелејмон во Нерези[9]).

Стилските карактеристики на оваа декоративна пластика можат да бидат сумирано оценети на следниот начин. Во сите флорни мотиви стилизирањето е потполно но без излишни додавања. Симетричниот распоред е основна композициона замисла кај секој капител поединечно. Изведувачката техника е усредсредена на точност иако е линијата негдегоде и со видливо несигурен синусоид.

Трите капители сами за себе не би претставувале самостојна вредност ако не им се одреди место меѓу македонската декоративна пластика. А пак за да се постави каква било категоризација нужно е таквата да се обоснови врз утврдени елементи и податоци. Меѓутоа, случајното откривање на капителите, не in situ, ами во секундарна употреба, значеше и отсуство на податоци какви можеби би имало ако капителите беа најдени барем близу до протогената градба. Не се утврдени, значи, ни локалитетот, ни градбата, ни местото во неа, ниту блиски материјали, се она што би спомогнало за посигурно одредување одговорите на важните прашања. Во овие прилично затворени рамки ќе може да се одговори со повеќе точност само на извесни прашања додека други од прашањата ќе останат во областа на повеќе или делумно објаснети и аргументирани хипотези.

А прашањата се значајни и бигни. Потребно е да се знае што претставуваат овие капители, односно на каков ансамбл му припаѓале во првобитната намена. Потоа, ако веќе постојат какви да е компоненти за одредување карактерот на ансамблот на којшто капителите му припаѓале, да се постави обид за реконструкција. Потребно е исто така да се одговори, макар и со хипотеза, на прашањето кој споменик би можел да биде протогената градба во која капителите односно ансамблот можеле да бидат поставени. За одредување на местото на оваа пластика секако се од голема важност и одговорите на нејзините сличности со пластиката во други споменици, односно за нејзините врски и вкомпонираност во низата на спомениците. Во тесна врска со наспоредувањето на блискостите и сличностите, врските и влијанијата, е и одговорот на прашањето за провениенцијата, односно за потеклото на стилските особености, провинциски или столнински. И на крајот, пра-

---

[7]) На пупките од космитисот и акантусната стилизација од капителите. К. Петров, о. с., сл. 24 и 22.

[8]) К. Петров, о. с., стр. 144/20, според J. Strzygowski, Nea Moni auf Chios, Byzantinische Zeitschrift, V, p. 146.

[9]) К. Петров, о. с., сл. 22.

шањето за датирање, чиј одговор резултиран од одговорите, речиси, на сите погоре поставени прашања може конечно да го одреди правото место на пластиката и на ансамблот на кој му припаѓале трите капители.

Нека се погледа најнапред на која и каква градба можеле да и припаѓаат овие капители. Да се расмотри прашањето да ли можеле да и припаѓаат на Хаџи Касум Џами. Фактот дека капителите не биле на декоративно место во џамијата, ами взидани во зидна маса и дека немаат исламски мотиви, ами напротив се блиски со св. Софија и Нерези, сведочи дека капителите не и приграѓале на џамијата, туку на некоја христијанска градба.

Бидејќи на тој локалитет во ниеден научен труд не е претпоставено постоењето на профана градба со декоративна пластика, ништо не обврзува да се земе во обзир претпоставка за профана градба, ами напротив. И тогаш кога останува како градба само црква, заради врските со пластиката од св. Софија во Охрид и св. Пантелејмон во Нерези, може да се разгледува кое би можело да биде местото на поставувањето на капителите.

Пред се малите димензии на капителите укажуваат на тоа дека не може да се бара местото на некој функционален дел во градбата. Септумските или поткуполните колони на ниеидентифицираната претпоставена базилика или крстообразна црква, заради функцијата на преземање голема тежина на градбата би требале да имаат барем два или трипати поголеми капители. Впрочем, откриените септумски колони и капители во црквите од рановизантискиот период и поткуполните столбци од црквите од зрелиот среден век се со неколку пати поголеми димензии. Затоа овие разгледувани капители не можат да им припаѓаат на тие места. Малите димензии на овие капители ја исклучуваат и можноста за нивно поставување на бифорно-трифорни колонки, каде што заради дебелината на зидовите има редовно прозорни колонки со профил на мено и соодветен облик на капители. Од друга страна и богатата декорираност не позволува капителите да биле на прозори. Во византиските столнински споменици со развиена и сложена архитектоника и распоред има уште неколку места каде што би можеле да дојдат во обзир колонки со вакви капители на фасадата. Но во македонските споменици останува смо уште едно место за поставување на вакви капители и тоа би било лоѓа односно надворешна галерија. Но на претпоставката за поставување на капителите на лоѓа се испречува апсолутното отсуство на податок за црквата со лоѓа на фасадата. Лоѓите, потоа, се вонредно редок конструктивен дел во македонските споменици и лоѓа е конструирана само еднаш на репрезентативниот ексонартекс на св. Софија од Охрид во XIV век, и тешко е да се претпостави често повторување. И на крајот, капителите од лоѓата во св. Софија имаат само доработени облици без каква било декорација, што сосема одговара на нивната функција надвор од градбата[10]). Од друга страна е

[10]) К. Петров, Декоративна пластика во Македонија во XIV век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Скопје 1963, сл. 19 и 20 стр. 19-21.

тешко да се претпостави дека вака декорирани капители би биле поставени на надворешност на црква, во период XI—XII век, бидејќи тоа не е во склад со концепциите на диминуирана византиска и македонска пластика од овој период[11]).

На крајот, преостанува можноста да се претпостави местото на капителите во внатрешноста на неидентификуваната црква. Таквите места хипотетично можат да бидат обично две: циборијум и олтарна преграда. Но циборијум не е откриен во ниедна македонска црква, а отворено е прашањето да се откриени и фрагменти од циборијум. Затоа е нормално и сосема прифатливо да се прими првата заснована претпоставка дека капителите му припаѓале на ансамблот на олтарна преграда, бидејќи олтарна преграда е откриена, речиси, во повеќето од македонските цркви и во периодот од V—VI век и во периодот од XI—XIV век и тоа со, речиси, еднакви капители како овие неидентификувани.

Досега се утврдени кои се пречките капителите да бидат сметани од друго место или од друг ансамбл. Сега е умесно да се констатира кои се компонентите што укажуваат дека капителите можат да бидат од олтарна преграда. Најнапред тоа се нивните мали димензии, што одговараат единствено и само на место на капители од олтарна преграда. Речиси сите досега откриени капители од олтарни прегради во црквите во Македонија од периодите V— VI век и XI—XIV век имаат приближна или еднаква димензионираност. Тоа е случајот со капителите од базиликата во Суводол[12]), со капителите од Коњух[13]), со капителот од св. Софија во Охрид, со капителите од св. Пантелејмон во Нерези и со капителите од св. Богородица во Вељуса[14]). Нужно е да се додаде дека ваквите димензии на капителите остануваат и подоцна во спомениците од XIV век, како например во св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино, во св. Атанасиј во Лешок и во св. Димитрија во Марков Манастир[15]).

Второ, обликот на капителите, кој еволуира од обликот на капителите од базиликите во Суводол, Коњух и од св. Софија во Охрид, станува, речиси, идентичен со облиците на средишните капители од олтарната преграда од св. Пантелејмон во Нерези. Исто така е нужно да се додаде дека кубично-пирамидалната форма воглавно ја задржуваат и капителите од св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино и св. Димитрија во Марков Манастир во XIV век.

Трето, особено е важно да се спомене уште еднаш врската и блискоста, а можеби и влијанието од декорацијата на капителот од олтарната преграда од св. Софија ов Охрид. Исто е така од значење

---

[11]) К. Петров. ibidem, стр. 2.

[12]) Ф. Месеснел, Старохришћанска базилика у Суводолу код Битоља, Годишњак Музеја Ј. Србије, Скопље 1940—1941.

[13]) Св. Радојчић, Црква у Коњуху, из Зборника радова XXI, Византолошког института САН, I, Београд 1952, 164.

[14]) П. Миљковић, о. с., стр. 141.

[15]) К. Петров, Декоративна пластика во Македонија во XIV век,. . . сл. 27—28, 35—48, 58—61.

и врската на акантусната стилизација со средишните капители од олтарната преграда од св. Пантелејмон во Нерези.

Овие три елементи не може да се рече дека се јавуваат случајно, ами се темелни компоненти на врските и аргументи на една сигурна претпоставка, која може да оди и до тврдење дека капителите и припаѓале на олтарната преграда на една досега неидентификувана охридска црква.

Во оваа смисла би можело да се направи и обид за реконструкција на ансамблот, со релативно претпоставени димензии на неоткриените детали и делови. Сè претпоставено според диспозиции и димензии на олтарните прегради во св. Софија во Охрид, во Нерези, Вељуса, Лешок, Старо Нагоричино и Марков Манастир. Пред се би требало да се земе предвид не трикорабна базилика, бидејќи една катедрална таква има, ами една крстообразна или еднокорабна црква.

Обидот за реконструкција би можел да изгледа вака, сл. 2. Се претпоставува релативна ширсчина на олтарната апсида од 520 см., во којашто е сместена олтарната преграда на чиј олтарен ансамбл припаѓаат трите капители. Еден од капителите со широчина од 30 см., со височина од 24 см., и дијаметар на плинтата од 25 см., е поставен на столпче со правоаголен пресек високо 100 см., и широко 30 см., угоре продолжено во колонка со кружен пресек висока 95 см., со дијаметар долу 28 см. а горе 25 см. Се заедно со стилобатот од 20 см., што можел да биде најверојатно висок како и подот на презвитериумот, и со столпчето, колонката, капителот и космитисот би можело да изнесува 260 см.

На ист ваков начин би можеле да бидат реконструирани и колонките со столпчињата под двата други капители, додавајќи уште еден капител којшто не е пронајден и уште една колонка. Диспозицијата во широчина од 520 см. е изведена на начин близок на хармоничната диспозиција на повеќето олтарни прегради. Математичкиот индекс на таа диспозиција би можел да биде изразен на следниот начин: 20—30—120—30—120—30—120—30—20 см.

Нужно е, на крајот, уште еднаш да се додаде дека е оваа реконструкција обид за сумирање на најверојатните компоненти и околности во какви можеле да се наоѓаат капителите на нивното протогено место. Секако дека е далеку потешко и, речиси, засега невозможно да се одговори на прашањето на која црква и припаѓал олтарниот ансамбл чиј дел биле капителите откриени во џамијата. Да се повтори дека и пред рушењето на Хаџи Касум Џами не беше ништо повеќе познато за црквата од која потекнуваат капителите. Колку е објективна можноста да се поврзе претпоставката на преданието за постоење на црква на местото на Хаџи Касум Џами останува отворено прашање, бидејќи таквата можност е намалена со уривањето на подоцнешната џамија. Но при претпоставување на црква на овој локалитет подоцна, ако бидат најдени нови индикации или податоци, овие капители би можеле да и припаѓаат на олтарната преграда на таа црква.

Сумирајќи ги блискостите може со извесност да се тврди постоењето на стварни врски и можеби меѓусебно влијание на скулпторот односно пластиката меѓу неидентификуваните капители и св. Пантe-

лејмон во Нерези. Тоа значи дека неидентификуваните капители и целиот ансамбл на олтарната преграда чинат една стилска целина со веќе проучените македонски споменици и претставуваат нејзин стилски дел.

Прашањето за провениенција на пластиката и скулпторот овде не може да се постави во вообичаена форма, бидејќи е јасно дека штом се врските со македонските цркви така јасни и евидентни, провениенцијата треба да се бара на самото место, односно во Охрид. Имено, ако е пластиката не импортирана, што е сосема извесно, и ако нејзините блискости со останатата македонска пластика укажуваат на врски, тогаш е најлогично првата претпоставка за провениенција на мајсторот скулптор да се бара во Македонија или можеби и во Охрид.

На крајот, останува и последното иако по важност прво прашање, да се датира оваа пластика, да се утврди нејзиното место во хронологијата на македонските споменици.


Да се тргне најнапред со начинот на елиминирање на исклучивите и минималните можности за датирање. Да се види зошто не може да се датира пластиката на неидентификуваните капители во периодот на спомениците од V—VI век. Пред се, на ова му пречат археолошки и стилски бариери. Имено, спомениците од VI век на Охрид допрва се во фаза на откривање и проучување. Единствено крај св. Софија бил откриен во теренот еден капител со еднозона пластична декорација, а познато е дека се пронајдени и темелите на две постари згради, можеби од базиликата на св. Софија на првите охридски архиепископи[16]). Впрочем, во ниедна охридска црква не се најдени бројни делови од ансамбли взидани во секундарна употреба а да потекнуваат од цркви од V — VI век. Дотолку поверојатно е во турскиот период да можеле да бидат на рака делови од пластична декорација од VI век за да бидат взидани во џамија. Но најважна пречка за датирање во времето на V—VI век е изборот на деталите на декорацијата: срцолисти, двотрачни рамки и пупки и акантусна стилизација во таква интерпретација каква што не се среќава во спомениците од V—VI век. Во тој период уште помалку може да се сретне пластика со стилска изведба на тесни бридови и со плитко и понекогаш неточно цизелирање. Заради ваквите компоненти пластиката на неидентификуваните капители и споменикот не може да биде датирана во периодот на V—VI век.

И токму присуството на срцолисти со палмети со дветрачни врвци со пупки и акантусни стилизации и стилот на плитко цизелирани остри бридови на површините и блискостите со стилот на св. Софија од Охрид и св. Пантелејмон во Нерези и со облиците од средишните капители во Нерези, се достатни елементи за датирање на пластиката на неидентификуваниот споменик во периодот на XI—XII век.[17])

---

[16]) D. Koco, Novi podaci o svetoj Sofiji, Archaeologia Jugoslavica, II, Beograd 1956. К. Петров, Декоративна пластика во Македонија во XI—XII век, . . ., стр. 155.

[17]) Карактеристиките на пластиката во крајот на XIII и во XIV век се поинакви и затоа капителите на неидентификуваната охридска црква не можат да се датираат во времето на XIII—XIV век.



Сл. 2 — Реконструкција на трите капители во олтарната преграда на неидентификувана олтарна црква

Konstantin Petrov

LES CHAPITEAUX DU PARAPET DE L'AUTEL D'UNE ÉGLISE NON IDENTIFIÉE À OCHRID

RÉSUMÉ

Trois des quatre chapiteaux probables sont decouverts, fig. 1, dans les murs de Hadzi Kasum Dzami, au temps de leur destruction en 1950. Les chapiteaux ont une hauteur de 24 cm., l'abacus est avec une mesure de 35×36 cm., et le diamètre de la plinte est 25 cm. La décoration avec petites différences en variantes se répète sur les fascies des tous les trois chapiteaux. D'après les motifs et la forme ces chapiteaux ont des liaisons avec la plastique des parapets des autels de Ste Sophie à Ochride et de St Pantelejmon à Nerezi.

En détermination de l'édifice à laquelle appartiennent les chapiteaux, fut éliminée la possibilité que les chapiteaux soient de Hadži Kasum Džami, parce que les chapiteaux n'étaient pas à la place décorative de la džami mais murés comme matériau, et parce qui ils n'ont pas les motifs islamiques. Étant donné qu'à cette localité n'est pas supposée, dans aucun travail scientifique, l'existence d'un édifice profane avec plastique décorative, il faut prendre en considération une supposition d'un édifice sacral. À cause des petites dimensions des chapiteaux sont éliminées les places où ils ne peuvent pas être posés: les colonnes de septum ou sous la coupole, les colonnes des fenêtres et la colonade des galeries. Enfin, reste la possibilité que les chapiteaux soient des colonnes du parapet de l'autel, particulièrement à cause des liaisons avec les chapiteaux des parapets des autels de Ste Sophie à Ochride et de St Pantelejmon à Nerezi.

Dans ce sens est fait aussi l'essai d'une reconstruction des chapiteaux dans un parapet de l'autel supposé, fig. 2, d'après les dispositions dans les autres parapets des autels des églises en Macédoine.

Les liaisons avec les églises en Macédoine indiquent la possibilité de chercher la provenance des chapiteaux en Macédoine, relativement à Ochrid. D'autre part les liaisons avec les motifs et les formes de Ste Sophie du XI siècle et de St Pantelejmon du XII siècle, indiquent la datation des chapiteaux au temps du XI-e au XII-e siècle.

Борка Јосифовска-Драгојевић

ЈЕДАН НЕОБЈАВЉЕНИ ЕПИГРАФСКИ СПОМЕНИК ИЗ СОПИШТА

Представљало је само питање времена да се докаже да је и село Сопиште, као и суседна му села, улазило у оквир државне територије римске ветеранске колоније Скупа[1]). Археолошким материјалом до којега се дошло рекогносцирањем изведеним 1951. године, када је откривен већи број локалитета, доказало се не само то, него и да се ту одвијао живот и раније — у предримском периоду, као и доцније — у словенском[2]). На једном од тада откривених локалитета, чије би се име „Куклоец" — с обзиром на његово значење — могло да уврсти у археолошке топониме Македоније[3]), откопан је још 1948. године и споменик о којем је реч у овоме чланку, заједно са друга два са којима је био употребљен за конструкцију једне гробнице из римског времена[4]). Летимичан поглед на фотографију споменика довољан је да постане јасно да је он био адаптиран баш за ту сврху (инв. бр. 461).

Споменик је од белог мермера. Његова висина износи око 2,50, ширина 0,62 дебљина 0,30, висина натписног поља без профилације 0,68 ,ширина 0,34 м. Обликом је готово идентичан са једним од малочас

---

[1]) Сопиште се налази јужно од Скопља „на падини планине Водна и то на месту где је граница језерских неогених наслага испод села и стрме кречњачке стране изнад села. . . . ." (Д-р Јован Трифуноски, *Слив Маркове реке*, *Филозоф*. факултет на Унив.-Скопје, Посебни издања кн. 7, Скопје 1958, 127).

[2]) Рекогносцирање је било предузето у првом реду од стране Народног музеја града Скопља, а настављено од других музеја Македоније. Трајало је закључно до 1953. године. Резултате до којих се дошло објавио је д-р Миодраг Грбић у Гласнику Музејско-конзерв. друштва НР Македоније, св. I, бр. 9, 1954 г. под насловом: *„Археолошки наоѓалишта во Македонија"*. Том приликом откривени су следећи локалитети: *Куклоец*, римски гробишта (стр. 117); *Вејрило*, римски гробишта (стр. 117); *Присојница*, римски гробишта (стр. 117); *Селиште*, римска населба (стр. 116); *Тумба*, бронзенодопска, римска и словенска населба (стр. 109 и 117). Осим овога, према подацима које је д-р Трифуноски добио у селу, при копању за темеље цркве „Св. Мина" били су откривени гробови и плоче „со римско писмо", а на месту *„Прийор"* при орању налажене су ћерамиде (стр. 128 и 129).

[3]) У македонском језику реч *кукла* значи *луѓка*. У селима у којима се наилази на теракоте реч се употребљава и у том значењу. Сличан топографски назив у Македонији сретамо северозападно од Кратова („Куклица") и југоисточно од Струмице („Куклиш"). Било би заиста интересантно да се провери да ли и та места представљају археолошке локалитете.

[4]) М. Грбић, ibidem, 117. Два од ових споменика су још 1954. године публикована од потписане (Три непубликирани латински натписи од Македонија, Жива Антика, IV—I, Скопје 1954, 196—199, бр. 2 и 3;

споменутих, наиме са спомеником ветерана V македонске легије Л. Валерија Галена[5]). Представља високу, витку стелу са недекорисаним глатким оквиром и предњом страном рашчлањеном на три дела: на стрми шиљасти фронтон, малу четвртасту едикулу и високо профиловано поље за натпис. О томе, како је могао да буде украшен део споменика изнад едикуле, због већ наведеног разлога, могло би се рећи само толико: да је троугаоно поље фронтона било оивичено уском пластичном траком, док би се о самој декорацији могле једино да праве претпоставке, па се на томе нећемо ни задржавати (сл. 1).

Едикула садржи представу т. зв. даће, која се доста често среће баш на споменицима ове области[6]). На једној клини са високим наслоном римског типа представљена су четири члана једне породице, међу којима и једна жена са дететом у наручју, а пред њима, као обично, столић са храном[7]). Изнад њихових глава, у позадини, целом ширином рељефа назиру се остаци гирланде од које је у левом углу доста добро очуван један део[8]).

У натписном пољу које је оивичено сложеном профилацијом уклесано је дванаест редова следећег латинског натписа:

Mesta Di-
dae Sit(a)e f(ilia)
vixit anni(s) XX
h(ic) s(ita) e(st).
Lucius Dic-
conis f(ilius) con-
iunx et Dida
Sit(a)e pater et Mes-
cena mater et Sita
Mesti avius et
Mania avia
p(ie) f(aciendum) c(uraverunt).

Натпис садржи само две лигатуре: у трећем реду број XX и у деветом: it (слова 13. и 14).

Слова, некад црвено обојена, урезана су међу плитко повученим, сада једва приметним паралелним линијама, због чега се на први поглед добива утисак да су на неким местима, као у курзиву, повезана. Њихова висина износи у првом реду око 5 см, од другог до шестог реда 3, у седмом око 3,5, а у осталим од 2,5—3 см. Почев од осмог реда она су не само осетно мања и збијенија, него су и сами редови распоређени у мањим размацима него претходни. Поред овога, пада у очи да величина слова није увек иста ни у једном истом реду, да нису уклесана једнако брижљиво и да паралелно са словима која својим обликом при-,

[5]) Ibidem бр. 2.

[6]) На пр.: Н. Вулић, Споменик САН 47, бр. 67 (Бардовце); 98 (1941—48) бр. 429 и 430 (Долно Водно) и бр. 428 (Блаце); Жива Антика III 1—2, 1953 бр. 10 (Сарај); Зборник на Археолошкиот музеј I, Скопје 1956, 78 (Влае) и др.

[7]) Фигуре су ситне, па не може да се говори о иконографским детаљима. Веом сличну преставу даће имамо на споменицима из Дољнег Водна (в. заб. 6).


[8]) Cf. Жива Антика III бр. 10 (Сарај) и Спом. 98, бр. 65 (Титов Велес).



Сл. 1

падају монументалном писму онога времена, сретамо и таква која су преузета из курзива (на пр. особито M и N)[9]). Што се тиче интерпункције она је постављена иза сваке речи (сл. 2).

Споменик је, како се види из натписа, подигнут Мести, кћери Ситиног сина Диде. Дедиканти су: муж, родитељи, баба и деда. Епитаф



Сл. 2

је значајан из више разлога: пре свега што садржи релативно велик број епихорских имена која тако убедљиво илуструју мешовити карактер становништва ове области у центру Балкана[10]), што ономастичке формуле

[9]) Cf. René Cagnat, Cours d'épigraphie latine, Paris 1914, 19.

[10]) Cf. Милан Будимир, О етничком односу Дарданаца према Илирима, Југословенски историски часопис III, 1—4, Љубљана—Загреб—Београд 1937, 15.

којима су означена у њему споменута лица не спадају у оквире латинске, већ илирске епиграфије, и најзад што су у питању чланови трију генерација, чиме се добија прилика за упоређивање њихове номенклатуре.

Прелазећи на анализу у натпису споменутих имена, разуме се да ћемо се у првом реду позабавити именом оне којој је епитаф подигнут, — значи именом Mesta. Закључујући према патронимику њезиног деде по оцу који се звао Sita Mesti, покојница је била наследила прадедово име, боље рећи: њено име представља женски облик његовог, уколико то исто име није носио и њезин дедa по мајци. Име Места је ретко, што се најбоље види из чињенице да се ни у једном од многобројних натписа у CIL III не спомиње ни као nomen, ни као cognomen[11]). Према томе нема ништа необичног ни у томе што се и код нас први пут срета тек сада, захваљујући овоме натпису—уколико га немамо у једном епитафу из Дуња[12]). У мушком облику, међутим, срели смо га код нас у једном натпису из Мартолаца, југозападно од Титовог Велеса[13]). Ни једно ни друго име не наводи Крае у своме лексикону илирских личних имена[14]), а такође ни Мајер[15]), док се код Холдера налазе обадва, из чега може да се закључи да их он сматра келтским[16]). Холдерово мишљење, међутим, не дели Дечев, према којему су ова имена трачка[17]). Као masculinum име је наведено у речнику грчких личних имена код Папе-Бенселера[18]), но, и покрај тога, у овом случају мислим да би га, као и име Места, требало сматрати пре епихорским, него грчким.

У односу на језичну припадност имена Dida, које носи Местин отац, постоји такође више различитих мишљења: да је трачко, илирско, келтско, па чак и египатско. Матееску на пр. мисли да би се име могло сматрати и трачким и египатским, пошто се, наводно, срета како у Тракији, тако и у Египту[19]). Трачким га сматра и Дечев, који чак и за име Пеонца Диде што га спомиње Ливије, вели да би могло да буде и трачко „уколико су становници Пеоније пре инвазије Илира могли да буду чисти Трачани“[20]). Међутим, он примећује да се радикални део

---

[11]) Види: Indices.

[12]) Спом. 71, бр. 385 (Дуње), југоисточно од Прилепа): Δημάρχῃ Βα|σου ἑαυτῇ καὶ|Βάσσω τῶ υἱῶ | ἥρω | καὶ Μεσταπι (= Μεστάπη) θυ|γατρὶ ζώσῃ. Према Дечеву пети ред овога натписа треба да се чита: Μέστα τῇ.... (D. Detschew, Die thrakischen Sprachreste, Wien 1957, 298). Annuar. Inst di Studi clas. Univers. din Cluj 3, 1936—40, 158, што цитира Дечев, није ми приступачно. Друга лекција изгледа вероватнија него Вулићева. Ипак, ради тога што је фотографија на томе месту нејасна, налагала би се ревизија натписа на лицу места, што је засада немогуће, јер је натпис узидан у цркву споменутог села.

[13]) Б. Јосифовска, Неколку неиздадени грчки и латински натписи од Македонија, Жива Антика III 1—2, Скопје 1953, 237, бр. 6.

[14]) Hans Krahe, Lexikon Altillyrischer Personennamen, Heidelberg 1926.

[15]) Anton Mayer, Die Sprache der alten Illyrier I, Wien 1957.

[16]) A. Holder, Alt-celtischer Sprachschatz II, Leipzig 1904, 577 и 456.

[17]) D. Detschew o. c. 297—298.

[18]) Pape-Benseler, Wörterbuch d. griechischen Eigennamen, Braunschweig 1911, 907.

[19]) G. G. Mateescu, I Thraci nelle epigrafi di Roma, Ephemeris Dacoromana, Annuario della scuola Romana di Roma ,I, Roma 1923, 209 n. 2 (Цитирано према: H. Thylander, Étude sur l' épigraphie latine, Lund 1952, 163).

[20]) D. Detschew, o. c. 131

овога имена налази и код Фрижана, Венета, Келта, а такође и у латинском језику[21]). Код Томашека име није забележено, што би указивало на то да га он није сматрао трачким[22]). Код Холдера је име наведено као келтско[23]), што му оспорава Крае[24]), с правом, нарочито ако се има у виду, поред осталог, да је Холдер у свој речник унео доста ономастичког материјала и из оних крајева у које су некада Келти били само продрли[25]). Мајер, као и Крае, име Дида држи за илирско[26]). У литерарним изворима, осим код Ливија[27]), име се спомиње и код Паусанија[28]). У натписима са територије Дарданије, Пеоније и југославенског дела античке Македоније сретамо га први пут.

У погледу интерпретације имена Местиног деде Site тако исто не постоји сагласност међу филолозима[29]). Поред мишљења о његовој келтској језичној припадности[30]), постоје мишљења да је име: илирско (Мајер)[31]), трачко (Дечев)[32]) и најпосле да би могло да буде и илирско и трачко (Томашек.[33]) Са овим именом, које је према Касију Диону носио и један Дентелетски кр̑аљ[34]), код нас смо се срели и у натписима из Ресаве[35]), Ореховца[36]) и Ретимње[37]) — значи из области које су у античко време биле у оквиру Пеоније и Дарданије. Пада у очи да је у овим натписима име Sita споменуто паралелно са именима нетрачког — изузев Βυρδίων — углавном илирског порекла. Због тога свакако и Томашек, који је на основу малочас споменутог податка из Диона и једног натписа из Британије[38]) уврстио име Sita међу трачка, кад се

---

[21]) Ibidem.
[22]) W. Tomaschek, Die Alten Thraker I, Wien 1894
[23]) Holder o. c. I, Leipzig 1896, 1282.
[24]) O. c. 42.

[25]) Cf. Дује Рендић-Миочевић, Илирска ономастика на латинским натписима Далмације, Вјесник за археологију и историју далматинску, Сплит 1948, LII, 6 заб. 2.
[26]) O. c. 121.
[27]) Liv. XL 21, 22, 24; XLII 51, 52. (XLII 51: Didas ex praetoribus regiis unus qui Paeoniae praerat).
[28]) Paus. 5. 21, 15 (Δίδας) — cf. Pape-Benseler 297.
[29]) в. Kiril Vlahov, Nachträge und Berichtigungen zu den thrakischen Sprachresten und Rückwörterbuch, Годишник на Соф. универзитет, LVII—2, Софиа 1963, 260 где је име уврштено у III групу, која обухвата имена „чија се припадност трачком језику оспорава, одбацује или ставља под сумњу" (стр. 154).
[30]) Holder, o. c. II, 1904, 1589.
[31]) O. c. I, 308.
[32]) O. c. 452.
[33]) O. c. I, 43.
[34]) Cass. Dio LI 23, 25. (23: ..... τῷ Σιτᾷ τῷ τῶν Δενθελητῶν βασιλεῖ. . . .).
[35]) Спом. 71 бр. 174 (Ресава, јужно од Кавадарци): Γαΐα Τίτου Βυρδίων Σίτα. . . . . Τίτω Βάκχα. . . . .
[36]) Спом. 71 бр. 254 = CIL III 8242 (Ореховац код Призрена — СР Србија АО Космет): . . . . D. M. Scerviae dus Sitaes | vi(xit) an. XXX. | Interfectus | a latroni|bus. Sita Da|si pater f. p. et sibi | et Caiae Da si coniu|gi b. m. vi(v)us f. c. Ова лекција је правилна, док исти натпис у CIL у реду 7—8 гласи погрешно: Sita Pasipi f., што су преузели: Томашек (стр. 43), Fluss (RE III A_1 1927, 377) и Дечев (452):.
[37]) Спом. 71 бр. 253 = CIL III 8241 (Ретимња код Призрена): . . . . . et Sitae f(ilio) Sumi cor(niculario) co(h)or(tis) pri(mae) Dar(danorum) . . . . .).
[38]) CI VII 67 (Rufus Sita eques coh. VI Thracum).

ради о истом имену у наведеним натписима, мисли да је оно пре илирско, него трачко[39]). У CIL III ово име сретамо и у једном натпису из Паноније Inferior[40]). Исто име заједно са честим трачким именом Mucatralis имамо и у једном натпису из Северне Бугарске[41]).

Име које се налази у филијацији Местиног мужа који се звао: Lucius Dicconis f(ilius), чија номинативна форма гласи Dicco, срели смо једино код Папе-Бенселера и то као feminimum[42]). С обзиром на чињеницу да у римско доба није било могуће по имену разликовати Грка од Македонца, име би једнако могло да указује на грчко, као и на македонско порекло Лукијеве мајке[43]). Ипак, због суфикса -on, који се налази у бројним личним илирским именима, вероватније изгледа да се овде ради о једном националном, тачније речено илирском имену[44]). Међутим, у том случају се више не би могло, као малочас, са сигурношћу рећи да је у питању метронимик, пошто су код илирских имена на -on обадва рода у приближно једнаком броју била заступљена[45]). У прилог илирском пореклу имена Dicco ишла би и претпоставка Judeich-a о сродности најстаријег становништва Акарнаније, одакле потиче натпис из којега је име преузето у споменути речник, са илирским племенима[46]).

Име Mescena које је носила Местина мајка, веома је ретко. Осим у овом натпису — колико смо могли да проверимо — срели смо га само у једном из Рима[47]), одакле га је и узео за свој речник Шулце[48]), и у једном из Далмације[49]) — у обадва случаја поред имена Mescenius, које с њим стоји у тесној генетској вези, а које се више пута, као и име Mescenia, среша у функцији гентилиција на натписима Далмације[50]). Сем код Шулцеа, име Mescena није забележено ни у једном од до сада споменутих речника.

Име Mania, које припада Местиној баби, код нас се среша први пут, док смо га у мушком облику већ срели у једном натпису из Стоба као патронимик[51]), и у једном из Горњег Чичева као praenomen[52]). Код

---

[39]) O. c. I, 43.

[40]) CIL III 3435 ((Waitzen, Pann. inf. (: . . . T. Arsinius Sita vete. leg. II Ad.

[41]) Д. Димитровъ, Надгробните плочи отъ рим. време въ Сев. България, София 1942, 25, 2.

[42]) O. c. 300 (Δικκώ. . . . . Akarnan. Inschr. 1794, i). Овде је забележено и име Δίκων, како се звао син неког Kallimbrotus-a из Сиракузе.

[43]) Фанула Папазоглу, О ономастичкој формули код Македонаца у римско доба, Жива Антика V—2, Скопје 1955, 353 заб. 11.

[44]) A. Mayer o. c. II, Wien, 1959, 223.

[45]) Ibidem.

[46]) PW RE I_1, 1893, 1150.

[47]) CIL VI 22428 (T. Mescenius Olympus Mescena (sic) Inventa l.).

[48]) W. Schulze, Zur Geschichte lateinischer Eigennamen, Berlin 1904, 193.

[49]) Bullettino di Archeologia e storia Dalmata, anno XXXV, 10 бр. 70413 (Mescenio Secundino . . . . . L. Cornificio Mescena Rufina).

[50]) CIL III 1778 (Narona); 1800 (Narona); 1962 (Salona); 1972 (Split); 8831, 8440. 9393.

[51]) Споменик 71 бр. 105: Σεκόνδα Μανίου . . . . .

[52]) Ibidem бр. 110=CIL III 12309: . . . . . Oliae Quarti f. Gaiae et Manio Olio Quarto . . . .

Римљана се као masculinum среша и у функцији личног[53]), као и гентилног имена[54]). Као praenomen оно према Münzer-у није одвише често, а изгледа ни као гентилицијм[55]). За Папе-Бенселера име је „делом фригиско робовско, делом грчко, а у мушком облику римско[56]). Фригиског, но и лидског порекла, могла је да буде и жена што се спомиње у натпису који цитира Холдер доносећи ово име[57]). Име је као masculinum забележено и код Етрураца[58]). Према Томашеку[59]), Пачу[60]) и Дечеву[61]) име би било трачко, са чиме се слаже и Krae[62]). Међутим А. Мајер географски топоним Μανιὸς κόλπος и име племена Μανιοί, за које Псеудо-Скилакс изричито вели да је илирско[63]), сматра такође илирским[64]). Од Ксенофонта[65]) и Полиена[66]) дознајемо да се овако звала и жена Фарнабазовог сатрапа Дарданца Зениса, која је после мужевљеве смрти била преузела његову дужност. Дакле име Maniа које је — као што смо видели — забележено код анатолских Дарданаца, откривањем нашег натписа појављује се и код балканских, као што је то случај и са именом Bato и неким другим, па према томе нема сумње да је у овом случају епихорско, највероватније илирско.

Што се тиче номенклатуре лица која се спомињу у натпису, сретамо се са три паралелно употребљена типа ономастичких формула, не рачунајући ту и имена мајке и бабе Местине, у којима не гледамо просту једночлану формулу, него само уједностављен и присан начин именовања[67]).

Анализирајући ономастичке формуле којима су означени Местин отац „Dida Site" и деда „Sita Mesti" примећује се да су једнаке, иако међу лицима на које се односе постоји разлика за читаву једну генерацију. Ради се о формули грчког типа, састављеној од личног имена и

---

[53]) CIL III 12309.

[54]) CIL III 6801; као cognomen: 11582, 14373, 12501.

[55]) Münzer, Manius, RE XIV$_1$ 1928, 1147. Према његовом мишљењу ово је име изгледа у старије време било више раширено, него доцније. Као најстарије сведочанство његовог помена он наводи познати натпис са т.зв. Fibula Praenestina (VII-VIв.).

[56]) O. c. 854 (Μανία).

[57]) O. c. 406 (Μανία 'Αρτεμονος 'Αγκυράνη). За име 'Αγκύρη в. Pape Bens. 11.

[58]) Zonar. VIII I (Μάνιος... Τυρσηνὸς τὸ γένος). Cf. RE XIV$_1$ 1147. Можда је био Етрурац и творац споменуте фибуле, пошто се вештина уметничке обраде бронзаних предмета, као што је познато, баш преко Етрурије била проширила у Лацији и остале области, но он је могао да буде и илирског порекла, ако је тачно да је у Пренести, поред латинског становништва, у најстарије доба постојао и „јак илирски слој" како претпоставља G. Radke поред осталог и на основу форме имена града (RE XXII, 1954, 1551).

[59]) O. c. 23.

[60]) C. Patsch, Thrakische Spuren an der Adria, Jahresh. 10 (1907) 169 ff. u. 173. (Цитирано преко: H. Krahe Die Balkanillyrischen geographische Namen, 1925, 7).

[61]) O. c. 285.

[62]) B. заб. 60.

[63]) Ps. - Skyl. 23, 24: ... οὗτοι δὲ εἰσιν 'Ιλλυριοὶ ἔθνος Μανιοί.

[64]) A. Mayer, o. c. 219.

[65]) Xen. Hell. III, 1, 10: .... Ζήνις Δαρδανεύς.... Μανία ἡ τοῦ Ζήνιος γυνὴ Δαρδανὶς καὶ αὐτή.

[66]) Polyaen. 8, 54: Μανία, γυνὴ Ζήνιδος ἄρχοντος τῶν περι Δαρδανον πόλεων·

[67]) Cf. Rendić, o. c. 22.

патронимика, која одговара фази I *Ba* Рендићеве схеме[68]). Ова формула, међутим, према закључцима Фануле Папазоглу представља такође и нормалну македонску ономастичку формулу[69]). Према томе, имајући у виду географски положај и историски развитак области из које потиче натпис, сматрамо да је као узор за двочлану номенклатуру становништву Дарданије могла да послужи пре македонска формула, и то типа Ia схеме Папазоглу[70]), него грчка као што је то према Рендићу случај на пр. у приморској Далмацији и областима које су се налазиле у близини грчких насеобина[71]).

Док номенклатура најстарије и средње генерације у овом натпису не показује никаквих разлика, то није случај са најмлађом, којој припада-умрла и њезин муж. Пре него пређемо на даље излагање напоменућемо да је у оба случаја, и поред разлике која постоји, заједничко то, што је патронимик, одн. метронимик, изражен на римски начин, што према Рендићу представља једну вишу фазу у развитку ономастичке формуле код Илира[72]). Покојница је означена сложенијом формулом него њезин муж, наиме: њезина филијација је изражена личним именом и патронимиком оца уз додатак filia, тако да јој име у потпуности гласи: Mesta Didae Site (= Sitae) f(ilia), што би одговарало фази III Ab Рендићеве схеме, а што би се могло изразити такође и на овај начин: Mesta Sitia Didae filia[73]). Да се ова формула овде не би могла протумачити на други начин, на пр. Mesta Didae (uxor), доказ је то што су у продужетку натписа наведена имена и мужа и оца. Ономастичка формула у којој је као овде патронимик изражен двоструким именом у натписима Дарданије — колико смо могли да проверимо — до сада није забележена, па би према томе у нашем натпису имали први доказ да оваква номенклатура није била ограничена само на Далмацију, на основу чијих је натписа и постављена формула III Ab споменуте схеме[74]).

Склоп имена Местиног мужа које гласи: Lucius Dicconis f(ilius), припада типу I Bb исте схеме с том разликом што је филијација изражена метронимиком, у колико је у питању споменуто грчко-македонско име[75]), а што би било могуће и у случају да се ради и о илирском имену, из већ споменутих разлога[76]). Метронимик у филијацији код Македонаца је доста чест[77]), док је према закључцима до којих је дошао Рендић код Илира „бар у хисториско доба непознат". Ипак он наводи један пример у коме претпоставља метронимик[78]). Да то није само усамљен случај пока-

[68]) Ibidem 19.
[69]) О. с. 353.
[70]) Ibidem 367.
[71]) Рендић, о. с. 31.
[72]) Ibidem 31, 66.
[73]) Ibidem 19, 40, 41. У трочланој формули то је тип *b* варијанта b^1 — Д. Рендић-Миочевић, Illyrica. Zum Problem der illyrischen onomastischen Formel in römischer Zeit, Archaelogia Iugoslavica II, 1956, 49.
[74]) Ibidem 40.
[75]) Ibidem 19.
[76]) В. заб. 44 и 45.
[77]) Ibidem 356. Папазоглу, о. с.
[78]) Рендић о. с. 16 sq.

зује и један натпис посвећен Херкулу, који није могао тада да буде познат Рендићу, а који гласи: .... Titus Anae Codalianus...., а свакако би се нашло и више сличних примера када бисмо имали могућности да прегледамо целокупни епиграфски материјал из области некада насељених Илирима[79]).

Деноминација Местиног мужа, поред осталог указује и на то да он, успркос личном имену Lucius, не само да није био Римљанин, него није имао ни римско грађанско право. Како је деноминација у којој је један од саставних елемената као овде римски, или пак обадва, према мишљењу Ф. Папазоглу настала као последица обичног преузимања римских имена од стране неримског становништва[80]), то нам она у овом случају пружа и довољно објашњења за присуство овога веома омиљеног, чисто римског преномена, који је носио и већ споменути ветеран Валерије Гален, чије је име у овом случају могло веома лепо да послужи као узор[81]).

Споменик је — као што смо видели — подигнут приватном лицу и као такав не садржи никакав историски податак, који би могао да укаже на време његовог подизања, а како је у питању једна домородачка породица, чији ниједан члан није уживао римско грађанско право, то ни присутне ономастичке формуле не могу да послуже као критериј за његово апсолутно датирање, тим више што оне — и поред тога што једне у односу на друге показују виши степен развитка, имају само релативну хронолошку вредност[82]). Међутим, епихорски карактер готово свију имена, одсуство консекративне формуле са истовременом употребом израза HSE и FC, концепција натписа, недекорисане ивице споменика и најпосле за период Флавијеваца карактеристичиа представа даће[83]) указују на I век н. ере.

Borka Josifovska-Dragojević:

UN MOMUMENT ÉPIGRAPHIQUE INÉDIT DE SOPIŠTE

RÉSUMÉ

La stèle funéraire dont il est question dans cet article provient du village de Sopište (au sud de Skopje), précisément de l'endroit „Kukloec", où elle avait été réemployée avec deux autres stèles dans la construction d'un tombeau de l'époque romaine, qui a été mis à jour fortuitement en 1949 par les

[79]) Споменик 98 бр. 333 (Коловрат код Прибепоља, СР Србија, АО Космет). Према облику слова „G", карактеристичном за време С. Севера, натпис би могао да потиче из III века (R. Cagnat, o. c. стр. 4—5 и таб. XIV).

[80]) O. c. 363—364.

[81]) В. заб. бр. 5.

[82]) Рендић o. c. 66.

[83]) Cf. J. Klinkenberg, Die römischen Grabdenkmäler Kölns, Bonner Jahrbücher 108/9, Bonn 1902, 100.

villageois. Pendant les explorations archéologiques de ce terrain, entreprises en 1950, les stèles mentionnées furent retrouvées et immédiatement transportées au Muése Archéologique de Skopje (v. n. 4). La stèle porte un relief du banquet funèbre et l'inscription latine, qui se lit comme suit: *Mesta Di | dae Sit(a)e f(ilia) | vixit anni(s) XX | h(ic) s(ita) e(st). | Lucius Dic|conis f(ilius) con-| iunx et Dida | Sit(a)e pater et Mes|cena mater et Sita | Mesti avius et | Mania avia | p(ie) f(aciendum) c(uraverunt)* Fig. 1 et 2.

L'inscription présente un intérêt vivant par les noms indigènes dont quelques uns se rencontrent pour la première fois dans les inscriptions de la Dardanie, de la Péonie et de la partie yougoslave de la Macédoine antique, ainsi que par le fait que les personnages mentionnés portent la dénomination d'après l'onomastique des Illyriens.

Les formules onomastiques que contient cette épitaphe appartiennent aux trois types divers selon la classification établie par Duje Rendić - Miočević (v. note 25,72,73,75), c'est-à-dire aux phases: *III Ab*, *I Ba* et *I Bb*. On doit remarquer que la formule *III Ab*, appartenant à la défunte (*Mesta Didae Sit(a)e filia*), apparaît pour la première fois dans les régions mentionnées plus haut. Quant à la composition des formules concernant le père de la décédée [*Dida Sit(a)e*] et son grand'père (*Sita Mesti*), entre elles, comme on le voit, aucune différence n'existe: toutes les deux appartiennent à la phase *I Ba*, ce qui en même temps correspond à la formule ordinaire de l'onomastique macédonienne, à savoir à la phase *Ia* selon la classification de F. Papazoglu (voir note 43, 70). En ce qui concerne la nomenclature de l'époux de Mesta - *Lucius Dicconis f(ilius)* - on doit noter que le nom qui figure dans sa filiation pourrait également avoir la fonction de matronymique et celle du patronymique.

Quant à la date de cette inscription l'auteur propose le Ier siècle de notre ère.

М. Д. Петрушевски

МИКЕНОЛОШКИ ПРИЛОЗИ

Се навршија 10 години од големото откритие на младиот несреќно загинат архитект Михаил Вентрис. По долги години неуморно скитање и барање решение на критско-микенското писмо, летото 1952 година беше значајно за една низа историски дисциплини, а пред сè за класичната филологија и античната историја, зашто резултатите до кои имаше дојдено пасионираниот испитувач М. Вентрис во разрешувањето на таинствените критско-микенски знаци беа од непреценлива вредност и означуваа нова етапа и е п о х а за спомнатите научни области. Тие го обележија решението на големата загатка и раѓањето на новата дисциплина — на м и к е н о л о г и ј а т а.

Секогаш кога земаме да прочитаме и да растолкуваме некој м и к е н с к и текст или збор, нашите мисли летаат сами кон првиот вистински микенолог, кон непоколебливиот иследувач, кон несебичниот научник и вистинскиот татко на микенологијата Михаил Вентрис, што имаше среќа само неколку години да ги ужива плодовите и славата на својот успех.

Благодарение на сјајните почетни резултати и на здравиот темел што го положи основателот на микенологијата, ние денес можеме со успех и сигурност да чекориме напред по набележениот пат. Пополека но сигурно се откриваат и останатите поретки и помалу сигурни знаци на линеарното **B** писмо и постепено се дополнува сликата на стариот ахајски дијалект со сите негови фонетски, морфолошки, лексички и синтактички особености. Се разбира дека има уште многу нерешени прашања и проблеми. Има многу недоказани и непотврдени хипотези и теории. Има и фантастични и невозможни комбинации. Но не се може без нив, особено во почетокот кога комбинациите и фантазијата имаат тукуречи прв збор.

Меѓу материјалот одн. меѓу зборовите што ги наоѓаме на плочките од Кнос, Пил и Микена треба да се одбележи дека еден голем дел се лични имиња или топоними. Се разбира дека филолозите најмногу се радуваат кога ќе откријат некој нов грчки збор, именка или придавка, глагол или прилог, предлог или сврзник. Броевите и заменките се сосема ретки.

Во нашава студија ќе обработиме неколку зборови и имиња што биле порано третирани од разни научници а со чие решение и мислење не сме можеле да се согласиме наполно. Меѓу нив има најмногу такви што биле сфатени како именки (апелатива) или придавки (описни) а за кои ние сме се уверили дека означуваат имиња на места одн. етникони.

ПРИЛОГ КОН ДЕШИФРИРАЊЕТО НА ЗНАЦИТЕ: ВРЕДНОСТА НА ЗНАКОТ *85

Што се однесува до дешифрирањето на знаците од микенското линеарно **B** писмо, може слободно да се рече дека главната работа тука, т. е. 2/3—3/4 од целокупниот број на знаците, ја разрешил самиот М. Вентрис[1]), особено кога се има пред вид фактот дека дешифрираните од него знаци беа оние најчестите. Околу 25—30 знаци, главно поретки или сосема ретки, имаа останато по смртта на М. Вентрис нерешени. Ако знаеме дека целокупниот број на знаците денес е за два до три знака поголем отколку што беше во почетокот (денес сметаме со 90 или, можеби, со 91 знак)[2]) од кои 20—22 знаци уште не се сигурно дешифрирани, тогаш ќе видиме дека е сосема малу направено во дефинитивното дешифрирање на микенските знаци за пишување по смртта на М. Вентрис — разрешени се одвај 10 знаци[3]) т. е. одвај 1/3 од останатите нерешени знаци.

Во разните обиди, повеќе или помалу успешни, што беа преземени за дешифрирање на непознатите и нерешените силабограми, спаѓа и нашиот обид да ја утврдиме вредноста на силабограмата во вид на животинска глава во профил (свинска или, можеби, кучешка), што во редоследот на знаците што го изработи американскиот филолог Емет Л. Бенет[4]) го носи бројот „85". Во колективната работа, одн. заедничката статија, што ја објавивме П. Хр. Илиевски и јас во 1958 („The Phonetic Value of the Mycenaean Syllabic Sign *85" во *Жива Антика* VIII т. 2, стр. 265—278), по една доста детаљна анализа на материјалот т. е. на сите зборови од разните микенски натписи на линеарното **B** кај што се

---

[1]) Резултатите од таа негова работа беа објавени во заедничката статија, негова и на John Chadwick: M. Ventris — J. Chadwick, *Evidence for Greek Dialect in the Mycenaean Archives*, Journal of Hellenic Studies LXXIII, (1953), стр. 84—103 (во натамошниот текст цитирано како *Evidence*).

[2]) Според Studies in Mycen. Inscr. and Dialects VII за 1961 прво Л. Палмер видел дека во *66 се кријат поправо две силабограми, од кои втората ја бележи со бројот *66a = *two* (вредноста *two* за *66 без да разликува два знака беше ја предложил прв Hugo Mühlestein во својата работа „*Die Oka-Tafeln von Pylos*", Basel 1956, стр. 45); в. L. Palmer, *Mycenaeans and Minoans*, стр. 58 (на оваа страна не можевме да најдеме ни еден збор за знакот *66a = *two*!!) и сликата (Fig.) 7a на следната страна. M. Lejeune (во статијата *Essais de Philologie mycénienne*: *VIII Les signes* TA_2 *et TWO*, објавена во Revue de Philologie. . . 36, 162, стр. 217—224) знакот за *two*, што Палмер го одбележи со *66a, го става на крајот од табелата на силабограмите под број „91".

[3]) Види го прегледот кај L. Deroy, *Initiation à l'Épigraphie Mycénienne*, Rome, Éditions de l'Ateneo, 1962—глава IV „*Les valeurs des phonogrammes*", стр. 88—95; спор. ја табелата кај Palmer, *Myc. and Min.*, Fig. 7a, на стр. 59.

[4]) Прво во *The Pylos Tablets*. A Preliminary Transcription, Princeton Univ. Press. . 1951, некомплетно, и потоа комплетирано во *Minoan Linear B Index*, New Haven... 1953·

содржи и силабограмата *85, дојдовме до заклучок дека поради нејзината исклучива употреба на почетокот од зборовите би морало да се работи за знак на вокал одн. дифтонг. Од двата збора, кај што би бил, според мислењето на некои филолози, а пред сè на Л. Палмер[5]), употребен и во средината на зборот, едниот збор (од фрагментите на плочките *Ma* 397 и *Ma* 1048) е така написан што претпоставениот среден знак *85 (во *a*-*85?-*ta*$_2$) не е воопшто сигурен, а во другиот збор не е сосема јасно дали зборот започнува со слогот *to*- и знакот *85 на второ место, како што прочитал еднаш Е. Л. Бенет[6]), или со знакот *85 на прво место а слогот -*to* како последен[7]), како што прочитал истиот Бенет во својот „Index" (по истиот ред е дадено погрешното читање на Браунинг — do-da$_2$-ta-to, кај што слогот *85 е погрешно прочитан како слог do одн. *14)[8]). До сличен заклучок на нашиот имал дојдено и В. Георгиев[9]) и се и мал изјаснето за вредноста на вокало т „*o*" (т. е. *o*$_2$, зашто вредноста *o* била веќе уште од М. Вентрис утврдена за знакот *61).

Тргнувајќи од фактот дека вокалите се откриени, па дури за *a* има и два знака, а некои и знакот за дифтонгот *ai* го земаат како знак за „a"[10]), та пишуваат за знакот *25 = *a*$_2$ а за *43 = *a*$_3$ (нам. *ai*. и водејќи сметка дека во ова писмо има знаци и за сложени слогови како што се *62 = *pte*, *48 = *nwa*, *71 = *dwe* и, особено, фактот дека повеќето научници ја усвојуваат како сигурна вредноста *ai* за *43[11]), што служи пред сè за обележување на дифтонгот *ai* во почетокот на зборот, нè увери дека и кај *85 може да се работи за дифтонг, т. е. за другиот грчки дифтонг што започнува со *a*, а тоа е *au*.

Кога ја заменивме вредноста *au* за *85 кај сите зборови што го содржат овој знак (одн. што започнуваат со него), се појави една низа познати од порано грчки зборови и имиња, и тоа оние што дотогаш ги немаше во микенскиот ахајски дијалект од овие плочки и натписи: зборовите и имињата што започнуваат со дифтонгот *au*, како што се αὐλός, αὔλιον, αὐλισμός, αὐστήρ, αὐϝετές, αὐτός (во ген. сг. αὐτοῖο; голема е штета што е текстот, кај што се јавува оваа типична грчка заменка, доста оштетен та не може да се види нејзината функција и да се докаже дека тука е навистина заменката αὐτός и ништо друго), αὖδος, αὐδέϝεσσα и имињата Αὐγέϝας (= Αὐγείας), Αὐτίας, Αὐγεϊανθεύς (име непознато, вистина, од порано, но јасно по своите составни делови αὖγος и ἄνθος) и др.

Овде треба да се подвлече уште еднаш методолошката предност што ја има нашето решение со вредноста *au* за *85 пред сите други, зашто

---

[5]) Види ја новата книга на Палмер, цитирана погоре, *Myc. & Min.*, стр. 171.

[6]) Во изданието на кноските плочки (в. *The Knossos Tablets*... by E. L. Bennett, J. Chadwick, M. Ventris во BICS Suppl. Papers № 2, January 1956).

[7]) Види ја и нашата статија во Ж. А. VIII (1958) стр. 267.

[8]) Види R. Browning, *The Linear B Texts from Knossos*, во BICS Suppl. Papers № 1, 1955.

[9]) Во рефератот „*La valeur phonétique de quelques signes du Syllabaire créto-mycénien B*", отпечатен во *Études Mycéniennes*, Paris 1956, на стр. 68—71.

[10]) На пр. М. Lejeune во *Mémoires de Philologie Mycénienne*, Париз 1958, стр. 105

[11]) Знакот беше сигурно дешифриран (без прашалник!) уште од генијалниот Вентрис (в. *Evidence*, стр. 86, Fig. 2).

1) се открива знак со нова вредност а не со веќе познати вредности, како што се разните предлози (покрај спомнатиот на В. Георгиев со o_2) со si_2, su_2, sa_2, po_2 итн.

2) што досега во индексот на грчките зборови од овој материјал ги немаше нигде оние што започнуваат со дифтонгот *au*, а тоа е една доста добро застапена група зборови и имиња во секој грчки дијалект. Но, за овие факти како да водат малку сметка некои филолози меѓу кои се наоѓаат и Л. Палмер и Џ. Чадвик.

До какви принципиелни грешки и заблуди може да доведе една методолошки слабо поставена хипотеза, покажува случајот на Л. Палмер кој врз еден несигурен пример исконструира цела една теорија за ревизија на хронологијата на кноските плочки што ја имал поставено еминентниот англиски археолог А. Еванс[12]). Претпоставката дека во спомнатиот погоре натпис од фрагментите *Ma* 397 + 1048 вториот, нејасниот и несигурниот, знак на името на местото што започнува со *a-* треба да биде знакот *85, quod erat demonstrandum, и прочитувањето на името како *Asatja* одн. *Asjatja*(= *Asijatija*) го доведе инаку многу духовитиот научник Палмер до уверението дека знакот *85 треба да се чита како *sa* одн. *sja*[13]). Кога со оваа вредност го прочитал зборот **85-u-te* од кноската плочка Od 666 како *sjawete*, го поврзал со сличниот по форма и звучност збор од пилската плочка Ma 225,2 *zawete*[14]), за кој со извесна генијалност, истиов Палмер, имаше откриено дека значи „оваа година", и дека во него се крие првобитната, од порано реконструирана „кабинетска", хипотетична форма **kjawetes* (како што стои во етимолошките речници на грчкиот јазик). Ова поврзување, се разбира п о г р е ш н о, зашто истото значење „о в а а (одн. и с т а в а) г о д и н а" се добива за истиов збор и со вредноста *au* за знакот *85 — *auwetes*, како што може да се види од грчките речници одн. од глосографот Хесихија (s. v. ἀυετῆ· αὐτοετῆ), му „открива" на Палмер нова „вистина" одн. хипотеза (хипотези врз хипотези од погрешно прочитан збор) дека формата **sjawetes* во Кнос била подоцнешна, добиена од постарата *kjawetes* (= *zawete* во Пил), според познатиот факт дека со условниот знак *za* (како и исто така условните бележења *ze* и *zo*) се обележуваат првобитните палатали *kj*, *gj*, *khj*, *qwj*, *gwj* и *khwj* одн. африкатите *ч*, *џ* или *ц*, *s*. Таа би била средната форма при преминот од *kja* во подоцнешната грчка (јонска одн. дорска) *sa*, како што се гледа од формите σῆτες и σᾶτες, за микенската *zawete* (= *kjawetes*).

---

[12]) Во неговото капитално дело *Palace of Minos* (особено во IV-иот том, стр 900ss.); спор. Палмер, *о. с.* (т. е. *Mycen. & Min.*) стр. 18—30 и 182—254 (одн. до крајот на Палмеровата книга).

[13]) Вредноста *sija* одн. *sja* прв ја имал предложено E. Sittig, според P. Meriggi кој цитира едно писмо од Sittig (види Athenaeum 43, 1955, стр. 37). Кај Палмер за прв пат во BICS *P* 2 од 1955, стр. 37.

[14]) Прв пат идентифицирано како адверб σᾶτες, σῆτες, τῆτες од **kjawetes* во рефератот на Палмер, прочитан на III-иот Меѓународен Конгрес на класичните студии во Лондон (во септември 1959): *Kekemena and Tereta*, стр. 77. Самиот Палмер во цитираното дело *Mycen. & Min.* (на стр. 171) тврди дека до идентификацијата *za*=*kja* дошол во 1954—55, а неколку месеци подоцна и швајцарскиот научник H. Mühlestein дошол, сепак независно, до слично мислење (в. ја белешката на Палмер на истата стр. од цит. д.).

Se non e vero, e ben trovato. — А што да правиме со атичката форма τῆτες, кај што на местото од *kj* одн. *s* имаме *t*? — Ние знаеме дека тука се работи за стар палатал одн. африкат кој во грчкиот јазик од Хомера и подоцна се бележи со две σσ или две ττ (во атичкиот и бојотскиот), кога овој глас се наоѓа во средината на зборот и реченицата, зашто ни еден грчки збор не може да започне со двоен консонант, како што, од друга страна, не може грчки збор да завршува на оклузив[15]). Таква е природата на грчките дијалекти одн. на грчкиот јазик земен во целина. Функцијата на палаталот *j* (поточно на палаталниот елемент) е во претварањето веларите *k*, *g*, *kh* и лабиовеларите *kw*, *gw* и *kwh* во палатали, одн. африкати, и со тоа се исцрпува. Не е ни малку веројатно дека уште во микенско време, како што тоа, впрочем, не е документирано ни од подоцна, како резултат од ваков контакт на велар со палаталниот елемент *j* би се јавил спирантот *s* и истиов палатален елемент *j* зад него, кога уште во класично време не се работи за простиот спирант *s*, ами само за условно бележење со двојно σσ или ττ (во атичкиот и бојотскиот) на палаталите одн. африкатите добиени од спомнатиот контакт. Употребата на одделни знаци Т, ϻ и ψ во малоазиските грчки колонии уште во V-IV в. пред н. е. нам. σσ или ττ сведочи дека со нив се бележел особен звук[16]). Аналогијата од словенските јазици, кај што имаме многу слична функција на палаталот *j* во контакт со веларите *k* и *g*, е многу поучна (спор. С. Лурье, *О некоторых слитных согласных в старославянском и древнегреческом языках*, во Питаннья словянського мовознавства, кн. 5-а, Университет во Лавов, 1958, стр. 75-87.

Кога по овој начин филологот Палмер *утврдил* дека замислената кноска форма *sjawetes* е секако помлада од пилската *zawetes* (= *kjawetes*), заклучил дека и материјалот од Кнос е помлад од материјалот од Пил, со други зборови дека хронологијата на А. Еванс за датирање на Кнос и плочките со линеарно **B** најдени во него не се од XV—XIV век пред н. е. кога материјалот од Пил е од XII век[17]). Филологот Палмер не се задоволи само со филолошките констатации за староста на формите, ами се впушти и во археолошки комбинации одн. во ревизија на археолошкиот материјал, откриен и проучен од прочуениот археолог Еванс, со помошта на дневникот и забелешките што ги правел и оставил Д. Макензи, асистентот на А. Еванс, кај што нашол неслагања меѓу него и неговиот професор. Повеќето археолози, како што можеше впрочем и да се очекува,

---

[15]) Грчките зборови ἐκ и οὐκ треба да се сфата т како партикули што не можат да стојат самостојно (ἐκ е предлог одн. преверб и стои пред консонанти; οὐκ стои како несамостојна форма на негацијата пред вокали).

[16]) Види E. Schwyzer, *Dial. Graec. exempla potiora*, стр. 336 (§ 686 а 6); особено Thumb-Scherer, *Griech. Dial.* II, стр. 187 (§280.24); спор. E. Schwyzer, *Griech. Gramm.* I, стр. 318 и A. Bartoněk, *Vyvoj konsonantického systému v řeckych dialektech*, Praha 1961, стр. 50—76, 145, 148—150 а особено стр. 62 и бел. 272 на стр. 149.

[17]) Види Палмер, *Mycen. & Min.* l. c. (спор. бел. 12); cf. Id., *The Interpretation of Mycen. Greek Texts*, Oxford 1963, стр. 106.

не се согласуваат со ревизијата нито со методот на Палмер[18]). Ние ќе ги оставиме археолозите да си го кажат својот дефинитивен збор во врска со неговите археолошки комбинации, а ќе се задржиме уште малку кај неговите филолошки заклучоци.

Покрај претположената „помлада форма" *sjawetes* од Кнос нам. постарата *zawetes* (= *kjawetes*) од Пил Палмер истакнува уште една јазична особеност на кноскиот дијалект, што според нашиот филолог го карактеризира исто така како помлад од пилскиот: тоа е бележењето на јотата во вториот дел на дифтонгот[19]). Се цитира формата *apeisi* од Кнос и се споредува со формата *apesi* од Пил, при што Палмер мисли дека попрецизното бележење на дифтонгот *ei* во Кнос с знак на подоцнешен развиток на писмото, со кое се настојува да се предадат особености на фонетиката што во постарата фаза се занемарувале. Тој мисли дека попрецизното бележење од Кнос е аналогно на подоцнешната тенденција на кипарскиот силабар и смета дека и временски му е поблизу, додека пилските натписи со својата помала прецизност би биле временски пооддалечени од кипарските натписи. Но, појдувајќи од јазикот, би можел човек со поголема веројатност да го тврди обратното. Во развитокот на дифтонзите имаме една постара фаза, кога тие се изговараат наполно јасно и со еднаква сила и во двата елементи на дифронгот, и една помлада, кога вториот дел на дифтонгот, особено кај оние со вториот елемент *i*, како што тоа може да се види од изговорот на грчките дифтонзи со првиот елемент долг, почнува да се занемарува одн. да преjдува во консонант и во извесни случаи наполно да се изгуби (спор. го изговорот на дифтонзите αι, ωι, ηι во атичкиот и зборовите Ἀθηνᾶ < Ἀθηναία, ἐλάα < ἐλαίϝα и сл.). Неодбележувањето на дифтонзите одн. на нивниот втор елемент во писмото може да произлегува од фактот што тие во даденатa фаза на јазикот и не се изговараат така прецизно и јасно како порано. Ова е дотолку поверојатно што микенската „ортографија" уште не дошла до тој степен на развиток, да ги бележи јасно и прецизно сите елементи на зборот, на пр. ликвидите и сонантите или и спирантот *s*, кога тие се наоѓаат пред оклузиви или на крајот од зборот. Од друга страна има релативно верно предавање на оклузивите (без да се разликуваат аспирираните од неаспирираните безвучни и звучни, но сепак со посебна низа за слоговите што започнуваат со *d* и со релативно прецизно предавање на лабиоveларите, со една низа, и на палаталите одн. африкатите, со посебна низа, условно бележени со почетно *z*) и, специјално, на вокалите одн. дифтонзите (кај последниве особено е

[18]) Види Jacques Raison во приказот на Палмеровата теорија и полемика што се разви во врска со неа под наслов „*Une controverse sur la chronologie des tablettes cnossiennes*" во Minos VII, 2 (1963) стр. 151—170 и со многу карактеристичното мото; „Le véritable drame... réside dans le fait que la fouille est un acte qu'il ne sera plus possible de recommencer dans les mêmes conditions" (цитатот е земен од G. Daux, *Les étapes de l'Archéologie*, Paris 1948, стр. 76); спор. го и приказот на Палмеровата книга *Mycen. & Min.*, направен од атинскиот археолог Сп. Маринатос во Годишникот на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Атина за уч. год. 1962—63, на стр. 431—444.

[19]) В. го цитираното дело *Mycen. & Min.*, стр. 172, и спор. ја неговата најнова книга *Interpretations* (в. бел.17), стр. 107.

верно предадена низата со вториот елемент *u*, кој речиси редовно се бележи зад првиот вокален елемент со посебниот знак за *u*), при која е откриен и одделен знак за одбележување на дифтонгот *ai* кога овој се наоѓа во почетокот на зборот.

Појдувајќи од оваа јасно изразена тенденција за одбележувањето на вокалите и дифтонзите, ние и дојдовме до идејата дека би можело да се очекува меѓу знаците на линеарното **B** да се најде и посебна силаборама за дифтонгот *au*, аналогно на *ai*, кога овој слог се наоѓа во почетокот на зборот. Фактот и познатиот опит од порано дека знаците што означуваат вокали се наоѓаат претежно или искључиво во почетокот на зборовите ни овозможи да се определиме и кај знакот *85, кој без малу искључиво е употребен во почетокот на зборот, за вредност вокална одн. дифтоншка. Во дефинитивното определување на дифтонгот *au* се раководевме пред сè од фактот дека во индексот на микенските зборови отсуствува токмо групата грчки зборови што започнува со *au*. Првиот обид со заменувањето знакот *85 со *au* во зборовите кај што тој беше употребен нè увери дека сме на добар пат, зашто почнаа да се откриваат грчки зборови дотогаш непознати од микенските натписи. Цитираните зборови αὐστήρ, αὐλός, αὔλιον, ἀυϝετές и познатото име Αὐγέϝας (= Αὐγέας или Αὐγείας од подоцна) и др. не може да се смета за случајно совпаѓање, зашто такво совпаѓање немало кај обидите на другите филолози со вредностите si_2, sa_2 (= *sja*), su_2, po_2 и др. Сите „грчки" зборови што ги добивале тие морале да се пишуваат со астериск (*) пред нив зашто ниеден од нив не бил документиран во грчките дијалекти од подоцна.

До истата комбинација има дојдено и американскиот научник Х. Ефрон, како што може да се види од неговата статија „*Mycenaean Greek*: *A Lesson in Cryptanalysis*", објавена во снис. Minos VII, 1 од 1961. Тој самиот тврди дека нашата работа не ја имал прочитано и дека независно од нас дошол до без малу истите резултати и со многу слично образложение за повеќето откриени зборови, што може да биде уште еден доказ дека нашето решение е добро. Сепак кај некои зборови Ефрон го зема најчестото, обичното значење на грчкиот збор, како што стои во школските речници, на пр. кај *auloi* „pipes, „grooves" или кај *audesphi* „with speech symbols" и *aude(s)wessa* „having speech symbols", додека кај нас и зборот αὐλός е во специјална употреба и со специјално значење на технички термин за еден дел од уздата што се наоѓа во устата на коњот, за ѓемот, и има форма на цевка или шупелка, што може да се види и од изведениот збор αὐλωτός од еден стих на Ајсхил кај што е употребен изразот αὐλωτοὶ φιμοί[20]), како и од другиот изведен збор од истата област αὔληρα „узда"[21]), што одлично се слага со употребата на нашиот збор во серијата кај што се набројува колска одн. коњска опрема.

---

[20]) В. Pollux, *Onomast.*, X 56 и глосата αὐλωτοὶ φιμοί кај Хесихија.

[21]) Види ги глосите ἄβληρα, αὔληρα и αὔληρον кај Хесихија и J. B. Hofmann, *Griech. etym. Wb.*, s. v. εὔληρα (dor. αὔληρα).

По една ретка и чудна случајност и Ц. Чадвик[22]), кај истиов збор, дошол до многу слично ако не и идентично значење со вредноста *si* за знакот *85: **85-ro* = *(e)iro* (т. е. σειρώ дуал од σειρά) „une paire de traits"; само што зборот σειρά го има во основата вокалот *e*, а не *i* (*i*-то е од наставката *-ia*: *σερια од *tueria, в. J. B. Hofmann, *Griech. etym. Wb.*, s. v. σειρά), а и дуалската форма се гледа дека е произволна, само за да се оправда вокалот *o* од слогот *-ro*, кој би бил, можеби, сосема во ред ако беше предаден со силабограмата *68 = ro_2 один. *rjo*, кога ќе се има пред вид како е зборот образуван[23]).

Нашата транскрипција и идентификација *auro* = αὐλός „ќем" како да се потврдува со името *teraureo* од пилската плочка Sa 22, што е по секоја веројатност генитив; но, дали е генитив на сингуларот од име на човек, или на дуалот од една ознака или име за чифтот коњи, како што се гледа од идеограмата и ознаката *ze* за чифт со бројот 1, не можеме да се определиме со полна сигурност. Името е секако сложено од *ter-* и *-aureo* и според В. Георгиев[24]) во вториот дел се крие елементот -αὐλης, како во зборот ἀγραυλής. Според нас, во првиот елемент *ter-* може да се крие основата τελ-(τλα-) „држам" а во вториот αυλης, но овде со значењето веројатно како кај веќе спомнатото αὐλός од кноската плочка = „ќем", „узда". Дека во *teraureo* не мора да се работи за име на човек а за поблиска ознака на предметот што се набројува (во нашиов случај на коњите), може да се види од натписот Sa 287 кај што се набројуваат колца (пак 1 чифт) со поблиската ознака *akuro dedemeno* т. е. ἀργύρω (инстр. синг.) δεδεμένω „врзани со сребро" (се разбираат к о л ц а т а), што му одговара на изразот *kako dedemeno* = χαλκῶ δεδεμένω „врзани (т. е. опковани) со туч" од Sa 794 (спор. го изразот *kakɔdeta* = χαλκόδετα scil. κύκλα „колца опковани со туч" од кноската плочка So 894.2). Во тој случај би имале ознака на коњи што лесно се зауздуваат, што ја д р ж а т (т. е. поднесуваат, трпат) у з д а т а, д о б р и з а в п р е г н у в а њ е (в кола); спор. го изразот εὐήνιος и δυσήνιος и, особено, οὐδὲ προσιέμενος τὸν χαλινόν кај Полукс (Onomasticon, I 195; 197—198). Туку, и ако би се работело за името на нивниот притежател, пак би можел зборот один. името да биде симболично и да е во врска со неговото занимање, зашто би можело да значи (да се преведе со) „уздодржец". Во конкретниов случај е помалку веројатна претпоставката дека во првиот елемент се крие зборот θύρα „врата", предаден во формата θερ(α) со

---

[22]) Во *Études mycéniennes*, стр. 90.

[23]) Ни обидот на R. Wild (во статијата „*Zu einigen Termini der knossischen Wagentafeln*" во Kadmos I 2 стр. 126—129) не придонесува ништо повеќе со идентификацијата θαιρός од *θFαιρός (од *dhur-jo-) т. е. со вредноста *twa* за *85, зашто токмо кај овој збор формата на зборот не одговара: вокалот α во првиот слог один. -αρ- од вокалното -r- не е во ред за ахајскиот дијалект од ова време кај што -r- редовно дава *-or-* или *-ro-*, а не *-ar-* (ни *-ra-*), спор. ги зборовите *topeza* = τόρπεζα (=τράπεζα), *tono* = θόρνος (од **thṛno-*), *qetoropopi* =*ϙετρόποφι (=*τετράποδ-φι), *woze* = Fόρζε(ι) од **wṛg-j-* итн.; од друга страна и во вториот слог не би ја очекувале силабограмата *-ro-* ами *-ro_2* (=*rjo*).

[24]) Во „В т о р о е д о п о л н е н и е к С л о в а р ю к р и т о - м и к. н а д п и с е й", s. v.

[25]) В. Pape-Benseler, *Wb. d. griech. EN*, s. vv.

констатираната за овој дијалект фонетска црта на предавање краткото *u* понекогаш со *e* (в. понатаму стр. 160—61), иако во тој случај би имале име одн. збор документиран од подоцна — θυραύλης (в. го и глаголот θυραυλέω) одн. θύραυλος (cf. ἀγραυλής и ἄγραυλος) „што стои надвор (од куќата)", „што се наоѓа под ведро небо". Меѓутоа во грчките лични имиња Σπονδαύλης, Πυθαύλης, Δυσαύλης и, можеби, Τριηραύλης и Τρισαύλης вториот елемент -αυλης има врска со αὐλός „шупелка, кавал" а не со αὐλή, αὔλιον „двор"; „оградено место", „трло".

Во зборот αὖδος во инстр. плур. αὔδεσφι и во придавката αὐδέ(σ)-Fεσσα како епитет на една ἐσχάρα ние гледаме само една специјална форма со многу ретка вокална алтернација од зборот οὖδας или οὐδός со значење „праг" или „подлога" (=издигнат под), а не грчкиот збор αὐδή (=αὐδά) „глас", „говор (човечки)". Горното значење „подлога" како да се потврдува и од Хесихиевата глоса ὄδη· ... ἢ στρώματα.

Со жалење констатираме дека и Чадвик и Палмер[26]) продолжуваат да се вртат околу невозможните комбинации со една вредност *si* или *su* одн. *sa* и *sja* за знакот *85, можеби и затоа што веруваат дека неговата слика претставува свинска глава, а свињата на грчки се вика σῦς (но и ὗς!) и σίαλος, иако може да се работи и за кучешка и со сè што сликата на говедска глава од линеарното **B** не го означува слогот **gwo* нити *qo* (според грчкиот збор *gwous*=βοῦς за говедо) а *mu*, а пак главата на овен или мачка го означува слогот *ma* а не *wa* или *o* (според грчките зборови Fαρήν и ὄFις) ниту *ga* ни *ai* (според γαλῆ или αἴλουρος). Можеби треба да се тргне од ономатопејскиот звук на говедото *mu* и на мачката *ma* (кога последниов би означувал глава на овен, би требало да се очекува вредноста *be* или *me*). Ако е така со *mu* и *ma*, би можело да се земе дека и кај слогот *au* за *85 имаме предавање на ономатопејскиот звук што се слуша од кучето кога лае, зашто главата од силабограмата *85 е колку свинска толку и кучешка.

Изненадува исто така жалосниот факт дека авторот на првата граматика на микенскиот дијалект А. Вилборг[27]) од Гетеборг не најде за потребно покрај другите обиди за разрешување на силабограмата *85 да го спомне и нашиот, иако нашата статија беше објавена во Жива Антика од 1958 и можеше да ја прочита зашто Гетеборг го добива нашето списание, како што тоа го стори белгискиот научник L. Deroy во прирачникот *Initiation à l' épigraphie mycénienne*, Rome 1962, стр. 94.[28])

[26]) В. ги нивните последни работи — од Палмер цитираните две книги: *Mycen. & Minoans* l. c. и *The Interpretation of the Mycenaean Greek Texts*, стр. 22, 107, 240 и 481, а од Chadwick (и Lydia Baumbach) статијата *The Mycenaean Greek Vocabulary*, објавена во Glotta, XLI 2 (1963) под соодветните зборови.

[27]) *A Tentative Grammar of Mycenaean Greek*, Göteborg 1960, стр. 30.

[28]) Горниот пропуст на Vilborg го одбележува A. Heubeck (во приказот на неговата „Микенска граматика") во Indogermanische Forschungen 66, 3 (од 1961) стр. 309. — И Hugo Mühlestein во приказот на делото од Gallavotti и Sacconi, *Inscriptiones Pyliae ad Mycenaeam aetatem pertinentes*, објавен во *Gnomon* 35 (1963) стр. 275—279, на стр. 275 се изјаснува повеќе за вредноста *au* за *85 со следните зборови: „... Da ist die die Umschrift von *85* mit *zu* wohl nicht glücklich; man denkt neuerdings *mit einigen Gründen* an *au*, aber vorläufig dürfte am besten immer noch die Reihennummer dienen" (подвлеченото с наше! — М. Д. П.).

Сличен и за нас не многу разбирлив став имаа некои колеги кон резултатите на В. Георгиев и долго време, покрај другото, одбиваа да ја примат од него предложената вредност *qa* за силабограмата *16, пишувајќи постојано и тврдоглаво pa_2, и одвај дури пред кратко време се согласија најсетне, повеќето, дека вредноста *qa* е единствено правилната.[29])

Во понатамошниот текст ќе се сретиме уште неколку пати со истава оваа „принципиелност" на истите колеги, кои заборавааат доста често дека единствениот правилен принцип и став во науката може да биде вистината и дека целта нејзина т. е. на науката треба да биде и е пред сè друго барањето и откривањето нејзино — на вистината.

ЕДНА ФОНЕТСКА ОСОБЕНОСТ НА МИКЕНСКИОТ ДИЈАЛЕКТ

Истата 1958. година, во нашите белешки *Poroeketerija*, *Koterija* и *Pakoto apetemene*[30]) како и во 1960. година, во белешката *Apedoke et l' absence de l' augment dans le grec mycénien*[31]), илустриравме со неколку примери една особеност на микенскиот дијалект што не беше дотогаш забележена: тоа беше колебањето и мешањето на гласовите *u* и *e*. Ова беше, навистина, забележено кај зборот **paraku* во неговите форми *parakuwe*(*qe*) и *parakewe*(*qe*), само што не му беше посветено нужното внимание и беше разбрано како резултат на нормалната вокална алтернација на *u*-основите (каква што е позната од грчките именки ϝάστυ — ϝάστεϝος πῆχυς — πήχεϝος и од придавките од типот βαρύς — βαρέϝος и сл.). Иако беше забележено колебањето на *e* и *i*, како и на *o* и *u*, кај овој дијалект, сепак филолозите не го видоа и колебањето на *u* и *e*, ќе го уточниме, на краткото *u* со краткото *e*, што го забележивме ние и кај зборовите *apetemene* и *poroeketerija* а подоцна и кај формата *apedoke* нам. нормалната микенска безаугментна форма *apudoke*, а не само кај *parakuwe — parakewe*.

Зошто не можеа филолозите да го забележат ова колебање, кога е тоа сосем очигледно кај двојните форми со исто значење *parakuwe*/*parakewe* и *apudoke*/*apedoke*? Затоа што, како рековме, во првиот случај гледаа траги од вокалната алтернација, а во другиот не можеа да се ослободат од заблудата дека во *apedoke* се криела аугментирана форма[32]) иако во овој дијалект ова би бил единствениот пример на глагол со силабичен аугмент, зашто формата *apeeke* може да биде разрешена како перфект. И нам порано *apedoke* ни имаше избегано од вид, зашто во него ја гледавме нормалната атичка аугментирана форма. Но,

---

[29]) В. денес и кај L. Deroy, *Intitiation à l'épigr. mycén.*, стр. 90.
[30]) В. Жива Антика, VIII, стр. 236; 240 и 294.
[31]) Ibid., X, стр. 324.
[32]) В. *Docs.* стр. 88, кај што формата *apedoke* се зема како аугментирана со извесна резервираност, додека кај E. Vilborg (*o. c.*, стр. 104 и 106) како сигурна („The syllabic augment is generally absent. . . The only *certain* exception is *apedoke*. . ." подвлеченото е наше! М. Д. П.).

како тоа да немаме ни една друга форма со аугмент (силабичен) во овој дијалект, иако се јавуваат глаг. форми во историски времиња (имперфект, аорист и плусквамперфект), туку секогаш неаугментирани? Одговорот е, според нас, кус и прост: затоа што овој дијалект не познава воопшто аугментирани форми кај историските времиња на глаголите, а и онаа што ни се чинеше дека е форма со аугмент — *apedoke* — не е тоа, ами просто форма со специјалната микенска фонетска црта кај што краткото *u* може да се замени со исто така краткото *e*, како што се среќава и кај формите *parakuwe/parakewe* и кај зборот *apetemene* (во дуал што се слага со именката *pakoto*), што ние го идентификуваме како д и ј а л е к т н а ф о р м а на познатата грчка придавка ἀπύθμην (=ἀπυνδάκωτος), привативна форма изведена од именката πυθμήν „дно", „газер", употребена како епитет и детерминатив на големите глинени садови с о т е с н о д н о, како што се и πίθος-ите „ќуповите", кои обично се закопуваа в земја за да ја добијат својата нужна стабилност. Во случајов и се работи за такви два големи садови (φάκτω „ќупови", в. ја глосата φάκται кај Хесихиј) с о т е с е н г а з е р, како што може, донекаде само, да се види и од нивната идеограма на натписот (PY Ta 709). Истово колебање ние го забележиваме и во зборот *poroeketerija*, што го идентификуваме како изведенка од именката χυτήρ со посесивната наставка -ιος одн. -ια (од ср. род -ιον во пл.) или со диминут. наставка -ιον плур. -ια и со префиксите προ- и ἐκ- нам. προεκχυτήρια и значењето „црпка" одн. помал сад (веројатно со долга рачка) за црпење и претурање течност од еден голем во друг сад, иако ваква сложенка не е позната од подоцна (т. е. со обата префикси), а документирани се формите προχυτήρια и ἐκχυτήρια. Во нашиов случај, според тоа, би имале контаминирана форма — со двата префикси — и со типичното за овој дијалект колебање одн. замена на *u* со *e*: προεκχετήρια од προεκχυτήρια[33]).

Спомнатата и утврдената од нас фонетска црта на еден вид вокална алтернација *u/e*, специфична за ахајскиот дијалект од микенската епоха, не му е сосема непозната на стариот грчки јазик од подоцна, кај што се констатирани колебањата во зборовите: ἔλυμος/ἔλεμος, θέλυμνον/θέλεμνον, ἀγυρμός/ἀγερμός, κυλλόν/κελλόν, ὀξύα ὀξέα, πτύον/πτέον, σύρφος/σέρφος и др.). Можеби во овие вокални „алтернации" не се работи за онаква п р а в и л н а апофонија, со која се карактеризира извесна морфолошка или лексичка особеност, како што се алтернациите кај разните основи од II (*o*-) и III (основите на *i* и *u*) деклинација или кај разните глаголски основи за обележување времето, бројот или залогот, ами само за извесна локална црта и особеност на говорот од едно место или потесна област. Како и да е, оваа фонетска црта треба да се одбележи, а ние веруваме дека таа ќе ни помогне и подоцна во идентификувањето на некои од останатите непознати и неиндентификувани зборови и имиња од микенските натписи од Кнос, Пил, Микена и др.

[33]) И од идеограмата што се наоѓа зад зборот *poroeketerija* се гледа дека се работи за (мал) сад со долга рачка, во вид на една голема лажица, кој служел за претурање течност од еден (поголем) сад во друг: в. ја фотографијата на плочката во AJA 62, 1958, Plate 40, Fig. 11.

PARAKU, PARAKUWE/PARAKEWE, PARAKUJA

Кога се допревме до овој интересен збор во врска со неговата фонетска страна, со карактеристичното колебање на слогот *ku* во *ke*: *parakuwe/parakewe* во инстр. синг., треба да се запреме и на неговото значење и употреба. Зборот е употребен во серијата Та, кај што се набројува и опишува скапоцена, уметнички изработена мобила (столови, маси, столчиња и друга посатка), и тоа, четири пати во плочките Та 642, Та 714 и Та 715, и сите четири пати во истиот падеж (инстр. синг.), зависен од глаг. партицип *ajameno/a*. Според местото кај што се јавува и употребата во текстот, се гледа дека означува некаков материјал за украсување, како што е златото, филдишот и лазурот („lapis lazuli"=kuwano), спор. го изразот *ajameno kuwano parakuweqe kurusoqe* „украсен со лазур, со *P*(?) и со злато". Три од четирите пати е сврзан со лазур: *kuwano parakuweqe* (два пати во Та 714.1 и 3) и *kuwanoqe parakeweqe* (еднаш во Та 642.1); само еднаш е употребен сам покрај *ajameno* во Та 715.3 (*topezo. . . enewo pezo ajameno parakuwe*).

Според Георгиев[35]), зборот е идентификуван со грчката придавка βραχύς, што не дава јасно и приемливо значење. Вентрис ја спомнува оваа возможност со забелешка дека ајолската форма на придавката гласи βρόχυς. Тој ја цитира и сугестијата на H. Mühlestein[36]) да се идентификува зборот *р.* како *φαλ-αργυς или *παρ-αργυς како „ахајска форма" за ἄργυρος „сребро", која не е нигде документирана. Третата, најверојатната, возможност, барем што се однесува до значењето на зборот, е неговото поврзување со акадскиот barraqtu, староевр. bareqet „смарагд"[37]). Тука треба да ја спомнеме и помалу веројатната варијанта на Палмер да му даде на зборот *р.* значење „калај".

Иако значењето „смарагд" (т. е. зелен скапоцен камен за украс каков што е и синиот лазур) може да нè задоволи и не е неверојатно, сепак не можеме да бидеме сосема задоволни со едно решение кое ни дава комбинации и идентификации надвор од грчкиот јазик. Ние не знаеме за една сигурна грчка изведенка од акадското barraqtu, а микенската транскрипција на подоцнешниот грчки збор σμάραγδος би гласела **samarakodo* а не **paraku*.

Но, дали навистина нема ни еден грчки збор кој би можел и по форма а особено по значење повеќе да му се доближи на мик. **paraku*? Ние мислиме дека не се исцрпени сите возможности за тоа. Кога би бил документиран зборот одн. формата што ја предложи H. Mühlestein *φαλ-αργυς или *παρ-αργυς или кога би имале една заемка *βαρακύς или *βαραγύς или сл., работата би била сосем уверлива и не би требало повеќе да се мачиме.

---

[34]) За оваа фонетска црта в. R. Strömberg, *Griech. Wortstudien*, Göteborg 1944, стр. 46. За ахајскиот дијалект од микенската епоха таа беше констатирана за прв пат од нас во Ж. А. VIII (1958), стр. 236, 240 и 294.

[35]) Во *Второе дополн. к Слов.* s. v.

[36]) Според *Studies* за 1953—1955, стр. 26 (cf. *Docs.* стр. 239).

[37]) Тоа е сторено прво од М. Вентрис во Eranos LII (1955) стр. 117, а потоа и во *Docs.* стр. 239.

Ние помислуваме на една постара форма од познатиот збор σφραγίς но не во обичното подоцнешно значење „печат". Постарата форма би била *σφραγύς (*u*-основа) а постарото значење „бесценет камен што се употребувал за прстени и служел како печат." Ова постаро значење е познато и од подоцна и документирано на повеќе места, како што може да се види и од речниците, особено од речникот на H. Stephanus (s.v. σφραγίς). Значењето „скапоцен, бесценет камен" е многу старо, познато уште од Херодот (кај Хомера не бил употребен зборот σφραγίς одн. σφρηγίς), III 41: ἦν οἱ σφρηγὶς τὴν ἐφόρεε χρυσόδετος, σμαράγδου μὲν λίθου ἐοῦσα... Тоа е сепак најјасно кај Ктесија, *In d.* сар. 5. περὶ τῶν ὀρῶν τῶν μεγάλων, ἐξ ὧν ἥ τε σαρδὼ ὀρύσσεται καὶ οἱ ὄνυχες καὶ αἱ ἄλλαι σφραγῖδες и кај Аристотела, *Meteorol.* IV д.9 (387b 17):... τῶν λίθων ἡ σφραγίς ὁ καλούμενος ἄνθραξ (во врска со ова значење на зборот σφραγίς, в. Schrader-Nehring, *Reallex. d. idg. Altertumsk.*, s. v. *Edelsteine*, Bd. I, стр. 210). Постарата форма *σφραγύς навистина не е нигде забележена подоцна, зашто можеби била потисната од изведената деминутивска со наставката -ίς, -ίδος. Дека во подоцнешната форма σφραγίς, -ῖδος имаме изведенка од постарата *σφραγύς одн. од основата σφραγυ-, кај што последниот вокал од основата *u*- прејдува во *w*- (digamma) пред вокалот *i*- и подоцна сосема се губи, можеби се гледа од должината на ова *i* од деминутивската основа *-id-* која е инаку нормална со краток вокал, зашто дигамата има такво својство, да ги продолжува вокалите од слоговите кај што таа се губи (σφραγίς е значи од σφραγϝ-ιδ-ς одн. од постарото σφραγυ-ιδ-ς[39]). Дали е зборот σφραγίς онаа заемка од акадскиот и преку чие посредништво дојдена во грчкиот, не можеме да кажеме. Во етимолошките речници тоа не може да се најде и етимологијата на σφραγίς во нив е означена како „непозната"[40]).

По својата форма е многу близок до микенскиот **paraku* еден збор од кноските плочки *parakuja*[41]), што се среќава во сериите на текстил, кај што се набројуваат разни сорти на платна и ткаенини. Ние сме склони да го поврземе последниов збор како посесивна придавка или изведенка со познатата фем. наставка *-ia* одн. *jə* од **paraku*. Можеби има и во подоцнешниот јазик траг од овој збор во глосата на Хесихија βαρακίς· γλαύκινον ἱμάτιον. Последнава форма е многу поблизу до акадската основа baraq- и овде се работи, можеби, за вистинска заемка од некој семитски јазик, веројатно од феникискиот. Тоа што фонетиката на σφραγίς и βαρακίς се разликува во голема мера, можеби укажува на разните патишта

---

[38]) Прво во Minos VI (1957), стр. 63 (спор. *Mycen. & Min.*, стр. 151c.). — Ни предлогот на F. Householder (во Class. Journ. 53, 1957, стр. 380) за едно *plakus* „foil" (т. е. „лим", одн. „метална плоча") не може да задоволи ни од формална ни од содржинска страна.

[39]) В. E. Schwyzer, *Griech. Gramm.*, Bd. I стр. 228s cf. јон. ξεῖνος од ξένϝος, спор. керк. πρόξενϝος, j. μοῦνος од μόνϝος, οὖρος од ὅρϝος (керк.), јон. δείρη од *gʷer-ua, јон. καλός од καλϝός (бојот.) итн. итн.

[40]) В. на пр. E. Boisacq или J. B. Hofmann, *o. c.*, s. v.

[41]) В. *Docs.*, стр. 319 (cf. ibid., стр. 403, s. v.); спор. В. Георгиев, Словарь, s. v.

по кои влегле двата збора во грчкиот јазик. Судејќи по нивната микенска форма, тие можеле во ахајскиот дијалект од микенската епоха и да не се разликуваат т. е. да биле земени од истиот извор, само што подоцна, особено кај другите грчки групи, ситуацијата се менува и некои зборови и форми од ахајскиот одумираат или се заменуваат со нови форми и нови заемки.

MENOEJA, WEAREJA (WEA$_2$REJO), RAEJA, EREPATEJA (EREPATEJO)

Во истата серија натписи кај што се јавува и зборот *paraku одн. формите *parakuwe/parakewe* и зборовите *audepi* и *audewesa*, во серијата на мобилата и посатката, покрај многуте познати грчки зборови за делови од намештајот, за разни скапоцени предмети и нивниот опис, за материјалот од кој се изработени и за нивната форма и украса, еден дел од материјалот и од формите одн. одделни зборови во тие куси описи, ограничени само на најбитното, остануваат или непознати или не сосема сигурно објаснети, како што може да се види и од разните обиди и разлики во објаснувањето на нивното значење и нивната идентификација[42]).

Додека некои од зборовите се јавуваат повеќе пати, како што е случајот со *erepateja*, *raeja*, *weareja* кои се јавуваат и во формите *wea$_2$rejo* и *erepatejo*, од кои првиот е наполно јасен: *erepatejo* и *erepateja* се сосема сигурно идентификувани и објаснети како изведени придавки за ознака на материјалот *erepate* = ἐλέφας, -αντος „слон", „слонова коска" = „филдиш" со наст; -ειος, -εία, -ειον т. е. ἐλεφάντειος-α-ον „слонов", „филдишен". И зборот *raeja* како ознака на предметот *topeza*, кој е сигурно идентификуван како τράπεζα (во ахајската форма τόρπεζα со *-or* од -ϝ-) „маса", е јасен и изведен од грч. именка λάας „камен", значи λαεία „камена" (машкиот род **raejo* досега не е документиран). По форма е многу слична до овие ознаката *weareja* (во Та 642: *Topeza raeja weareja ajamena...*) и *wea$_2$rejo* (во Та 714: *tono wea$_2$rejo ajameno kuwano parakuweqe kurusoqe...*). По наставката *-eja*, *-ejo* тој сосема личи на материјална придавка од типот на ἐλεφάντειος и λαεία а првиот дел, т. е. основата *wear-* потсетува на грч. именка во нејзината атичка форма ϝέαρ „пролет".

Првата идентификација на зборот *wearеja/o* појде од основата *wear*[43]) и зборот беше сфатен како придавка изведена од него со значењето „пролетен", „за пролет" (т. е. *wea$_2$rejo* = ϝεαρινός), но значењето како да не го задоволи М. Вентрис, токмо поради материјалната наставка *-ejo/a* и поради тоа беше направен обид да се поврзе зборот *weareja/o* со грч. = ὕαλος „(природно) стакло, кристал", ὑάλειος „стаклен, кристален" (вака го објасни и Палмер). Второто објаснение како да е подобро, зашто води сметка и за формата и за значењето на зборот, а слогот *we-* нам. *u-* е сфатен како микенска особеност кај што може да дојде до сменување на силабограмите кога зборот одн. слогот започнува со *u-* одн. *w-* (спор.

---

[42]) Покрај спомнатиот *parake/uwe* тука спаѓа и партиципот *ajameno/a*, именката *soweno* со нејзината придавка *sowenejo/a* (в. *Docs.* и Morpurgo, *Lex.* s. vv.).

[43]) В. Георгиев, Второе дополн. к Слов., s. v.; поинаку Вентрис во Eranos LIII и *Docs*, стр. 340.

ги дублетите *diwija*, *diuja*, *mewijo*, *meujo*, *naudomo* нам. **nawodomo* „храмоградител" и др.)[44]). Сепак треба да се одбележи дека една форма **wearo* со која би се означила именката ὕαλος, самиот материјал „(природно) стакло", „кристал", уште не е пронајдена меѓу материјалот што се опишува во овие натписи.

По својата форма, како и по местото во описот на материјалот, е сосема блиска до претходната ознаката *menoeja* од Ta 642.2 (*topeza raeja menoeja erepate ajamena qeqinoto audepi korupiqe*), која е позната само од ова место и од ниедно друго; наставката *-eja* потсетува на материјалните придавки, само што не е од нигде познат материјалот одн. именката *meno-*, иако е последнава форма забележена како генитив од μήν „месец" за временска ознака во кноските (Fp 1 ss., Fh 1645, Od 5672) плочки. Вентрис ја поврза формата *menoeja* со овој грчки збор и ја сфати како ознака на надворешната форма т. е. облик на масата „во вид на месец, одн. полумесец" за која во грчкиот јазик од подоцна го имаме терминот „μηνοειδής" (сп. го и грчкиот збор μηνίσκος „(фигура на) полумесец". Идентификацијата и толкувањето на Вентрис беше примено речиси од сите учени, а Е. Риш се обиде и формално да ја образложи и докаже формата *menoeja*, т. е. вокалот *-o-* од основата на зборот μήν како остаток од една проширена основа на истиов со долго *-o-*[45]). Па сепак наставката *-eja* останува малку чудна зашто знаеме дека се употребува главно за изведување материјални придавки од дадените именки (спор. ἀργύρειος, χάλκειος, χρύσειος, σιδά/ήρειος, δούρειος од δόρϝειος и спомнатите погоре микенски форми ἐλεφάντειος и λαείᾱ).

Ако е и формата *weareja/o* добро идентифицирана како ὑάλειος,-εία, тогаш е човек склон да помисли дека и во формата *menoeja* се крие поправо една материјална придавка од една именка *meno-* што би означувала некаков материјал[46]). Покрај материјалот *kuruso* (=χρυσός) „злато", *kuwanɔ* (=κύανος) „лазур" **erepa*(= ἐλέφας) и **paraku* (=σμάραγδος одн. σφραγίς од *σφραγϝ-ιδ-ς „смарагд" и покрај придавките *raeja* (=λαείᾱ) „камена", *erepateja/o* (=ἐλεφάντειος „филдишен(а)", *kurusa* (=χρυσᾶ од *χρυσια) „златна" и *kuwanijo* (=κυάνιος) „лазурен" би можеле да очекуваме и еден збор *meno-* со кој би се одбележил еден вид скапоцен камен од друга, можеби црвена, боја и нијанса, ако водиме сметка дека жолтата боја и нијанса се добива со употребата на скапото *злато*, белата со скапоцениот *филдиш*, сината одн. модрата со исто така скапиот *лазур*, прозрачната со *природното стакло* одн. *кристал*, а зелената со бесценетиот *смарагд*.

Ние не знаеме и не можеме да кажеме со сигурност дали во дадениот случај не се работи за еден вид камен кој подоцна се наречувал Λάκαινα (scil. λίθος) и дали можеби не е последниов во врска со она што читаме кај Павсанија (III 23, 11: Ἄκρα δὲ ἐς τὸ πέλαγος κατὰ τὴν πόλιν ἀνέχει καλουμένη Μινώια καὶ ὁ μὲν κόλπος τι ἔχει διάφορον ἢ ὅσαι κατὰ τὴν Λακωνικὴν ἄκραι θαλάσσης εἰσὶν ἐκβολαί. αἰγιαλὸς δὲ ὁ

[44]) B. *Docs*, стр. 79; спор. M. Lejeune, *Mémoires*. . . IV, стр. 64, н. 23.
[45]) B. E Risch, *Frühgeschichte d. griech. Sprache*, во Mus. Helv. 16 стр. 222.
[46]) Спор. L. Palmer, *A Mycenaean Tomb Inventory*, Minos V I (1957), стр. 63.

ταύτῃ παρέχεται ψηφῖδας σχῆμα εὐπρεπεστέρας καὶ χρόας παντοδαπῆς. Од текстот на Павсанија се гледа дека описаните камчиња биле разнобојни, од еден вид шарен мермер, кој служел за изработка на скапоцени предмети, како што може да се види и од најдените предмети во Микена, меѓу кои има и садови одн. вази изработени од таков камен[47]).

Судејќи по името на лаконскиот брег Μινῴα, кај што се наоѓаат оние шарени камчиња, како што ни раскажува Павсанија, човек не може да не го поврзе името на местото со микенската форма *menoeja*, дотолку побргу кога знае дека и основата на Μινῴα е иста со името на митскиот крал на Крит Μίνως, кое според Etymol. magnum може да се пише и Μείνως. Формата *menoeja*, како што подвлековме, може да биде материјална придавка на -εια, изведена од една именска основа μηνο- или μεινο-, што би го означувала материјалот, во даденив случај каменот кој подоцна можел да биде наречен и по местото одн. крајот или областа од кај се добивал — Λάκαινα (scil. λίθος) = lapis Lacedaemonius. Дали можел тој порано, во микенско време, да носи и едно постаро име кое би било во потесна врска со името на местото од кај што се вадел, ако се утврди дека близу до старата Μινῴα навистина има траги од каменолом, а брегот Μινῴα се наоѓа во Лаконија? Каменот можел од друга страна да го добие своето име по името на местото од кај што се вадел, како што се гледа од подоцнешното име Λάκαινα кој е, по својата форма, еден етникон. И формата *menoeja* би можела да биде еден ентикон од женски род за определување потеклото а потоа и видот на каменот одн. предметот кој е од него изработен, со наставката -εια изведена од машкиот род на -εύς, како на пр. епитетот на богињата Афродита Κυθέρεια.

Од друга страна би можел човек да го поврзе името на материјалот одн. формата *menoeja* со ретките зборови и глоси μινώ (= βάτου καρπός) „капинка" или μινώα „еден вид лоза" (според Хесихија), така наречени веројатно по бојата на плодот „(црно-) црвена", или глосите μήνιον кај Диоскорида за цвеќето „пеонија" одн. μήνυον (εἶδος ἄνθους) „вид цвеќе" според Теогноста или Хесихиевата глоса μίνυον· τὸ βλίτον λάχανον, ἢ κιννάβαρι и по неа пак μίνυον ἀρωματικόν τι (lege: χρωματικόν τι, cf. H. Steph. *Thes. Gr. l.*, s. v.). Последната е секако во врска со латинскиот збор за „црвило" *minium*, кое според старите етимолози било во врска со името на реката Minius (= Miño) во Шпанија. Како и да е, на сите овие глоси може да им биде заедничка не само надворешната форма, ами и заедничката одлика со која сите се карактеризираат, а тоа е црвената боја и кај цвеќето „пеонија" и кај „морковот" и кај „циноберот" одн. „црвилото". Зборот можеби не е грчки, но не е исклучено да е предгрчки и да живеел во грчките говори од најстаро време уште од „микенските" Ахајци или можеби од „Минојците", како што би можел човек да помисли според глосите μινώ („капинка") и μινώα („вид лоза" — „минојска").

---

[47]) Види ја сл. 22 на стр. 23 од *The Mycenae Tablets II*, сепарат од Transactions of the American Philosophical Society, New Series — Vol. 48, Part 1, Philadelphia 1958) — наречен тука lapis Lacedaemonius.

KAPO, KENIQE/TEWE (?), KARAREWE

Интересна е кноската плочка F 841 (+863) кај што се среќаваат покрај името на местото *Paito* (=Φαιστός) и личното име *Misarajo* со евентуалниот патронимик *Sapitinewejo* и зборовите *suza*, *kapo*, *erawa*. Според Е. Л. Бенет, како што го цитира и В. Георгиев (во својот С л о в а р ь, s. v.), зборот *kapo* е сфатен како κᾶπος (=κῆπος) „градина", а според Вентрис и Чадвик (*Docs.* стр. 219) тој е растолкуван како καρπός „плод". Појдувајќи од идеограмите тука би можело да се работи навистина за плодови а не за стебла, само што пречи формата (на зборот) *suza* со која нормално се бележи стеблото „смоква" а не плодот, значи συκέα од συκία>**sukja* (=*suza*); од друга страна и бројот без никаква друга ознака покрај зборовите *suza* и *erawa* како да зборува за стебла. Определената мерка на житото, во даденив случај, и не мора да покажува колку жито има, ами ја означува големината на земјиштето што е посеано со жито, како што се мери често и ден-денес големината на нивата со бројот на мерките за волумен, со к у т л и, о с м а ц и и ш и н и ц и; големината пак на една овошна градина се мери со бројот на стеблата, како што се гледа и од кноските плочки.

Ако е ова така, тогаш и зборот *kapo* на ова место треба да означува н е п л о д а м и г р а д и н а, а тоа што се употребени идеограми за плодовите, а не за стеблата, не би требало да се сфати сосема буквално зашто може да се работи за обична замена на нивните ознаки кои, впрочем, и не се разликуваат толку многу едни од други, особено идеограмата на смоквата. Или, ако инсистираме на плодовите, би требало да примиме дека кај зборот *suza* имаме погрешна форма нам. σῦκα, а во *kapo* непотребно нагласување на зборот καρπός кој би се подразбирало од самата идеограма на маслинката (плод), ако е осакатениот збор што започнува со *e-* зад зборот *kapo* добро реконструиран со *e*[*rawa*]. Ако пак се работи за стебла, зборот би можел да се реконструира и како *e*-[*rawao*] во изразот *kapo erawao* (=κᾶπος ἐλαιϝάων) „маслинова градина" зашто во врска со зборот „градина" е поприроден плуралот „од маслинки", =„маслинов" одошто сингуларот „(градина) од маслина". Туку и самиот израз *kapo e*[*rawa*] или *e*[*rawao*] како да ја искључува првата можност, т. е. значењето „плод" на зборот *kapo*, зашто веднаш по него се повторува зборот *erawa* и идеограмата на маслинка со бројот „46", па по него пак следува зборот *erawa*, дури и кога би се работело за разни сорти маслинки. Значењето *градина* за *kapo* (=κᾶπος, ат. κῆπος) е многу поприродно особено поради целиот израз *kapo e*[*rawao*]=κάπω (ἐλαιϝάων), што може да биде еден инструментал синг. со аблативско значење „од градината" (одн. „од маслиновата градина"), ако се работи во натамошниот текст за плодови, а κάποι ἐλαιϝάων „во маслиновата градина" би бил локатив, ако станува збор за стебла, како што би излегувало од формата *suza*=συκίαι „смокви (стебла)" Повторувањето на зборот *erawa*=ἐλαῖϝαι во овој инаку доста фрагментарен текст би можел да означува разни сорти маслинки, само што тоа не е сосема видливо поради фрагментарноста на плочката. Затоа е малу чудна постапката на Чадвик да не ја спомне оваа можност во неговата последна работа

околу речникот, објавена во Glotta од 1963.[48]) Уште почудно е неговото цитираље кај грчкиот збор σῦκον директно формата *suza*, иако оваа е изведена форма со наставката *-ia* т. е. **sukija* од συκία = ат. συκέα, συκῆ.

Интересна е формата *kuniqe/tewe*(?) од микенската „пломба" одн. печат MY Wt 503, ќако што чита Чадвик во својата статија „Inscribed Sealings from Mycenae" (во Eranos 57 од 1959, стр. 4) нам. поранешното *kezoqe/tewe* (како што читал E. L. Bennett во *The Mycenae Tablets II* стр. 87). Со извршената поправка во втората силабограма од *zo* во *ni* и со убедливото образложение што го даде авторот на истото место се доби ознака на еден предмет од домашната употреба; според толкувањето на Чадвик зборот *keniqetewe* би требало да се транскрибира како *khernigwtewes* во врска со глаголот χερνίπτομαι и би значел „леген(и) за миење раце". Основата на зборот и значењето не се a priori невозможни, само што завршокот *-tewe* ниту од натписот ниту од „грчката" форма на овој предмет не е сосема јасен ни уверлив. Иако тука Чадвик има извесна предност зашто натписот на печатот го чита од автопсија, што ние не можеме засега да ја имаме, сепак како што го ревидира читањето на вториот слог (од првобитното *-zo-* во *-ni-*), можеби не ќе згрешеше ако го ревидираше и читањето на двата знака од вториот ред, зашто таква форма од грчкиот јазик не само што не е позната, ами не е ни возможна, мислиме на транскрибираната *khernigw-tewes* и на читањето *keniqe/tewe*. Затоа ние и ја одбележивме со „?". Ако е сигурен знакот *-te-*, што не можеме да видиме сосема јасно од фотографијата, тогаш сигурно не е на свое место последниот знак *-we*, зашто и од фотографијата не може сосема јасно да се согледаат основните црти на *we*, а тоа се гледа особено од горната хоризонтална црта, предадена доста верно и на приложениот цртеж покрај фотографијата.[49]) Ние и кај предадениот прв знак од вториот ред, барем од репродукцијата на фотографијата, гледаме остаток од една коса цртичка десно и горе, како што се завршува обично силабограмата *wi*, што може да биде и подоцнешна случајна пукнатина, но би било малу необично толку ниско да стои знакот *te*, особено кога е тој сомнителен покрај знакот *we*. А еве зошто: во грчкиот јазик од подоцна зборот што значи *леген за миење раце* гласи или просто χέρνιβον или χερνιβεῖον или χέρνιπτρον или, χειρόνιπτρον. Со оглед на фактот дека во истиов јазик имаме и форма ποδανιπτήρ за „леген за миење нозе" т. е. изведенка со наставката -τήρ, би можела да се очекува и тука формата *χερνιπτήρ за „леген за раце", особено кога се има пред вид честата употреба на наставката -τήρ кај микенските зборови. Според тоа, ако е знакот *-te-* сигурен, вториот одн. последниот знак би требало да биде *-re*, со што би се означил плуралот или дуалот на даден збор за обележување неколку или барем два предмета. Но, би можела да биде и нашата забелешка во врска со првиот знак оправдана и тогаш нам. знакот *te* да се очекува *wi*. Во тој случај последниот знак би можел да биде или *-jo* или *-ja* та би се добила формата **keniqewijo* или **keniqewija* што би се поклопила со подоцнеш-

[48]) Chadwick—Baumbach, *o. c.* s. v. ἐλαία и καρπός.
[49]) Ibid., стр. 65.

ната χερνιβεῖον одн. плурал χερνιβεῖα од постарото **khernigwewion* или **khernigwewia*. Бидејќи последнава форма е изведена од една попроста **khernigweus*, *-ewos*, не би била невозможна и формата *keniqewe*; а тогаш би бил излишен слогот te. — Како и да е, формата *keniqetewe* не е во ред.

Во врска со реконструкцијата на формата **kherniqwtewes* и нејзиното поврзување со глаг. χερνίπτομαι, нашата најсериозна забелешка е токмо во врска со таа глагол. форма, која е типична за атичкиот дијалект, особено што се однесува до елементот *-t-*. И кога би се изведувале именките на -εύς директно од глаголи, а не од попрости именки, формата на -τεύς не би била во ред зашто елементот *-t-* го има во атичката редакција на глаголот, согласно со законите на атичката фонетика, кај што елементот *-j-*, со кој се изведува презентската основа од глаголската кај една низа глаголи, во врска со лабијалите и лабиовеларите од основата, со *-p-*, *-b-*, *-ph-*, и со *-gw-*, *-kw-*, *-kwh-* дава *-t-* Надвор од атичкиот дијалект, особено кај лабиовеларите, тој елемент поинаку се предава. Покрај атичката форма νίπτομαι одн. νίπτω, овој глагол е познат и во неатичката форма νίζω, како што би гласел по секоја веројатност и во ахајскиот дијалект од микенската епоха; според тоа ние би очекувале на нашиов натпис, ако би било правилно изведувањето на Чадвик од глаголот а не од една попроста именка, една форма **kenizewe* како што може да се види и од идентификацијата на зборот *iza* = *iqija* „кола", во врска со простиот збор *iqo* = *ikwos* одн. ἵππος „коњ", како што предложи Х. Милештајн, што мислиме дека е духовито и беспрекорно[50]). И кога би биле последните два знака (од вториот ред на „печатот") сосема сигурни, мислиме дека не би можел човек без никаква резерва (или барем забелешка) да ја изврши идентификацијата на зборот од натписот и да го поткрепи со атичката форма на глаголот χερνίπτομαι. Но инаку и не би можела да се оправда формата *keniqetewe*, зашто наставката не е -τεύς а -εύς. Затоа, повторуваме, требаше да се изврши проверката на слогот *-we* од автопсија. Веројатно од истите соображенија и J. Taillardat (во Nestor од 1 март 1964 стр. 313). сакајќи да ја оправда формата и етимологијата на **χερνιπτῆϝες* = *keniqetewe* појде од една елиптична, но недокументирана и, по секоја веројатност, нереална форма **χέρνιπτον* scil. ὕδωρ „Eau lustrale".

Ние не можевме да се убедиме дека и двата знака од вториот ред на натписот се точни, особено пак последниот, кој ни во транскрипцијата на скицата не личи сосема на *we*. Ако сепак се покаже дека се точни, тогаш би морало да се претпостави дека се работи за грешка на писарот, кој во последниот знак се збркал и нам. *re* написал еден знак многу близок до *we*; велиме „многу близок", зашто и од цртежот на Чадвик, како што видовме и погоре, се гледа дека во својот горни крај не е обичен со својата хоризонтална црта.

Третиот збор од последново заглавие е познат и од кноските и од пилските плочки. Тоа е плуралната форма *kararewe*, која на

---

[50]) H. Mühlestein, *Zur mykenischen Schrift*; *die Zeichen za, ze, zo*, во Museum Helveticum 12, 1955, стр. 124.

кноската плочка Uc 778 е проследена со идеогр. № 210 на сад од типот на „stirrup-jar", а од пилската плочка Fr 1184 се гледа дека садот служел како мерка за масло. Според В. Георгиев зборот би бил изведен од καλός и *ἀρεύς (од глаг. ἀρύω) и неговата грчка транскрипција би била *καλαρεύς[51]). а според авторите на *Doc*. (Вентрис и Чадвик) би можел да се транскрибира како *klarewes* и да се изведе, според тоа, од простиот грч. κλᾶρος = κλῆρος или да биде изведенка од κραῖρα „глава" („head", „prow"?), и да се транскрибира како κραρεύς(?)[52]). Според нас, ни една од дадените и цитираните транскрипции и етимологии на спомнатиов збор не е уверлива.

Американскиот научник Ф. Хаусхолдер прикажувајќи ја книгата *The Decipherment of Linear B* од Џ. Чадвик во Class. Journal 54 од 1959, на стр. 379 изнесе една своја транскрипција *khlarewes* „stirrup-jars" и етимолошки го поврза со глосата χλαρόν· ἐλαιηρὸς κώθων кај Хесихија. Во меѓувреме и ние независно од него имавме дојдено до истата комбинација, уште пред да се појави приказот на Хаусхолдер, само што не го имавме објавено тоа. Затоа пишувавме подоцна во Ж и в а А н т. XI (1961) и се согласивме наполно со решението на Хаусхолдер приведувајќи ја и глосата χλαρά· ψαιστὰ ἐν ἐλαίῳ (од Хесихија) за да ја потврдиме уште еднаш правилноста на новата транскрипција и етимологија на микенскиот збор *kararewe* = χλαρῆϝες и да го истакнеме она што е најбитно во неа: дека со основата χλαρ- се обележува с о д р ж и н а т а а со наставката -εύς ф о р м а т а н а с а д о т, т. е. дека се работи за еден с а д з а м а с л о — г л и н е н м а с о л н и к — од типот ἀμ(φι)φορεύς одн. за еден χλαρός (= ἐλαιηρός) ἀμφορεύς кој се употребувал и како мера за поголеми количества масло и како средство за неговиот транспорт, како што се гледа и од големото количество на вакви садови со лажно грло — „stirrup-jars" — што беа најдени во „куќата на трговецот со масло" во Микена (в. *The Myc. Tabl. II*, стр. 7 и сликите №32—37 на стр. 30—31).

На овие и слични садови од Микена, и не само од овде, се наоѓаат натписи. Нас не интересира натписот на еден од типот „stirrup-jar" од Микена што ја носи ознаката Z 202 на стр. 62 од цитираната публикација. Тој гласи *era kataro*, што беше од Х. Милештајн (во неговата работа *Olympia in Pylos* објавена во 1955 во Базел, на стр. 14), транскрибирано и објаснето како ἔλαι[ϝον] καθαρόν што можеше наполно да задоволи, особено кога се има пред вид намената и употребата на овие садови. Pugliese Carratelli[53]) во првиот збор *era* сакаше да го види името на грч. богиња Хера, Чадвик пак (во истата погоре цитирана публикација на стр. 112) не придонесува ништо повеќе со својата претерана критичност, особено по однос на вториот збор *kataro*, кај што тој би ја очекувал формата κόθαρος а не καθαρός со забелешката дека „. . .no legend on jars has yet been shown to be descriptive". Што се однесува до дијалект-

[51]) В. В т о р о е д о п о л н. к С л о в., s. v.

[52]) *Docs.*, стр. 217 и 395—6 (s. v.); спор. E.L. Bennett, *The Olive Oil Tabl.* стр. 40—41.

[53]) Во приказот на *The Mycen. Tabl. I* (од Е. Л. Бенет) во Parola del Pass. 9 (1954), стр. 317 (цитирано според *MT II*, стр. 112).

ната форма κόθαρος, мислиме дека е секундарна, дојдена веројатно под влијание на дисимилација со вториот неакцентиран и на асимилација со третиот акцентиран слог од првобитната καθαρός, зашто така има и Хомер, а тоа се потврдува и со деноминативниот глагол καθαίρω (од *καθαρ-jω), познат исто така уште од Хомера. Интересно е дека истата форма *kataro* е позната и од Кнос (X 0494), во која В. Георгиев го гледа истиот грчки збор καθαρός (С л о в а р ь, s. v.).

ЕДНА МОРФОЛОШКА ОСОБЕНОСТ НА МИКЕНСКИОТ ДИЈАЛЕКТ

Уште во 1955, во нашата статија „Големото откритие на М. Вентрис", објавена во *Жива Антика* V 2 (стр. 387—401), прикажувајќи ја првата микенолошка студија, заедничката статија на М. Вентрис и Џ. Чадвик „*Evidence for Greek Dialect in the Mycenaean Archives*", што беше објавена во лондонското списание Journal of Hellenic Studies, Vol. LXXIII (1953), имавме забележено во цитираниот материјал од Кнос и Пил дека покрај одбележените падежи — номинативот, генитивот, дативот, акузативот и локативот одн. инструменталот на *-pi* (𐀞 -φι) — во текстовите од кноските и пилските натписи „и м а м е с и г у р н и т р а г и и о д а б л а т и в о т". Речиси во исто време и италијанскиот филолог К. Галавоти[54]) имаше дојдено до истиот заклучок: дека во овие текстови има и аблативи одн. исказана аблативска функција. Овој падеж одн. падежен однос беше утврден од нас во следниве микенски текстови:

Во пилските натписи An 42 (= 607.2) —. . . Doqeja doero pate matede *k u t e r e u p i*

Eb 20.2 (= 338.1) —. . . Kapatija karawipo[-ro *Paki*] *japi* ekeqe . . .

Ae 04 (= 134) — Kerowo pome *Asijatija* opi. . .

Во кносиот натпис Sd 0404. 2 (= Sd 4404) Iqija *Kudonija* mitowesae araromotemena.

Во пилскиот натпис En 02,4 (= 609.4) . . . Odaa$_2$ onatere ekosi Wanatojojo *k o t o n a*

An 29. 1. 9 (= En 74.11) . . . Odaa$_2$ onatere e. Aitijoqo *K o t o n a*

Vn 03.4 (= 493.4) . . . Porouteu *Eraterewapi* . . .

Во кноскиот натпис Ld 573 — pawea kesenuwija reukonuka *Erutarapi.*

Со откривањето аблатив одн. аблативска функција во овој дијалект еден дел од текстовите од овие натписи добиваат поинакво значење и се изменува односот и содржината на натписите често за 180°. Наместо да се кажува дека едно лице или работа се наоѓа на едно место или кај некое лице, се гледа дека тоа лице или таа работа треба да дојде или

---

[54]) Carlo Gallavotti, *Documenti e struttura del gpeco nell' età micenea*, Roma 1956, стр. 68ss.

да се добие од тоа место или тоа лице. А тоа не е исто. Сега дури станува сосема јасно зошто некои локалитети се употребени во локатив на *-i* или *-si* а други или истите во други текстови во „локатив-инструментал" на *-pi* (=φι), додека оваа разлика во сингуларот не беше видлива поради неодбележувањето разликите меѓу кратките и долгите вокали како и на дифтонзите и крајните *-s* и *-n*. Се виде дека формите на *-pi* и не се локативи ами аблативи по значење.

Така на пр. во горните текстови формата *kutereupi* не значи „со китеранската колонија", како што ја преведоа Вентрис и Чадвик, ами „од грнчарите" (=χυτρεῦφι, од χυτρεύς „грнчар")[55]), со што е определено потеклото на мајката (*matede kutereupi* = μάτηρ δέ χ.); во истиот падеж — инструментал-аблатив плурал — се и месните форми *Pakijapi* (=? Σφαγιᾶμφι, од ном. пл.? Σφαγιᾶνες) „од Сфагија (?)" а не „во Сфагија", *Eraterewapi* (='Ελατρέϝαφι) „од Елатрева (одн. Елатреја)" а не „во Е." или *Erutarapi* ('Ερυθρᾶφι) „од Еритра" а не „со црвена (лента)" или „со (нешто) црвено" и сл.: платната (*pawea* = φάρϝεα) се тука означени по местото од каде се добиваат одн. по местото каде се изработуваат. Исто така и „генитивите" *Asijatija* и *Kudonija* се во сушност во истиот падеж со горните, т. е. со аблативско значење „од Ас." и „од К." итн. итн.

Точноста на горното тврдење за една функција на аблатив во овие текстови беше сосема потврдена и доказана на многу поголем број примери од кноските, пилските и микенските натписи во докторската дисертација на Петар Хр. Илиевски.[56]) Од неговата студија се виде јасно и дефинитивно се утврди дека инструменталот во овој старински ахајски дијалект од микенската епоха беше добро запазен во сите случаи и во сите свои првобитни форми, дека тој не се меша со дативот и локативот, но дека во него се наоѓаат и нови функции, што се искажувале со стариот аблатив, и дека последниов е речиси наполно стопен по форма со инструменталот и на овој му ги предал своите функции. Дисертацијата на П. Хр. Илиевски расчисти еден многу важен проблем од областа на старата грчка морфологија: исчезнувањето на аблативот, инструменталот и локативот во разните грчки дијалекти. Од материјалот на критско-микенските натписи се виде дека аблативот е прв од падежите на стариот ахајски дијалект, на претходникот од групата аркадокипарски грчки говори (на аркадскиот, капарскиот и памфилискиот), кој почнал да се губи уште од микенската епоха, но тој не се изгубил одеднаш и неговите функции не ги презел генитивот, како што беше случајот со јонско-атичката група, а ми

[55]) Прво кај В. Георгиев, спор. Словарь. . ., s. v. и Andrews (v. *Docs.* стр. 399); cf. С. Ј. Лурје, Язык и культура микенской Греции, Москва—Ленинград 1957, стр. 255.

[56]) Аблативот, инструменталот и локативот во најстарите грчки текстови, Посебни изданија на Жива Антика кн. 2, Скопје 1961, стр. 38—94.

неговите функции ги наследува прво инструменталот, кој е одлично запазен во натписите од Кнос, Пил и Микена, а подоцна — во стариот аркадски и во кипарско-памфилискиот дијалект — инструменталот почнува да се губи а неговите функции да ги прима дативот. Дури сега стана сосема јасно зошто една група предлози од грчкиот јазик, што во атичкиот дијалект се слагаат со генитивот, така наречените „аблативски" предлози одн. функции, во аркадскиот дијалект се слагаат не со генитивот а со дативот. Во овие грчки дијалекти, т. е. во ахајскиот (од микенската епоха) и во стариот аркадски, како што се гледа од најстарите натписи, првенствено од оние од микенската епоха написани со линеарното **B**, имаме ситуација многу слична на онаа од латинскиот јазик кај што се стопиле функциите на стариот аблатив и инструментал, само овде, т. е. во ахајскиот, формите на инструменталот одн. инструменталот е оној падеж што ги прима и функциите на аблативот кој како падежна форма прв започнува да се губи, додека во латинскиот јазик аблативот е оној падеж што ги запазил и своите форми и функции а инструменталот како падежна форма се губи и му ги предава своите функции на аблативот. Развиток многу сличен, но не и идентичен.

Затоа е многу чудно кога во публикациите на повеќето познати и добри филолози што се занимаваат со микенските натписи и понатаму се јавуваат форми од стариот ахајски инструментал транскрибирани како дативи одн. локативи или чисти инструментали обележувани како „дативи" или „дативи-локативи". Мислиме дека е веќе крајно време да се пишуваат инструменталните форми од сингуларот со долг краен вокал и без дописано одн. потписано јота, мислиме на нивната транскрипција, и да се престане со третирањето формите од плуралот на *-pi* (= -φι), кои се јасно инструментални а по значење инструментали или аблативи, како „локативи" или „инструменталилокативи", зашто е тоа една заблуда, а консервативизмот тука, како и на многу други места, значи просто одржување и продолжување на една заблуда.

NOPEREA$_2$, WEJEKEA$_2$, WOROMATA, WONOQOSO, QERANA

Зборовите *noperea*$_2$, и *wejekea*$_2$ се јавуваат и во формите *noperee* и *wejekee*, со тоа што првите означуваат плурал а вторите дуал. Тие се јавуваат само на пилските натписи од Sa-серијата обично зад микенскиот збор *woka* а пред идеограмата на *колце*, по секоја веројатност за да ги определат поблиску колцата што се набројуваат во чифтови (со силабограмата *ze*) и покрај нив ретко (два до три пати) со силабограмата *-mo*, веројатно за обележување одделни колца. Зборовите се поправо придавки на *-es* од типот на εὐγενής.

Транскрипцијата на првиот νωφελέα, дадена прво од Чадвик[57]), беше усвоена речиси од сите филолози, додека транскрипцијата и особено

[57]) Во Transactions of the Philol. Soc. 1954 (1955), стр. 4.

толкувањето на вториот по однос на творбата не е така единствено а од значењата е најверојатно она што го предложи Чадвик „fit for driving" без малу како противно од *noperea*$_2$ „unfit for service" со забелешка дека ни „driving" = „терање, возење" ни „service" = „употреба" не одговара наполно, зашто се работи за к о л ц а а не за кола.

Во нашата белешка *Noperea*$_2$, *wejekea*$_2$, што ја објавивме во Жива антика IX (1959) стр. 284, показавме дека *noperea*$_2$ по своето значење не може да биде истиот збор со подоцнешното грч. ἀνωφελής, зашто е тешко веројатно дека некој ќе води евиденција за „бесполезни" или „неупотребливи" колца а последното значење („неупотребливи") дури и не би се изразило со зборот νωφελέα ами со ἄχραστα (=att. ἄχρηστα) или слично. Ние указавме и на фактот дека овие два термина не се јавуваат во истата серија од Кнос кај што од друга страна се употребуваат два збора што не ги среќаваме во Пил — *ararom temena* и *anamota*. Аналогијата може да биде само делумна зашто изразите *araromotemena* и *anomota* во Кнос се однесуваат на к о л и а зборовите *noperea*$_2$ и *wejekea*$_2$ се однесуваат по секоја веројатност на к о л ц а, што се гледа и од нивното набројување по ч и ф т о в и. Треба да се одбележи уште дека зборот *noperea*$_2$, никогаш не доаѓа зад *woka* на кој редовно му претходи генитив од едно лично име и тогаш се набројуваат е д е н или д в а ч и ф т а к о л ц а, никогаш повеќе од два.

Зборот *noperea*$_2$, ние го објаснивме како изведенка од хомерскиот глагол ὁπλέω (=ὁπλίζω) „спремам, готвам" и од негативната партикула νη- (= dor. να-?) во редуцирана форма ν- (од која е еден вид и привативната партикула α-, ἀν- ν-) — νωπλής — како хом. νωθής (од ν- и ὄθομαι) или νωλεμής и νωχελής. Значењето би било „несклопени, нестокмени", што би одговарало сосема за колцата, особено кога се знае дека и х о м. г л а г о л с е у п о т р е б у в а в о в р с к а с о к о л и, како што се гледа од Одисејата VI 73 и пред сè кога се има пред вид фактот дека А х а ј ц и т е, како што ни раскажува Хомер, кога колата не се употребувала, колцата се демонтирале и оставале одделно од колата а колата покривала со церги (в. Ил. V 722 и VIII 441). Зборот ἅρμα за „бојната кола" и не значи ништо друго до „стокмена, наместена, склопена, зглобена". И колцата не се сосема с к л о п е н и додека не се стегнат со обрачот и потоа наместат на оската. Веројатно на обрачот се мисли и во овие текстови кога се вели за едните дека се „врзани" со с р е б р о или б р о н з а (*akuro* = ἀργύρω или *kako dedemeno* = χαλκῷ δεδεμένω). Појдувајќи од текстот *kako dedemeno noperee* би можело да се заклучи дека „бронзените обрачи" уште не ги означуваат колцата како „склопени" сè додека не се наместат на оската.

Што се однесува до изразот *wejekea*$_2$[58]), кој треба да ги означи колцата како „готови" или „склопени, стокмени", ние мислевме дека е сложен од елементите Fεῖ и ἐχής од кои првиот би бил еден локатив од заменката ἑ од *Fε (<ie. *swe*) „себе, се" и формата ἐχής, изведена од ἔχω (<ie. **segho*) „сегам, држам, имам", со првобитното значење „кој (што)

[58]) Прво кај M. Lejeune, *Inventaires de roues*; види *Mémoires de Philol. Mycénienne* II, стр. 41. = Revue de Philologie t. XXIX, 1955, 169).

се држи", т. е. „стокмен", „склопен", „зглобен". За дефинитивната форма и етимологија на зборот е пресуден елементот *-j-* што се јавува редовно пред *-ἐχής*: тоа може да се објасни само со формата *wei* на првиот елемент бидејќи вториот започнувал некогаш со *s-* одн. со *h-* и пред него не може да се развие еуфонично *-j-* ако го немало во претходниот збор; спор. ги формите *eree*, *-ekee* во *proekee*, *eree i*, *pereee*, (*wej*)*ekee* итн.

Во 1958 беше објавен материјалот од ископувањата во Пил вршени во претходната година и меѓу другите нови зборови во плочката Ub 1318 како последен збор од втората линија беше забележен, во почетокот на вториот фрагмент зад празнината од околу 7 силабограми, зборот *woromata*. Бидејќи на овој натпис се спомнуваат покрај зборот *diptera* (=διφθέρα) „кожа", кој е на запазениот дел од плочката пет пати спомнат, и други кожни изработки како што се *opidesomo* (=ἐπίδεσμοι), *pédira* и *pediro* (=πέδιλα и πεδίλω), *wirino* и *wereneja* (=ϝρινός одн. ϝρινός и адј. ϝρινεία одн. *wreneia*), застанавме на мислење во нашата забелешка *Woromata*, објавена во Ж. А. IX (1959) стр. 252, дека во него се крие грчкиот доцна забележен збор λῶμα од постарото ϝλῶμα во плур. форма ϝλώματα(в. J. B. Hofmann, *Gr. et. Wb.*, s. v. λῶμα) „ширити" (веројатно кожни); „каишчиња, ременчиња". Тоа, е дотолку поверојатно кога знаеме дека во истиот ред, пред него, се наоѓа спомнат зборот *opidesomo* =ἐπίδεσμοι „ленти", „преврски". Во лексиконот на микенскиот грчки од Ана Морпурго (*Lex. Mycen. Graec.*, Roma 1963, s. v.) се цитира сепак нашата идентификација иако е зборот обележен како несигурен по однос на значењето („vis verbi valde incerta").

Ние мислиме дека и кај зборот *wonoqoso* успеавме да дадеме задоволително објаснение на формата, која беше долго време спорна и сомнителна[59]). Според идентификацијата на Вентрис и Чадвик зборот е познатиот од Хомера οἶνοψ како епитет на говеда одн. волови, само што последното *-so* во кноскиот збор, кој е два пати написан во оваа форма еднаш пред името *Tomako*(*qe*) а другиот пат зад него во формата *Wonoqo oqe*, не може да се разбере и оправда зашто во сличните зборови одн. форми *-ps* и *-ks* крајното *-s* не се бележи (спор. *aitiijoso* = Αἰθίοψ, *pokiroqo* = Ποικίλοψ, *wanaka* = ϝάναξ итн.). Ни обидот на С. Лурје да го транскрибира како *woinopsos* ни објаснението на М. Дорија дека во *-so* сме имале бележење во sandhi пред партикулата *-qe* ни приведената аналогија со *aikasama* не беа убедливи, во првиот пример зашто имињата на животните не се даваат според тоа што тие јадат и пијат, а и зборот ὄψον во грчкиот јазик тешко да е од **oqson* (лабиовеларот не е документиран), а во вториот зашто *-s-* ни во sandhi не се бележи освен кога ќе се најде пред *-m-*, како што е случај со *aikasama*, (*opi-*)*desmo*, *dosomo*, *dosimija* и тн. αἶξμά (ὀπί-)δεσμός, δοσμός (=δασμός), δόσμια и тн.

Како што се гледа и од другите две имиња на волови *Podako* (=Πόδαργος) „белоног" и *Tomako* (=Στόμαργος) „белоуст", имињата на животните се даваат според карактеристичната боја и нијанса одн. според некој белег од определена

[59]) Особено се спореа С. Лурје и М. Дориа во Parola del Passato (v. ја нашата белешка во Ж. А. XI, 1962, стр. 250).

б о ј а н а о п р е д е л е н о м е с т о н а н и в н о т о т е л о. Според нас и во името *Wonoqoso* имаме во првиот дел *wonoq-* израз со кој се одбележува бојата одн. нијансата „винена" (=синоцрвена) а во вториот *-oso* определување на делот од телото на говедото, а тоа според микенската „ортографија", во која ликвидите и *s* не се бележат пред друг консонант и на крајот од зборот, би можел да биде задниот дел на телото близу до опашката одн. грчкиот збор ὄρσος „задница, задник", од кој е изведен и зборот οὐρά (од *ὀρσ-Ϝά) „опаш(ка)". Значи се работи за името Ϝοινόϙορσος со кое се означува говедо одн. вол кој има „задница одн. задник) во винена нијанса". Ова решение и значење не задава повеќе никакви тешкотии ни од формална ни од содржинска страна и можеме да речеме дека наполно задоволува.

Зборот *qerana* се јавува три пати во Та 711 и обележува еден сад од типот na „ибрик" „ѓум", како што се гледа од идеограмата. За да се види местото и значењето во самиот текст, ќе го цитираме целиот натпис од Та 711 (1—3):

1. *owide pu₂keqiri ote wanaka teke Aukewa dam koro*
2. *qerana wanasewija qoukara k[ ]kireja* (идеогр. на) ИБРИК *qerana amotewija koro[ ]n wesa*
3. *qerana wanasewija kunaja qoukara toqidewesa* ИБРИК 1.

Со сè што има некои зборови и имиња кои не се сосема јасни, сепак основната содржина на текстот ни е позната[60]). Во првиот збор *owide* се кријат грчките зборови ὅ Ϝίδε „(она) што виде"; вториот збор е субјектот на реченицата, личното име *Pu₂keqiri*, кое досега нема добиено своја дефинитивна транскрипција и идентификација, на кое ќе се вратиме подолу; *ote* е грчкиот временски сврзник ὅτε „кога" а *wanaka* е подметот на врем. реченица, т. е. Ϝάναξ „кралот", „господарот" (се разбира на Пил, на пилското „царство"); во *teke* го имаме предикатот на последнава, грч. форма θῆκε (=ἔθηκε) „постави", „намести" а следните два збора се објект во реченицата и во едниот од нив имаме лично име а во другиот означена должноста негова, само што не се согласуваат сите дали е името на лицето првиот збор или вториот кој беше уште одамна с и г у р н о прочитан но н е с и г у р н о транскрибиран; ние мислиме дека во првиот збор се крие грчкото име ΑὐγέϜας = Αυγέ(ί)ας (в. погоре, на стр. 6) а во вториот „микенската" должност δαμοκόρος=δημοκόρος „настојник" (или, можеби), „(главен) снабдител на *општината*" (одн. на пилската држава).

Што се однесува до образувањето на зборот, спор. δακόρος (=ζακόρος) од ?**dm̥-koros.* и νεωκόρος (=ναοκόρος). Според авторите на *Docs.* зборот означува „title of a village functionary, perhaps equivalent to *korete*". Палмер пак мисли дека во него се крие личното име *Damoklos*, со што не можеме никако да се согласиме. Според етимолошките речници вториот елемент -κόρος би бил во врска со κόρος „метла", κορέω „метам", спор. σηκοκόρος „коњушар", „момок" (в. J. B. Hofmann, *c. c.*, s. v. κορέω). Ако се држиме за основното значење на κόρος (=„метла") и κορέω (

[60]) В. *Docs. P* 235 (стр. 335s.).

„метам", „чистам"), би требало и во δαμοκόρος да гледаме едно звање и занимање што има тесна врска со κόρος, но, сепак, доста високо со оглед на првиот елемент δαμο-, со кој е тоа поблиску определено, т. е. еден настојник или надзорник на коњушарите одн. на момоците или на коњушниците и на пондилите на пилскиот дворец, на кралските коњушници.

Последново значење, колку што ни е познато, не го има земено досега никој во комбинација, а тоа е за пилскиот дворец и за одржувањето на неговиот имот уште како важно. Голема е штета што второто место кај што се јавува овој збор во Пил (плочката On 300) не е многу појасно, зашто се наоѓа зад еден подолг список на имиња лични и месни придружени со името на звањето *koreteri*, во оваа јасно дативска (одн. локативска) форма, со која се одбележува обично лице или место кое треба да прими одн. на кое треба да му се испрати извесна дажба. Само што не е јасно уште за каква дажба се работи бидејќи идеограмата *154 уште не е идентификирана. Карактеристично е сепак што од редот што му следува на оној кај што е спомнат *damekoro* се редат имиња на места, почнувајќи со *peraakoraija*, со звањето *korete* не во дативска а во номинативска форма (= κορετήρ). Врската на δαμοκόρος со κορετήρ може да се види само од овој натпис и од евентуалната етимологија на зборовите κόρος и κορε(σ)τήρ (од глаг. κορέω „метам", „чистам". Со *korete* е секако поврзано и звањето *porokorete* „заменик на *k*." или, можеби, и едно повисоко звање, како „шеф на *k*.".

Ако го примиме горното толкување за δαμοκόρος (cf. и κορετήρ и προκορετήρ) и кога ќе се сетиме дека тој се вика (според нашето читање на првиот слог од неговото име како *au*-) Αὐγέϝας одн. Αὐγέ(ί)ας (веројатно од *Αὐγέσ-ϝα-ς), не можеме да не го поврземе ова лице со митолошката фигура на Αὐγείας од Херакловиот циклус и со неговите пондили. Ако навистина во лицето на Αὐγέϝας имаме еден настојник на кралските коњушници на господарот од Пил, чија власт се протегала по секоја веројатност и на еден дел од Елида (југозападниот крај на последнава), тогаш не треба ништо да нè чуди ако народната фантазија од него направила „крал" на Елида и го довела во врска со својот омилен јунак Херакле, зашто и во народниот мит неговите кралски коњушници одн. пондили се токмо оној дел на фабулата околу кој и се врти подвигот на Херакле: како да го реши проблемот на очистувањето на ридиштата ѓубре и гној што се собирал од огромниот број добиток што се чувал во нив. Како што е познато од митот, Херакле го решил проблемов со свртувањето токот на реката Алфеј или Пенеј и со пивната вода ги очистил ридиштата од гној, што имаше влезено и во пословица (спор. ги двете грчки пословици: εἰς τὴν Αὐγέου κόπρον ἐμπέπτωκας „си паднал во гнојот на Авгеј", т. е. си западнал во тешка ситуација, и τὴν Αὐγέου βουστασίαν ἀνακαθήρασθαι „да ја чистиш пондилата на Авгеј", т. е. да вршиш многу тешка и непријатна работа).

Што се однесува до името *Pu$_2$keqiri*, познати ни се транскрипциите што ги предложија В. Георгиев во второто дополнение на сво-

јот Словарь, s. v. (= *Φιγγες—κωιλις(?) <φέγγος n. „éclat, lumière" + κωιλις f. от -τέλης), која не може да не убеди поради гласовните разлики; ние очекуваме во првиот слог збор со φυ- а во претпоследниот одн. последниот слог *-i-* а не *-e-*, и од Б. Чоп во Ж. А. VIII, стр. 254 (заб. 25) Φύγεβρις. Ние мислиме дека името *Pu₂keqiri* би можело да се транскрибира со *Φυρκεσγϝρις од φύρκος, -εος n. (= πύργος m.) „кула; бедем" и -γϝρις = —βρις од γϝρῖ = βρῖ = βριαρόν (Хес.); спор. покрај βριαρός и βριήπυος уште βριθύς и глаг. βρίθω (в. J. B. Hofmann, *o. c.*, s. v. βριαρός). Првиот елемент на името — φυρκες = πύργος (= τεῖχος, Хес.) — станува веројатен кога ќе се имаат пред вид грчките имиња Φύρκιππος, Φυρκῖνος, Φύρκων, Πυργεύς, Πυργίας, Πυργῆς, Πύργων Πυργόθεμις, Πυργοτέλης и др.[61]) Вториот елемент е вистина редок на крајот од збор или име, но поради ὕβρις (ако ја примиме неговата етимологија од **u-gwris*; спор. ὄβριμος и ὕβρις кај J. B. Hofmann, *o. c.*), веројатен и возможен. Ако земеме пред вид дека лицето од спомнатата пилска плочка може да биде некаков „дворски" човек, веројатно еден од неговите надзорници, тогаш и неговото звучно име Φύρκε(σ)βρις „јак (= силен) како кула" не би требало да нè чуди.

Да се вратиме на зборот *qerana*. Од неговата идеограма се гледа дека се работи за сад од типот на и б р и к (*D o c s*; p. 327: „a bronze ewer or ‚oinochoe'. . .."; p. 406, s. v.: „Nom. sing. fem.: 'ewer, jug'. Vocalization uncertain". . .). Обидот на Палмер[62]) да го поврзе со грч. *pelanos*, funerary libation' како 'libation jug' останува и од формална и од содржинска страна не многу јасен. И обидот на В. Георгиев (одн. Вентрис и Чадвик, *Docs.*, l. c.) да го поврзе со ст.-норд. *huerna* и подоцнешниот грч. κέρνος n., пл. κέρνα не е сосема убедлив од формални причини, како ни предложената недокументирана форма *gwherana* 'vase à eau chaude' од J. C. Kamerbeek[63]).

Ние мислиме дека зборот *qerana* треба да се поврзе со βαλανεύς и βαλανεῖον или со βαλανωτός и βαλανειόμφαλος (спор. βαλανωταὶ и βαλανειόμφαλοι φιάλαι). Судејќи по етимологијата на βαλανεύς, многу е веројатна формата **gwelanos* и **gwelana* (спор. аркад. δέλλω = βάλλω) како основа од која е изведен зборот βαλανεύς. Дека покрај **gwelanos* е возможна и една фем. форма **gwelana*, би можело да се види од грч. сложенки βαλανηφάγος, -γέω, -γία, βαλανηφόρος иако се изведени од зборот βάλανος Садот **gwelana* = *qerana* би можел навистина да служи з а т у р а њ е, п о л е в а њ е в о д а на некој што се мие или капе, како што се употребувал подоцна и садот ἀρύβαλλος (карактеристичен е и тука елементот -βαλλος од βάλλω „фрлам; турам"), како што се гледа од Полукса (*Onomast.* X 63).

Што се однесува до другите зборови од натписот, тие се сите во врска со описот на садовите по место, форма, употреба и украса[64]).

---

[61]) B. Pape-Benseler, *Wb. d. griech. EN*, s. vv. и F. Bechtel, *Die hist. PN d. Griech. bis zur Kaiserzeit*, Halle 1917, стр. 459.

[62]) Во BICS („*Tomb or Reception Room*?") 7, 1960, стр. 61s.

[63]) Во приказот на *Docs.* во Mnemosyne S. IV. Vol. IX, 1956, стр. 338.

[64]) В. *Docs.* l. c. (стр. 335s).

НЕКОЛКУ НОВО ИДЕНТИФИЦИРАНИ ТОПОНИМИ ОД ПЕЛОПОНЕС И КРИТ

Треба да спомнеме, пред сè на ова место, дека, меѓу другото, во дефинитивното дешифрирање на слоговите знаци од линеарното **B** што успешно го изврши М. Вентрис во доста голема мерка му спомогнаа во таа работа и критските и пилските топоними и од нив изведените етникони[65]). На „микенските" натписи од Кнос покрај неговото име, означено со силабограмите *ko-no-so*, или неговиот посесив, означен со силабограмите *ko-no-si-jo* или *ko-no-si-ja*, се среќаваат уште и имиња на други критски градови и населби, познати од Хомера и од другите подоцнешни писатели, како што се Кидонија, обележена со формите *ku-do-ni-ja* и *ku-do-ni-ja-de* (последната е алатив=„до Кидонија"), Фајст со *pa-i-to*, *pa-i-ti-jo* и *pa-i-ti-ja* (последните две се етникони), Амнис со *a-mi-ni-so*, *a-mi-ni-so-de* (алатив) и етниконите *a-mi-ni-si-jo* и *a-mi-ni-si-ja*, Тилис (*tu-ri-so*: *tu-ri-si-jo*, *tu-ri-si-ja*), Lato (*ra-to*: *ra-ti-jo*), Дикта (*di-ka-ta-de*: *di-ka-ta-jo*), Ликт (*ru-ki-to*: *ru-ki-ti-jo*, *ru-ki-ti-ja*), Итан (*u-ta-no*: *u-ta-ni-jo*), Аптар(в)а (*a-pa-ta-wa*: *a-pa-ta-wa-jo*) и др. или од натписите најдени во Пил покрај неговото име, обележено со силабограмите *pu-ro*, уште Лус (*ro-u-so*: *ro-u-si-jo*), Левктра (*re-u-ko-to-ro*), Рион (*ri-jo*), Хелос (*e-re-e*, *e-re-i*: *e-re-e-u*, *e-re-e-wo*, *e-re-e-we*), Кипарис (обележен веројатно со етн. *ku-pa-ri-si-jo*), Амфигенеја (*a-pi-ke-ne-a*), Харадра (*ka-ra-do-ro*, *ka-ra-do-ro-de*), Плеврон (во алативната форма: *pe-re-u-ro-na-de*) и др. или етниконите *Urupijao*, *Orumasijajo*, *Korisijo*, *Zakusijo*. *Kinidija*, *Raminija*, *Miratija* и др. во кои се кријат месните имиња Ὀλυμπία, Ἐρύμανθος, Κόρινθος, Ζάκυνθος, Κνίδος, Λῆ/ᾶμνος, Μίλη/ατος и тн.

AIKEU, 34-KEU, OPIKEWIRIJEU, WONOWATISI

Појдувајќи од фактот дека некои топоними, како последниве, не мораат да бидат директно спомнати ами и преку нивните етникони или посесивни форми, изведени од нив, и водејќи сметка за друг еден факт и обичај, да се означува потеклото и местото на изработката на разни предмети, обележувани многу често со формата на етниконот или со изведениот посесив, успеавме да откриеме неколку непознати досега топоними. Така, на пример, во детерминативите на триножниците од пилската плочка Ta 641 — *aikeu* — и од Ta 709 + 712 — *34-keu* и *opikewirijeu* — ние гледаме форми на етничкони, изведени од топономи, а не определувања на формата на садовите, како што мислеле и мислат другите филолози на чело со Л. Палмер[66]).

---

[65]) Спор. *Evidence*, стр. 89 (=JHS LXXIII, 1953, p. 89).

[66]) В. го приказот на *Docs.* во Gnomon 29, 1957, стр. 577): „with goat's head handles"); спор. O. Szemerényi, *The Greek Nouns in* -εύς, во Μνήμης Χάριν II, стр. 165 (: „with goat decoration") и S. Luria, *Methodische Bemerkungen zur Entzifferung und Deutung der griechischen Inschriften mykenischer Zeit*, во *Minoica* (Festschrift J. Sundwall), Berlin1958, стр. 219 каj што се транскрибира просто *aikeus* или *akeus* со едно значење „тенко" „шилесто" („Dünnling" — „akut, spitzig, dünnleibig").

Интересно е да се забележи дека Џ. Чадвик (и Л. Баумбах) и понатамо верува дека („perh. **34-ke-u* Ta 709 represents the same word, but the identification of sign *34 is quite uncertain") и *34-keu* можеби означува ист збор (уште во 1963, в. ја неговата

До објавувањето натписниот материјал, најден во раскопките од летото 1957 повеќето филолози мислеа дека во формата *34-keu* и во погрешно дополнетиот фрагмент [..]-*u* како [*aike*]*u* ја имаме истата определба на триножниците од двете плочки (Та 641 и Та 709 + 712), што беше и еден од „најјаките" аргументи за идентичноста на гласовната вредност на силабограмите *34 и *43 (*43 = *ai*, *34 = ai_2). Откривањето на средниот фрагмент од Та 709 + 712 показа дека треба да се биде многу претпазлив со реставрирањето на фрагментарните натписи и, што е исто така важно, ако не и повеќе, со „идентифицирањето" на разни дублети на слогови, како што се a_2, pa_2, sa_2, da_2, ta_2, ra_2, pu_2, итн. — Денес знаеме дека da_2 треба да се чита како *du*, pa_2 како *qa* (=*kwa*); a_2 е по секоја веројатност аспирирано *a* (=*ha*), а sa_2, како што видовме понапред, нема врска со гласот *s* (*85 не е ни *sja* ни *si* ни *su*) туку го означува дифтонгот *au*-; ta_2 е веројатно некој сложен глас, можеби *tja*, а ra_2 по секоја веројатност *rja*, како и ro_2 што е можеби *rjo* (*rja* и *rjo* не е исклучено да се изговарале како чешките ř а и ř о; pu_2 е можеби со аспирирано *p*, што значи = *phu* итн. итн.

Бидејќи и животните и растенијата (стеблата) и предметите, а не само луѓето можат да се означуваат со етниконите, како што показавме во нашата белешка „*Ai-ke-u*, **34-ke-u*, *o-pi-ke-wi-ri-je-u*" во Ж. А. IX (1959), стр. 154, особено со примерите Δελφὸς τρίπους и Λάκαινα κύλιξ, зашто и во нашиов случај се работи за τρίπους (=τρίπος = *tiripo*) „триножник", тогаш и трите погоре спомнати форми на *-eu* можат да бидат етникони и да го одбележуваат потеклото на триножниците: *aikeu* = Αἰγεύς е етник од еден локалитет Αἰγαί или Αἴγυς или Αἴγεια одн. Αἰγειαί, **34-keu* би бил етник од едно место **34-keja*, кое не можеме уште со сигурност да го идентификуваме а се спомнува во списокот на пилската плочка Fn 187.19; *opikewirijeu* би можел да биде етник од месноста **opike-wirijo*-, предадена веројатно на пилската плочка An 615.8 дефектно, т. е. без одбележување слогот *-wi-*, како *opikerijo*, а на An 724.3 во алативната форма *opikerijode*, која би можела да се транскрибира со Ὀπισκέϝριον (=Ἐπι-σκείϝ-ιον одн. Ἐπι-σκύϝ-ιον).

Според определбата *keresijo weke* (написана како два збора нам· *keresijoweke*) = Κρησιοϝεργής[67]) што ја имаат сите три триножници, би можело да се заклучи дека тие се од Крит и, во тој случај, етниконите Αἰγεύς, **34-keu* и Ὀπισκεϝριεύς би означувале локалитети на островот Крит, но тоа е само на прв поглед така. Определбата Κρησιοϝεργής, како и сличните од подоцна документирани ознаки на садови φιάλαι Λυκιουργεῖς, κρατῆρες Κορινθιουργεῖς и сл., како што убаво показа Палмер, се однесува

последна работа, цитирана во бел. 26 стр. 168), но сепак со извесна резерва по односна значењето на зборот (ibid.: „poss. *aigeus* ,decorated with goat-motif, or with goat's head handles" [Palmer, Gnomon 29, 577; Minos 5. 78f.: „this presupposes failure of concord with dual *tripode*, and strictly adjectival formations in -εύς are unknown in later Greek..."]); cf. ibid. стр. 197 (s. v. -εύς. . . во белешката: „. . .the evidence for *-eu* in Myc. having adjectival force is scanty [Householder,Glotta39.183; Szemerényi, *art. cit.* 165ss]. — Подвлеченото е наше! — М. Д. П.).

[67]) B. L. Palmer, *Observations on the Linear 'B' Tablets from Mycenae*, во BICS 2, 1955, стр. 43; спор. ја статијата на истиот во Minos V стр. 76s.

главно на начинот на изработката, на стилот (‚of Cretan style or workmanship'). Според тоа, месностите можат да бидат и надвор од Крит, од Пелопонес одн. од места што се наоѓаат во границите на пилската држава, а во последнава влегувале делови и од Лаконија, Аркадија и Елида. Αἰγεύς би бил, значи, веројатно изведен од Αἴγεια одн. Αἰγειαί (или дури и од Αἴγυς) од Лаконија, позната уште од Хомер (и Αἴγυς е во Лаконија одн. во јужна Аркадија, на границата со Лаконија): етниконот Ὀπισκεϝριεύς изведен од местото Ὀπισκέϝριον (=Ἐπισκείριον или Ἐπισκύριον), би можел да се однесува на месност што се наоѓа исто така во една област на пилската држава, можеби точно во истата гранична покраина меѓу Аркадија и Лаконија, во спорната Σκιρῖτις, што се наоѓа по секоја веројатност во поречјето на Σκῦρος, притока на Алфеј во јужна Аркадија, од која го добила името и областа Σκιρῖτις и, многу веројатно, нашата населба Ὀπισκέϝριον. — Откога ќе се уточни и вредноста на силабограмата *34, ќе може со поголема сигурност да се идентификира и името на местото *34-keja* од кое е изведен веројатно и етниконот *34-keu* од вториот триножник.

Во формата *wonowatisi*, што се среќава на пилските плочки Vn 48 и Xb 1428, А. Хојбек веруваше дека се крие топонимот **Woinowonts*[68]). Ние показавме, во Ж. А. XI (1962) стр. 278, дека се работи за датив пл. од етниконот на женскиот род Ϝοινοϝᾶτις, -ιδος, изведен сигурно од топонимот Ϝοινόϝα, а не **Woinowonts*, што се потврдува со документираната форма Οἰνωᾶτις (=Ϝοινοϝᾶτις) од Еврипида (*Her. fur.* 378: θεὰν Οἰνωᾶτιν) и од Стефан Византинецот (s. v. Οἴνη: Οἰνωᾶτις Ἄρτεμις, cf. Paus. II 25, 3). Прашање е само за која Ојноа (=Ϝοινόϝα) се работи, зашто ги има повеќе. Ние, се разбира, помислуваме на најблиската, а тоа е лаконската Οἰνόη (според Птолем. III 16, 22) одн. Οἰνοῦς, како што се вика кај други, но не е исклучено да се работи и за аргејската Οἰνώη, од која и гласи етниконот Οἰνωάτης и фем. Οἰνωᾶτις, позната по култот на богиња Артемида (спор. Еврипид и Павсанија одн. Стефан Византинец, ll. cc.) или за ахајската одн. елејската.

DIWIJODE, ERUTARAPI, METUWONEWO, NEWOKITO

На пилската плочка Fr 1230 се наоѓа само еден збор што Е. Бенет го прочита како *pijode* е Чадвик сметал дека пред трите силабограми можел да стои уште еден знак бележејќи го „?]-*pi-jo-de*", т. е. не определувајќи го јасно зашто и не може да се види на самата плочка за која силабограма се работи. Според формата се гледа дека зборот е а л а т и в од име на место

Ако ја погледаме повнимателно фотографијата на плочката, објавена во E. L. Bennett, *The Olive Oil Tablets of Pylos* (Pl. XIV — Fr 1230),

[68]) Во Kadmos I, 1962, стр. 62—64 одбивајќи го предлогот на М. Дориа (во Par. del Pass. 16, 1961, стр. 403—409) за *wonowatisi* = *woinowatsi* од едно **woinowents* = att. οἰνοῦττα. Види ја статијата на Jaan Puhvel *Eleuther and Oinoatis* во Mycenaean Studies, Madison 1964, стр. 161—170, кој доаѓа до исто решение и со истите средства (цитати) како и ние (в. на стр. 169 во Postscript:„. . . It is. . . gratifying to see M. D. Petruševski in *Živa Antika* II (1962) 278 propose essentially the same derivation as the present paper.").

ќе видиме дека на првиот нејзин фрагмент навистина има место уште за еден знак и дека линијата на преломот меѓу првиот и вториот фрагмент оди по левата коса црта на силабограмата, прочитана од Бенет и од Чадвик како *pi*, но така што во горниот дел да не се поклопува сосема со линијата од вториот фрагмент кој на својот лев крај како да завива горе, како што оди левата црта на силабограмата *wi*, само што тоа не може сосема јасно да се согледа до крајот, зашто вториот фрагмент не е цел (го нема горното ромбоидно парче).Ние претпоставивме дека се работи за *wi* а не за *pi* и дека пред него стоело уште и *di*, со што се добива зборот *diwijode* (в. P. Hr. Ilievski, *Two Notes on the Fr Tablets*, во Minos t. VII f. 2, бел. 14; спор. ја нашата белешка *Ko-pi-na* во Ж. А. XI, 1962, стр. 318). Меѓу материјалот, што е откриен во раскопките од 1961 и објавен во *AJA* 66 (1962) стр. 145—152, се наоѓа и плочката Mb 1366, на која е јасно прочитан зборот *diwijo* пред идеограмата *146 и бројот 2. Ние мислиме дека се работи за истиот збор, за истото име на место, како што се гледа од алативната форма *diwijode* од Fr 1230, а тоа е Δίϝιον — подоцнешното Δῖον, што е многу често име на места од грчки, и не само од грчки, краишта[69]). Формата *diwijo* и генитивот *diwijojo*, што се среќава на натписите од Кнос, како што е познато, не означува место а м е с е ц, што се гледа и од придружбата на зборот *meno* (= μηνός), и треба да се транскрибира како Δίϝιος, што е често име на месец кај Грците и старите Македонци.

Ние мислиме дека ниедно од познатите места од подоцна, со името Δῖον, не доаѓа пред вид, зашто и најблиското по простор и време, евбојскиот Дион, што о спомнат во Хомеровата Илијада (B 538), е релативно многу далеку од месенскиот Пил. По секоја веројатност се работи за некое помало место (можеби само едно светилиште на Зевс, на некој од месенските ридови, покрај кое сепак имало макар неколку куќи) зашто не би можеле инаку да ги разбереме етниконите *Diwijeu* (= Διϝιεύς, Διεύς) и *Diwijewe*, што се јавуваат на пилските плочки (Cn 3. 2; An 656.9; Es—passim) и можеби на An 218.2, според читањето и реконструкцијата на H. Mühlestein: *ri-owa ijereu* [*di*]-*wi-je*-[*u*][70]). Со ова треба да е идентично местото предадено со варијантата *diujo* (= *Diwjo* = Δίϝιον) од Tn 316. r 8. Ова е досега сфатено само како Зевсов „храм" („shrine of Zeus"[71]).

Ако се согласиме дека во An 218.2 зборот *diwijeu* е добро прочитан од Х. Милештајн, дека во 3. ред последниот збор *daijakereu* (како и во 4. и 5. ред последните зборови *metapa* и *owitono*) претставува име на место (одн. етникон *Daijagreus*; според првото мислење на Палмер = „land divider" или „a place name", *Docs.*, p. 178; според нас *d.* е етник изведен од топонимот Δάιος ἀγρός или Δάιοι ἀγροί „пусто поле" одн. „пусти ниви", cf. Μεγάλη πόλις етн. Μεγαλοπολίτης, Χῶλον τεῖχος етн. Χωλοτειχί-

[69]) Познати се две места со името Дион и од Македонија: едното од Халкидик а другото од Пиерија (за последново в. Ф. Папазоглу, М а к е д о н с к и г р а д о в и у р и м с к о д о б а, Скопје 1957, Посебно изд. на Ж. А. кн. I, стр. 101—105).

[70]) Во Гномон (во приказот на *Inscriptiones Pyliae* на *Gallavotti* и Sacconi) 35, 1963, стр. 278.

[71]) В. *Docs.* стр. 287 (cf. ibid. стр. 125).

της), тогаш и тој с зад зборовите *Risowa ijereu* определба на место одн. етникон од топонимот Δίϝιον, а *Risowa* = Λισσόϝας би било лично име на еден свештеник—*ijereu* од Д. (името Λισσόϝας е симболично за сталежот, зашто е изведено од λίσσομαι „се молам" ако се има пред вид дека во робовласничкото општество и на пилската и критската држава занимањата беа наследни и се предаваа од татко на син; спор. ги имињата *Piritawo* = Πλινθάϝων од πλίνθος еден тулар, одн. цреп ар од Пил, познат од плочката Eo 371 и En 467.5, или *Aitaro* = Αἴθαλος од αἰθάλη „сајги", еден ковач, или *Pomako* = ποίμαρχος од ποιμήν „овчар", име на еден овчар од Cn 45.13; v. O. Landau, *Mykenisch-griech. Personennamen*, стр. 204ss.). И во An 656.9 *Diwijeu* = Διϝιεύς (Διεύς) може да биде етникон повеќе одошто лично име, како што може и *Pereuronijo* од истата плочка (лин. 16.) да е етникон побргу одошто лично име = Πλευρώνιος од топонимот Πλευρών, што е спомнат на An 1.1 (во алативната форма *Pereuronade* = Πλευρῶνάδε). Ние мислиме дека и зборот *Worotuminijo* = Fλοτύμνιος (од *W̥ltumnios, изведена посесивна форма од *W̥ltumno-, спор. Λάτυμνον „ὄρος Λακωνικόν") може да биде етникон од еден топоним одн. населба на гората *Latumnon* (позната од схолијата на Теокрит, IV *idyll.* 19 како гора и во Лаконија). Од формата на зборот Λάτυμνον и од стихот на Теокрита, одн. од метриката, не може да се види јасно дека зборот имал digamma напред, но тоа и не треба да се очекува од еден текст од Теокрит и од едно време кога дигамата беше наполно исчезната, а зборот одн. името Λάτυμνον не е познато од порано, иако е многу старо. Спомнатите италски форми Voltumna одн. „Voltumnia", и Vortumnus одн. Vertumnus кај О. Ландау (*o. c.*, s. v. *Worotuminijo*) можат да бидат навистина во врска со ова име, а комбинациите со *Fορθύμνιος, *Fροθύμνιος и критскиот локалитет Ῥιθυμνία[72]) не задоволуваат од формална гледна точка, зашто или не се од нигде документирани или гласовно несоодветни (како Ῥιθυμνία со *-i-* нам. *o*).

Ако се согласиме дека во Месенија, одн. во пилската држава, имало едно место Δίϝιον и дека формата *diwijeu* = Διϝιεύς е негов етникон, тогаш би можело подоцна да се види дека и формата *diwijewe* од серијата Es, што се повторува редовно на истото место т. с. во 4-иот ред со зборот *do omo*, би можела да се разбере малку поинаку, а не како што се разбирала и толкувала досега[73]).

Уште во 1955 (Ж. А. V., l. c., в. напред стр. 21) имавме исказано мислење дека во кноските плочки од серијата на платната Ld (573; 585; 649) одн. L (785.1 и 2) зборот *erutarapi* што ги определува разните видови платна е инстр. плур. од еден топоним Ἐρυθραί со аблативско значење за обележување местото на изработката одн. провениенцијата на спом-

---

[72]) В. В. Георгиев, Второе дополн. к Слов., s. v.; спор. *Docs.*, стр. 427 и O. Landau, *Mykenisch-griech. PN*, Göteborg 1958, s. v. (стр. 152).

[73]) Како „свештеник на Зевс" кај H. Mühlestein, *Olympia in Pylos*, Basel 1954, стр. 12 (спор. Id. *Die Oka-Tafeln von Pylos*, стр. 34 и *Studies* 1, 1956, стр. 14) или „син на Зевс" (=*Diwes* одн. *Diwos ijewe*) кај C. Gallavotti, *Documenti*. . ., стр. 40 (спор. стр.194) и кај истиот *La Triade Lesbia in un testo miceneo* во Rivista di Filologia N. S. XXXIV, 1956, стр. 229—230 (спор. *Studies* II, стр. 15) или кај M. Doria, *Interpretazioni di tes micenei II*. . ., Trieste 1958, ст. 43 и кај разни други во слични комбинации.

натите платна. Ние не можеме со сигурност да утврдиме за која Еритра се работи. Би можела да биде кипарската побргу одошто бојотската или малоазиската, но може да не е ни една од познатите а една досега непозната Еритра (= Ἐρυθραί) од островот Крит. Како и да е, на сите места кај што се јавува зборот *erutarapi* се работи за видови платна. Определбата *erutarapi* е инстр. плур. а не синг. и не ги опишува платната по боја: не е веројатно дека се работи за елиптичен израз „со црвени (пруги или траки одн. ширити)"[74]). Предметите можат да бидат определени и но местото каде се изработуваат одн. од каде се добиваат, а не само по нивната форма и надворешен изглед (спор. ги современите изрази д а м а с т, к а ш м и р, к р е п м а р о к е н, с а т е н, ш а н т у н г и др.). Со местото бил уште од најстари времиња определен и начинот на изработката и квалитетот одн. сортата на материјалот.

Во пилската серија Fr на маслата, што ја објави Е. Бенет како посебно издание (на спис. Minos №2: *The Olive Oil Tablets of Pylos*), има интересни натписи. Плочката Fr 1202 е интересна поради тоа што во неа се спомнува божеството μάτηρ θεῖα „мајка божија" (во дативската форма *matere teija*) за која е определено извесно количество масло *pakowe* (=σφακόϝεν), т. е. м и р и с л и в о масло препарирано со тревата σφακός „жалфија". Тоа сето не е спорно и не претставува проблем. Проблемот лежи во текстот што му претходи на *matere teija*, а тоа е зборот *metuwonewo* кој е прочитан од Бенет како два збора *metuwo newo*, а од плочката, која е доста испукана, не може јасно да се види дали имало зад силабограмата *wo* а пред *ne* вертикална цртичка долу, знакот за одделување зборови, кој инаку многу пи ја олеснува работата во читањето на микенските текстови. Ни самиот Бенет не беше сосема сигурен дали се работи за еден или за два збора, но се определи сепак за два и за толкувањето „in the festival of the New Wine" поврзувајќи го со Хесихиевата глоса νεοήνια (= νεοίνια)· ἑορτὴ Διονύσου и со атинскиот празник на м л а д о т о в и н о Πιθοίγια, во духот на разбирањата и толкувањата на Палмер[75]).

Спомнатото толкување произлегува од сфаќањето дека во изразот *metuwo newo* се работи за генитив сингулар употребен како темпорален. Меѓутоа формата *newo* не е генитивска и, за да се задоволи наполно претпоставката на два збора одн. дека вториот збор е *newo* (=νέϝον) „ново", „младо", беше и овој, во транскрипцијата, „поправен" во генитив νέϝοιο („μέθυος νέϝοιο"). Ние мислиме дека оваа постапка не е во ред и дека обележената претпоставка како п о м а л к у в е р о ј а т н а (од истиот Бенет, *o. c.*, стр. 29), дека се работи за еден збор *metuwonewo* (=*μεθυϝοινήϝος) „as a genitive of a **methu-woineus*, ... will still lead to the interpretation... *with less likelihood, of place*" и, можеби, за определба на место, е поверојатна и дава можност, без да се вршат никакви интер-

[74]) Прво во *Evidence*, стр. 102 и во *Docs*, стр. 318; в. сообено M. Lejeune, *La désinence* -φι, во Bulletin de la Société de Linguistique, т. LII, 1957 = *Mémoires* VIII стр. 174 и, пред сè, бел. 62 и 63.

[75]) В. *Mycen. & Minoans*, стр. 126; спор. Id., *Interpretation*, стр. 241, 248 и, особено, 253ss.

венции и поправања на текстот, да се даде едно толкување кое сосема може да задоволи.

Според нас *metuwonewo* е еден збор и претставува генитив плурал (побргу одошто сингулар) од еден етникон (одн. демотикон) Μεθυωνῆϝες, изведен од топонимот *Μεθυών од кој, со време, можела да биде образувана и форма фемининска Μεθυώνα. Се работи за месност која го добила своето име по културата на лозата и виното, зашто името е секако изведено од стариот грчки збор μέθυ „вино", како што може да се види од честите топоними Μεθώνα и Μεθώνη или Μοθώνη (како што бележи Павсанија за лаконската), и од етимологијата на името забележена кај Евстатија (*Comm. in Iliad.* II 716) и од „етимолошкиот" мит за името на лаконската Μοθώνη (сепак ракописот Pc има Μεθώνη!) кај Павсанија (IV 35, 1-36, 1). Како што покажавме во Ж. А. XII (1963) стр. 309—310, може да станува збор за лаконската Μεθώνα која е најблизу до центарот на пилската држава. Формата на демотиконот одн. етниконот Μεθυωνῆϝες би била правилно изведена од топонимот *Μεθυών како што може да се види од аналогиите Βουβωνεύς, Ἠιωνεύς, Μυωνεῖς, Οἰνεωνεύς, Ὀλμωνεῖς итн. изведени од Βουβών, Ἠιών, Μυών, Οἰνεών, Ὄλμωνες итн. (спор. ја микенската форма, можеби, на етник кој се зема и како лично име, *Imoroneu* = Ἰμρωνεύς, изведена од недокументираната **imoro* = *Ἴμρων, подоцна Ἴμβρων). Дека може да има и една постара форма *Μεθυών покрај помладата *Μεθυώνα (подоцна=Μεθώνα и Μεθώνη), како да се гледа од глосата на Хесихија Μηθών и од топонимот Μόθων (scil. λίθος) кај Павсанија (l. c.). Долгото е во Хесихиевата форма Μηθών како и во хомерската Μηθώνη (која се однесува на тесалската) може да се разбере како метричка појава на таканаречената „позиција на *e* пред два консонанта — θϝ, од кои вториот е добиен од вокалното *u* пред друг вокал—*o*: Μηθώνη од Μεθϝώνη одн. постарото Μεθϝώνα а ова од уште постарото Μεθυών(α)[76]).

Сега не задава никаква тешкотија текстот *metuwonewo matere teija* со пашата транскрипција Μεθυωνήϝων Ματρεί θεῖαι и со преводот „на Мајката божија на Метуонејците" (т. е. „од Метуон" одн. „од Метона"), зашто определената дажба на мирисливо масло од жалфија (=*pakowe* т. е. σφακόϝεν) е наменета за богињата Μάτηρ θεῖα одн. за пејзиното светилиште во Μεθυών, кое се наоѓало по секоја веројатност кај лаконската Μεθώνα (или Μοθώνη, како ја бележи подоцнешниот грчки полихистор Павсанија).

Некои научници[77]), на пр. Палмер, веруваат дека и во пилската форма *newokito* од спомнатата плочка An 218.3 и од An 656.1 се работи побргу за топоним одошто за лично име, иако во првата идентификација на зборов се пледираше за лично име на еден свештеник Νεϝοχίτων (според првото мислење на Палмер, спор. Георгиев, Словарь, s. v.), како што го примија и авторите на *Docs.*, стр. 193; „*Ne-wo-ki-to*; perhaps

[76]) В. ја нашата статија *Discussions mycénologiques* во Ж. А. XII, 1963, стр. 309—310 и 312.

[77]) Цитираме според *Docs.* стр. 193 „*Ne-wo-ki-to*: perhaps the same person as the priest of 44 = An 29. Palmer (1955, p. 10): *Newokhiton*".

the same person as the priest of 44 = An 29. Palmer (1955) p. 10: Νε͜οχίτων). Според мислењето на H. Mühlestein (*Die Oka-Tafeln von Pylos*, стр. 8 и 28) зборот претставува топоним, веројатно Νε͜οίκιστος од „Νεϝο-ϝοίκιστος; и Палмер подоцна се согласува дека се работи за топоним во плурал (во Gnomon од 1957, стр. 568). За топоним се определи и М. Дориа[78]).

Ако се согласиме дека во *Newokito* навистина имаме работа со име на место а не на лице, тогаш помислуваме и на една можност да видиме во него една форма *Νεϝόσκιρτον нам. Νέϝον *Σκιρτόν кое можело да се сретне и во обратен ред *Σκιρτὸν νέϝον, што би можело да се стопи во *Σκιρτόνεϝον одн. Σκιρτόνειον и најсетне Σκιρτώνιον, името на градот во Аркадија или, поточно во спорната област меѓу Аркадија и Лаконија, што го спомнува Павсанија во 8. книга од својот *Опис на Грција* (VIII 27,4) покрај Βλένινα и Λεῦκτρον

Сепак, треба да кажеме дека местото и начинот на цитирањето на името *Newokito*, особено на плочката An 218.3, како прв збор во редот зад кој веднаш следува определбата *ijereu* и по неа другата определба *daijakereu*, зборува повеќе за лично одошто за месно име, зашто на овие натписи личните имиња најчесто се наоѓаат пред ознаките на занимање, а во третираната плочка, како што видовме и понапред (стр. 32), во 4. и 5. ред, ознаките на местата *Metapa* и *Owitono* се наоѓаат зад личните имиња одн. на крајот од редот, што ни послужи како доказ дека и определбата *daijakereu* = *Daïagreus* на свештеникот *Newokito* е заправо е т н и к о н а не занимање или должност. Од натписот пак што го читаме на плочката An 656.7 како да е поверојатно името *Newokito* да обележува топоним, зашто и следниот збор *wowija* е сфатен како ознака на место = ϝόρϝια (= ὅρια) „меѓи".

WANASOI, PETONO, OWITONO, PIKANA, PEREWOTE, DOROQO SOWOTE

Најинтересна и најпроблематична од сите форми што се јавуваат во серијата Fr од Пил, како и веќе третираното име *Metuwonewo*, е секако *wanasoi* и нејзините изведенки *wanasewijo* и *wanasewija*, од кои последната беше прва објавена и толкувана во врска со третираната плочка Ta 711, прво од покојниот М. Вентрис („*Mycenaean Furniture on the Pylos Tablets*" во Eranos, LIII, 1955, стр. 114 cf. *Docs.* стр. 335). Таа беше сфатена како придавка изведена од зборот ἄνασσα (v. *Docs.* l. c. — „*wa-na-se-wi-ja*; apparently an adjective from ἄνασσα formed under the influence of βασιλήϊος, etc. cf. Hom. ξεινήϊα, Ionic γυναικήϊα). Alternatively 'as a gift to the queen'?" Потоа дојде објавувањето на материјалот од серијата Fr на маслата во *Olive Oil Tablets of Pylos*, кај што Е. Бенет во зборот *wanasewijo* од плочката Fr 1215 (*wanakete wanasewijo wearepe*. . .) наоѓа исто така една изведенка од ϝάνασσα и го преведува алтернативно како „at the Wanasseion" (од транскрипцијата Wanassewioi) или со „a royal gift" (за Wanassewion).

---

[78]) „*Aspetti della toponomastica micenea delle tavolette in Lineare B di Pilo*" во Atti del VII Congresso internaz. di Scienze Onomastiche, Aprile 1961 Firenze-Pisa, стр. 431 (решение идентично како кај Х. Милештајн) cf. и E. Risch, Gnomon 31, 1959 (во приказот на работата на Ландау), стр. 251.

Во Fr 1221 зборот *wanasewija* кај Бенет е преведен просто со „the Wanasseian" (а погоре, во коментарот, тој ја спомнува можноста за еден превод „the Wanassewia i. e. offerings for Wanax or Wanassa"). Палмер пак во Ta 711 *wanasewija*, како епитет на садот *qerana*, го имаше преведено со „decorated with Wanassa"[79]).

Кога во материјалот од Fr-серијата се појави покрај горните форми и попростата *wanasoi* во плочките Fr 1219 (овде, навистина, во погрешната форма одн. графија *wanosoi* нам. *wanasoi*), 1222, 1227, 1228, 1235(два пати) и 1251, проблемот уште повеќе се усложни нам. да се упрости, зашто завршокот *-oi* кај *wanasoi* е идентичен со дативската-локативската форма од *o*-основите во плуралот. За да ја оправда и докаже врската на *wanasoi* и *wanasewijo*, *-ja* со Fάνασσα (која во нашите натписи со линеарното **B** не е документирана), Палмер[80]) претположи дека *wanasoi* е дуалска форма во датив и преведе „to the TWO mistresses (или queens)". Бенет го преведува со „among the Wanassoi", а во коментарот горе (во врска со Fr 1219, стр. 50 од цит. дело) го приведе и мислењето на Чадвик дека w. „is the name of a place or building".

Ние се согласуваме со мислењето дека *wanasoi* е датив-локатив плурал од еден топоним, како што претположи и С. Лурје[81]), само не и со врската и етимологијата, зашто сметаме дека *wanasoi* и *wanasewijo*, *-ja* нема никаква врска со Fάνασσα одн. Fάναξ. За да можат зборовите *wanasoi*, *wanasewija* и *wanasewijo* да се поврзат со основата **Fανακ-* одн. со Fάνασσα (<**Fανακja*), би требало слогот *-so-* одн. *-se-* во микенскиот да гласи *-zo-* одн. *-ze-*, зашто во овој дијалект имаме предавање на старите палатали *kj*, *gj* и *khj* редовно со низата *za*, *ze*, *zo*. Ни изведувањето на зборот *wanasoi* одн. Fανάσσοιν од основата **Fανακτ-* не е посреќно зашто во последниов случај и зборот Fάνασσα и неговите изведенки би гласеле Fάναξα, -ξοιν и сл. — со сложениот консонант ξ- зашто гласот t со j би дале s а претходното k не би се изгубило, како што се гледа од зборовите (забележени од подоцна) (F)άναξία, ἀνάξιος, χειρωναξία, -νάξιον и сл. (спор. M. Lejeune, *Études de philologie mycénienne*, во Revue des Études Anciennes t. 54, 196, стр. 12s., особено белешката 49, ibid.). Како што покажавме во Ж. А. XII (1963), стр. 293—312, зборот *wanasoi* е датив-локатив плурал од стариот ахајски топоним Fάρνασα (неутр. плурал) или Fαρνασοί (помалу веројатна форма на фем. пл.), поврзан со култот на едно божество Fάρνος или Fάρνασος „овен", „брав", „јагне", подоцна „заштитник на овците и стадата воопшто", наречуван и Fάναξ FαρνασήFιος или просто Fάναξ (спор. ги плочките Fr 1215, 1227 и 1235). Божеството, по доаѓањето на Дорците, било идентифицирано со Ἀπόλλων Καρνεῖος, од постариот Κάρνος „овен", одн. заштитник на овците и стадата, според кој било наречено и светото место во Месенија Καρνάσιον или Καρνειάσιον.

[79]) Поточно „decorated with Wanassa (picture)" во MLS од 7. XI. 56; според го неговиот поранешен предлог „decorated with a queen" во *Notes on the Linear B Tablets from Pylos*, 1952 (cf. *Studies* I, стр. 34).

[80]) Во MLS од 7. XI. 56 (спор. Бенет, l. c.) од 15. I .58; в. и Trans. Phil. Soc., 1958, стр. 76s. и/тн.

[81]) „*Zu den neugefundenen pylischen Inschriften* (1955—1958)" во Par. del Pass. XV, 73 (1960), стр. 257.

Како што било името на стариот бог Ϝάρνος или Ϝάρνασος одн. Ϝάναξ (ϜαρνασήϜιος) подоцна идентифицирано со 'Απόλλων Κάρνος одн. Καρνεῖος, така мислиме дека и неговото светилиште одн. светото место на старите Ахајци Ϝάρνασα (или Ϝαρνασοί), под влијание на култот на богот Κάρνος одн. Καρνεῖος, било преименувано, по дорската окупација на ахајската Месенија, во Κάρνασα одн. Καρνασοί (спор. ја формата Καρνασός кај Хојробоск) од кое е изведена формата Καρνάσιον (scil. ἄλσος) или Καρνειάσιον (под директно влијание на епитетот Καρνεῖος и на името на неговиот празник, општодорскиот Κάρνεια), како што се вика с в е т и о т л а г во големиот натпис од Анданија во Месенија, за која знаеме од Павсанија (IV 33,6) дека е близу до Карнасион (поточно: „на 8 стадии од него").

Основната форма Ϝαρνασο- се потврдува од еден натпис од атинската акропола (Ad. Kirchhoff, *IG* I s. p. 6 *P* 22a) кај што се спомнува името 'Αρνασο во ген. (= 'Αρνάσου) и од два медаљони (објавени во Num. Zeitschr. XLVIII, 1915, p. 166) кај што под претставата на Аполон се чита на едниот натписот Arnasi a на другиот Arnazi, што Kubitschek ги разбра како епитети на Аполон Arnasius одн. Arnazius. Од друга страна, на општодорскиот празник Κάρνεια и месецот Κάρνειος како да им одговараат 'Αρνηΐδες ἡμέραι и 'Αρνεῖος во Арг, со што би се потврдувала старата ахајска форма Ϝάρνος и Ϝάρνασος одн. Ϝάρνασα и ϜαρνασήϜιος (Ϝάναξ).

Како што можеше да се види и од досега третираните топоними Μεθυών, ΦοινόϜα и Ϝάρνασα (одн. Ϝαρνασοί), многу ретко се случува да се задржи едно име на место неизменето во долгиот ток на својата историја; затоа и е особено тешко идентификувањето на старите топоними, иако некои од нив обично ја продолжуваат старата традиција со сосема мали измени и варијации. Така е веројатно и старата лаконска ΦοινόϜα подоцна модифицирана во ΦοινόϜενς одн. Οἰνοῦς, или стариот Μεθυών во Μεθυώνα, подоцна во ΜεθϜώνα и потоа во Μεθώνα одн. Μεθώνη или Μοθώνη, а старата а х а ј с к а Ϝάρνασα, под влијание на д о р с к и о т Καρνεῖος, во Κάρνασα одн. Καρνάσιον (scil. Καρνειάσιον ἄλσος).

Сличен е случајот и со топонимот *Petono* (етн. *Petinijo*) што се спомнува на неколку пилски натписи. Појдувајќи од двете форми (*Petono* и *Petinijo*) лесно може да се реконструира неговата првобитна форма Petno одн. *Πέτνος или *Πέτνον (со возможните варијанти *Βέτνος, *Βέθνος, *Πέθνος или *Φέτνος). Шпанскиот филог M. S. Ruipérez[82]) ја сугерира идентификацијата со подоцнешниот лаконски град Πέφνος или Πέφνον, не можејќи да ја објасни промената на p-t во p-p, одн. „p-t-: p-p(h)-") и да приведе барем уште еден пример за таква гласова промена. Во сушност, промената на групата τν во φν е сосема јасна и може да се најде уште во хидронимот Σατνιόεις, како гласи оваа малоазиска река кај Хомер, што во времето на Страбон се изговарал како Σαφνιόεις, И старогрчкиот одн. книжовниот збор φάτνη со споредната стара форма πάθνη во народниот грчки јазик гласи

---

[82]) „*KORETERE et POROKORETERE à Pylos*" во *Études Mycéniennes*, стр. 118.

παχνί, дојдена веројатно преку дисимилација од едно недокументирано *παφνί од старата деминутивска („споредна") форма παθνί(ον).

Истата група -tn- се јавува и во досега неидентифицираниот топоним *Owitono* со етниконот *Owitinijo* од пилските плочки. Од предните две форми би можела да се изведе првобитната ʼΟϝιτνος (со помалу веројатните, но возможни, варијанти ʼΟϝιθνος, ʼΟλϝιτνος или ʼΟλϝιθνος и ʼΟρϝιτνος или ʼΟρϝιθνος). Според примерот на Πέτνος = Πέφνος ние би очекувале една подоцнешна форма *ʼΟϝιφνος одн. *Οἴφνος или слично, но такви форми на топоним досега не се најдени нито кај подоцнешните писатели нито во натписите со гласово писмо од ниеден крај од Грција.

Ние мислиме дека стариот ʼΟϝιτνος се крие во името на лаконскиот приморски град Οἴτυλος, познат уште од Хомеровата Илијада. Тоа се гледа, можеби, и од подоцнешната форма Βίτυλος одн. Fίτυλος и новогрч. Βίτιλο со добро запазената дигама до ден-денеш е н. И тука групата -tn- од првобитното ʼΟϝιτνος беше тешка за изговор, само што кај овој збор не била заменета со φν а со -τλ-, кај што било подоцна вметнато и едно -υ- заради уште полесен изговор. Слична функција имаат анаптичките вокали υ и ο кај тешката група τμ- во почетокот на зборот, како кај топонимите Τύμολος од постарото Τμῶλος и Τόμαρος од Τμάρος.

На пилската плочка Na 334 пред зборовите *ereutera* '*wanaka eke*' стои зборот *pikana*, кој е по секоја веројатност еден топоним, познат само од ова и од ниедно друго место. Ако се работи навистина за топоним, тој означува веројатно едно место од Месенија или од соседните области, Лаконија, Аркадија или Елида. Вакво име, се разбира, не само што нема во спомнатите области, но го нема ни во најоддалечените грчки краишта (ни *Πικάνα, ни *Βικάνα, ни Φικάνα — латинската Ficana не доаѓа пред вид — ни *Β/Π/Φιγάνα, Β/Π/ιχάνα ни *Β/Π/Φιγ/κ/χνα ни *Σπ/φιγ/κ/χνα) и затоа не е чудо што останало неидентифицирано[83]).

Ако е точна нашата поставка за делумната модификација на топонимите што имаат долг век, како што се гледа и од досега третираните, зашто само во сосема ретки случаи може еден збор или име да остане неизменето во токот на својата долга историја, тогаш би требало и во барањето на соодветната форма од подоцна да се биде малку поеластичен, а да се води сметка за географската страна, да не се бара место многу оддалечено од центарот, на пилската држава, во конкретниов случај.

Ако го примиме поврзувањето на топонимот од пилските плочки *Pirute* со микенскиот Τίρυνς, извршено од Палмер[84]), не само како аналогија, ами и како возможна идентификација со забелешка дека формата *pipute* (што се јавува еднаш во An 427.3) може да биде и погрешна, поради

---

[83]) Обидот на Галавоти (во *Documenti*, стр. 186) да го поврзе со Φίκα = Σφίγγα може да се смета само како еден обид да се најде неговата етимологија, без да можеме да го идентифицираме целото име и да го локализираме вопросниот топоним.

[84]) Прво во *Mycenaean Texts from Pylos*, Trans. Philol. Soc. 1954 (1955), стр. 52 (спор. Id., *Military Arrangements for the Defence of Pylos*, во Minos IV, 1956, стр. 136).

несигурноста на силабограмата *pu*, нам. *pirute*[85]), тогаш можеме со поголема веројатност и во *Pikana* да видиме постара форма на топонимот што се јавува подоцна како Πιτάνα, место во Лаконија покрај реката Еврота. Не е чудо и ова место да го модифицирало своето име, по доаѓањето на Дорците, од Πικάνα во Πιτάνα, како што е случај со старата Fάρνασα и Καρνάσιον, за што веќе зборувавме понапред. Вакви мали модификации се познати и од други места на грчкиот свет, на пр. критските топоними *Rukito*, *Sukirita* и *Kuta(i)to* од кноските натписи, што се идентификувани сосема добро со подоцнешните Λύκτος, најдоцнешниот Λύττος, Σύβριτα и Κύταιον, при што мислиме дека *Rukito* не е форма добиена преку етниконот *Rukitijo*=Λύκτιος, ами веројатно стара Λύκιτος[86]) со стариот етникон Λυκίτιος (формите Λύκτος и Λύκτιος се подоцнешни, а Λύττος уште помлада).

Уште во 1959 го идентификуравме топонимот *Perewote* како микенска форма од подоцнешниот Φρέαρ (од **Bhrewr*, — **Bhrewntos*). А. Хојбек се согласи со оваа идентификација и нè цитира[87]). До истата идентификација подоцна дојде и М. Дориа, кој ја доби честа да биде цитиран кај А. Морпурго (*o. c.*, s. v.) с а м без да се каже дека пред него имаа дојдено до истата идентификација и други (т. е. М. Д. Петрушевски). Нашето решение се наоѓа цитирано кај П. Хр. Илиевски, *The Adverbial Suffix* -θεν *in Mycenaean*, во Ж. А. IX (1959) стр. 117. Формата *Perewote* може да се транскрибира како датив-локатив Φρεϝότει или како инструментал-аблатив Φρεϝότη. Полната идентификација на топонимот засега не е возможна зашто такво име од Пелопонес досега не е документирано од подоцна, а локалитети со името Φρέαρ можело да има во секоја грчка област, дури и по неколку.

---

[85]) Дека би можело да се работи за грешка во слогот *pu* нам. *ru*, повлечен зад претходниот слог *pi*, како да се гледа и од долниот дел на силабограмата што личи многу на *pi*, а горниот дел е затворен полукруг како средниот горни дел од *ru*. Слични грешки има на овие натписи доста, на пр. во En 659.9 написано е *ototere* нам. *onatere* (тука мислиме дека с читањето на Бенет добро, додека во Es 649.1 прочитаниот збор *arekuturunone* с со погрешно реконструиран слог *no* на местото кај што е плочката откршена и кај што требало да стои *wo* во името *Arekuturuwone*; спор. *Arekuturuwo*= Ἀλεκτρυών, An 654.8 и Es 650.2, како и ген. сг. *Arekuturuwono* во Es 644.2); или во Un 717.8 Бенет чита *arero* (така е и написано!) а од идеограмата се гледа дека се работи за *arepa*, кај што е третиот слог (*ro*) повлечен по секоја веројатност зад вториот *re*; или во Eb 338, 2 *wozoe* е веројатно нам. *wozee*, т. е. со повлечено *o* во слогот *zo* нам. *ze* од првиот слог *wo*; или во En 74.21 *ekesi* нам. *ekosi* со повлечено *e* во *ke* зад првиот слог е; или во Ab 382 *miratira* нам. *miratija* со повторен вториот слог *ra* во четвртиот нам. *ja* итн. итн.

[86]) Прво кај E. G. Turner, *Place-names in Pylos Tablets*, BICS I, 1954, стр. спор. В. Георгиев, Словарь s. v.

[87]) *Nochmals zu den griech. Ortsnamen mit -went-Suffix*, Beiträge zur Namenforschung 12 (1961), стр. 96: „2. **pe-re-wo* (in *pe-re-wo-te* PY Na 513, X 176.I,2) dagegen gehört möglicherweise nicht zu den hier behandelten Bildungen. M. D. Petruševski denkt anspre-chend an Identität mit φρέαρ:φρέατος (<*φρήϝαρ:φρήϝατος<urgriech. **phreur*: *phreuntos* idg. **bhreur*: *bhrunos*) mit *n* > o (statt ion. usw. α). *pe-re-wo-te* also vielleicht *Φρηϝότει". Треба тука да одбележиме дека ни ова ни нашето решение, цитирано кај П. Хр. Илиевски, не ја имаше „среќата" да биде одбележено во Studies до денеска (впрочем тоа е случај и со некои други наши работи).

По завршокот -*wote* е многу блиска до претходната формата *doroqo sowote* која се јавува само еднаш досега) во PY Na 384. Сите се согласуваат дека D. е топоним, само е отежната неговата транскрипција и идентификација. Првиот елемент мислиме дека е правилно поголем уште од Вентрис (в. Георгиев, Словарь, s. v., и спор. O. Landau, *o. c.*, s. v.). Изведувањето од грч. δρώψ < *nr-oq-s*, што го предложи M. Lejeune[88]), не ни се чини сосема веројатно зашто сметаме оти за микенскиот ахајски дијалект не е доказано „олеснувањето" на групите *nr* и *mr* со паразитските консонанти *d* и *b* пред *r* (cf. *imorone* и *imoroneu* од KN Vc 55 и PY Jn 927.4 веројатно од Ἰμρωνεύς и, можеби, *imirijo* од KN Db 1186 од Ἴμριος[89]). Што се однесува до другиот дел *sowote*, M. Lejeune го разбра, како и V. Георгиев, дека е во врска со основата *σωϝ- один. со глаг. σώζω и го преведе со „L'Homme Sauvé", што не е убедливо.

Ние помислуваме на еден постар, можеби карски, збор со значење „гроб" (в. Steph. Byz., s. v. Σουάγγελα... καλοῦσι γὰρ οἱ Κᾶρες σοῦαν τὸν τάφον, γέλαν δὲ τὸν βασιλέα). Според нас, значи, во *Doroqo sowote* би имале еден топоним (во дат.-лок. или инстр.-абл.) Δόλοϙος σοϝό(ν)τε(ι) „Долопов гроб", спор. го локалитетот Δόλοπος σῆμα (Orph. *Arg.* 464) или Δολοπήϊος τύμβος (Ap. Rhod. I 585) во Тесалија.

QEREMEE, SURIMO, TURATEU(SI)

И за формата *qeremee*, што се јавува во PY Na 540 (и дополнително во Mn 1409.2), повеќето филолози се согласија дека означува топоним во дат.-лок. (один. во инстр.-абл.). В. Георгиев (*o. c.*, s. v.) се обиде да ја даде и неговата транскрипција предлагајќи го името Θέρμος nom. sg. (во дат.-лок. *Θερμέει), што не нè задоволи од формална страна. Ние помислувавме на основата **Bremes-* или, со уште поголема веројатност, **Blemes-*[90]). Потоа и А. Хојбек дојде до истата комбинација[91]) поврзувајќи го името *qeremee* со формите ἀβλεμής, βλεμεαίνω.

Уште порано, кога ја баравме етимологијата на името, помислувавме и на неговата идентификација и ни се чини дека најдовме сигурни траги од топонимов во подоцнешната топономастика на Аркадија один. Лаконија (во спорната област меѓу последниве две покраини). Тоа е местото Βλέμ(μ)ινα како што правилно го бележи Птолемеј (II 16, 22) — спор. Βλεμινᾶτις χώρα кај Страбон (VIII 343), но Βελμινᾶτις χ. кај Полибија (II 54) — додека кај Павсанија ги читаме формите Βελέμινα (III 21, 3 и VIII 35, 3) и Βλένινα (VIII 27, 4) а кај Стефан Византинецот името на местото е смешано со островот Βέλβινα[92]).

---

[88]) *Les documents pyliens des séries Na, Ng, Nn* во *Études Mycéniennes* = *Mémoires VII*, стр. 141, фусн. 40.

[89]) Види O. Landau, *o. c.*, s. v. *Imirijo* Ἴμβριος? и H. Mühlestein, *Einige myken. Wörter*, во Mus. Helv. XV (1958), стр. 223 (спор. Chadwick-Baumbach, *o. c.*, s. v. Ἴμβρος). Порано името *Imirijo* било идентифицирано со Ἰμέριος (в. Вь. Георгиев, Словарь, s. v.; спор. *Docs*, стр. 419 s. v.).

[90]) Види П. Хр. Илиевски Аблатйвот. . ., стр. 65 и 128.

[91]) В. *Zu einegen Namen auf den Pylos-Tafeln* 1960 во Kadmos I, 1962, стр. 59—60.

[92]) Формата Belbina ја бележат и Плутарх (*Kleom.* 4), Хесихиј (s. v.) и Ливиј (кн. XXXVIII 34); спор. G. Bursian, *Geogr. v. Griechenland* II, стр. 113, Fn .2.

Блемина и Бленина, како и Белемина, Белмина и Белбина, се само изведени, а некои од нив и расипани, форми од една постара **Bleme-s-na* одн. **Bleme(s)-ina* (од постарото **Gwlemes-na*), образувана со суфиксот -na одн. -ina за означување, можеби, на целиот крај, за која цел подоцна служи суфиксот -atis и -itis. За нас е од непреценлива вредност фактот што местото се наоѓа во Лаконија (одн. во спорната област меѓу последнава и Аркадија), значи во непосредна близина на Месенија и Пил, и што е првобитна формата Βλέμινα (кај Птолемеј), што се потврдува со изразот Βλεμινᾶτις χώρα (кај Страбон) и со погрешно забележената форма Βλένινα (кај Павсанија), а не Βελεμίνα или Βελμίνα одн. Βελβίνα како што мислеле порано[93]).

Денес, кога ја имаме и најстарата форма на топонимот од микенската епоха *Qeremee* = *Gwlemee* одн. Βλεμέη во еден старински инстр. синг. со аблативска функција и значење) = „од *Gwlemos*" (одн. Βλέμος), секако можеме појасно да видиме како гласела првобитната форма на топонимот Блемина, што е постаро и првобитно а што помладо и изведено.

Ако појдеме од старата ахајска форма на топонимот *Qeremee* одн. *Gwlemee*, тогаш Блемина е секако помлада и изведена, како што видовме погоре, со едно поранешно посесивно значење, горе-долу како „блемејска" одн. „блемеанска" (се разбира област); со исто онакво значење како што го има подоцнешната Страбонова форма Βλεμινᾶτις (scil. χώρα) или Полибиевата Βελμινᾶτις χ. I-то од слогот -mi- можело да дојде од -ei- (првобитно или двосложно или со дополнително продолжување од -esn-, по исчезнувањето на -s- пред -n-), упростено дури подоцна.

Подолгата и пополната форма Белемина е секако помлада и проширена од Блемина. Од Белемина била понатамо добиена уште помладата и подоцнешната форма Белмина. И формата Бленина, забележена еднаш кај Павсанија е само малку расипано и споредно име од Блемина, со асимилација на -m- со следното -n- од суфиксот, а таа измена можела да настане кај подоцнешните препишувачи, кои често ги мешале буквите μ и ν во ракописите, особено кај поретките зборови и кај помалу познатите имиња. Формата Белбина пак кај Стефан Византинецот можела да се добие уште подоцна, можеби кај препишувачите а не во неговиот првобитен текст, од споредната Белмина под влијание на претходно спомнатиот остров Белбина (во списокот на Стефана).

односно кад се те речи и изрази утврде у памћењу чланова који му припадају. Народне умотворине имале су више могућности да утичу на језик, јер су биле познате великом делу народа и биле поверене у памћењу заједно са језиком. Из њих су речи улазиле у језик обично као песничке, остајући ту поред других речи које су се осећале као песничке зато што су биле изашле из обичне употребе у језику и постале због тога необичне. Тако се стварао уметни песнички језик и пре уметне књижевности, у којој су се на краће или дуже време учвршћивали разни изрази, особито код епигона великих писаца. С развојем културе и неговањем књижевног језика, настајањем нових друштвених облика, нових диференцијација ствари и појмова, нових проналазака и продуката стварају се све нове и нове речи, да се помоћу њих све то у говору означи. Све више се повећава број интернационалних, речи па се на тај начин језици приближују једни другим у лексици, односно спречава се њихово удаљавање, особито у научној терминологији. Све ове нове речи спадају у језик и доказ су његовог непрестаног развоја и богаћења, али многе међу њима треба разликовати од других речи. Док је друштво било на примитивнијем ступњу културе, сваки је човек памтио скоро све речи које су се налазиле у језику, а данас постоје многобројни термини које знају само они који се баве радовима на које се ти термини односе. Многе научне термине зна само ограничени број специјалиста. Ове речи спадају у језик, али пошто су уметне и не предају се усмено из генерације у генерацију него се чувају у књигама и из њих у старијим годинама уче, не захвата их језичка струја и остају увек непромењене по својој гласовној структури, иако се њихово значење, појмови које ове речи означују, новим сазнањима проширују и продубљују. Све се ове речи стварају свесно, понекад се у разним научним расправама или комисијама воде расправе какав би термин требало да се узме, али се не измишљају нови корени него се по језичким правилима речи праве из већ постојећих, домаћих или туђих, из живих или мртвих језика, из времена када је рашчлањени језик већ био створен.

Све што постоји у језику конвенционасно је, али се до те конвенције дошло и непрестано се долази природним путем. Пошто се у језику увек нешто губи а нешто учвршчује, он никада није готов. Рушењем старих творевина и стварањем нових омогућује се да се језик увек подмлађује као што се и језички колектив нестајањем старих генерација и јављањем нових увек подмлађује. Истина је да језик није жив организам, али се у њему преко говора непрестано одражавају физиолошке и психолошке функције живих организма из којих су састављени језички колективи.

Језик се налази у човековом памћењу, односно у памћењу колектива који се њиме служи ради комуникације. Он је творевина друштва као што је друштво стварано и одржавано помоћу њега. Кроз све фазе свог развитка човек се њиме служио ради комуникације без које не би могао опстанути. Он је човекова особина коју већ као дете у повоју почиње нагонски да стиче вежбајући се у изговору гласова. Пошто се

обнавља и изграђује у човековој свести са којом прави једну целину, чува у његовом памћењу и остварује у говору помоћу ваздушне струје стваране радом плућа, те на тај начин темељи на физиолошком саставу човековом, језик овиси о том физичком фактору, у њему долази до изражаја не само човекова духовна него и његова физичка компонента, која непрестано без његове воље и знања утиче да се језик мења.

Васо Томановић

О ЕСТЕСТВЕННОМ И УСЛОВНОМ В ЯЗЫКЕ

Среди естественных факторов, которые влияют на звуковую форму слова, независимо от воли и сознания человека (квантитативная ограниченность выдыхательной струи, уставание мышц, ограниченность сознания и внимания), весьма важными являются физиологические факторы, которые в связи с работой человека влияют на артикуляционную базу. При одних видах работы напрягаются одни мышцы (рук, глаз и др.), при других — другие, что путём ассоциированных движений отражается на форме речевого аппарата, и на движениях в нём, а вследствие постоянного повторения одной и той же работы оставляет в нём следы в виде тонической напряжённости мышц, которая влияет на форму артикуляционной базы и движения в речевом аппарате во время речи. Изменения, которые в течение времени происходят в артикуляционной базе вследствие изменения вида работы, вызванных изменениями в экономической структуре общества, как и связанные с этим изменения в фонетическом составе языка, происходят так же независимо од воли человека и его сознания.

Невольное изменение интонации и динамики под влиянием струи воздуха и различных психофизиологических процессов, образующихся как невольный рефлекс на впечатления полученные из природы, намеренно использовалось и развилось в языке для создания ударения слова и предложения, а при помощи ударения отделения логических целых одних од других или их группирования. Чередование гласных в корне, которое в самом своём зачатке является естественным и невольным, так как происходит под влиянием изменения интонации или динамики, усилилось и использовалось с целью получения новых значений. Так использовались и другие варианты, образовавшиеся невольными изменениями формы слов.

И понятия и значения являются результатом представлений, как и представления являются результатом обьективной действительности и способности человека узнавать их всё более полно и точно. Следствием факта, что представления и понятия непрестанно пополняются, уточняются и умножаютя новыми познаниями, является такой же процесс, происходящий и в системе языковых знаков. В случае, где для новых понятий ещё не существует слово или же существует, но в какомлибо более узком или более широком языковом коллективе не-

известно, говорящие лица в этом коллективе принуждены ради общения пользоваться разными описаниями которые в течение времени вследствие коллективного употребления сжимаются в одно простое или сложное слово. Оно могло появиться в одно и то же время в разных областях, так как это обычное употребление языка, а сравнения и описания зависят главным образом от предметов, которые описываются. Так, намеренным употреблением сущтествующих языковых средств ненамеренно создаются простые и производные слова в языке, а по их образцу и другие. Таким коллективным путём образуются обобщения значений слов — если нужно и грамматические значения. Вообще, говорящие лица, сазнательно ища как можно лучшее логическое и стилистическое выражение или перенося чужое, ненамеренно участвуют в коллективном творчестве языка. Насколько этот способ естественен, лучше всего видно, если его сравнить с искусственным способом, которым образуются разные неологизмы и вносятся в язык через печать, или специальные научные термины, которые не меняются, так как не зависят от коллективной памяти, а сохраняются в книгах, по которым учатся в более старшем возрасте меньшим числом людей.

В какой степени в языке создаётся невольно, показывает факт, что и „ошибки", которые делаются в течение речи, могут способствовать образованию и внесению в язык нового слова и новой конструкции с новым значением. Это случаи, когда при невольном смешении слов или конструкций каждый компонент новополученниой формы вносит в неё своё значение.

Взеимное влияние отдельных людей путём подражания всегда нового мимического выражения и его отражения на звуки, которые произносятся — инстинктивно. Следствием этого процесса является то, что невольно и несознательно сдерживается индивидуальное выражение отдельных людей и создаётся всё большее единообразие просодических языковых средств. Вообще существует тенденция как можно больше приравнять речь говорящего лица к речи слушателя. Всё, что существует в языке — условно. Условность эта создалась и постоянно создаётся естественным путём. Так как в языке постоянно что - то изчезает, а что - то укореняется, он никогда не может быть окончательно создан. Постепенным исчезанием старых творенний и возникновением новых создаётся возможность постепенного омолаживания языка, как и языковой коллектив исчезновением старых поколений и появлением новых, непрестанно обновляется. Правда, язык не есть живой организм, но в нём посредством речи непрестанно отражаются физиологические и психологические функции живых организмов, из которых состоят языковые коллективы. Язык есть свойство человека, как и сознание, с которым составляет единое целое.

Так как в человеке не действуют только воля и сознание, но так же и подсознание, инстинкты и чувства, которые ближе естественному, физиологическому действию, то и эти факторы проявляются в языке и непрестанно влияют на его развитие.

Борис Марков

ОБЕЛЕЖУВАЊЕТО РОДОТ НА ИМЕНКИТЕ ВО РУСКИОТ И МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Како што е познато, родот претставува една од основните категории на именките. Освен на именките, својствен им е, навистина, и на придавките (вклучувајќи ги тука и глаголските придавки), на личнопоказната заменка *тој* или *он* и воопшто на придавските заменки, како и на редните броеви (од простите род имаат само *еден* и *два*). Овие, меѓутоа, ја немаат карактеристичната за именките самостојност, односно родот при нив е во полна зависност од именката кон која се однесуваат и ја појаснуваат. Земен сам по себе, родот при сите спомнати видови зборови се одликува, повеќе или помалку, со извесни особености, специфични за овој или оној јазик, поради што при секој од нив би можел да биде предмет на посебно разгледување.

Тука се зафаќаат некои прашања од граматичкиот род на именките во рускиот и македонскиот јазик. Не е потребно посебно истакнување дека тој воопшто во секој јазик (кој знае за таква категорија) при низа примери не претставува нешто наполно константно, т. е. слично на другите јазични категории е историски продукт. При секој јазик тоа го потврдува неговиот историски развиток, од кој се гледа дека низа именки некогаш имале род подруг од денешниот. Нагледен пример за историскиот карактер на родот и неговата променливост се секако и современите литературни јазици, секој од кои познава извесни колебања во родот, дублети и сл.; но тоа далеку повеќе нашло одраз во народните говори, кои во поглед на родот воопшто се одликуваат со доста големо шаренило. Современиот македонски и руски јазик, како и нивните говори, во случајов наполно ги потврдуваат одбележаните констатации. За рускиот јазик ова го истакнуваат и најпознати современи граматики, на пример:

„Некоторые имена существительные, употребляющиеся в общелитературном языке в мужском роде, могут употребляться в отдельных стилях речи и в женском роде, напр.: . . . *глист* и *глиста* (в разговорной речи); *клавиш* и *клавиша* (в разговорной речи); *лебедь, -я* и *лебедь, -и* (в народно-поэтической речи); *рельс* и *рельса* (в разговорной речи).

2) Отдельные имена существительные, употребляющиеся в литературном языке в мужском роде, имеют в том же значении параллельные формы женского рода, в той или иной степени устаревшие, напр.: *зал* и *зала*; *занавес* и *занавесь*; . . . *мирт* и *мирта*, *рояль, -я* и *рояль, -и*, *санаторий* и *санатория*; *табель,-я* и *табель, -и* . . . и др.

3) Отдельные имена существительные, обычно употребляющиеся в литературном языке в женском роде, имеют в том же значении параллельные формы мужского рода, в той или другой степени устаревшие или просторечные, напр.: *арабеска* и *арабеск*; *вуаль, -и* и *вуаль, -я*; *гроздь, -и* и *грозд, -а*; *туфля* и *туфель*; *чинара* и *чинар*.

4) Отдельные имена существительные имеют в литературном языке параллельные формы мужского и женского рода, не различающиеся по стилистической окраске, напр.: *жираф* и *жирафа*; *скирд* и *скирда*; *ставень* и *ставня*"[1]).

Во македонскиот литературен јазик колебањата во родот беа особено чести во првите години од неговото формирање (сп. на пр.: *клима* и *климат*, *степента* и *степеност*, *систем* и *система*, *програм* и *програма* и сл.), што е наполно разбирливо. Извесни дублети и колебања во родот, меѓутоа, карактеристични се и за сегашниот стадиум на нашиот литературен јазик, на пример:

„*варот — варта, вечерот — вечерта, жалот — жалта, жарот — жарта, калот — калта, памет — паметта, пепелот — пепелта, песокот — песокта, правот — правта, преслопот — преслопта, сокот — сокта*"[2]); или: *основ* и *основа*, *степеност* и *степента*; *аксиом* и *аксиома*, *маневар* и *маневра*, *метод* и *метода* и др.

Ваквите колебања и разлики во родот, сепак, најчести се во народните говори, кои во случајов најнагледно укажуваат на тоа дека граматичкиот род е честопати неустојчива јазична категорија, дури во примери од секојдневниот живот, односно од основниот речнички фонд. Такви се, на пример, следниве именки:

денот и *дента*, *животот* и *животта*, *мрав* и *мрава*, *крвот* и *крвта*, „*мозокот* и *мозокта*, *судот* и *судта*" (Цепенков), „*жалови* и *правови*" (таму); или: *болеста* и *болезот*, *ноќта* и *ноќот*, *'ржта* и *'ржот*, *речта* и *речот*, *смртта* и *смртот*, *солта* и *солот*, *стварта* и *стварот* (сп. и „*на староси два радоси*; *многу честови му направија*" (таму, стр. 9—10) итн.

Родот на именките во словенските јазици, општо земено, не е толку непознат или незасегнат граматички проблем. Напротив, од извесно време тој е релативно доста често предмет на разгледување, како во одделни списанија („Наш језик", „Jezik" и др.) така и во извесни понови граматики (Brabec — Hraste — Živković). Посебно внимание при проблематиката од овој вид се обрнува на родот при заемките, било нови или поодамна преземени. Сепак, и покрај тоа што родот во нив доста често се земал за предмет на разгледување, низа прашања од видот: појавата позната под името е п и ц е н (случаи на историродност), дублетите и воопшто колебањата во родот, образувањето множина при некои странски именки (клише, интервју и сл.), примери како што се *другарка декан*, *директор*, *инспектор* итн. бараат извесно

[1]) Грамматика русского языка, Академия наук СССР, 1960, стр. 109—110.

[2]) *Б. Конески*, Граматика на македонскиот литературен јазик, дел II, стр. 9. Треба да се одбележи, меѓутоа, дека Речникот на македонскиот јазик, I, честопати укажува во вакви случаи на литературната форма.

разработување, повеќе или помалку, во сите јужнословенски јазици. Најдобра потврда за констатациите од овој вид даваат токму оние кои се занимавале со ваквите прашања и, следствено, подлабоко навлегле во проблемот на обележувањето на родот во одделните словенски јазици. За пример нека послужат следниве редови:

„Иако је српскохрватски у погледу третирања позајмица свакако један од најинтересантнијих словенских језика, наше граматике и не помињу сам проблем. То долази отуда што он још није дефинитивно ни постављен, акамоли решен.

Постоји, додуше, у стручној литератури понеки мањи рад који у првом реду има вредност упозоравања на изванредну актуелност целога питања“[3]).

Разработувањето и расчистувањето на ваквата проблематика во одделните словенски јазици, се разбира, претставува неопходен предуслов за разгледување на родот на поредбена основа. Главно од оваа причина родот разгледуван во врска со оној од одделните словенски јазици е далеку помалку зафатен и обработен проблем во славистиката. Ова нешто, сепак, најмногу се однесува до јужнословенските јазици, во кои родот на именките разгледуван во споредба со оној на источнословенските или западнословенските јазици досега обично не бил предмет на посебно разгледување. На поредбена основа, општо земено, тој е слабо зафатен и обработен и во останатите словенски јазици. Нашава расправа тука претставува обид да се зафати овој проблем и да се заполни донекаде една празнина во славистиката и посебно во македонската лингвистика, која веќе се зафаќа и со обработување на вакви и слични проблеми од граматиката.

Од целиот комплекс на проблеми сврзани со родот на именките во современиот руски и македонски јазик тука се ограничуваме главно на прашањата за разликите што постојат во неговото обележување, и тоа во примери кои во овие јазици обично се совпаднуваат или се карактеризираат со незначителни фонетски и морфолошки разлики[4]). За поголема прегледност и извесна систематичност во изнесувањето на овој проблем се наложува собраниот диференцијален речнички материјал од двава јазика да се раздели на две групи: А — родот на именките што имаат главно општословенско потекло, и Б — родот на именките што се обично застапени во современите европски јазици, поради што се познати под името „европеизми“, но кои најчесто имаат грчко или латинско потекло. Ваквото делење на именките од собраниот диференцијален речнички материјал е потребно и поради тоа што во поглед на родот при едната и другата група именки се забележуваат доста суштествени разлики меѓу современите словенски јазици воопшто и

---

[3]) *Милка Ивић*, Обележавање именичког рода у српскохрватском језику, Наш језик, НС, књ. X, св. 7—10, стр. 205—206.

[4]) За оваа цел е ексцерпиран главно материјалот од „Македонско-русский словарь“, 1963, под редакција на Н. И. Толстој, „Речникот на македонскиот јазик“, I дел, и „Орфографический словарь русского языка“, Академия наук СССР, Москва — 1956.

посебно меѓу рускиот и македонскиот литературен јазик. Ако при првата група именки разликите во родот се доста незначителни, при втората група се прилично големи и значајни.

А) **Родот на именките што имаат главно општословенско потекло**

При разгледувањето на оваа група именки треба пред сè да се сложиме со мислењето на проф. А. В. Исаченко[5]) дека во границите на основниот речнички фонд на словенските јазици нема осетни разлики во родот („... почти нет расхождений в роде", стр. 75), додека во составот на втората група именки, т. н. „европеизми", меѓу одделните словенски јазици се забележуваат значителни разидувања односно разлики во родот. Треба да се додаде, меѓутоа, дека при оваа група именки проф. А. В. Исаченко ги разгледува главно оние примери кои по форма наполно се совпаднуваат. За одбележување е, сепак, дека при именките кои во рускиот јазик свршуваат на -ь, а во останатите словенски јазици на консонант, всушност немаме полно совпаднување, бидејќи ваквите примери во првиот свршуваат на мек консонант, а во словачкиот, чешкиот и особено во јужнословенските јазици— редовно на тврда согласка (кое секако има отпослежен карактер). Мекоста на крајната согласка, односно завршокот на именката, е секако главната причина за запазување на женскиот род во рускиот јазик. Од друга страна, тврдоста на истите консонанти во јужнословенските јазици може да се земе за главна причина во изменувањето на женскиот род при ваквите именки (кој во случајов е првобитен) во машки[6]), на пример:

(*невыносимая*) *боль* — (*неподнослив*) *бол*, *гортань*, *-и* — *грклан*, *ладонь*, *-и* — *дланот*, *степень*, *-и* — *степен* и *степента* (првата варијанта е почеста и литературна), *кровь*, *-и* — дијал. *крвот*, *морковь*, *-и* *морковот*, *насыпь*, *-и* — *насип*, *рысь*, *-и* — *рис*, *мышь*, *-и* — *миш* (дијал), *слизь*, *-и* — *слуз*, *горсть*, *-и* — *грст*, *печать*, *-и* — *печат* *четверть*, *-и* — *еден четврт*, *площадь*, *-и* — *плоштад* (заемка од рускиот јазик преку бугарскиот литературен јазик).

Кон именките од овој вид се однесуваат и заемки од типот *кровать*, *-и* — *кревет* (< гр. κραββάτιον), *псалтырь*, *-и* — *псалтир* и др. Од друга страна, разликата во родот е воопшто карактеристична за именките кои во рускиот јазик свршуваат на *-пись* и обележуваат женски род, а во македонскиот и повеќето од останатите словенски јазици завршуваат на *-пис* (т. е. на тврд консонант) и без исклучок се од машки род, на пример:

живопись, *-и* — *живопис*, *запись*, *-и* — *запис*, *летопись*, *-и* — *летопис*, *надпись*, *-и* — *натпис*, *опись*, *-и* — *опис*, *под-*

---

[5]) Грамматический строй русского языка в сопоставлении с словацким. Морфология, I, Братислава — 1954.

[6]) Минувањето на женскиот род во машки кај именките од овој вид стигнало крајна граница, на пример, во македонските полошки и др. говори, кај кои во случајов настапила главно полна маскулинизација, т. е. во нив имаме не само *вечер*, *жалост*, *памет*, *сол* и сл. туку и *младост*, *голем завис*, *чес* итн.

пись, -и — подпись, перепись, -и — переписъ, рукопись, -и — рукописъ, скоропись, -и — скоропись и др. (именките од видот *подпис, подпис* и сл. во рускиот јазик обично не се среќаваат).

Кај именките кои во рускиот и македонскиот јазик по форма и значење главно се совпаднуваат, но се разликуваат во однос на родот, треба секако да се спомнат и разгледаат и именките на *-ище* (р. *-ище*), кои од испитувачите досега обично се одминувале. Именките од овој вид, кои во македонскиот јазик се редовно од среден род, во рускиот јазик можат да бидат како од среден така и од машки род, поради што можат да се разделат на две групи:

а) Именки на *-ище* образувани од именска или глаголска основа, како и именки со дериватите *-лище* (зрелище) и *-бище* (пастбище), образувани само од глаголска основа, кои означуваат м е с т о каде што има или имало она што е содржано во основната именка, на пример:

городище (город), *дворище* (двор), *пепелище* (пепел), *пожарище* (пожар); *игрище* (играть), *ловище* (ловить), *пастбище* (пастись), *кладбище* (класть) итн. Ваквите именки се редовно од среден род, така што откај родот воопшто не се разликуваат од соодветните македонски форми.

в) Именки на *-ище* образувани од именска основа кои имаат е к с п р е с и в н о значење. Именките од овој вид во рускиот јазик се од машки или среден род, што зависи од родот на именката од која се образувани, на пример[7]):

М а ш к и р о д: *дружище* : *друг* (сп. Пушкин: „. . . старинный мой *дружище*“), „*арбузище* (арбуз), *басище* (бас), *бычище* (бык), . . .*волчище* (волк), *голосище* (голос), *ножище* (нож)“ итн.

С р е д е н р о д: „*веслище* (весло), *винище* (вино)“ и др.[8])

Покрај разгледаните примери, во однос на родот треба секако да се одбележат и разгледаат и оние именки кои во рускиот јазик обично ја запазиле старата (прасловенска) наставка, додека во македонскиот и повеќето од останатите словенски јазици придобиле понова односно подруга наставка. Нивното вклучување тука се наложува и поради тоа што, општо земено, не се помалку распространети од веќе разгледаните именки. Од друга страна, разликите во обележувањето на родот при нив се честопати доста суштествени и карактеристични за рускиот или македонскиот јазик. Од овие причини тие се изделуваат тука како посебна група, која од своја страна се распаднува на две подгрупи: α) именки при кои подругата наставка во македонскиот јазик не го менува родот, т. е. тој останува неизменет, и β) именки при кои подругата наставка во македонскиот јазик доведува до промена на граматичкиот род, т. е. именки при кои родот во рускиот и македонскиот јазик е различен поради карактерот на наставката, на пример:

---

[7]) Грамматика русского языка, Академиа наук, Москва — 1960, стр. 271.

[8]) За образување на именки од женски род со вакво значење служи наставката -ища, на пример: „*бабища* (баба), *бородища* (борода), *грязища* (грязь), *ручища* (рука)“, таму стр.. 271.

α) Именки со подруга наставка во македонскиот јазик, но со ист род:

а) *-ка* : *-ша*. На именките со наставката *-ка*, образувани од именска основа, кои означуваат жена на лице со дадена професија или женско лице со професија, дејност или признак што произлегува од основата, во рускиот јазик им одговараат соодветни именки со наставката *-ша*, на пример:

аптекарка 'жена на аптекар' : *аптекарша, директорша, командирша, министерша, пасторша* и др.; или: „*аптекарша, кассирша, лекарша, лекторша, литераторша, маникюрша, музыкантша, регистраторша, редакторша, репортёрша, секретарша; миллиардерша, миллионерша; квакерша, непманша, паникерша*“) итн.[9])

б) *ель, -и* (смрека) — *ела, мысль, -и — мисла, постель, -и — постела, примесь, -и — примеса, смесь, -и — смеса, бровь, -и* — схрв. *об- рва, степь, -и — стеѓа, пядь, -и — педа, сушь, -и — суша*; или: *ветвь, -и — вејка, печь, -и — ѓечка, ось, -и — оска*; или: *глубь, -и*, покрај *глубина — длаубочина, даль, -и — далечина; треть, -и — третинка*; или: *гусь, -я — гусак; гусыня — гуска*, итн.

Приведените и слични примери даваат да се заклучи дека именките што свршуваат на *-ь*, кои се во рускиот јазик доста распространети, во македонскиот јазик се чувствуваат како наполно нежива категорија, поради што место *-ь* во последниов широка употреба добиле адекватните на неа во поглед на обележувањето родот живи наставки *-а, -ка* и сл.

β) Именки со подруга наставка односно завршок и обично со различен род во рускиот и македонскиот јазик.

Зависно од родот што го имаат во македонскиот јазик, именките од овој вид можат да се разделат на следниве групи:

а) Примери кои во рускиот јазик се од машки, а во македонскиот од женски род:

глист (покрај *глиста*) — *глиста; замысел — замисла, смысл — смисла, пар — ѓара* или *ѓареа, пепел, -а — ѓепел(та); тополь, -я — тополла; муравей — мрава; обман — обмана* (*лит.*) и др.

б) Примери кои во рускиот јазик се од женски, а во македонскиот од машки род:

рама — рам, колбаса — колбас; или: *моль, -и — молец, жизнь, -и — живот* (*от*), покрај разг. *живот*(*та*); *дань, -и — данок* (*от*), *гортань, -и — грклан*(*от*).

в) Примери кои во рускиот јазик се од среден, а во македонскиот од машки или женски род:

облако — облак, сверло — свредел; или: *войско — војска* и сл.

Обратен случај на првите примери претставува именката *мул* (м. р.) — *муле* (ср. р.). Од друга страна, доста изолирани примери се именките од видот *свекла* (ж. р.) — *цвекло* (ср. р.) и сл.

Посебно одбележување во поглед на родот секако бараат и именките кои во рускиот јазик свршуваат со наставката *-ние*. И покрај тоа

[9]) Орфографический словарь русского языка, Москва 1956; Грамматика русского языка АН, стр. 233.

што приличен број примери од овој вид се затврдени и во македонскиот литературен јазик, така што во случајов постои полно совпаднување во родот, наставката *-ние* односно *-ие* во последниов е главно слабопродуктивна. Од оваа причина таа обично се заменува со друга жива наставка и сл., што доведува до разлики во родот при ваквите именки, на пример:

отражение — одраз, украшение — украс, условие — услов; употребление — употреба, самоуправление — самоуправа, воображение — вообразба, насилие — насилба, положение — положба итн.

Во поглед на обележувањето на родот и разликите што произлегуваат од него, задржување заслужуваат исто така именките кои означуваат млади суштества. Како што знаеме, ваквите именки во македонскиот (и главно во останатите словенски јазици), се образуваат со наставката *-е* (*-ęt*), а во рускиот јазик со наставката *-ёнок*, која во множина отпаѓа, бидејќи се пази старата промена. Различните наставки во случајов условиле именките од овој вид во рускиот јазик да бидат од машки род, а во македонскиот и останатите јазици од среден род, на пример:

врапче — воробьёнок, гувче — гусёнок, волче — волчонок, мече — медвежонок, прасе — поросёнок, теле — телёнок, татарче — татарчонок, турче — турчонок (сп. *галчонок, котенок, мышонок, страусенок, цыпленок, утенок* итн.).

Од сето изнесено за именките кои имаат главно општословенско потекло, односно се среќаваат во повеќето словенски јазици, лесно се забележува дека разликите во родот меѓу современиот руски и македонски јазик својствени им се предимно на оние именки кои во рускиот јазик свршуваат на мека согласка, со што тука стојат поблиску до старословенскиот односно прасловенскиот јазик. Во современиот македонски јазик ваквите именки се карактеризираат со тврда согласка и наедно со тоа со преминување на женскиот род во машки (*насыпь, -и — насип*) или пак со задржување на женскиот род, но со здобивање на друга, од гледна точка на современиот јазик жива наставка за овој род *-а, -ка* и сл. (*ель — ела; ось — оска*). При именките кои првобитно свршувале на ъ, а сега во рускиот јазик на тврда согласка, главно не дошло до отклонување од првобитниот (машки) род, кој и во едниот и во другиот јазик обично останува непроменет. Ова секако се објаснува со тоа што именките на тврда согласка во рускиот јазик, како впрочем и во останатите словенски јазици, можат да бидат само од машки род (со исклучок на примерите од видот *вошь, рожь* при кои *ш, ж* отпосле отврднале). Именките со основа на мека согласка, меѓутоа, во рускиот јазик можат да бидат како од машки така и од женски род, што при нив доведува до колебање во обележувањето на граматичкиот род. Во современиот македонски јазик при дел од ваквите именки обично дошло до промена на женскиот род во машки, кое во спомнатите македонски говори оди многу подалеку односно доведува до полна маскулинизација.

Б) Родот на именките познати под името „европеизми“

Како што одбележивме, примерите од оваа група имаат главно општоевропски карактер, по кое и го добиле името „европеизми“. За разлика од првата група именки, кои се однесуваат кон основниот речнички фонд, примерите од овој вид (најчесто имаат латинско или грчко потекло) обично означуваат предмети и поими од науката, уметноста и општата култура, т. е. се однесуваат кон духовниот живот, стручните терминологии и сл. Поради своето подоцнежно појавување на историската сцена, називите за ваквите предмети и поими во словенските јазици обично се преземани не директно од класичните јазици туку, повеќе или помалку, со посредството на западноевропските јазици, притоа зависно од нивната културна ориентација предимно од францускиот или германскиот јазик и значително поретко од англискиот, холандскиот и италијанскиот јазик (од кои се застапени главно извесни стручни терминологии: морска, музичка, спортска и др.). Западноевропските јазици, значи, во случајов биле главен извор за преземање на ваквите именки и истовремено филтер низ кој тие минувале во словенските јазици. Директното преземање на именките од овој вид од класичните јазици, општо земено, има доста ограничен карактер и најмногу се однесува до западнословенските јазици и рускиот јазик поради нивните потесни културни и политички врски со латинскиот односно старогрчкиот јазик.

Разликите во родот или во неговото обележување, како што истакнавме, во современите словенски јазици при именките од овој вид се доста значителни.Тие разлики меѓу рускиот и македонскиот јазик во прв ред се должат имено на различните јазични филтри низ кои „европеизмите“ минувале во нив. Друг не помалку важен и решавачки фактор за разликите од овој вид меѓу нив бил несомнено н а ч и н о т на кој „европеизмите“ биле преземани. Така, проф. А. В. Исаченко со право заклучува (стр. 75—76) дека едни словенски јазици при преземањето на ваквите именки се ориентирале на нивниот род во даденият западноевропски јазик, а другите на гласежот што го имаат во тој јазик.

Во резултат на различните јазични филтри и нееднаквото ориентирање при преземањето на „европеизмите“ дошло до појавување на значителни разлики во однос на родот и неговото обележување пред сè меѓу трите групи словенски јазици, а нешто послабо и внатре во овие групи. На пример, именката *парада* во словенските јазици е преземена преку францускиот јазик (*parade* f) или преку германскиот (Parade f). Во српскохрватскиот, чешкиот и др. јазици оваа именка е преземена во форма *парада* (ж. р.), а во рускиот таа гласи *парад* (м. р.). Тоа значи дека во првите јазици оваа именка го запазила родот кој го има во францускиот или германскиот јазик, но затоа добила адекватна за тој род наставка *-а*. Во рускиот јазик, меѓутоа, решавачки бил нејзиниот изговор во францускиот јазик (парад), при што таквиот облик — со тврд консонант во завршокот на зборот — предизвикал менување на граматичкиот род, кој од женски минал во машки.

Разгледувајќи го родот на „европеизмите“ во рускиот јазик, од една страна, и словачкиот и чешкиот, од друга, проф. А. В. Исаченко прави заклучок дека именките од типот „*adresa, metoda, avantgarda*“ се преземени од германскиот јазик, каде гласат „die Adresse, die Methode, die Avantgarde“ и забележува: „Словацкий и чешский язык сохранили род оригинала и соответственно изменили внешнее оформление заимствуемых слов, заменив непривычное окончание *-е* славянским окончанием *-а*“ (таму, стр. 77). Со оглед на многувековното соседство и честите контакти на чешкиот и словачкиот јазик со германскиот елемент, како и долгата политичка доминација врз нив од страна на последниов (сè до 1918 година) и сл., заклучокот на проф. А. В. Исаченко изгледа доста аргументиран и останува главно без замерка. За одбележување е, меѓутоа, дека истиот тип именки, т. е. со родовата наставка *-а* (адреса) својствен им е и на словенечкиот и српскохрватскиот јазик, што секако би требало да се објасни со можно германско политичко и културно влијание и врз овие јазици. Ваквото влијание врз хрватскиот и особено српскиот јазик, општо земено, било нешто послабо отколку при чешкиот и словачкиот јазик, но и како такво, сепак, можело да има извесен удел во затврдувањето на ваквиот тип именки во српскохрватскиот јазик.

Постои, меѓутоа, доста голема веројатност дека во затврдувањето на истиот тип именки (со родовата наставка *-а*) во српскохрватскиот јазик извесна улога, можеби и решавачка, изиграл чешкиот јазик. Познато е името дека овој јазик воопшто извршил извесни лексиколошки, ортографски и други влијанија врз јужнословенските јазици од Австро-унгарската монархија, што, се разбира, можело и тука да стане (српскиот јазик во случајов главно преку хрватскиот јазик, кој во својата историја имал доста тесни врски со чешкиот јазик). Оваа доста веројатна хипотеза во поглед на затврдувањето на родот кај „европеизмите“, мислам, би престанала да биде хипотеза ако се поткрепи со конкретни примери од минатото. Но такви, за жалост, останува допрва да се изнајдат и приведат. Сепак, ако се прими како можно ваквото влијание на чешкиот јазик врз српскохрватскиот, тоа не би требало да се сфати како слепо копирање и сл., туку само како извесен потстрек и еден вид образец во примањето и затврдувањето на „европеизмите“ од овој вид, кој бил впрочем наполно во духот на словенските јазици. Последново се потврдува и од фактот што „европеизмите“ со родовата наставка *-а* се подоследно спроведени во спомнатите јужнословенски јазици отколку во чешкиот јазик, кој во случајов со истата функција ја познава и родовата наставка *-е*, на пример: baze f — *база*, krize f — *криза*, skepse f — *скепса*, *teze* — *теза* f, faze f, — *фаза* и др., но: elipsa, oaza.

Покрај влијанието на родот од оригиналот (односно чешкиот образец за српскохрватскиот јазик) извесни фактори во затврдувањето на родовата наставка *-а* при „европеизмите“ од овој вид, мислам, можеле да бидат и други елементи, како што се, на пример, еднослоѓниот или необичниот облик на некои „европеизми“, различните асоцијации кои се појавуваат при нивното преземање и сл. Некои од овие фактори можеле да бидат решавачки во обележувањето на родот при дадени „европеизми“, но во извесни случаи можеле да делуваат и сите заедно.

Ориентирањето при преземањето на „европеизмите“ кон нивниот надворешен изглед односно изговор, поради кое уследувало потиснување на родот од оригиналот во рускиот јазик и неговото често запазување во словачкиот, чешкиот, српскохрватскиот, македонскиот и др. словенски јазици, се разбира, треба да се сфати само како тенденција, а не како јазичен закон кај нив. Тоа се гледа од фактот што како во рускиот така и во останатите јазици се забележуваат извесни отклонувања од двете посочени тенденции. Така, на пример, францускиот збор *la mode*, герм. *die Mode* е преземен како *мода* не само во јазиците кои се ориентираат кон родот на оригиналот, но и во оние кои се ориентираат кон изговорот, т. е. во сите словенски јазици гласи *мода*. Од друга страна, „европеизми“ од видот la mayonnaise се преземени како *мајонез* не само во рускиот јазик (майонез), кој се ориентира кон изговорот на именките од изворниот јазик, туку и во останатите словенски јазици. Ваквите отклонувања од двете посочени тенденции, сепак, претставуваат поретки случаи. Сосема подруго е прашањето, меѓутоа, во која мера ориентирањето кон родот од оригиналот е изразено во одделните словенски јазици, при кои станало карактеристично и сл. Оваа тенденција во обележувањето на родот најмногу е секако изразена во западнословенските јазици, кои имаат не само „*adresa*, *metoda*, *avantgarda*“ туку и *gymnazium*, *muzeum*, *stipendium* итн., каде е запазен и обликот и родот на оригиналот (т. е. средниот род од латинскиот јазик).

Македонскиот литературен јазик во поглед на родот и неговото обележување кај „европеизмите“ најчесто оди заедно со современиот српскохрватски јазик, преку кој впрочем најголем број од ваквите именки се затврдени кај нас. Од оваа причина, разликите од овој вид меѓу рускиот и македонскиот јазик во голема мера би требало да се сфатат, всушност, како разлики меѓу рускиот и српскохрватскиот јазик. Некакво полно совпаднување меѓу македонскиот и српскохрватскиот јазик во случајов сепак нема, бидејќи постојат и извесни разлики меѓу нив. Тоа во прв ред се однесува до „европеизмите“ што свршуваат на *-о*, *-е*, *-и*, *-у*, на пример: схрв. „*тај либрето/та либрета*, *тај торзо/та торза*, *тај торпедо/та торпеда*“ и сл. или: „*тај жири . . . тај такси. . .*, *тај интервју. .*“; или: *интермецо*, *биро*, *решо*; *аташе*, *бифе*, *резиме*, *финале* итн., кои во овој литературен јазик во еднина се од машки, а во множина од среден род. На овие примери во македонскиот јазик им одговараат формите од среден род.: *тоа либрето — тие либрета*, *тоа торзо — тие торза*. итн., но *сиже — сижеи* (Мак. прав.). Извесно колебање во еднина се забележува и во примери од видот „*жириот — жирото*, *интервјуот — интервјуто*“[11]), при кои сепак превладува средниот род; или: *ова интермецо*, *биро*, *решо*, *бифе финале* итн. Разлики во обележувањето на родот, освен тоа, постојат и во извесни други примери од видот схрв. *медаља* : мак. *медал(от)* и сл.

---

[10]) *Милка Ивић*, Обележавање именичког рода у српскохрватском књижевном језику, Наш језик, књ. X, св. 7—10, стр. 204—206.

[11]) *Б. Конески*, Граматика на македонскиот литературен јазик, II дел, стр. 11.

Што се однесува до бугарскиот литературен јазик, тој во поглед на обележувањето на родот се совпаднува или сосем малку се разликува од македонскиот јазик предимно кај спомнатите „европеизми" на *-о, -е, -и, -у*. Но затоа доста се разликува од македонскиот и српскохрватскиот јазик во голем број примери од останатите „европеизми". Иследувачите на заемките од овој вид истакнуваат дека тој во случајов се ориентирал кон изговорот на ваквите именки во изворниот јазик.

„. . .le genre et la flexion de ces mots en bulgare sont déterminés non point par le genre et la flexion qu' ils connaissent dans leur langue d'origine, mais bien par les lois générales qui régissent le genre et la flexion des mots proprement bulgares", на пример: „*консорциум, схема*"[12]) и др.

За одбележување е дека истава тенденција во поглед на родот на „европеизмите" му својствена е и на рускиот литературен јазик, а во извесна мерка и на македонскиот и српскохрватскиот јазик (сп.: konsorcium, shema и сл.). Останува факт, меѓутоа, дека бугарскиот литературен јазик тука, од една страна, во приличен број примери од овој вид се разликува од останатите јужнословенски јазици, а од друга страна, стои доста блиску до рускиот литературен јазик. Ваквата блискост на современиот бугарски јазик со рускиот во случајов може да се објасни во извесна мерка со тоа што дел од ваквите „европеизми" можел да биде преземен не непосредствено од западноевропските јазици туку направо од рускиот јазик, кое секако наоѓа поткрепа во тесните културни и литературни врски на овој јазик со рускиот јазик и руската литература. Бугарскиот јазик тука стои на средина меѓу рускиот и другите јужнословенски јазици, т. е. со извесни примери оди заедно со првиот, а со други примери со последниве. На пример:

гардероб, диплом, плакат, аванард, милиард, парад, етап, арбитраж, километраж; *адрес, романс, анализ, тезис*; или: *бюст, меню* итн., покрај *супа, лимонада, салата, криза* и др.

Споредбите во поглед на обележувањето родот на „европеизмите", што можат да се прават меѓу современите словенски јазици, даваат да се заклучи дека рускиот јазик во случајов најмногу и најдоследно се ориентирал кон изговорот на ваквите именки. Така, зависно од тоа како свршува изговорот на „европеизмите", последниве се вклучуваат кон домашните именки со сооодветна наставка односно завршок. До колку даден „европеизам" во изворниот јазик се изговара со консонант на крајот, тој обично се вклучува кон именките од машки род и го зема нивниот граматички род. Ако „европеизмот" свршува на *-а*, тој редовно минува кон именките од женски род, а ако свршува на *-о, -е* и др., влегува во именките од среден род.

Речиси само по себе тука се наметнува прашањето зошто рускиот јазик во поглед на обележувањето родот во извесна смисла се издвоил од останатите словенски јазици. Тоа се објаснува главно со историскиот развиток на овој јазик, односно со приликите во кои „европеизмите" навлегувале и се затврдувале во него. Познато е имено дека влијанието

---

[12]) *Léon Beaulieu*, Traitemant des mots étrangers en bulgare moderne, Sbornik въ честь на проф. *Л. Милетич*, 1933, стр. 88.

на француската култура, а заедно со неа и на францускиот јазик, во крајот на 18 и во текот на 19 век биле осетно големи врз Русија и рускиот јазик. Ова, се разбира, најмногу се однесува до тогашното више општество чиишто претставители обично добро го владееле францускиот јазик, а некои од нив дури подобро од мајчиниот јазик. Траги од некогашното силно француско влијание се пазат, меѓу другото, и во изговорот на извесни именки во современиот руски јазик, на пример:

рантье (фр. rentier m), *сантиметр* (фр. sentimetre m), *таланm* (фр. talent m) и др., — каде со *ан* е предаден карактеристичниот француски назален изговор *ен*, додека истите во мак. и схрв. јазик гласат: *рентиер*, *таленm* (но *сантиметар*) и сл., кај кои е доста веројатно посредството на германскиот јазик (сп. Rentier m, Talent n); или: *амнистия* (фр. amnistie f), *химия* (фр. chimie f) и др., спрема схрв. и мак. *амнестија* (г. Amnestie f), *хемија* (г. Chemie f); или: *буржуазия* (фр. bourgeoisie f), *репертуар*, *тротуар* и др., но схрв. и мак. *буржоазија*, *рејертоар*, *тротоар*; или: *бюллетень* (фр. bulletin m), *портье* (фр. portier m), *костюм* (фр. costume m), *меню* (фр. menu m), итн.

Ограничен број „европеизми", сепак, проникнале и се затврдиле во современиот руски јазик преку другите западноевропски јазици, (англискиот, германскиот, холандскиот, италијанскиот јазик), на пример: *рекордсмен*, *спортсмен*, *чемпион* (англ. recordsmen, sportsmen, champion); *район*, *рекрут*, *танк* (г. Rayon m. Rekrut m., Tank m) и др. Во поглед на родот, меѓутоа, ваквите „европеизми" обично со ништо не се разликуваат од оние што се преземени од францускиот јазик, при кои родот се определува спрема нивниот изговор во овој јазик, така што сообразно со завршокот се вклучуваат кон домашните именки. Извесни „европеизми", освен тоа, во рускиот јазик се затврдиле и со посредството на полскиот литературен јазик. Кон нив се однесуваат, на пример, именки од видот *дата*, *манера* (п. maniera, изг. man'era), *цитата* (п. cytata), *пара* (фр. paire f) — *пар*; или *климат* (п. klimat) и др.

Покрај спомнатите западноевропски јазици и полскиот јазик, извесно влијание на рускиот јазик кај именките од овој вид укажал и старогрчкиот јазик, чиешто културно влијание врз овој јазик почнало уште со примањето на христијанството. Сепак, именките за кои станува збор можеле да навлезат и се затврдат во рускиот јазик подоцна, главно со поширокото и подлабокото изучување на старогрчкиот јазик, кое во Русија било доста интензивно сè до Октомвриската револуција. Тесните културни врски на рускиот јазик со старогрчкиот нашле одраз во повеќе области на јазикот, на пример, во лексиката и акцентологијата, во фонетиката (гласот *ф* за гр. θ и сл.) и други делови од граматиката. Затоа не е ништо чудно и необично дека извесен број „европеизми" во рускиот јазик се преземени не од спомнатите западноевропски јазици туку директно од старогрчкиот јазик.

---

[19]) *Н. Шанский, В. Иванов, Т. Шанская*, Краткий этимологический словарь, 1961.

Треба да се одбележи, меѓутоа, дека и кај именките преземени од овој јазик делувала истата тенденција како кај оние од западноевропските јазици, — ориентирање не кон родот на преземената именка, а кон нејзиниот изговор. Така, до колку ваквите именки свршуваат на *-а*, независно од тоа дека во грчкиот јазик се од среден род, тие автоматски се вклучувале кон домашните именки на *-а* и со тоа го добивале нивниот род (сп. τὸ σύστημα ср. р. — *система* ж. р.), а до колку свршувале на консонант (во случајов само тврд), неминовно пристапувале кон именките од машки род (ср. ἡ κρίσις ж. р. — *кризис* м. р.). Српскохрватскиот и останатите словенски јазици ваквите именки обично ги преземале преку западноевропските јазици, што во случајов условило разлики во граматичкиот род, на пример: р. *система*, *кризис*, но схрв., мак. и др. *систем*, *криза* (фр. système m, г. System n, фр. crise f).

Во извесен број примери, освен тоа, разликите во родот или во неговото обележување меѓу рускиот јазик, од една страна, и српскохрватскиот, словенечкиот и македонскиот јазик, од друга, се должат на тоа што во првиот се преземени од еден западноевропски јазик, а во последниве од друг, на пример: р. *дата*, преку п. *data* (фр. date f), но схрв. *датум* (г. Datum n, лат. datum n), р. *цирк* (фр. cirque m), но, схрв., мак. *циркус* (г. Zirkus m, лат. circus m), р. *коммунист*, *турист*, мак. *комунист*, *турист*, схрв. *комуниста*, *туриста*, ч., слов., п. *komunista*, *turista* итн.; р. *раунд* (англ. round) — *рунда*.

Така, различното ориентирање кон родот на „европеизмите“ и различните јазични филтри низ кои минувале имале за последица значителни разидувања меѓу словенските јазици во поглед на родот или неговото обележување. Сепак, во случајов не треба да се одмине фактот дека и покрај ваквите значителни разидувања низа „европеизми“ во нив, а посебно во рускиот и нашиот јазик, истапуваат со иста форма и, следствено, со ист род (сп. на пр.: *мода*, *помада*; *метатеза*, *лактоза*; *архитектура*, *цензура*; *аквариум*, *консорциум**); *мајонез* итн.; или се одликуваат само со извесни фонетски или правописни особености (сп. на пр. : *хипотеза* — р. *гипотеза*, *барикада* — р. *баррикада*, *валс* — р. *вальс* и сл.). Нашето внимание, се разбира, тука е свртено кон оние „европеизми“ кај кои македонскиот јазик се разликува од рускиот во однос на родот и неговото обележување односно со нееднаквата наставка (завршок).

Лесно се забележува притоа дека главната причина за разликите во родот при „европеизмите“ меѓу словенските јазици обично лежи во различната родова наставка (завршок), поради што при даден „европеизам“ достаточно е да се знае неговиот завршок во рускиот или друг словенски јазик, па спрема тоа веднаш да му се определи и родот. Ако, на пример, таквата именка во рускиот јазик свршува на тврд консонант (тип *этап*), таа може да биде само од машки род. Колебање во определувањето на граматичкиот род (машки и женски) карактеристично е главно кај „европеизмите“ кои во македонскиот јазик свршуваат на *-ла* (*контрола*, *паралела*), а во рускиот јазик на *-ль* (*контроль*, *-я*, м. р.,

*) Именките на *-ум* (<лат. *-um*) во западнословенските јазици се од среден род.

но *параллель*, *-и*, ж. р.). Од оваа причина разликите во родот кај „европеизмите“ или неговото обележување во македонскиот и рускиот јазик тука се даваат пред сè преку завршокот на дадениот „европеизам“ во овие јазици. Земајќи го предвид овој карактеристичен белег во определувањето на граматичкиот род на „европеизмите“, можат да се изделат следниве три главни групи:

а) Европеизми кои во македонскиот јазик ја имаат наставката *-а* и, следствено, се од женски род, а во рускиот јазик свршуваат на консонант и се од машки род (со одземка на именките што свршуваат на *-ль*, кои се од машки или женски род). Примери:

-б-, *-п-*: *гардероба — гардероб*, *етапа — этап*, *супа — суп*;

-в-, *-ф-*: *активa* (книг.) — *актив*, *архива* и *архив* (со издиференцирано значење) — *архив*, *кооперативa — кооператив*, *локомотива — локомотив*, *пасива* (книг.) — *пассив*, *резерва — резерв*; или: *жирафа — жираф* и *жирафа*, *тарифа — тариф*;

-д-, *-т-*: *лимунада — лимонад*, *маскарада — маскарад*, *парада — парад*, *рафинада — рафинад*, *фасада — фасад*, *чоколада — шоколад* и др. (но со истата родова наставка и, следствено, со ист род: *барикада*, *декада*, *кавалькада*, *канонада*, *колонада*, *олимпиада*, *серенада* итн.); или: *авангарда — авангард*, *аријергарда — арьергард*, *милијарда — миллиард*; или: *епизода — эпизод*, *електрода — электрод*, *катода — катод*; или: *сонда — зонд*; *дивиденда — дивиденд*; *рунда — раунд*, *етида — этюд* и др.; или:

плаката — плакат, *салата — салат*; *етикета — этикет*, *макета — макет*, *паштета — паштет*, *силуета — силуэт*, *тоалета — туалет*; но со иста наставка: *диета*, *ракета* и др.; *анегдота — анекдот*, *банкнота — банкнот*; *маршрута — маршрут*; или: *варијанта — вариант*, *компонента — компонент*; *визита — визит*, *јута* бот. — *джут*, *сорта — сорт*, *торта — торт*; *биста — бюст* (фр. buste m), *нафта — нефть*, *форинта — форинт*; или: *арома* и *аромат* (г. Aroma n, фр. aromate m) — *аромат*, т. е. во случајов имаме различни јазични филтри.

-ж-: *арбитража — арбитраж*, *ажиотажа — ажиотаж*, *волтажа — вольтаж*, *гаража — гараж*, *дренажа — дренаж*, *инструктажа — инструктаж*, *каботажа — каботаж*, *камуфлажа — камуфляж*, *картонажа — картонаж*, *километража — километраж*, *литража — литраж*, *масажа — массаж*, *монтажа — монтаж*, *патронажа — патронаж*, *пилотажа — пилотаж*, *репортажа — репортаж*, *саботажа — саботаж*, *тонажа — тоннаж*, *трикотажа — трикотаж*, *шантажа — шантаж*, *шпионажа — шпионаж* и др.

Именките од овој вид, значи, во македонскиот јазик свршуваат на *-ажа* а во рускиот јазик редовно гласат на *-аж*, т. е. како во францускиот јазик од кој се и преземени. Кон именките од овој вид може да се приклучи и *плажа — пляж*, која во рускиот јазик е исто така од машки род (фр. plage f, итал. spiaggia f).

-з-: *екстаза — экстаз*, *метастаза — метастаз*, *перифраза — перифраз* и *перифраза*; *анамнеза — анамнез*, *диатеза — диатез*, *диуреза — диурез*, *онтогенеза — онтогенез* и *онтогенезис*, *парантеза — парантез*,

синтеза — синтез; но: *хипотеза — гипотеза, метатеза — метатеза* и др.; *газа* (текстил) — *газ*; или:

анализа — анализ, самоанализ, девиза — девиз, електролиза — электролиз, катализа — катализ, хидролиза — гидролиз, хипофиза — гипофиз;

анабиоза — анабиоз, апотеоза — апофеоз, хидронефроза — гидронефроз, дерматоза — дерматоз, дијагноза — диагноз, метаморфоза — метаморфоз и *метаморфоза, наркоза — наркоз, нервоза — нервоз, нервность, психонервоз, нефротоза — нефротоз, прогноза — прогноз; психогенеза — психогенез, психоза — психоз, симбиоза — симбиоз, склероза — склероз, туберкулоза — туберкулёз, хипноза — гипноз* и др.

Кон примерите со карактеристичниот елемент *з* се однесува и именктаа *конфузија*, која во рускиот јазик е исто така од машки род и гласи *конфуз*.

-с-: *адреса — адрес, алијанса — альянс, анонса — анонс, елипса — эллипс* и *эллипсис, класа* и *клас* (=разред во школите)— *класс, нијанса — нюанс* (покрај *оттенок*), *преса — пресс* (механизам) и *пресса* (печат, штампа), *резонанција — резонанс, романса — романс, сеанса — сеанс*.

За разлика од именките со карактеристичниот елемент *-ж-*, кои во македонскиот јазик свршуваат обично на *-ажа* (со одземка на доста ретки примери од видот *багаж, пасаж, тираж, фураж* и сл.), а во рускиот јазик доследно на *-аж*, извесен број примери со елементот *-з-* и во рускиот јазик остануваат со наставката *-а*, т. е. свршуваат на *-аза*, така што нема никаква разлика во однос на родот меѓу овие јазици. Такви се, на пример, именките: *гипотеза, лактоза, мимоза, медуза* и др.

Посебно одбележување и задржување на именките со елементот *-з-* и *-с-* бараат извесен број примери кои во рускиот јазик свршуваат на *-зис, -сис*, а во македонскиот и останатите словенски јазици на *-за, -са* односно на *-ze-, -se-* (во чешкиот и словачкиот јазик). Разликата во наставките и родот меѓу рускиот (и делумно бугарскиот јазик), од една страна, македонскиот и другите словенски јазици, од друга, во случајов произлегува од различните јазични филтри низ кои поминале ваквите „европеизми". Во рускиот јазик тие се дојдени преку старогрчкиот јазик, а во македонскиот (српскохрватскиот) и др. словенски јазици се преземени обично од западноевропските јазици. И кај именките од овој вид рускиот јазик се ориентирал не на родот од оригиналот, а на изговорот. Бидејќи во грчкиот јазик ваквите именки свршуваат на согласка (која за руското уво е само тврда), родот на оригиналот тука не можел да остане ист, т. е. од женски минал во машки. Другите словенски јазици во случајов се ориентирале кон родот на овие именки во францускиот или германскиот јазик. Тука се однесуваат, на пример, следниве именки:

база (фр. base f, г. Base f) — *базис* (гр. ἡ βάσις) и *база, генеза* (фр. genèse f, г. Genesis f) — р. *генезис* (гр. ἡ γένεσις — сложенките, меѓутоа, обично гласат без *-ис* (*биогенез*) или паралелно се среќаваат форми со и без наставката *-ис* (*онтогенезис* и *онтогенез*), *елипса* (фр. ellipse f, г. Ellipse f) — *эллипсис* и *эллипс*, со нешто издиференцирано значење (гр. ἔλλειψις, лат. ellipsis),

криза (фр. crise f, г. Krise f и Krisis f) — *кризис* (гр. ἡ κρίσις), *оаза* (фр. oasis f, г. Oase f) — *оазис* (гр. ἡ ὄασις), *сепса* (фр. antisepse f, г. Antisepsis f) — *сепсис* (гр. ἡ σῆψις), *скепса* (фр. sceptisisme m,г. Skepsis f) — *скепсис* (гр. ἡ σκεψίς), *такса* (фр. taxe f, г. Taxe — *таксис* и *такса* (сп. и *паратаксис*), *теза* (фр. thèse f, г. These f, Thesis f) — *тезис* (ἡ θέσις) *фаза* (фр. phase f, г. Phase f) — *фазис* и *фаза* (ἡ φάσις).

Од приведените примери се гледа дека кај некои од нив во рускиот јазик постојат двојни форми — со *-зис*, *-сис* и без наставката *-ис*, што зборува за извесно колебање во нивната употреба, при што кај некои од нив е извршена и еден вид диференцијација на значењето. Формите на *-за*, *-са*, кои тука се употребуваат напоредно со оние на *-зис*, *-сис* или со издиференцирано значење, највероајтно настанале под влијание на оние од западноевропските јазици, кои исто така можеле да извршат извесно влијание на рускиот јазик. Од друга страна, се забележува дека формата *-zis*, напоредно со *-ze*, својствена му е во некои примери и на германскиот јазик (сп. *Genesis* f, *Krisis* f, *Skepsis* f, *Thesis* f и др.). Со оглед на тоа дека влијанието на старогрчкиот јазик врз рускиот се манифестира во низа области од јазикот, во случајов тешко би можело да се допушти некое директно влијание во спомнатнте примери на *-зис* од страна на германскиот јазик.

-к-: *антика* — *антик* (со малку поиздиференцирано значење), *арабеска* — *арабеск* и *арабеска*, *банка* — *банк*, *барака* — *барак*.

-л-: Именките со елементот *-л-* во основата, слично на разгледаните „европеизми“, во македонскиот јазик ја имаат карактеристичната наставка за женски род *-а*, а во рускиот јазик се обично застапени без оваа наставка, односно свршуваат на консонант, кој, меѓутоа, во едни примери е тврд, а во други мек. „Европеизмите“ што свршуваат на тврд консонант се, се разбира, само од машки род, а оние кои во номинатив еднина завршуваат на меко *л'* (графички *ль*) можат да бидат како од машки така и од женски род. Од оваа причина примерите од овој вид можат да се поделат на три групи: а) именки кои во номинатив еднина свршуваат на тврдо *-л* и кои се, следствено, само од машки род (тип *купол*, *-а*); б) именки кои во номинатив еднина свршуваат на меко *-л* (*-ль*), а во генитив еднина на *-а*, кои се исто така од машки род (тип *контроль*, *-я*), и в) именки кои во номинатив еднина свршуваат на меко *-л* (*-ль*), а во генитив еднина ја имаат наставката *-и* и кои се, следствено, од женски род (тип — *вертикаль*, *-и*). Различниот род при извесен број именки, освен тоа, послужил како морфолошко средство за диференцијација на значењето, на пример: *вертикал*, *-а* (во астрономијата) и *вертикаль*, *-и* ‘вертикала’, *табель*, *-я* и *табель*, *-и* (за рангови и сл.). Изделените три групи се застапени, на пример, со следниве именки:

а) *купола* — *купол*, *интернационала* — *интернационал*, *сала* — *зал* (фр. salle f), *титула* — *титул*;

б) *контрола — контроль, -я, пароля — пароль, -я, патрола — патруль, -я, футроля — футляр, -а; табела — табель, -я,* покрај *табель, -и; шницла — шницель, -я; нула — нуль, -я* и *ноль -я* и др.;

в) *вертикала — вертикаль, -и* (: *вертикал, -а*), *дијагонала — диагональ, -и, магистрала — магистраль, -и, нормала — нормаль, -и, педала — педаль, -и, спирала — спираль, -и, хоризонтала — горизонталь, -и, централа — централь, -и; газела* (животно) — *газель, -и, карамела — карамель, -и, паралела — параллель, -и, табела — табель, -и „табель о рангах“, фанела — фланель* (со нешто подруго значење), *шпела — шпиль, -и, шрапнела — шрапнель, -и; ванила — ваниль, -и, пасквила — пасквиль, -и; бандерола — бандероль, -и, бусола — бусоль, -и, ролја* (заст.) — *роль, -и.*

Одделно стои примерот *метропола* (фр. metropole f, г. Metropole f и Metropolis f) — *метрополија* (гр. ἡ μητρόπολις). Од друга страна, се среќаваат и примери од видот *пилула — пилюля* и сл. кои се обично ретки и претставуваат изолирана појава.

-м-: *диплома — диплом, догма — догмат* и *догма* (со нешто издиференцирано значење); или: *реума — реум, циклама — цикламен* (фр. syclamen m), *клима* (фр. climat m, г. Klima n, гр. τὸ κλίμα) — климат (п. klimat).

-н-: *банана — банан, георгина* (бот.) — *георгин, лимузина — лимузин, сезона — сезон, химна — гимн; мецена — меценат* и др.

-р-: *бариера — барьер, маневра,* покрај *маневар — манёвр, шифра — шифр; гарнитура — гарнитур, контура — контур* и др., но: *цифра, аббревиатура, скулптура, температура, цензура...* со наставката *-а.*

β) „Европеизми“ кои во македонскиот јазик свршуваат на консонант (машки род), а во рускиот јазик на *-а* или мек консонант (женски род). И кај именките од овој вид, слично на разгледаните, рускиот јазик се ориентирал не кон родот од изворниот јазик, а кон нивниот изговор. Решавачка улога, освен тоа, во случајов, имал јазичниот филтер низ кој именките од овој вид минале и се затврдиле во рускиот јазик. За разлика од повеќето словенски јазици, кои ваквите именки ги презеле од западноевропските јазици или направо од латинскиот јазик, рускиот јазик повеќето од нив ги презел непосредно од старогрчкиот јазик. Тука спаѓаат, на пример, следниве именки:

амалгам (фр. amalgame m, г. Amalgam n) — *амальгама* (гр. τὸ μάλαγμα), *амблем* (фр. emblème m, г. Emblem n — *эмблема* (гр. τὸ ἔμβλημα), *дијаграм* (фр. diagramme m, г. Diagramme n) — *диаграмма, епиграм* (фр. épigramme f, г. Epigramm n) — *эпиграмма, — стенограм* (фр. sténogramme m, г. Stenogramm n) — *стенограмма, телеграм* (а) (фр. télégramme m, г. Telegramm n) — *телеграмма, проблем* (фр. problème m, г. Problem n) — проблема (τὸ πρόβλημα), *систем* (фр. système m, г. System n) — *система* (гр. τὸ σύστημα), *тон,* покрај *тона* (фр. tonne f, г. Tonne) — *тонна* (п. tonna f), *хинин* — нар. *хина* и лит. *хинин*; или: *бацил* (фр. bacille m, г. Bacillus m) — *бацилла, молекул* (фр. molécule f) — *молекула* (лат. molecula), *камфор* (фр. camphre m, г. Kampfer m) — *камфора* (лат. camphora, п. kamfora), *лустер* (фр. lustre m) — *люстра, манир, манир* (г. Manier f, фр.

manière f) — *манера* (нит. maniera, п. maniera), *фар* (ф. phare m, гр. τὸ φάρ) — *фара*, *шпалир* (г. Spalier n) — *шпалера*, *цитат* (г. Zitat n, фр. citation f) — *цитата* (п. cytata f); или: *монопол* (фр. monopole m, г. Monopol n) — *монополия* (гр. ἡ μονοπωλία), *трапез* (фр. trapéze m, г. Trapez n) — *трапеция* (гр. ἡ τράπεζα).

Извесен број „европеизми" во македонскиот јазик свршуваат на консонант, а во рускиот јазик на мек консонант. Тука се однесуваат примерите со елементот *л*, *р* и *и* (тип *морал* — *мораль*). Мекоста на консонантот во рускиот јазик била пресудна во сврзувањето на овие примери со именките од женски род, на пример:

дуел(*от*) — *дуель*, *-и*, *мебел*(*от*) — *мебель*, *-и*, *медал*(*от*) — *медаль*, *-и*, *модел*(*от*) — *модель*, *-и*, *морал*(*от*) — *мораль -и*; *азур*(*от*) — *лазурь*, *-и*, *филигран*(*от*) — *филигрань -и*, и др; но *швентар* — *швентарь*, *-я* (машки род).

Посебен случај во поглед на разликите во обележувањето на граматичкиот род кај „европеизмите" меѓу рускиот и македонскиот литературен јазик претставуваат извесен број примери што свршуваат на консонант, при кои родот е ист (машки), а завршокот различен. Кај именките од овој вид, значи, треба да се има предвид не граматичкиот род, кој е ист во овие јазици, туку различниот завршок. Особеност кај нив претставува тоа што во рускиот или во македонскиот јазик се застапени без карактеристичната за класичните јазици наставка или истапуваат со извесно понародување (во рускиот јазик.) Тука се однесуваат именките кои во македонскиот (српскохрватскиот) јазик свршуваат на *-ум*, како и именките со наставките *-ис* (тип *рахитис*) и *-ус* (тип *циркус*). Именките на *-ум* (< лат. *-um*), од своја страна, тука можат да се изделат на следниве подгрупи:

а) Именки на *-ум* кои во рускиот и македонскиот јазик се совпаднуваат, на пример:

аквариум — *аквариум*, *вакум* — *вакуум*, *колоквиум* — *коллоквиум*, *консилиум* — *консилиум*, *линолеум* — *линолеум* и др., или: *музеј* (лат. museum) — *музей* и сл.

б) Именки на *-ум* кои во рускиот јазик се застапени со наставката *-ия*. Именките од овој вид, кои се карактеризираат со извесно русифицирање или словенизирање, во современиот руски јазик се обично најчести, на пример:

алуминиум — *алюминий*, *бариум* — *барий*, *калиум* — *калий*, *калциум* — *кальций*, *крематориум* — *крематорий*, *критериум* — *критерий*, *магнезиум* — *магний*, *морфиум* — *морфий*, *опиум* — *опий* и *опиум*, *радиум* — *радий*, *санаториум* — *санаторий*, *хербариум* — *гербарий* (сп. и *сценарий* за мак. *сценарио*) итн.

Истава наставка *-ий* во рускиот јазик ја имаат, на пример, и следниве именки кои во македонскиот и српскохрватскиот јазик се среќаваат без наставка: *антимон* (лат. antimonium) — *антимоний*, *коментар* (лат. commentarius) — *комментарий*.

в) Именки кои место *-ум* во рускиот јазик ја имаат наставката *-и*, со што минале во женски род. Бројот на ваквите именки во рускиот јазик е, сепак, доста ограничен, на пример:

аудиториум — аудитория, колегиум — коллегия, консерваториум — консерватория, реликвиум — реликвия, стадиум — стадия, студиј — студия (со повеќе значења); или: *датум — дата.*

Обратен случај во поглед на родот претставува именката *индивидуа* (женски род) — *индивидуум* или *индивид* (машки род).

Кај европеизмите на *-ис*, *-ус* и слични наставки, како што одбележивме, рускиот и македонскиот јазик откај родот се совпаднуваат. Разликата меѓу нив во случајов се состои во имањето или немањето на овие наставки, што произлегува главно од различните јазични филтри низ кои минале (главно низ францускиот или германскиот јазик). Кај извесни примери што означуваат болести и сл., сепак, и класичните јазици имаат извесно влијание. Тука спаѓаат, на пример, следниве именки:

-ис: *бронхитис* (г. Bronchitis f) — *бронхит* (фр. bronchute f), *гастритис — гастрит, дијабетис* (гр. διαβήτης) — *диабет* (фр. diabète m), *менингитис — менингит* (фр. meningite f), *рахитис* (г. Rachitis f) — *рахит*; или *-ус*: *абортус* (лат. abortus) — *аборт* (г. Abort m), *детритус — детрит, тифус* (гр. τῦφος, лат. tyfus, г. Typhus m) — *тиф, циклус* (лат. cyclus m, г. Zyklus m) — *цикл* (фр. cycle m), *циркус* (г. Zirkus m) — *цирк* (фр. cirque m).

Извесни примери на *-ус*, сепак, наполно се совпаднуваат во рускиот и останатите словенски јазици: *казус — казус, радиус — радиус, ребус — ребус, статус — статус* и др. Од друга страна, обратен случај во обележувањето на „европеизмите“ од овој вид претставуваат следниве примери:

пандан (фр. pendant m) — *пандапус* и *пандан, хиат* (фр. hiatus m) — *хиатус*; *архитект* (фр. architecte m) — *архитектор* и др.

γ) „Европеизми“ кои во македонскиот јазик се од среден род, а во рускиот од машки или женски род.

Слично на „европеизмите“ од првите две групи (α и β), и кај именките од овој вид разликите во родот меѓу рускиот и македонскиот јазик произлегуваат од нивните различни наставки односно завршоци, што е, од своја страна, обусловено од различните јазични филтри низ кои тие поминале. Не е потребно посебно истакнување притоа дека, покрај овие именки со различен род, во рускиот и македонскиот јазик се застапени и такви кои наполно се совпаднуваат или пак се разликуваат со извесни правописни особености (сп. на пр. р. *желе, клише, купе*; *депо, кино, метро*; или: *ателье, атташе, коммюнике*; *бюро, пальто*; *жюри, меню* и сл.). Од разбирливи причини ваквите „европеизми“ тука ги оставаме настрана и се задржуваме на оние кои имаат различен род во рускиот и македонскиот јазик. Во споредба со именките од типот *желе, депо, ателье, бюро* и сл., како и со оние од првите две групи (α и β) „европеизмите“ од овој вид воопшто се среќаваат во ограничен број.

Зависно од тоа дали во рускиот јазик се од машки или женски род, ваквите именки можат да се разделат на две групи:

а) Именки кои во македонскиот јазик се од среден, а во рускиот од машки род:

бифе (фр. buffet m) — *буфет* (г. Buffet n), *сиже* (фр. sujet m, г. Sujet n) — *сюжет*, *деби* (фр. début m) — *дебют* (г. Debut n), *ноктурно* (ит. nocturno m) — *ноктюрн* (фр. nocturne m), *сценарио* (фр. scenario m) — *сценарий*, *темпо* (ит. tempo m, г. Tempo n) — *темп* (фр. temps m), *торсо* (г. Torso m) — *торс* (фр. torse m), *финале* — финал (фр. finale f).

б) Именки кои во македонскиот јазик се од среден, а во рускиот од женски род:

виолончело (ит. violoncello) — *виолончель*, *-и*, *студио* (фр. studio m) — *студия*, *торпедо* (фр. torpedo m) — *торпеда*.

Кај именките од овој вид, чијшто број е уште поограничен, разликата во родот произлегува поради извесно понародувањѐ (русифицирање) на ваквите именки. Именката *торпеда* место *торпедо* можела притоа да мине во женски род поради карактеристичната за рускиот јазик појава — акање. Од друга страна, противположна на последниве „европеизми“ е именката *турнеја*, женски род — *турне* (фр. tournée f), среден род, која исто така претставува изолирана појава.

Од сето изнесено, како за именките од словенско потекло така и за „европеизмите“, можеше да се види дека во нашава работа се поставени и решавани низа проблеми и прашања сврзани со родот на именките во рускиот и нашиот јазик. Особено внимание притоа им е посветено на именките „европеизми“, меѓу другото, не само поради тоа што тие кај нас досега не биле предмет на посебно разгледување, што е донекаде случај и со повеќето словенски јазици, туку и поради тоа што разликите кај нив меѓу рускиот и македонскиот јазик се далеку позначителни. Сепак, и кај едните и кај другите именки се задржавме пред сѐ на основните разлики во родот или неговото обележување во рускиот и македонскиот јазик. Врз достапната литература за овој проблем и врз основа на собраниот материјал извршени се извесни класификации по овој или оној надворешен белег како кај едните така кај другите именки и воопшто направен е обид за еден преглед, кој во случајов има пред сѐ практичен карактер. Од оваа причина кај самите класификации тука се тргнувало главно од ваквиот карактер на прегледот а не толку од нивниот историзам и сл., толку повеќе што во стручната литература обично не се даваат обрасци, а уште помалку солиден и исцрпен преглед на именките со различен род или подруго обележување во разгледуваните јазици. Поради сето ова јасно е дека претставените тука класификации, како впрочем и самиот преглед, имаат извесни празнини и недогледувања. Од друга страна, очигледно е дека особено именките „европеизми“ содржат низа проблеми кои бараат свое решение пред сѐ внатре во секој словенски јазик. Посебно изделување и решавање секако бара проблемот на првобитното затврдување на „европеизмите“ во српскохрватскиот и другите јужнословенски јазици, кое

ќе биде можно, меѓутоа, само со присобирање на нова, дополнителна литература и воопшто нови податоци.

Мислам, не е потребно посебно одбележување дека родот и неговото обележување кај разгледаните именки имаат не само теоретски туку во голема мерка и практичен карактер, од што секако произлегува и неговата важност како граматичко прашање. Со други зборови, тоа значи дека солидното познавање на овој или оној словенски јазик неопходно е сврзано со добро ориентирање и во прашањата и проблематиката на родот на именките од тој јазик. Теоретскиот дел тука, како впрочем и кај други граматички категории, треба во прв ред да фрли светлина на практичниот дел.

Boris Markov

GENUSBEZEICHNUNG BEI DEN SUBSTANTIVA IM RUSSISCHEN UND MAKEDONISCHEN

ZUSAMMENFASSUNG

Das Genus der Substantiva in den slavischen Sprachen hat in den letzten Jahren ziemliche Aufmerksamkeit gefunden, aber die vergleichende Untersuchung ist noch immer im Anfangstadium. Die Ursache dafür liegt u. a. darin, daß die in Zusammenhang mit dem Genus der Substantiva liegenden Fragen für die slavischen Sprachen selbst noch nicht genügend bearbeitet sind. In dem vorliegenden Artikel wird aus diesem Problemenkomplex der grundlegende Unterschied in der Genusbezeichnung im heutigen Russischen und Makedonischen herausgestellt, und zwar an Beispielen, die beiden Sprachen entweder im Wesentlichen identisch sind oder sich nur durch unbedeutende phonetische und morphologische Besonderheiten voneinander unterscheiden. Wegen des verschiedenen Ursprungs dieser Substantiva und zum Zwecke einer besseren Systematisierung und Übersichtlichkeit ist der Artikel in 2 Teile gegliedert:

A) Genus der Substantiva, die vorwiegend gemeinslavischen Ursprungs sind;

B) Genus der Substantiva, die unter der Bezeichnung „Europäismen" bekannt, aber eigentlich griechischen oder lateinischen Ursprungs sind.

Für die Substantiva der 1. Gruppe (A) ist nach Meinung von Professor A. Isačenko der Unterschied inbezug auf das Genus im Russischen und Slovakischen ganz unbedeutend. Basierend auf dem Material des Makedonischen und der anderen ssl. Sprachen bemerkt der Verf. des vorliegenden Artikels, daß diese Behauptung nur für die Substantiva der Gruppe B zutreffend ist. Zu diesem Schluß kommt man auf Grund der Tatsache, daß sich der Kreis dieser Substantiva bedeutend erweitern kann, Andererseits wird in dem Artikel festgestellt, daß diese Unterschiede in der Genusbezeichnung durch den fast völligen Verlust der Palatalität im Makedonischen (r. *boль, -i*: m. *bolot*) oder durch die Produktivität anderer Substantivsuffixe im Makedonischen bedingt sind (r. *osь,-i* : m. *os-ka*; r. *danь,-i* : m. *dan-ok*).

Besondere Aufmerksamkeit wird in diesem Artikel den Substantiva der Gruppe B gewidmet, und zwar in erster Linie deswegen, weil die Unterschiede in der Genusbezeichnung hier bedeutend grösser sind. Der Verf. des vorliegenden Artikels hat die „Europäismen" in den ssl. Sprachen einer Untersuchung unterzogen und weist in grossen Zügen auf die Unterschiede in der Genusbezeichnung hin, die zwischen den ssl. Sprachen und dem Russischen bestehen. Das vorgelegte Material bestätigt, daß diese Unterschiede zwischen den südslavischen Sprachen einerseits und dem Russischen andererseits im Allgemeinen durch die verschiedenen sprachlichen Filter bedingt sind. Andererseits wird angeführt, daß ebenso zwischen den einzelnen ssl. Sprachen selbst gewisse Unterschiede in der Genusfrage existieren, wobei hier das heutige Bulgarisch bedeutend abweicht, was durch seine andere historische Entwicklung bedingt ist. Zum Schluß wird diese Frage von der praktischen Seite her in dem Sinne behandelt, daß zum ersten Mal eine Übersicht der betreffenden Substantiva aufgegliedert nach den Bildungssuffixen gegeben wird.

Васо Томановић

О ЕКОНОМСКОЈ ОСНОВИ ЖИВОТА И ДОГАЂАЈА У „ГОРСКОМ ВИЈЕНЦУ"

Његошу је у „Горском Вијенцу" главна тема борба Црнагораца за ослобођење своје земље од Турака, што показује и наслов тог песничког дела, који је по првој замисли песниковој требало да гласи „Извијање искре", „Извиискра, па „Извита искра", где је под искром замишљао искру слободе, а затим „Горски вијенац", што се такође односи на слободу, ослобођење: „Покољење за пјесму створено! / виле ће се грабит у вјекове, / да вам в'јенце достојне саплету" (ст. 2336 и даље). Истина, негде су Црногорци били и раније слободни, као нпр. Цуце и др.: „што се нехће у ланце везати,/то се збјежа у ове планине" (265), али у приступачнијим местима, на граници територије у којој су Турци имали потпуну власт, било је према „Г. вијенцу" двовлашће: и једни и други су се сматрали господарима; нпр. потурчењаци у сватовима иду преко Цетиња за време док заседа скупштина црногорска и један њихов сват пева: „Гергелезе, крило од сокола. . . / Излаз к нама, часа не почаси, / ер су власи уши подигнули" (1783), а сват Црногорац му одговара песмом: „Појаш', Марко, твојега Шарина. . . / њим Алију згоди међу плећа" (1801).

„Горски вијенац" почиње се визијом борбе која се водила на два фронта у знаку борбе крста против полумесеца: на западу против Арапа, који су продирали преко Шпаније, на истоку против Турака, који су продирали преко Византа, чиме се одмах у почетку даје широки оквир, главној теми „Горског вијенца": почетку устанка за ослобођење од Турака.

Ту борбу Његош је приказао као борбу читавог народа који је непокорен живео у тим крајевима. Народ певајући у колу даје иницијативу за борбу: „Што је ово ево неко доба / те су наше горе умучале, / не разлјежу ратнијем клицима? / Почину ни рђа на оружје, / остаде ни земља без главарах!" (279). Главари такође наваљују на Владику Данила да донесе одлуку, али он као владар колеба се, јер зна да ће, када се и он одлучи и прихвати иницијативу народа, тежња и воља прећи у дело, а он види опасности које други не виде, јер „ко на брдо, ак' и мало, стоји / више види но онај под брдом" (523). Ова колебљивост владичина омогућила је да иницијатива и даље остане у рукама народа и његових главара и да се они оцртају својим ставом, израженим мислима и осећањима. У том колективу песник не заборавља ни жене: сестра Батрићева нариче за својим братом: „Ко ће чете сакупљати, / четовођа! / ко л'крајини

бранит крило, / братксо крило, / ко ће турске главе сјећи, / остра сабљо?" (1929). Радунова жена Љубица „пуни пушке своме господару" (2764) док он води борбу с турским харачлијама.

Да би се објаснили узроци сукоба потребно је описати колективе који у њему учествују и разлике међу њима у њиховој историји, менталитету, погледима на свет, навикама и обичајима. У „Горском вијенцу" све је то дато кроз поступак и говор лица, о чему је доста писано, али као главни покретач свега Његош је видео економски фактор и ставио га у основу свог песничког дела. То је дато кроз песничке слике, које некад представљају краће или дуље описе, а некада просијавају кроз главну мисао реченице из песничког поређења у којему се налазе као tertium comparationis.

Одмах у првим стиховима „Горског вијенца" даје песник слику из економског подручја: „Вићи врага. . . / за њим јата проклетога кота, / да опусте земљу свуколику, / ка свакавац што поља опусти". Војвода Батрић каже потурчењацима: „Земља мала, отсвуд стијешњена, / с муком један у њој остат може" (850).

Црногорцима је главни извор економских добара било сточарство, и то је песник највише и истакао. На споменуту скупштину која се одржавала на Цетињу „под видом да мире неке главе" нешто су задоцнили Озринићи, јер су били на неком састанку „да некакво робље мијењају" (316). Кад су стигли и испричали зашто су ишли на састанак, кнез Бајко пита:

„Што зборaше Хамза и Никшићи?
Шћаше ли им мила вјера бити,
да издижу мирно у Рудине?"

на што му сердар Вукота одговара:

„То знаш, Бајко, би им мила била,
од добра се још бјежало није,
ка не желе Турци добровање,
да у миру раширују овце?"

Његош је увиђао велику важност борба око пасишта: на њима се хранила стока од које су Црногорци живели; ако би неко други дошао ту са стоком, остала би њихова без хране. То је био први повод за непријатељства, која су се свакодневно наметала. У Његошевом „Огледалу српском" налази се песма о борбама са Турцима око пасишта. Осим овог места где се јасно истиче важност пасишта, кроз читаво дело јављају се слике које се из сточарског живота узимају за поређење. Селим везир поручује Црногорцима да га је цар послао да види какав је ред у Црној Гори, међу осталим и да се постара „да овчица која не занесе / своје руно у грм покрај пута." У разним поређењима долазе торови са овчарским псима, волови, краве, коњи и др.

Као људи који су се због прилика у којима су живели највише одушевљавали војничком славом Црногорци нису много ценили ни волели земљорадњу (коло пева: „постадоше лафи ратарима, / истурчи се плахи и лакоми" 259), али су видели да је она за народ од велике

важности. Сердар Вукота, заклињући Црногроце и проклињући оне који би издали, најпрво прети несташицом хране: „Бог велики и његова сила / у њиву му сјеме скаменио“ (2411). Поп-Мићо се жали да му народ не даје жита:

„И не дају жита ни у шаку,
до по руно и по груду сира;
па и то ми дају ка на силу.
Да ли не знаш наше даваоце?

Живот народа овисио је и о земљорадњи и о свему ономе што је с њом у вези, памћење је било пуно претегава из тог подручја, па су оне често продирале у говор: „Младо жито, навијај класове, / прође рока дошла ти је жњетва“ (652) и др. Индиректну слику о земљорадњи дају и гумна, која служе за вршење жита. На њима се држе скупштине и воде кола.

Међу другим сликама из привреде нису изостале ни слике из пчеларства. Речима Скендер-аге: „Оли чеде хватат у капицу, / да уљаник у гори заметнеш? / Нико меда отле јести неће! (797) изражена је његова мисао да Црногорци не могу да у оним кршима организују државу у којој би се могло живети, али тим речима долази до израза и слика уљаника, ројења и купљења пчела у кошницу као и меда који се од њих добија.

Није ни лов остао заборављен: питање игумана Стефана управљено владици Данилу, где је био, па дошао тако касно: „Стоја у лов толико нијеси“ (2526); у песми свата Црногорца поређење са догађајем из лова у песми свата Црногорца: „Бјеж, Комнене, задрта дељијо, / кад си такву срну уловио“ (1842).

Заокругљена слика црногорског економског стања дата је у шаљивом гатању кнеза Јанка:

„Има овај двадесет говеда,
гувно му је код куће лијепо,
на кућу му шљеме доста јако,
јаки су му и лијепи коњи;
крије негђе замотуљак парах,
ма бих река да их није много,
и за њих му сви у кући знају“

Занати нису били развијени [Мандушић пита владику: „на мору је од свашта мајсторах, би л' ми могли пушку прековати?“], али ипак из „Горског вијенца“ се види да су имали куће, торове, гумна. Од оруђа спомињу се вратила [део стана за ткање], жрвњи за млевење жита. Градили су и воденице. Сердар Јанко казује причу два младића „како су им неки од старијех / оградили негђе воденицу, / ђе нити је сплаке ни потока; / кад пригради, спази се за воду“ (830—833).

Црногорци васпитани у идеалу чојства и јунаштва нису имали добро мишљење ни о трговцима ни о стицању новца као ни о луксузном ни размаженом начину живота. Кнез Јанко каже: „Трговац ти лаже са смијехом...“ (1122). У већ наведеном гатању кнеза Јанка исмејан је онај

домаћин што чува у кући „замотуљак парах". Војвода Драшко каже за Млечане: „Богатијех бјеше поголемо; / од богатства бјеху полуђели, / ђетињаху исто као бебе" (1409—1411). Његови саговорници знају да је он „у Млетке ходио, да донесе од Млечића плату" за попа Шћепана, свог оца, који је „топом са Котора" погодио и уништио турски буков топ, па за награду добио од Млечића плату „на годину стотину цекинах" (1394). Драшка сматрају најбољим својим војводом и песник га је описао као карактерног и интелигентног човека којега није могао да опсени сјај фасада културнијег света. Они би ради били да дознају је ли Драшко успео да донесе заслужену плату свог оца, али пошто се ради о новцу, не питају га директно. Кнез Роган, који је из Цуца као и Драшко и зна читаву ствар, почиње из далека: „Причај штогод, Драшко, од Млетаках / Какав народ бјеше на те стране?" (1400). Драшко који прозире Роганову жељу, а љут зато што је узалуд ишао и истрошио се [о дужду доцније каже: „обећа ми и што му не исках. . . Кад послијед, све оно излиња / ка да ништа ни зборено није"!] одговара му помало љутито правећи шалу на рачун Његовог имена: „Какав народ, питаш ли, Рогане? / Ка остали — не бјеху рогати". Роган после оваквог одговора постаје мање обазрив, па му поставља мало отвореније питање: „Знамо, чоче, нијесу рогати, / но бјеху ли згодни и богати?" Њега би као и сваког Црногорца пре интересовало да зна јесу ли Млечани јунаци [као што га о томе доцније и питају], али пошто је Драшко ишао у Млетке ради новца, он га пита, јесу ли згодни и богати, чиме издалека циља на то да ли су били од ријечи и да ли су му дали за попа Шћепана обећану плаћу. Драшко се прави да не прозире прави смисао Роганових речи, и прича какви су Млечани, али из читавог његовог причања, поготово из разговора са дуждом, види се да је узалуд ишао: „и посад му не бих вјеровао, / млијеко је да рече бијело".

Иако су на новац тако гледали, он им је ипак био потребан ради добијања потребних ствари које нису имали; меса су имали, као сточари, у довољној мери, али нису имали соли, која им је била потребна не само за јело, него и за сушење меса, које су морали конзервирати и за кућну употребу и за продају. Несташица соли, која се осећала и у другим крајевима, дошла је до израза и у шаљивој причи о људима који су сијали со, па се на ту причу алудира и у речима кнеза Јанка: „Кад ме жена пита ће сам био, / казаћу ћу јој да сам со сијао" (811), истина у споредном плану, јер је главна мисао, да је преговарање са потурчењацима узалудан посао као што је узалудан посао сијати со. Новац им је био потребан и за куповање праха и олова за борбу с Турцима. За време прве скупштине на Ловћену војвода Драшко би хтео да се мало забави огледањем своје способности у гађању из пушке, нанишанио је, али му је жао потрошити фишек. Доцније, када је био код млетачког дужда, иако од њега није тражио праха, кад му је овај почео обећавати и оно што му он није питао, понадао се да ће понети Црногорцима доста праха за борбу против Турака. И за друге ствари био им је потребан новац, иако су, углавном, све што им је било потребно сами себи правили.

У трговину су ишли у караванима: „Бјесмо пошли двјеста Озриниђах / и толико поћерали коњах, / да узмемо пуње аранђелско. / И врати се с пићем из Котора. Пију људи, гађу из пушаках;" ... У једном венецијанском извештају писаном у Котору 1692. године међу осталим се спомиње један караван од стотину и педесет коња из Пипера и Бјелопавлића, с вуном и сиром, што су продали и замењили с другим намирницама „а особито са стара соли" (Јов. Томић „Црна гора за морејског рата", стр. 342-3). Да би дошли до новца носили су своју робу на пазаре у Котору и у Ободу. Пошто је знао важност ових пазара за економски живот Црногораца, Његош је хтео да их у свом делу што јаче истакне и дао је једну од најлепших слика у „Горском вијенцу", по живости покрета најлепшу, слику Црногорског пазара у Котору. Тај пазар имао је велику важност, већу него онај у Ободу, који се такође спомиње. Ту се одвијала главна трговина са крајевима који су били под млетачком, влашћу; сухо месо (кастрадина) извозило се и у Венецију; у Котору су се правили и потписивали трговачки уговори; на једном таквом о продаји соли потписан је као гарант војвода Драшко са другим главарима [о томе мој чланак у „Записима", Цетиње 1930]. Са овог пазара пружа се величанствен поглед. Налази се поред самих зидина которских, од којих га одваја речица ,Шкурда преко које је водио покретни [данас непокретни] мост кроз споредна градска врата у град. На зидинама које се протежу у облику лука високо изнад града куле и отвори из којих су некад вириле топовске цеви. С друге стране пећине голог брда које се скоро окомито спушта до пазара и до мора поред њега. Са овог брда Црногорци су, по Његошевом сведочанству, на пушкомет удаљености, стајали оружани са пушкама и чували своје на пазару под зидинама на којима су се налазили оружани млетачки војници. Овако он то описује у једној белешци: „када би се састали на пазару пред фортицама приморским, топови би многи са фортица у Пазар гледали и над њима витиљи горили. Црногорацах би свагда једна част наоружана у бусијама сједила; при малој заћевици (ларми) посула би Пазар крупа од картеча (дробјење) из топовах венецијанскијех и црногорске пушке залијевати оловом врата од фортице почеле. Често путах је бивао Пазар покрит мртвима тјелесима од једнијех и другијех, једнога и другога пола, и од разне животиње која је доћерата на пазар. Цијела би трговина остала пуста међу два огња непријатељска, и само кад би ноћ пристала, носио би сваки, који би смио, што би му прије руке дошло.—Овако је грдно споразумјеније готово свагда међу Венецијанцима и Црногорцима трајало, докле је ова велика и богата република пала, а у исто доба и бесчеловјечно гнијездо мрске инквизиције („Цјелокупна дјела" 1951,5,502). Ово се истина односи на време после 1714. године, како Његош каже, али се из овога описа види важност овог трговања кад се и под таквим приликама морало водити. Свакако, и за време догађаја, који се описују у „Горском вијенцу" налазили су се топови на зидинама Котора, а какво је мишљење имао Његош о поверењу које су Црногорци могли имати у Венецијанце и поред заједничке борбе

против Турака и ранијих бољих односа, види се и из причања Драшкова у „Горском вијенцу“ [Због лепоте природе градских зидина, као и због историског значења овог пазара овековеченог у бесмртном Његошевом делу штета би била ако би се овај простор испунио грађевинама].

Да би оживео слику пазара Његош даје с њега неколико појединости: од животиња које су се продавале даје слику кокота, од пољопривредних продуката грожђе, а осим тога народ који врви по пазару. Слика је весела, комична, што и одговара пазару [народни језички изрази: правити пазаре; пазарати; у Дубровнику: пазарист (онај који шаљивом мимиком, гестикулацијом и масним шалама воли да изазива смех)]. Где је трговина ту су и новци, а на новце се купе разне варалице, пробисвети и шарлатани. На црногорски пазар у Котору дошли су неки маљоничари „из Талије или откуд друго“ и сугерирали народу да сламка коју је вукао за ногом кокот на пазару није сламка него шљеме, да нос сваког појединца није нос него грозд на чокоту због чега се свак хвата за нос приносећи му бритву да га откине, — и најпосле да вода поплављује пазар, због чега свак „било мушко или женско“ уздиже хаљине „да гази“, „кад ни воде ни од воде трага, / но свак дига у пазар хаљине / и кренуо ка да воду гази“. С ове комичне стране дао је Његош слику пазара; међутим погледао га је и с оне друге, супротне: „Кад виђели е их погрдише, / скочи народ, и би их побили, / но утеци у Котор Латини“. Као да се намеће једна шира, општија мисао: с тим људима који те могу замаштати да мислиш од сламке да је греда, од носа да је грозд, а од сухе земље да је поплављена није лако имати посла и треба их се чувати. Како је Његош у свему полазио од природе а не од књига види се и по томе што је пазар уистину био у прошлости с времена на време поплављиван. Споменута речица која одваја пазар од градских зидина поплављивала је пазар до наших дана када је регулисана. Зато су хипнотизери могли лакше сугерирати поплаву, јер су људи који су били на пазару имали у свом памћењу слике ранијих поплава. И причу о носовима који се виде као гроздови није Његош морао да тражи по књигама. Ј. Скерлић је помишљао да је тај мотив узет из Гетевог „Фауста“ (Лет. Мат. срп. 205, 74). Истина он допушта и претпоставку да је „Његош употребио грађу из неке наше народне приповетке“, али додаје: „Колико ми је познато сличне ствари не постоје у нашим народним умотворинама“, па више верује да је ова сцена „несвесна репродукција исте сцене“ у Гетеовом „Фаусту“. Међутим та претпоставка не одговара начину Његошевог рада у „Горском Вијенцу“. Кад његове личности нешто причају то је увек оно што се догађало или се барем причало у тим крајевима. Драшко прича о Млецима оно што је у њима видео и чуо. Њега је Његош изабрао за такву улогу у „Горском вијенцу“, јер је он ишао у Котор и преговарао са Венецијанцима, а врло је вероватно и да је ишао у Венецију. Бабина прича о томе да је она вештица и да се вози у кори од јаја има своју основу у ондашњем народном веровању као и остала сујеверја која се налазе у „Горском Вијенцу“. И ова прича о хипнотизерима могла је имати свој извор уна-

родном приповедању. Мађионичари су као и данас имали извесан број трикова које су путујући од места до места понављали у разним крајевима. О њима су се ширили приче и оне су могле стићи и до Црне Горе, а врло је вероватно да су ти мађионичари доиста долазили на пазар у Котор и вршили те и друге продукције кад је познато да су долазили у суседни Дубровник.

Стално нападање Турака на Црногорце, или у већим војним походима, о чему се пева у колима, или у мањим ради купљења харача, кочило је економски живот у Црној Гори. И самога Владику Данила намамили су у Подгорицу тобож ради преговарања, а затим га заробили и дали на откуп. И о томе се говори у „Горском вијенцу“. Пример зулума са харачем налази се на крају спева у сцени са Радуном и његовом женом Љубицом, где Турци покушавају да запале њих и њихову кућу. Црногорци су били у оним брдима стешњени. Селим везир поручује у свом писму међу осталим: „Миш у тикви — што је него сужањ? / Узду глодат — да се ломе зуби!“ (1115). На притисак турски и у борби за самоодржање они су одговарали угрожавањем њиховог опстанка. Вук Мандушић каже Хамзи-капетану: „Сви градови што су до нас турски, / јесам ли их опсуо мрамором, / те нијесу за људе градови / но тавнице за невољне сужње?“ (386). Ударањем на турске караване, они су долазили и до оружја и до других ствари, те тако одолевали турском притиску и слабили га.

У борбама са Турцима нашли су се на истој страни са Венецијом, па је песник осећао потребу да прикаже однос међу њима и разлике у њиховом менталитету, начину живота и економском стању. Споменуги војвода Драшко прича да у Млецима има доста богатих, али много више сиромашних. Као главну карактеристику привреде ове поморске државе он је видео њену флоту и арсенал где се граде бродови. Он описује искоришћавање радне снаге људи и приказује Венецију као империјалистичку силу која поробљује друге народе и гуши свој. Из овога се види у каквом се односу могла налазити према њој Црна Гора.

Његош је као владар био на положају где је морао да се практички бави и политичким и економским питањима. Посматрајући живот у државици којом је управљао и упоређујући га са животом у другим државама, он се удубљивао у сва та питања. У читавом комплексу ових питања он је видео као главну основу економски моменат, као главни покретач догађаја борбу око добара потребних за опстанак: „Све природа снабд'јева оружјем / против неке необуздне силе, / против нужде, против недовољства“.

Овакво гледање слично је оном које је изражено у старогрчкој митологији где се Ананке (ἀνάγκη = нужда) приказује као исконска сила којој нико не може да одоли. Овим и даљим излагањем да несташица и борба доводи до јачања човекове духовне снаге [„Дјеиствија напрежу

духове"], да се у току историје човечанства с духовним развојем човековим јављају из генерације у генерацију све нове и нове нужде, а с њима и нове снаге [„Пас свакоји своје бреме носи; / нове нужде рађу нове силе / . . . удар нађе искру у камену; / без њега би у кам очајала"] песник и појмовно, логички, повезује разне слике из економског живота у свом делу са догађајима у њему и кондензира их у јасну, логички изражену мисао која делу даје једно дубоко, општечовечанство значење.

Васо Томановић

О ЭКОНОМИЧЕСКОЙ ОСНОВЕ ЖИЗНИ И СОБЫТИЙ В „ГОРНОМ ВЕНКЕ"

РЕЗЮМЕ

Пользуясь поэтическими образами, в своём произведении Негош изобразил экономическое положение Черногории и его влияние на жизнь и события, которые он описывает. Главным источником экономических благ он выдвигает скотоводство, а в связи с этим борьбу за пастбища с турками. Сквозь поэтические картины обрисовываются земледелие, трговля и др. В центре этих образов находится картина черногорского базара в Которе, где появляются фокусники, пришедшие из чужих стран „из Италии или какойто другой страны". В работе оспаривается мнение, что эта сцена является реминисценцией из „Фауста" Гёте.

Негош, будучи правителем страны, находился на таком положении, что должен был практически заниматься и политическими и экономическими вопросами. Наблюдая жизнь в маленьком государстве, которым управлял, и сравнивая её с жизнью в других государствах (в особенности в Турции и Венецианской республики, изображение которых также находятся в „Горном венке"), он углублялся во все эти попросы. В целом комплексе этих вопросов он видел экономический момент, как основу, как главный двигатель событий, борьбу за блага, необходимые для существования.

Своим высказыванием, что оскудевание и борьба приводят к укреплению духовной силы, что на протяжении многих лет истории человечества с духовным развитием человека появляются из поколения в поколение всё новые и новые потребности, а с ними и новые силы, способности, поэт логически связывает разные картины из экономической жизни в своём произведении с событиями в нём и конденсирует их в одну ясную, логически выраженную мысль, благодаря которой произведение приобретает глубокое, общечеловеческое значение.